**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ВО СКОПЈЕ**

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1062**

**Скопје, 1 октомври 2013 година**

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИН**

**Уредник: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска-Цветановска**

Бр. ___________

_5.8. 2013_

Скопје

**Предмет: Материјали за Билтенот за објавување на веб-страницата на УКиМ**

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања, рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа, прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми, рецензиите на учебници и учебни помагала, како и рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”. По објавување на материјалите на веб-страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги доставaт на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во **електронска форма**.

Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт **Georgia**. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со корегирани знаци во италик формата за македонските букви ‘***д***’, ‘***п***’, ‘***т***’, ‘***г***’ може да се добие во компјутерскиот центар на УКиМ на барање на факултетот. Исто така, таму може да се добие софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач кога работи под Windows XP оперативниот систем при притискање на копчето ‘`’ во македонска поддршка да се добие знакот ‘**ѐ**’, а при притискање на копчето ‘~’ во македонска поддршка да се добие знакот ‘**ѝ**’.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на веб-страницата, ве молиме, рефератите откако ќе бидат лекторирани, да ја доставите оригиналната верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија да ја доставите на e-mail адресата: t.basevski@ukim.edu.mk (so mali bukvi).

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број, туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе ја добиеме бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**Проректор**

**Проф. д-р Коле Василевски**

Изготвил:Т.Б.

Одобрил:К.М.

# Содржина на Билтен број 1062 од 1 октомври 2013 година

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Улогата на ЕУ и НАТО во решавањето на кризите на Балканот, со посебен осврт на Република Македонија,** од **м-р Трајче Георгиев,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје........................................................................8-10
2. Рецензија на ракописот **Основи на некласичните логики,** од авторот **д-р Ана Димишковска,** пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје............................................11-19
3. Реферат за избор на наставник(во сите наставно-научни звања) за научните области (дисциплини): класична филологија (увод во класична филологија, книгата во антиката), историја на старогрчката книжевност, историја на римската книжевност (античка лирика, античка драма), теорија на книжевноста (античка реторика, античка поетика, византиска реторика) на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Весна Томовска)**..............................20-34

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Машинскиот факултет во Скопје **(Симона Ташевска, Стефан Начевски)**......................................................................35

**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден соработник – асистент од областа на архитектонските конструкции и енергетската ефикасност на Институтот за високоградба на Архитектонскиот факултет во Скопје **(м-р Александар Петровски)**..............................................................................36-40

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје **(Емил Николовски, Миле Ѓорѓиески, Леутриме Реџепи, Љупка Станоевска, Светлана Нечева, Станка Димовска, Кристина Влашковска, Елена Пецевска, Софија Соколовска, Сања Спасова, Стефан Јордев, Љупче Јончески, Александра Митрова, Ивана Колева, Ружица Стојановска, Димитар Јовановски, Ирена Горчевска, Соња Велјаноска, Ирена Васков, Марија Стојчевска, Елена Стоичовска, Бојана Ефтимовска, Марија Коцева, Оливија Доневска, Маја Аврамчевска)**......41-42
2. Рецензија на докторската дисертација **Управување со минерални ресурси** изработена од **м-р Даниела Станковска-Младенова**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје.43-49

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(Александар Тренковски, Никица Стевчева, Дарко Најдоски, Ненад Стојкоски, Лилјана Попчева, Слободан Игњатовиќ, Војкан Миладиновиќ, Софија Ѓорѓева, Изабела Аговска, Александар Тумановски, Ана Петковска, Иво Костовски, Оливера Крстевска, Марија Стојановска, Јелена Максимовиќ, Александра Аргировска, Сашко Ѓорѓиевски, Ана Милошевска, Симона Шишковска, Симон Зафироски, Љупчо Петковски, Дарко Црвенковски, Благојче Атанасоски, Владо Грнчаровски, Славица Блажевска Оџаклиевска, Јелена Јанчевска, Симона Тодоровска)**..............................................................50-53

## ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје **(Викторија Јанкова, Тања Штерјова, Цвете Јанеска, Александар Серафимовски, Марија Неделковска, Ивана Киркова, Оливера Старделова, Елена Кузмановска, Селма Идризи, Маја Васкова, Душица Ристоска)**..............................54-55
2. **Исправка** на Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје **(Марина Станојкова-Арсовски)**...............................................................56

## ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

1. Рецензија на докторската дисертација **Активноста на политичката организација Џемиет во вардарскиот дел на Македонија (1919-1925)** од **м-р Скендер Асани**, пријавена на Институтот за национална историја во Скопје...................................................57-59

## ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“

1. Рецензија на докторската дисертација **Примена на меѓународните стандарди во заштита на правото на приватност во Република Македонија, со посебен осврт на тајноста на комуникациите** од **м-р Билјана Каровска-Андоновска,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.................................................................60-67

## ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

1. Реферат за избор во звањето виш научен соработник-вонреден професор на Институтот за национална историја во Скопје **(д-р Сашо Цветковски)**.....................................................68-72
2. Реферат за избор во звањето научен соработник-доцент на Институтот за национална историја во Скопје **(д-р Александра Николоска)**...................................................................73-79

## ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на ракописот **Брајово писмо**, од авторот **проф. д-р Даниела Димитрова-Радојичиќ,** пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје..................................................80-83

## ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Филолошкиот факултет „Блаже Конески„ во Скопје **(Марио Јорданов, Сибел Муслиу, Јасна Андреевска, Дафина Андоновска, Хасан Еге)**.............................................................................................................84

## ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Филозофскиот факултет во Скопје **(м-р Весна Хорватовиќ, м-р Јован Манасијевски)**............................................85
2. Преглед на пријавени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје **(Викторија Андрееска, Димитар Тодески, Бранко Павловски, Билјана Бозароска Павловска, Билјана Мицевска Јосифовска, Тихана Обрадовиќ, Ана Пановска, Горанчо Котески, Михајло Борнаров, Милан Јанаќиевиќ, Тоше Трајковски, Иван Гргас, Маја Бучкоска, Раиф Нуредини, Егон Пеликон, Викторија Папарова, Арита Аган, Горан Миленкоски, Мартина Калаџиска, Викторија Стојанова)**.............................................................................................................86-87

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник по предметот управувачко сметководство, на Економскиот факултет во Скопје **(д-р Марина Трпеска)**..........88-115

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Рецензија на докторската дисертација **Грешките на морфолошко ниво во албанско-англискиот меѓујазик во средното образование во Р. Македонија – методи и техники за превенција и корекција** изработена од **м-р Афердита Сарачи,** пријавена на Филолошкиот факултет во Скопје..........116-121

**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА**

1. Реферат за избор на наставник во звањето редовен професор по педметот пливање со ватерполо на Факултетто за физичка култура во Скопје **(д-р Наташа Мешковска)**......122-131

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Плурализмот во социјалната заштита на старите лица,** изработена од **м-р Даниел Павловски,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје..........132-138

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

**1.** Реферат за избор на виш лектор по предметот современ англиски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(м-р Билјана Наумоска-Саракинска)**..........139-160

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје **(Даниел Јовановски, Анушка Благојевиќ, Драгана Керазовска Маркова, Оливера Геговска, Станче Додевска, Емилија Вељанова, Лидија Групчева, Тања Ашкапова, Анамарија Андреска)**..........161

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Влијанието на квалитетот на услугата врз финансиските перформанси на компаниите - емпириско истражување на банкарскиот сектор во Република Македонија,** изработена од **м-р Николина Паламидовска,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје..........162-168

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Реферат за избор на редовен професор во научната област фитопатологија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(д-р Раде Русевски)**..........169-184

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Развој на методологија за оцена на квалитетот на експерименталните резултати при истражување на физичките појави во процесите на обработка со симнување на материјал,** изработена од **м-р Невен Трајчевски**, пријавена на Машинскиот факултет во Скопје..........185-195

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(Јане Јованов, Елена Радојевиќ, Ѓоко Гажоски, Василка Крстева, Мања Николовска, Елена Николова, Александра Османли Тулбевска)**.......................................................................196

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од научната област болести на живината на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје **(д-р Александар Додевски)**.......................................................................197-254

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Морфолошки карактеристики на краниофацијалниот комплекс кај индивидуи со Turner-ов синдром** од **ас. д-р Цветанка Бајрактарова Мишевска,** пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје.......................................................................255-261

## РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „УЛОГАТА НА ЕУ И НАТО ВО РЕШАВАЊЕТО НА КРИЗИТЕ НА БАЛКАНОТ, СО ПОСЕБЕН ОСВРЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" ОД М-Р ТРАЈЧЕ ГЕОРГИЕВ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

На својата 40. редовна седница од 2.VII 2013 г., Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Трајче Георгиев, пријавена на Институтот за безбедност, одбрана и мир-мир и развој, на тема *Улогата на ЕУ и НАТО во решавањето на кризите на Балканот, со посебен осврт на Република Македонија*. Комисијата е во состав: проф. д-р Трајан Гоцевски (ментор), проф. д-р Лидија Георгиева, проф. д-р Марина Митревска, проф. д-р Билјана Ванковска и проф. д-р Синиша Даскаловски. По оценувањето на докторската дисертација, Комисијата го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на м-р Трајче Георгиев на тема *Улогата на ЕУ и НАТО во решавањето на кризите на Балканот, со посебен осврт на Република Македонија* е изложена на 264 страници, вклучително и библиографијата. Трудот е структуриран во четири глави: I. Вовед; II. Состојбата во регионот по 90-те години; III. Улогата на ЕУ и НАТО во решавањето на кризите на Балканот, IV. Осамостојување на Република Македонија. На крајот на дисертацијата следуваат заклучоци изложени на шест страници текст.

Во однос на првичната верзија на дисертацијата, односно целината на поднесениот материјал, членовите на Комисијата искажуваат генерално позитивен став во смисла на досега вложените истражувачки напори. Комисијата заклучува дека на оваа верзија може да се гледа како на идникатор дека кандидатот се движел во вистинска насока, но и како на основа за натамошни попродлабочени истражувачки напори за нејзино нужно подобрување во насока на задоволување на универзитетските стандарди за изработка на докторска дисертација. Од друга страна, Комисијата утврди и серија недостатоци од генерална и конкретна природа, вклучително и такви кои се однесуваат на технички и јазички слабости. Во таа насока, во овој извештај Комисијата одлучи да ги сублимира своите укажувања и критички забелешки кои кандидатот м-р Трајче Георгиев треба да ги има предвид во натамошниот тек на работата на докторската дисертација. Тоа се следниве:

1. Комисијата позитивно го оценува текстот на докторскиот труд на кандидатот М-р Георгиев, општата рамка и пристапот кон предметот на истражување, аналитичкиот дел и првичните резултати. Сепак, се констатира дека недостасува уште едно настојување за овој труд да ги стекне одликите на висококвалитетен научен труд, согласно со стандардите за вакви трудови на Филозофскиот факултет и на УКИМ.

2. Членовите на Комисијата укажуваат дека е неопходно веќе на почетокот на дисертацијата, односно во она што се именува како Воведен дел, кандидатот попрецизно да ги изложи неопходните параметри на истражувањето (предметот, проблемот, задачите и чеците, и особено хипотетската и методолошката рамка (согласно со усвоената идејна скица и согласно наодите од самото истражување). Тоа ќе ја гарантира конзистентноста и кохерентноста на дисертацијата, односно на крајот, во заклучниот дел на трудот ќе може

да се дојде до релевантни и издржани одговори на поставените хипотези и поставените задачи на истражувањето.

3. Комисијата особено укажува на потребата докторандот да води сметка за употреба на терминологија, методологија и извори соодветни за мировните студии, и тоа на начин кој ќе ја нагласи неговата differentia specifica во однос на истражувањето на улогата на НАТО и ЕУ во конфликтниот/кризниот менаџмент на Балканот. Со други зборови, теориската рамка мора да се поврзе со теориите на мирот и разрешувањето на конфликтите имајќи предвид дека кандидатот се стекнува со докторат во оваа област.

4. Комисијата сугерира кандидатот да вложи дополнителен напор во терминолошко и поимно-категоријално дефинирање и употреба на научно-стручната апаратура. Во делови на дисертацијата е забележливо користењето на некои концепти како синоними, иако се тие јасно диференцирани во научната мисла. Освен тоа, докторандот Георгиев главно користи дескрипција, без поголем напор за аналитичко-синтетички пристап. Добар дел од приложениот материјал е повторување и парафразирање на добро познати факти и сознанија, па Комисијата се сомнева дека на ваков начин ќе се успее да се направи придонес во научната мисла во однос на предметот на истражувањето.

5. Лекторското редактирање на текстот е неопходно. Покрај тоа, Комисијата со жалење констатира дека на повеќе места во текстот некритички се користат, па дури и целосно се преземаат материјали од општата дигитална енциклопедија позната под името Википедија. Во однос на други користени материјали и извори, кандидатот не води сметка за индицирање на авторите и делата, што доколку не се отстрани и усогласи со научните стандарди ќе води кон дело кое нема да биде самостоен авторски и научен труд на кандидатот. Комисијата сериозно му укажува на кандидатот дека нема да толерира такви постапки во финалната верзија на докторската дисертација.

6. Комисијата утврди извесни проблеми и тешкотии во трудот во оперирањето со литературата, изворите и цитирањето. Имено, постои неусогласеност и различна употреба на системите на цитирање и сл. Ова треба да се усогласи со вообичаените универзитетски и научни стандарди. Исто така, докторандот треба да ги отстрани сите фотографии кои не се во функција на илустрирање или објаснување на проблематиката.

## ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

Согласно со претходно наведените констатации, Комисијата смета дека во оваа фаза дисертацијата на кандидатот м-р Трајче Георгиев под наслов *Улогата на ЕУ и НАТО во решавањето на кризите на Балканот, со посебен осврт на Република Македонија* не може да добие позитивна оцена, ценејќи го досега вложениот труд и индикациите дека кандидатот има капацитет да постапи по веќеизнесените сугестии.

Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да го прифати овој извештај со заклучок за нужни измени, подобрувања и дополнувања на дисертацијата на м-р Трајче Георгиев. Комисијата смета дека дополнителниот рок не треба да биде подолг од шест месеци, односно дека шест месеци е доволен рок за кандидатот да може да постапи по овие забелешки.

Скопје, 26.8.2013 год.

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

Проф. д-р Трајан Гоцевски, с.р.

Проф. д-р Лидија Георгиева, с.р.

Проф. д-р Марина Митревска, с.р.

Проф. д-р Биљана Ванковска, с.р.

Проф. д-р Синиша Даскаловски, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА РАКОПИСОТ „ОСНОВИ НА НЕКЛАСИЧНИТЕ ЛОГИКИ“ ОД АВТОРОТ

Д-Р АНА ДИМИШКОВСКА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, број 12-1506/2 од 8.7.2013 г. избран сум за рецензент на учебникот „Основи на некласичните логики“ од д-р Ана Димишковска, вонреден професор на Институтот за филозофија при Филозофскиот факултет. Заблагодарувајќи се за укажаната доверба, имам чест на Наставно-научниот совет да му го поднесам следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**1. Општи податоци за трудот**

Ракописот *Основи на некласичните логики* е конципиран како учебник по предметот *некласични логики,* застапен во студиската програма на Институтот за филозофија како изборен предмет во осмиот семестар, со неделен фонд на часови 2+2 и 6 ЕКТС-кредити. Учебникот е целосно во согласност со содржините од акредитираната студиска програма. Ракописот што е предмет на овој извештај би требало да претставува прво издание на учебникот *Основи на некласичните логики*.

Ракописот содржи 390 страници компјутерски обработен текст со стандардни параметри (формат А4, фонт Times New Roman 12 точки, проред 1,5). Содржината е поделена на петнаесет поглавја, а на крајот се наоѓа список на користената литература.

**2. Краток опис на содржината**

Текстот започнува со уводниот дел под наслов „Што се тоа ‘некласични логики’?“, во кој се разјаснети основните поими кои се однесуваат на тематското подрачје на современите некласични логики, како и на основните белези на историскиот контекст во кој се развиваат овие логики.

Првото поглавје од учебникот содржи кус преглед на основите на класичната логика на исказите, чие усвојување е неопходно за следење на содржините прикажани во натамошните поглавја. Во ова поглавје е изложена основната структура на логиката на исказите сфатена како формален систем кој се состои од четири сегменти: граматиката, теоријата на доказот, семантиката и метатеоријата на системот.

Во второто поглавје е претставен методот на докажување на валидноста на логичкото следување со помош на дијаграми во облик на дрвја, кој, заедно со аксиоматскиот метод и методот на т.н. „природна дедукција“ е еден од најчесто користените методи на изложување на теоријата на доказот во современите логички истражувања. Посебното внимание кое на овој метод му е посветено во текстот се оправдува со фактот што тој се користи за докажување на валидноста на логичкото следување во најголемиот број од логичките системи изложени во учебникот.

Третото поглавје на учебникот се занимава со модалната логика, сфатена како логика на исказите кои изразуваат можност, нужност или невозможност. Во ова поглавје е изложен и историски осврт врз проучувањето на модалната проблематика од антиката, па до денес. Во него, исто така, се третираат и основите на системите на базичната модална логика и нормалните модални логики. Анализите на овие системи се придружени и од поопстојна филозофска дискусија поврзана со концептот на модалноста и можните светови, кои се предмет на интензивна расправа во современите истражувања на некласичните логики.

Четвртото, петтото и шестото поглавје од учебникот се посветени, соодветно, на гранките на модалната логика: деонтичката логика, односно логиката на нормативните системи, која се занимава со исказите кои содржат нормативни поими, како „дозволено“, „забрането“, „обврзно“, итн.; временската логика, која се занимава со формалнологичко проучување на исказите во кои се јавуваат временски оператори, како „вчера“, „денес“, „утре“, „секогаш“, „никогаш“, итн., и епистемичката логика или логиката на знаењето и верувањето, во чии рамки се проучуваат логичките релации помеѓу исказите кои ги содржат поимите „знае“, „верува“, „докажливо“, „побивливо“, итн.

Седмото поглавје од учебникот е посветено на интуиционистичката логика, во која се нуди ново толкување на смислата на исказните оператори, при што наместо поимот „вистинитост“, централно место зазема поимот „докажливост“.

Во осмото поглавје се изложени основите на параконзистентната логика, во чии рамки се отфрла претпоставката на класичната логика дека присуството на противречноста во определен логички систем го прави тој систем тривијален, односно апсурден, и дека овозможува во него на логички валиден начин да се изведе кој и да било исказ. Следствено, параконзистентната логика се обидува да најде начини за логичко справување со противречностите без притоа да се жртвува системскиот карактер на расудувањето.

Во следните три поглавја се прикажани некласичните системи низ кои базичната идеја на параконзистентноста се развива во повеќе заемно сродни, но сепак различни насоки. Така, предмет на деветтото поглавје е поливалентната логика, посветена на проучувањето на системите во кои исказите, наместо само две вредности – вистинито и лажно, имаат повеќе вредности на вистинитоста. Во десеттото поглавје се изложени основите на релевантната логика, во чии рамки е развиено специфично сфаќање за импликацијата според кое помеѓу антецеденсот и консеквенсот на импликацијата треба да постои минимум заемна релевантност,

со цел да се избегнат т.н. „парадокси на материјалната импликација“. Единаесеттото поглавје, пак, се занимава со логиката на следувањето од прв степен, за која е карактеристично тоа што во нејзини рамки припишувањето на вистинитосни вредности на исказите не се сфаќа како функција, туку како релација, однос кој исказот го воспоставува со определена вистинитосна вредност.

Предмет на дванаесеттото поглавје од учебникот е т.н. логика на непрецизноста која, наместо вистинитоста и лажноста да ги третира како две јасно разграничени, дисконтинуирани вредности, воведува своевидна градација на вистинитосните вредности, така што исказите можат да бидат „повеќе“, односно „помалку“ вистинити или лажни.

Тринаесеттото поглавје е посветено на немонотоничната логика сфатена како логика на расудувањето со некомплетни и/или неконзистентни информации, чии заклучоци можат да бидат отповикани во светлината на новите сознанија. Во четиринаесеттото поглавје, пак, се разработува дијалошката логика. Во дијалошката перспектива, процесот на расудување се претставува како дијалошко соочување на пропонентот и опонентот во поглед на определена теза, а логичките правила се интегрирани во поширокиот корпус на дијалошки правила.

Најпосле, завршното, петнаесетто поглавје од учебникот ги резимира филозофските консеквенции од истражувањето на некласичните логики, особено во поглед на (ре)дефинирањето на темелните логички поими, какви што се логичката вистина и логичкото следство.

Секое од наведените поглавја од учебникот содржи разработка како на концептуалната основа и филозофската мотивација, така и на формалната апаратура и техничките аспекти на системите на некласични логики кои се обработени во него. Во текстот се детално анализирани голем број примери за примена на логичките техники на докажување на валидноста на логичкото следување. Исто така, после секое поглавје се поместени прашања и задачи, како и сугестии за натамошно читање поврзани со содржините изложени во соодветното поглавје, со цел на студентите да им се овозможи повисок степен на самостојност во совладувањето на материјалот и да се поттикне нивниот истражувачки пристап на полето на некласичните логики.

## 3. Оцена и заклучок

Во учебникот *Основи на некласичните логики* од проф. д-р Ана Димишковска е изложен опстоен, добро систематизиран и аналитички развиен третман на проблематиката на некласичните логики, приспособен за педагошка употреба. И покрај сложеноста на материјата која ја третира, текстот е напишан на јасен, прецизен и разбирлив начин. Во контекст на македонската филозофска продукција, овој учебник е прв труд во кој систематски се третираат современите системи на некласичните логики, врз основа на најновата релевантна литература од ова подрачје. Иако е првенствено наменет за студентите по филозофија, тој може да послужи како корисна литература за сите заинтересирани за логичката проблематика, а особено за проблематиката на некласичните логики.

Имајќи ги предвид наведените одлики на трудот, имам чест учебникот *Основи на некласичните логики* од проф. д-р Ана Димишковска најсрдечно да го препорачам за печатење и за употреба во универзитетската настава.

Скопје, 7.9. 2013

Рецензент

Проф. д-р Мирко Ѓошевски, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**

**НА УЧЕБНИКОТ *ОСНОВИ НА НЕКЛАСИЧНИТЕ ЛОГИКИ* ОД Д-Р АНА ДИМИШКОВСКА**

**1. Назив на учебникот**

*Основи на некласичните логики*

**2. Предметна и студиска програма, фонд на часови и кредити**

Учебникот се однесува на предметната програма по предметотот *некласични логики*, застапен во рамките на студиската програма по филозофија, во осмиот семестар, со неделен фонд на часови 2 + 2 и 6 ЕКТС-кредити.

**3. Усогласеност со предметната програма**

Предложениот учебник е во согласност со студиската програма по предметот *некласични логики* и целосно покрива повеќе од 90% од застапените наставни содржини.

**4. Име на авторот**

Автор на учебникот е д-р Ана Димишковска, вонреден професор на Институтот за филозофија.

**5. Време и акт на избор на рецензентите**

За рецензент на овој ракопис сум избрана со одлука на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје бр 12- 1506/2 од 8.7.2013 г.

**6. Број на изданието**

Ракописот што е поднесен за рецензија претставува прво издание на учебникот *Основи на некласичните логики*.

**7. Општи податоци за учебникот**

Ракописот содржи 390 страници компјутерски обработен текст со формат А4, фонт Times New Roman 12 точки и проред 1,5. Содржината е поделена на: Вовед, петнаесет поглавја и список на користената литература. Структурата на трудот ги опфаќа следниве наслови и поднаслови:

Увод: Што се тоа „некласични логики“?

1. Краток преглед на основите на класичната логика на исказите

2. Докажување на валидноста на логичкото следување со методот на дијаграми во облик на дрвја

3. Модална логика

3.1. Историски осврт врз проучувањето на модалната проблематика

3.2. Базична модална логика

3.3. Нормални модални логики

3.4.Модалноста и можните светови: логичко-филозофска перспектива

4. Деонтичка логика

5. Временска логика

6. Епистемичка логика

7. Интуиционистичка логика

8. Параконзистентна логика

9. Поливалентна логика

10. Релевантна логика

11. Логика на следувањето од прв степен

12. Логика на непрецизноста

13. Немонотонична логика

14. Дијалошка логика

15. Логичката вистина, логичкото следство и некласичните логики

Користена литература

## 8. Краток опис на содржината

Учебникот „Основи на некласичните логики“ од д-р Ана Димишковска опфаќа материја која се однесува на едно од најзначајните подрачја на развој на современите логички истражувања – полето на некласичните логики. Под поимот „некласични логики“ се подразбира комплекс од логички системи кои претставуваат алтернатива на парадигмата на класичната логика. Во нив се оспоруваат и проблематизираат некои од основните идеи врз кои почива класичната логика, која на тој начин се подложува на радикално филозофско преиспитување.

Учебникот се состои од петнаесет поглавја, од кои првите две претставуваат концептуален и технички вовед во проблематиката на некласичните логики,

следните дванаесет третираат по едно посебно подрачје на некласичните логики, а последното поглавје ги резимира филозофските консеквенции од истражувањето на некласичните логики.

Во првите две поглавја од учебникот, заедно со воведот, се изложени основните информации, концепти и техники кои студентиот треба да ги усвои со цел да може успешно да ја следи содржината на натамошните поглавја, а кои се однесуваат на три елементи: 1) филозофската мотивација и историските околности кои придонесуваат за јавувањето на истражувањата од областа на некласичните логики; 2) резиме на основите на класичната логика на исказите чие познавање е предуслов за разбирањето на материјата поврзана со некласичниоте логики; 3) изложување на методот на докажување на валидноста на логичкото следување со дијаграми во облик на дрвја – метод врз кој е базирана теоријата на доказот во најголем број од системите на некласични логики опфатени во учебникот.

Третото и најопстојно поглавје од учебникот е посветено на модалната логика - логиката на исказите кои изразуваат можност, нужност или невозможност. Во ова поглавје, покрај историскиот приказ на развојот на модалната проблематика од нејзините антички корени па до денес, се изложени и основите на базичната модална логика, како и на системите на т.н. „нормални модални логики". Поглавјето за модалната логика содржи и осврт врз современите филозоофски дискусии посветени на концептот на можните светови и неговите филозофски претпоставки и импликации. Особеното внимание и сразмерно големиот простор кој на модалната логика ѝ е отстапен во учебникот се оправдува со фактот дека таа е историски првото, а до ден денес и едно од најзначајните подрачја на развој на логичките концепции кои го прошируваат и надградуваат хоризонтот на класичната логика.

Како своевидно продолжените на проблематиката на модалната логика третирана во третото поглавје, четвртото, петтото и шестото поглавје ги разработуваат т.н. гранки на модалната логика – деонтичката логика сфатена како логика на нормативните системи, временската логика сфатена како логика на дискурсот во кој се присутни временските оператори, и епистемичката логика, сфатена како логика на исказите за знаењето и верувањето.

Седмото поглавје од учебникот е посветено на интуиционистичката логика, која почива врз едно ново толкување на смислата на исказните оператори, при што наместо поимот „вистинитост", централно место зазема поимот „докажливост". Во осмото поглавје е изложена перспективата на т.н. „параконзистентна логика", во чии рамки се отфрла претпоставката на класичната логика дека присуството на противречноста во определен логички систем го прави тој систем тривијален, односно апсурден, и дека овозможува во него на логички валиден начин да се изведе кој и да било исказ. Деветтото поглавје ја опфаќа т.н. „поливалентна логика", која се занимава со проучување на системите во кои исказите, наместо само две вредности – вистинито и лажно, имаат повеќе вредности на вистинитоста. Следното, десетто поглавје се однесува на т.н. „релевантна логика", конструирана како обид да се надминат парадоксалните

карактеристики на класичниот поим на импликацијата, преку алтернативно толкување на еден од фундаменталните логички поими – поимот на „логичкото следство“. Во единаесеттото поглавје, пак, се третира логиката на следувањето од прв степен, во чии рамки припишувањето на вистинитосни вредности на исказите не се сфаќа како функција, туку како релација, однос кој исказот го воспоставува со определена вистинитосна вредност. Предмет на дванаесеттото поглавје од учебникот е т.н. „логика на непрецизноста“ која воведува своевидна градација на вистинитосните вредности, така што допушта исказите да бидат не само едноставно вистинити или лажни, туку вистинити или лажни во поголем или помал степен кој може да се изрази со помош на нумерички вредности.

Тринаесеттото поглавје е посветено на немонотоничната логика сфатена како формална рамка за проучување на т.н. „отповикливо расудување“ – вид расудување што широко се употребува во практичниот, секојдневен живот, а се одликува со тоа што во него конклузиите се изведуваат на провизорен начин, со можност да бидат повлечени или видоизменети во светлината на новите информации. Во четиринаесеттото поглавје, пак, се разработува дијалошката логика, заснована врз формално проучување на системите од логички правила за водење дијалог, кои ги регулираат дискусиите помеѓу две или повеќе страни, односно учесници Во дијалошката перспектива, процесот на расудување се претставува како дијалошко соочување на пропонентот и опонентот во поглед на определена теза, а логичките правила се интегрирани во поширокиот корпус на дијалошки правила.

Најпосле, завршното, петнаесетто поглавје поглавје од учебникот ги разработува најзначајните филозофски импликации од истражувањето на некласичните логики, особено оние што го засегаат сфаќањето на темелните логички поими, какви што се логичката вистина и логичкото следство.

## 9. Општа оценка на учебникот

Иако учебникот *Основи на некласичните логики* третира сложена логичко-филозофска проблематика, излагањето на материјата во него е јасно, прецизно и добро систематизирано. Посебен акцент во учебникот е ставен на рамнотежата помеѓу концептуалниот и техничкиот дел, во смисла на тоа дека е изложена темелната филозофска мотивација за развивањето на секој од споменатите системи на некласичните логики, меѓутоа се претставени и основите на нивната формална конструкција. Педагошкиот аспект на ракописот е особено нагласен со фактот што секое поглавје од трудот содржи детално разработени примери, односно задачи чие решавање е објаснето чекор по чекор, како и список на прашања и дополнителни задачи за самостојно истражување, проследен со анотирана препорачана литература за натамошно продлабочување на знаењата. Благодарение на ова, иако следењето на содржините во учебникот ги претпоставува базичните знаења од областа на симболичката логика, студентот, односно читателот, може во голема мера самостојно да ги развива и проширува стекнатите знаења од областа на некласичните логики.

## 10. Заклучок и предлог

Имајќи ги предвид квалитетите на ракописот, но и на недостатокот од систематски дела од оваа област во нашата средина, особено на дела наменети за педагошка употреба, уверена сум дека објавувањето на овој учебник ќе претставува значаен прилог во поновата македонска филозофско-логичка продукција и го препорачувам за печатење и користење во наставата по предметот *основи на некласичните логики* и сродните логички дисциплини.

Скопје, 7.9.2013

Рецензент

Проф. д-р Виолета Панзова, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК (ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА) ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): КЛАСИЧНА ФИЛОЛОГИЈА (УВОД ВО КЛАСИЧНА ФИЛОЛОГИЈА, КНИГАТА ВО АНТИКАТА), ИСТОРИЈА НА СТАРОГРЧКАТА КНИЖЕВНОСТ, ИСТОРИЈА НА РИМСКАТА КНИЖЕВНОСТ (АНТИЧКА ЛИРИКА, АНТИЧКА ДРАМА), ТЕОРИЈА НА КНИЖЕВНОСТА (АНТИЧКА РЕТОРИКА, АНТИЧКА ПОЕТИКА, ВИЗАНТИСКА РЕТОРИКА)
НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата 40-та редовна седница одржана на 2.7.2013 година, донесе Одлука за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања за научните области (дисциплини):класична филологија (увод во класична филологија, книгата во антиката), историја на старогрчката книжевност, историја на римската книжевност (античка лирика, античка драма), теорија на книжевноста (античка реторика, античка поетика, византиска реторика). Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Елена Колева, акад. проф. д-р Витомир Митевски и проф. д-р Маргарита Бузалковска Алексова, по увидот во доставениот материјал, до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје има чест да го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот што беше објавен во весникот *Дневник* на 11.6.2013 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања за научните области (дисциплини):класична филологија (увод во класична филологија, книгата во антиката), историја на старогрчката книжевност, историја на римската книжевност (античка лирика, античка драма), теорија на книжевноста (античка реторика, античка поетика, византиска реторика) се пријавија двајца кандидати: д-р Весна Томовска, вонреден професор на Институтот за класични студии при Филозофскиот факултет во Скопје и м-р Даниела Ѓорѓиева.

### 1. Д-р Весна Томовска

#### 1. Биографски податоци и професионален развој

Д-р Весна Томовска е родена 1960 год. во Скопје.Основно и средно училиште завршила во Скопје, а во 1984 год. дипломирала на Филозофскиот факултет во Скопје, на Институтот за класични студии. Во 1985 год. се запишала на постдипломски студии на Филозофскиот факултет во Белград на Катедрата за класични науки, книжевно-историска насока. Студиите ги завршила во 1994 год. со просек 10, а магистерскиот труд под наслов *Еурипид код Аристофана у комедији Жабе*, изработен под менторство на проф. д-р Мирон Флашар, го одбранила на 7.4.1994 год. Докторската дисертација *Хорот и хорската лирика во грчката трагедија*, изработен под менторство на проф. д-р Елена Колева, ја одбранила на 3.7.2003 на Филозофскиот факултет во Скопје.
Од мај 1985 до септември 1986 год. работела како приправник на ННСГ за класични студии при Филозофскиот факултет во Скопје. Во септември 1986 год. била избрана во звањето помлад асистент по предметите: историја на грчката литература и историја на

римската литература на Филозофскиот факултет во Скопје. Во октомври 1994 год. била избрана во звањето асистент по предметот античка литература I (двогодишен курс од следниве области: античка поетика, античка лирика и античка драма).Во февруари 2004 год. била избрана за доцент по предметите: античка литература III (античка поетика и античка лирика)и античка литература IV (античка драма и античка реторика). Со воведувањето на ЕКТС на Филозофскиот факултет во Скопје и со редизајнирањето на студиската програма на Институтот за класични студии од октомври 2004 год., д-р Весна Томовска држи предавања и вежби по следниве (едносеместрални) предмети: античка лирика, писменоста во антиката, античка драма, античко говорништво, античка поетика, античка реторика, книжевна анализа на латински текстови 1. (римска лирика и драма), книжевна анализа на старогрчки текстови 2. (хеленска лирика и драма), книжевна анализа на старогрчки текстови 3. (хеленско говорништво), книжевна анализа на латински текстови 4. (римско говорништво). Од 2004 год. учествува во изведувањето на наставата и на испитите на постдипломските студии на Институтот за класични студии. Од 2005 до 2009 год. била раководител на постдипломските студии по класична филологија на Институтот за класични студии при Филозофскиот факултет во Скопје.

**Во декември 2008 година била избрана во звањето вонреден професор** за научните области (дисциплини): старогрчка и римска литература и теорија на книжевноста на Институтот за класични студии при Филозофскиот факултет во Скопје.

**2. Наставно-образовна дејност**

Во периодот од изборот во звањето вонреден професор, д-р Весна Томовска изведувала предавања и вежби на Институтот за класични студии од прв циклус студии по следниве предмети: античка лирика, писменоста во антиката, античка драма, античко говорништво, античка поетика, античка реторика, книжевна анализа на латински текстови 1. (римска лирика и драма), книжевна анализа на старогрчки текстови 2. (хеленска лирика и драма), книжевна анализа на старогрчки текстови 3. (хеленско говорништво), книжевна анализа на латински текстови 4. (римско говорништво). Предавања и вежби од прв циклус студии држела и на други институти на Филозофскиот факултет по слободен избор на самите студенти; по предметот античка драма на Институтот за археологија, а по предметот античка реторика на Институтот за филозофија. За втор циклус студии одржалапредавања на Институтот за класични студии од следните предмети: методологија на класичните науки (делот што се однесува на методологија на проучување на книжевноста), хеленски книжевни родови (лирика), хеленски автор по избор (Еврипид, Анакреонт), римска реторика, теорија на превод.За потребите на студентите, а заради нивно совладување на материјалот, или заради менторирање на нивни семинарски трудови, есеи и прикази, д-р Весна Томовска остварила бројни консултации со студентите на кои им предавала во изминатиот период.

За потребите на наставата д-р Весна Томовска составила интерни скрипти од предавања за хеленска драма и за хеленска лирика, а за предметите: книгата во антиката, античка реторика и античка поетика подготвила пакет матерјали (избор од парадигматски текстови од антички автори со придружни белешки и коментари, избор од референтна литература за одреденанаставна содржина, видеоматеријали).

Д-р Весна Томовска активно учествувала во изготвувањето на новите студиски програми за прв и за втор циклус студии на Институтот за класични студии, при што предложила воведување на нови предметиво студиските програми чии содржини до тогаш не биле застапени во наставата како самостојни академски дициплини. За новите

предмети изготвила предметни програми, и тоа за прв циклус студии за предметите: книгата во антиката, античка реторика, увод во класични студии и византиска реторика, а за втор циклус студии за предметите: теорија на превод, антички книжевни теории, реториката на Аристотел и римска реторика.

Во рамките на наставно-образовната дејност на д-р Весна Томовскавпечатлив е нејзиниот ангажман во оспособувањето и остручнувањето на младите истражувачи и научници. Таа била ментор на дипломски работи (9) и член на комисии за одбрана на дипломска работа (29). Исто така, била член на комисија за оцена и одбрана на магистратура (5) и на докторат (4).

Согласно со член 13 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (*Универзитетски гласник* бр.173 од 1.8.2011 година), кандидатката д-р Весна Томовска остварила вкупно 136,76 поени од наставно-образовната дејност и со тоа повеќекратно го надминала минималниот број поени (20) што треба да биде остварен по овој основ за избор во звањето редовен професор.

### 3. Научноистражувачка дејност

Следејќи го вообичаеното правило за критичка проценка, во случајот рецензија на академската дејност на кандидатката вонр. проф. д-р Весна Томовска, Рецензентската комисија смета дека треба накусо да го изнесе својот став според нејзината општа карактеристика. Д-р Томовска е извонреден етички пример за оформен интелектуалец во универзална смисла; наполно ја содржи интелекуалната етика, а во академската дејност се одликува со задлабочено истражување на научната материја, како и со сериозно, одговорно и благородно пренесување на сложената материја со која е задолжена, но и прифатена според нејзиниот научен афинитет. Треба да се нагласи дека во научната материја која е во интересната сфера на д-р Весна Томовска, се содржи тежиштето на класичните студии, а пошироко таа материја е извориште, исходиште на хуманистичките студии in toto. Д-р Весна Томовска опфаќа научноистражувачка и наставно-образовна дејност од неограничениот простор на филологијата, почнувајќи од класичната александриска до современите теории, и во хуманистичка и во егзактна насока. Имено, во методологијата на филолошката наука се содржат проблемите на јазикот - лингвистиката, реториката, поетиката - дисциплини кои денес стануваат не само хуманистичен феномен, туку и сериозен научен егзактен проблем.Д-р Весна Томовска доследно ги следи критичките и теориски проучувања од првите филолози, логографи, антологиски, текстуални археолози сè до современите теории на наведените дисциплини.

Од увидот во научноистражувачката дејност на д-р Весна Томовска може да се забележи дека таа континуирано дејствува на своето интелектуално и професионално усовршување, а со таквата определеност е посветена на соодветното обучување на подеднакво посветена академска младеж.Во периодот од нејзиниот избор во вонреден професор била ментор на една магистерска работа (*Жртвувањето како книжевен елемент во хеленските трагедии* од Душан Боцески, 2012) и ментор на една докторска дисертација (*Комичкиот ефект во хеленската комедија* од Даниела Тошева, 2013).

Корпусот од научноистражувачки активности на д-р Весна Томовска во изминатиот период го сочинуваат трудови со оригинални научни резултати, објавени во научни списанија, трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборници на

трудови од научни собири со меѓународен уредувачки одбор, како и пленарни и секциски предавања на научни собири со меѓународно учество. Овие активности укажуваат на продлабочен интелекуален ангажман насочен на античката книжевност и на античката теорија и особена посветеност на нејзините темелни подрачја: античката поетика и античката реторика. Компетентноста на класичен филологѝ овозможува над-р Весна Томовска да ги истражува овие академски области ad fontes, што значи изворно да ги чита и да ги коментира релевантните текстуални сведоштва. На ваквата темелна и неопходна лингвистичка компетенција во рамките на старогрчкиот и на латинскиот јазиксе темелат иновативните согледби во научните трудови што привлекуваат особено внимание.

**„Платоновата поетика на имињата“, *Прилози на МАНУ, Одделение за лингвистика и литературна наука,* 35. 2. *Прилози посветени на академик Петар Хр. Илиевски*, Скопје, 2010, 137-149.**

Во дијалогот *Кратил*од Платон, д-р Весна Томовска препознава две поетики на имињата кои ја придружуваат и ја поткрепуваат етимолошката аргументација на расправата за точноста на имињата. Позицијата на овие две поетики во текстот - [387c-390e] и[423b-425b, 430b-433d] јасно ја одредува нивната релевантна улога во динамиката на преиспитувањето на двете клучни тези за односот на имињата и стварите. Филолошката анализа на оригиналниот текст на Дијалогот и бројните референци на други расправи од Платон (*Политеја, Федар, Софист*) ја обезбедуваат валидноста на заклучокот на авторот на овој труд со оригинални научни резултати. Имено, поетиката на ономатургот, оној што ги изработува имињата, и поетиката на ономастичарот, оној што ги дава имињата, не се дефинирани во прецизна меѓусебна релација. Овие две поетики не се цел на расправата, тие имаат посредничка улога да го освестат процесот на именување како воспоставување на одредена релација помеѓу имињата и предметите. Поетиката на ономатургот го насочува вниманието кон парадигмата на идејата на името како носител на суштината на предметот според која се изработува името. Со тоа именувањето се одредува како постапка со поголема одговорност кон она што се именува. Поетиката на мимесата според која името е вербален приказ на предметот ја проблематизира можноста во името целосно да се преслика содржината на предметот и укажува на точност според појава на одбрани елементи како носители на идентитетот на предметот. На тој начин, именувањето се ослободува од обврската да ја пронајде природната врска меѓу името и предметот како услов за точност.

**„Дефиниции на реториката“ *Годишен зборник на филозофскиот факултет во Скопје* 64, 2011, 311-322.**

Во овој труд одново се преиспитуваат, се препрочитуваат и се анализираат темелните списи од античката реторика (*Горгија* од Платон, *Реторика* од Аристотел, реторските списи на Кикерон - *Говорник*, *За говорникот*, *За изнаоѓањето*и *Образование на говорникот* од Квинтилијан) за да се исчита дефиницијата на реториката. Заклучокот од критичкиот увид во разгледуваните текстови, како и споредбеното истражување на други расправи од истите автори кои придонесуваат за расветлување на семантичките и семиотичките детерминанти на одредени поими (e.g. techne/ars) е дека антиката не понудила една, единствена и трајна дефиниција на реториката. Па, сепак, авторските дефиниции од антиката можат да се поделат во две групи и да се сведат на две воопшени дефиниции: 1. *Реториката е вештина на јавно говорење* и 2.

*Реториката е вештина на убедување со зборови.* Освен тоа, бројните обиди за прецизен и сеопфатен опис на реториката во антиката истакнале некои нејзини елменти врз кои се темели нејзиниот идентитет, како што се:*вештината, убедувањето, јавноста и говорот* како посебен јазичен облик.

**„Реториката на Аристотеловата *Поетика*“, *Ziva Antika, Monographs No 10, Ad perpetuam memoriam Michaelis D. Petrusevski* (ed. P. Hr. Ilievski, V. Mitevski, R. Duev), Skopje, 2012, 257-270.**

Во овој труд, д-р Весна Томовска ги истражува можностите на релациски врски помеѓу реториката и поетиката кај Аристотел при што дефинира три научно продуктивни рамништа. Најнапред го разгледува хронолошкиот сооднос меѓу двете расправи - *Реторика* и *Поетика* и со тоа своето истражувачко внимание го насочува на проучувањето на традицијата на корпусот на Аристотеловите текстови. Сознанијата од оваа анализа покажуваат дека присуството на вкрстени референци во двете расправи се смета за сериозен индикатор за нивното симултано настанување. Натаму, во една обемна експертиза споредбено се разгледуваат реторските и поетичките идентитети во рамките на Аристотеловиот филозофски систем и се детектираат бројни аналогии помеѓу неговиот реторички и поетички концепт. Особена иновативност овој труд покажува во согледувањето на одредена реторичност на Аристотеловата *Поетика*, која се манифестира во примената на неговата реторска доктрина врз еден теориски дискурс со намера да се состави аргументативно доследен јазичен облик со доследна научна убедливост.

**"Democritus' Enthousiasmos", *Aeternitas Antiquitatis,* proceedings of the symposium held in Skopje, August 28 (ed. V. Sofronievski), Skopje, 2010, 60-66.**

Појдовна точка на ова истражување е еден фрагмент на философот Демокрит (B18D), сочуван кај Клемент од Александрија (Strom. VI 168), во кој се сретнува именката *enthousiasmos*. Според научните сознанија, текстот на Демокрит е најстарото пишано сведоштво за присуството на овој збор во философскиот речник на Хелените. Па сепак, популарноста на *enthousiasmos* традицијата ја поврзува пред сè со Платон и неговата теорија на ентузијазмот со која се објаснува релацијата помеѓу поетот и неговото уметничко дело. Филолошката анализа на текстот според, д-р Весна Томовска, укажува на сознанието дека она што конвенционално се нарекува *божествено,* Демокрит го презема како означувач за  еден посебен квалитет кој известува за необична и нестандардна структура која има способност да се однесува и да дејствува надвор од рамките на нормата во процесот на создавање на друга, нова стварност. Оттаму заклучокот на авторот дека божественоста на Демокрит не е трансцендентна како кај Платон, нема идентитет на сила која се населува во поетот однадвор, туку дека таа е иманентна на неговата структура, на неговата физиологија како посебен, необичен квалитет .

**„Пиндар ретор“,*Studia Classica Serdicensia, Tom I, Musarum semper amator*, Софиа, 2010, 366-372.**

Овој труд, преку споредбена анализа на *Првата Олимписка* ода на Пиндар и

*Пофалбата на Елена* од Горгија, ја докажува блискоста на епиникијата и пофалбениот говор, а со тоа и тезата што ја поставува авторот дека епиникијата како посебен вид хорска песна може да се разгледува како лирски облик на епидеиктичко говорништво, а во историска перспектива и како негов прототип. Во обработените парадигми јасно може да се воочи аналогијата помеѓу лирските елементи на епиникијата и реторските средства на епидеиктичката беседа кои имаат заедничка цел да состават убедлив јазичен облик и да исполнат иста задача - пофалба.

Согласно со член 13 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (*Универзитетски гласник* бр.173 од 1.8.2011 година), кандидатката д-р Весна Томовска остварила вкупно 42,6 поени од научноистражувачката дејност и со тоа го надминала минималниот број поени (20) што треба да биде остварен по овој основ за избор во звањето редовен професор.

## 4. Стручно-апликативна дејност

Стручно-апликативната дејност на д-р Весна Томовска во изминатиот период од нејзиниот избор во звањето вонреден професор ја сочинуваат разновидни активности. На бројните преводи од старогрчки јазик на дела со антологиска цивилизациска вредност (*Реторика* од Аристотел (2002), *Кратил* од Платон (2006), *За возвишеноста* од Псевдо Лонгин (2004)) им се придружува книгата од стручна област:

**Аполодор, *Библиотека (хеленска митологија)*. Превод од старогрчки јазик, предговор, белешки и коментари Весна Томовска. Скопје: Македонска реч, 2009.**

Оваа книга е составена според врвните стандарди за дела од ваков вид и ги содржи сите неопходни елементи. Преводот на македонски јазик од старогрчки е направен според најрелевантното критичко издание на оригиналниот текст на *Библиотека* од Аполодор. Текстот на преводот е дополнет со близу 600 белешки кои реферираат на бројни дела од антички и доцноантички автори кај кои се сретнуваат содржините (митолошки ликови, теми, настани) спомнати, или обработени кај Аполодор. Со ова е направена достапна мрежа од автентични податоци за античката митологија што заедно со основниот текст на оваа книга го покриваат недостатокот од сериозен митолошки прирачник во македонскиот културен простор. Едноставниот пристап кон огромниот архивски материјал во оваа книга е овозможен преку *Индексот* и деталниот *Преглед на содржините*.Својата компетентност и суверено познавање на античката митологија, авторот на оваа книга ги покажува и во предговорот насловен *Археологија на митот* кадешто, меѓу другото, е приопштен сумарен преглед на традицијата на митолошките прирачници во антиката, меѓу кои е ситуиран и текстот на Аполодоровата *Библиотека*.

Својата стручна компетентност во областа на античката книжевност и култура д-р Весна Томовска ја вложува и во изработката (во коавторство) на еден основен школски учебник, кој е очекуван производ на претходно (од истите автори) предложениот и изготвен прирачник за наставници за предметот класичната култура во европската цивилизација (2008).

***Класичната култура во европската цивилизација* - учебник за петто одделение. Скопје: Министерство за образование и наука на Р. Македонија, 2010 (во коавторство со д-р Весна Димовска)**

Овој учебник по многу свои елементи претставува иновативна појава во образовниот систем на Р. Македонија. Изработен е според најсовремените дидактички и графички стандарди сообразени со целите и задачите што треба да се остварат со едно вакво издание. Особена доблест на овој учебник, инаку веќе докажана во практиката на неговото користење во наставата, е неговата атрактивност за учениците со што се потврдува соодветноста на предложениот методолошки концепт и изборот на обработените наставни содржини. Согласно со областите на својот професионален ангажман, д-р Весна Томовска од вкупно шест поглавја во овој учебник е автор на три:*Книжевност, Митологија и верувања* и *Уметност*.

Поврзана со овој учебник е и една од експертските активности на д-р Весна Томовска - обучувач на Семинар за планирање и реализација на наставата по предметот класичната култура во европската цивилизација (Биро за развој на образованието, Скопје, декември 2010).

Другите експертски активности на д-р Весна Томовска во изминатиот период се однесуваат на стручна ревизија и рецензија на една објавена научно-стручна монографија (Даниела Тошева-Николовска, *Менандар и новата атичка комедија*. Скопје: Магор, 2009), како и на стручна редакција на еден објавен превод од старогрчки јазик (Менандар, *Комедии и фрагменти*. Препев од старогрчки, белешки и предговор: Даниела Тошева-Николовска. Скопје: Профундум, 2008).

Меѓу дејностите од поширок интерес на д-р Весна Томовска во изминатиот период би ги издвоиле следните: континуираното учество во работата на Комисијата за републички натпревари по класични јазици за учениците од средните училишта, како и редовното учество на промотивните активности на Филозофскиот факултет и на Институтот за класични студии. Во изминатиот период реализирала дел од својот мандат како раководител на постдипломските студии по класична филологија (2005-2009). Од особен интерес за унапредување, популаризирање и збогатување на класичната филологија во академската средина е нејзината водечка улога заедно со д-р Владимир Мартиновски од Катедрата за компаративна книжевност на Филолошкиот факултет во организирањето на научни работилници (*Одисеи за Одисеја*, научна работилница одржана на 1.6.2009 г. во Скопје, во организација на Друштвото на класични филолози „Антика“ и Друштвото за компаративна книжевност на Македонија; *Сите лица на смешното*, научна работилница одржана на 11.5.2012 г. во Скопје,во организација на Друштвото на класични филолози „Антика“ и Друштвото за компаративна книжевност на Македонија) и во приредувањето на зборници од истите (*Одисеи за Одисеја*, зборник на трудови од Научната работилница одржана на 1.6.2009 г. Скопје: Друштво на класични филолози „Антика“ и Друштво за компаративна книжевност на Македонија, 2010).

Согласно со член 13 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (*Универзитетски гласник* бр.173 од 1.8.2011 година) кандидатката д-р Весна Томовска остварила вкупно 30,4 поени од стручно-апликативната дејност и со тоа го надминала минималниот број поени (5) што треба да биде остваренпо овој основ за избор во звањето редовен професор.

**2.М-р Даниела Ѓорѓиева,** според доставените материјали не ги исполнува условите за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања за научните области (дисциплини):класична филологија (увод во класична филологија, книгата во антиката), историја на старогрчката книжевност, историја на римската книжевност (античка лирика, античка драма), теорија на книжевноста (античка реторика, античка поетика, византиска реторика), пропишани со конкурсот.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на горепрезентираниот преглед на активности во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејности врз основа на изнесените оцени, Комисијата констатира дека кандидатката д-р Весна Томовска се одликува со доблеста на извонреден класичен филолог, кој продлабочено се занимава со античката книжевност при што применува автентична античка теорија и херменевтика. За таа цел, таа континуирано и посветено ги истражува античката поетика и античката реторика. Согласно со член 13 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (*Универзитетски гласник* бр.173 од 1.8.2011 година), кандидатката д-р Весна Томовска остварила вкупно 209,76 поени од професионалните референци и со тоа го надминала минималниот број поени (80) што треба да биде остварен за избор во звањето редовен професор.

Со оглед на изнесеното, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, кандидатката **д-р Весна Томовска да биде избрана во звањето редовен професор**за научните области (дисциплини):класична филологија (увод во класична филологија, книгата во антиката), историја на старогрчката книжевност, историја на римската книжевност (античка лирика, античка драма), теорија на книжевноста (античка реторика, античка поетика, византиска реторика).

Скопје,
20.7.2013

**Членови на Комисијата**

Проф. д-р Елена Колева, с,р,
Акад. проф. д-р Витомир Митевски, с.р.
Проф. д-р Маргарита Бузалковска-Алексова, с.р.

**АНЕКС 2**

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

| | |
|---|---|
| **Кандидат:** | **Весна Зоран Томовска** |
| **Институција:** | **Филозофски факултет / Институт за класични студии** |
| **Научна област:** | **класична филологија (увод во класична филологија, книгата во антиката), историја на старогрчката книжевност, историја на римската книжевност (античка лирика, античка драма), теорија на книжевноста (античка реторика, античка поетика, византиска реторика )** |

### НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на наставазапрв циклус студии** | |
| 1. | Античка драма (2+2) зимски 2008/2009 | 1,2 |
| 2. | Античко говорништво (2+2) зимски 2008/2009 | 1,2 |
| 3. | Книжевна анализа на латински текстови I(1+1) зимски 2008/2009 | 0,6 |
| 4. | Книжевна анализа на старогрчки текстови III (1+1) зимски 2008/2009 | 0,6 |
| 5. | Античка реторика (2+0) зимски 2008/2009 | 1,2 |
| 6. | Античка драма (Арх.) (2+2) зимски 2008/2009 | 1,2 |
| 7. | Античка лирика (2+2) летен 2008/2009 | 1,2 |
| 8. | Писменоста во антиката (2+0) летен 2008/2009 | 1,2 |
| 9. | Античка поетика (2+0) летен 2008/2009 | 1,2 |
| 10. | Книжевна анализа на старогрчки текстови II(1+1) летен 2008/2009 | 0,6 |
| 11. | Книжевна анализа на латински текстови IV(1+1) летен 2008/2009 | 0,6 |
| 12. | Посебен изборен - драма, лирика, реторика, поетика (2+2) летен 2008/2009 | 1,2 |
| 13. | Античка драма (2+2) зимски 2009/2010 | 1,2 |
| 14. | Античко говорништво (2+2) зимски 2009/2010 | 1,2 |
| 15. | Книжевна анализа на латински текстови I(1+1) зимски 2009/2010 | 0,6 |
| 16. | Книжевна анализа на старогрчки текстови III (1+1) зимски 2009/2010 | 0,6 |
| 17. | Античка реторика (2+0) зимски 2009/2010 | 1,2 |
| 18. | Античка драма (Арх.) (2+2) зимски 2009/2010 | 1,2 |
| 19. | Книгата во антиката (2+2) зимски 2009/2010 | 1,2 |
| 20. | Античка лирика (3+2) летен 2009/2010 | 1,8 |
| 21. | Античка поетика (2+0) летен 2009/2010 | 1,2 |
| 22. | Книжевна анализа на старогрчки текстови II(1+1) летен 2009/2010 | 0,6 |
| | Книжевна анализа на латински текстови IV(1+1) летен 2009/2010 | 0,6 |
| 23. | Посебен изборен - драма, лирика, реторика, поетика (2+2) летен 2009/2010 | 1,2 |
| 24. | Античко говорништво (2+2) зимски 2010/2011 | 1,2 |
| 25. | Античка реторика (2+0) зимски 2010/2011 | 1,2 |
| 26. | Книжевна анализа на старогрчки текстови III (1+1) зимски 2010/2011 | 0,6 |

| | | |
|---|---|---|
| 27. | Античка драма (3+2) зимски 2010/2011 | 1,8 |
| 28. | Античка драма (Арх.) (2+2) зимски 2010/2011 | 1,2 |
| 29. | Книгата во антиката (2+2) зимски 2010/2011 | 1,2 |
| 30. | Античка лирика (3+2) летен 2010/2011 | 1,8 |
| 31. | Античка поетика (2+0) летен 2010/2011 | 1,2 |
| 32. | Книжевна анализа на старогрчки текстови II(1+1) летен 2010/2011 | 0,6 |
| 33. | Книжевна анализа на латински текстови IV(1+1) летен 2010/2011 | 0,6 |
| 34. | Посебен изборен - драма, лирика, реторика, поетика (2+2) летен 2010/2011 | 1,2 |
| 35. | Античка реторика (2+0) зимски 2011/2012 | 1,2 |
| 36. | Книжевна анализа на старогрчки текстови III (1+1) зимски 2011/2012 | 0,6 |
| 37. | Античка драма (3+2) зимски 2011/2012 | 1,8 |
| 38. | Античка драма (Арх.) (2+2) зимски 2011/2012 | 1,2 |
| 39. | Книгата во антиката (2+2) зимски 2011/2012 | 1,2 |
| 40. | Античка поетика (3+2) зимски 2011/2012 | 1,8 |
| 41. | Античка лирика (3+2) летен 2011/2012 | 1,8 |
| 42. | Книжевна анализа на латински текстови IV(1+1) летен 2011/2012 | 0,6 |
| 43. | Посебен изборен - драма, лирика, реторика, поетика (2+2) летен 2011/2012 | 1,2 |
| 44. | Античка драма (3+2) зимски 2012/2013 | 1,8 |
| 45. | Книгата во антиката (2+2) зимски 2012/2013 | 1,2 |
| 46. | Античка поетика (3+2) зимски 2012/2013 | 1,8 |
| 47. | Античка реторика (3+3) зимски 2012/2013 | 1,8 |
| 48. | Читање старогрчки текстови III (1+4) зимски 2012/2013 | 0,6 |
| 49. | Античка лирика (3+2) летен 2012/2013 | 1,8 |
| 50. | Читање латински текстови IV(1+4) летен 2012/2013 | 0,6 |
| | **Одржување на наставазавтор циклус студии** | |
| 51. | Методологија на класичните науки (1) (менторски) 2008/2009 | 0,75 |
| 52. | Римска реторика (1) (менторски) 2008/2009 | 0,75 |
| 53. | Хеленски книжевни родови - лирика (1) (менторски) 2008/2009 | 0,75 |
| 54. | Хеленски автор по избор - Еврипид (1) (менторски) 2008/2009 | 0,75 |
| 55. | Методологија на класичните науки (4) (менторски) 2009/2010 | 3,0 |
| 56. | Методологија на класичните науки (3) (менторски) 2011/2012 | 2,25 |
| 57. | Теорија на превод (2) (менторски) 2011/2012 | 1,5 |
| 58. | Хеленски автор по избор - Анакреонт (1) (менторски) 2011/2012 | 0,75 |
| 59. | Методологија на класичните науки (1) (менторски) 2012/2013 | 0,75 |
| | **Одржување на вежби** | |
| 60. | Античка драма (2+2) зимски 2008/2009 | 0,9 |
| 61. | Античко говорништво (2+2) зимски 2008/2009 | 0,9 |
| 62. | Книжевна анализа на латински текстови I(1+1) зимски 2008/2009 | 0,45 |
| 63. | Книжевна анализа на старогрчки текстови III (1+1) зимски 2008/2009 | 0,45 |
| 64. | Античка драма (Арх.) (2+2) зимски 2008/2009 | 0,9 |
| 65. | Античка лирика (2+2) летен 2008/2009 | 0,9 |
| 66. | Книжевна анализа на латински текстови IV(1+1) летен 2008/2009 | 0.45 |
| 67. | Посебен изборен - драма, лирика, реторика, поетика (2+2) летен 2008/2009 | 0,9 |
| 68. | Античка драма (2+2) зимски 2009/2010 | 0,9 |
| 69. | Античко говорништво (2+2) зимски 2009/2010 | 0,9 |
| 70. | Книжевна анализа на латински текстови I(1+1) зимски 2009/2010 | 0,45 |
| 71. | Книжевна анализа на старогрчки текстови III (1+1) зимски | 0,45 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2009/2010 | |
| 72. | Античка драма (Арх.) (2+2) зимски 2009/2010 | 0,9 |
| 73. | Книгата во антиката (2+2) зимски 2009/2010 | 0,9 |
| 74. | Античка лирика (3+2) летен 2009/2010 | 0,9 |
| 75. | Книжевна анализа на старогрчки текстови II(1+1) летен 2009/2010 | 0,45 |
| 76. | Книжевна анализа на латински текстови IV(1+1) летен 2009/2010 | 0,45 |
| 77. | Посебен изборен - драма, лирика, реторика, поетика (2+2) летен 2009/2010 | 0,9 |
| 78. | Античко говорништво (2+2) зимски 2010/2011 | 0,9 |
| 79. | Книжевна анализа на старогрчки текстови III (1+1) зимски 2010/2011 | 0,45 |
| 80. | Античка драма (3+2) зимски 2010/2011 | 0,9 |
| 81. | Античка драма (Арх.) (2+2) зимски 2010/2011 | 0,9 |
| 82. | Книгата во антиката (2+2) зимски 2010/2011 | 0,9 |
| 83. | Античка лирика (3+2) летен 2010/2011 | 0,9 |
| 84. | Книжевна анализа на старогрчки текстови II(1+1) летен 2010/2011 | 0,45 |
| 85. | Книжевна анализа на латински текстови IV(1+1) летен 2010/2011 | 0,45 |
| 86. | Посебен изборен - драма, лирика, реторика, поетика (2+2) летен 2010/2011 | 0,9 |
| 87. | Книжевна анализа на старогрчки текстови III (1+1) зимски 2011/2012 | 0,45 |
| 88. | Античка драма (3+2) зимски 2011/2012 | 0,9 |
| 89. | Античка драма (Арх.) (2+2) зимски 2011/2012 | 0,9 |
| 90. | Книгата во антиката (2+2) зимски 2011/2012 | 0,9 |
| 91. | Античка поетика (3+2) зимски 2011/2012 | 0,9 |
| 92. | Античка лирика (3+2) летен 2011/2012 | 0,9 |
| 93. | Книжевна анализа на латински текстови IV(1+1) летен 2011/2012 | 0.45 |
| 94. | Посебен изборен - драма, лирика, реторика, поетика (2+2) летен 2011/2012 | 0,9 |
| 95. | Античка драма (3+2) зимски 2012/2013 | 0,9 |
| 96. | Книгата во антиката (2+2) зимски 2012/2013 | 0,9 |
| 97. | Античка поетика (3+2) зимски 2012/2013 | 0,9 |
| 98. | Античка реторика (3+3) зимски 2012/2013 | 1,35 |
| 99. | Читање старогрчки текстови III (1+4) зимски 2012/2013 | 1,8 |
| 100. | Античка лирика (3+2) летен 2012/2013 | 0,9 |
| 101. | Читање латински текстови IV(1+4) летен 2012/2013 | 1,8 |
| | **Подготовка на нов предмет (прв циклус студии)** | |
| 102. | Книгата во антиката | 1,5 |
| 103. | Античка реторика | 1,5 |
| 104. | Увод во класичната филологија | 1,5 |
| 105. | Византиска реторика | 1,5 |
| | **Подготовка на нов предмет (втор циклус студии)** | |
| 106. | Теорија на превод | 1,5 |
| 107. | Антички книжевни теории | 1,5 |
| 108. | Реториката на Аристотел | 1,5 |
| 109. | Римска реторика | 1,5 |
| | **Консултации со студенти** | |
| 110. | Консултации со студенти, 2008/09, (26 зим. + 38 лет.) | 0,128 |
| 111. | Консултации со студенти, 2009/10, (65 зим. + 28 лет.) | 0,186 |
| 112. | Консултации со студенти, 2010/11, (37 зим. + 21 лет.) | 0,116 |
| 113. | Консултации со студенти, 2011/12, (16 зим. + 21 лет.) | 0,074 |
| 114. | Консултации со студенти, 2012/13, (19 зим. + 7 лет.) | 0,052 |
| 115. | **Ментор на дипломска работа**(9*0.20) | 1.8 |

| | | |
|---|---|---|
| 116. | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат** (4*0,5) | 2 |
| 117. | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура** (5*0,3) | 1,5 |
| 118. | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** (29*0,1) | 2,9 |
| | **Интерна скрипта од предавања** | |
| 119. | Хеленска драма | 4 |
| 120. | Хеленска лирика | 4 |
| | **Пакет матерјали за предметите** | |
| 121. | Книгата во антиката | 1 |
| 122. | Античка реторика | 1 |
| 123. | Античка поетика | 1 |
| 124. | Прирачник за наставници за предметот Класичната култура во европската цивилизација. Скопје, 2008 (коавтор) | 0,9 |
| | **Вкупно** | **136,76** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на докторска дисертација:<br>*Комичкиот ефект во хеленската комедија*од Даниела Тошева, 2013 | 3 |
| 2. | Ментор на магистерска работа:<br>*Жртвувањето како книжевен елемент во хеленските трагедии* од Душан Боцески, 2012 | 1 |
| 3. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание:<br>„Demokritoventuzijazam“, *Lucida intervalla*39, Beograd, 2010, 3-23. (коавтор) | 3,6 |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание:<br>„Платоновата поетика на имињата“, *Прилози на МАНУ, Одделение за лингвистика и литературна наука,* 35. 2. *Прилози посветени на Академик Петар Хр. Илиевски*, Скопје, 2010, 137-149. | 4 |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание:<br>„Дефиниции на реториката“ *Годишен зборник на филозофскиот факултет во Скопје* 64, 2011, 311-322. | 4 |
| 6. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор:<br>„Реториката на Аристотеловата *Поетика*“, *Ziva Antika, Monographs No 10, Ad perpetuam memoriam Michaelis D. Petrusevski*(ed. P. Hr. Ilievski, V. Mitevski, R. Duev), Skopje, 2012, 257-270. | 6 |
| 7. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:<br>"Democritus' Enthousiasmos", *AeternitasAntiquitatis,* proceedings of the symposium held in Skopje, August 28 (ed. V. Sofronievski), Skopje, 2010, 60-66. | 3 |
| 8. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | „Пиндар ретор“,*StudiaClassicaSerdicensia, Том I, Musarum semper amator*, Софиа, 2010, 366-372. | |
| 9. | Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество:<br>Античка драма, Међународна научна конференција, 31.октобар-1.новембар 2008, Београд, Србија<br>(предавање под наслов:*Хеленска трагедија и реторика*) | 3 |
| 10. | Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество:<br>AeternitasAntiquitatis, Annual Euroclassica Conference, Skopje-Ohrid, August 27-30, 2009<br>(предавање под наслов:*Democritus' Enthousiasmos* ) | 3 |
| 11. | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество:<br>Applied Linguistics Today: Between Theory and Practice, Inernational Congress, October 31-November01, 2009, Novi Sad, Serbia<br>(предавање под наслов:*Platonovapoetikaimena*) | 2 |
| 12. | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество:<br>Musarum semper amator, Научен собир, 13-14 ноември, 2009, Софија, Р. Бугарија<br>(предавање под наслов:*Пиндар ретор*) | 2 |
| 13. | Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет:<br>Филозофски факултет, Универзитет у Београду<br>(предавање под наслов:*Demokritov entuzijazam,* одржано на 3 ноември 2009) | 3 |
| 14. | Учество на научен/стручен собир со реферат (орална презентација):Меѓународна конференција „100 години од раѓањето на академик Михаил Д. Петрушевски“, МАНУ, Скопје 14-15 октомври 2011<br>(реферат:*Реториката на Аристотеловата Поетика*) | 1 |
| 15. | Учество на научен/стручен собир со реферат (орална презентација):<br>Сите лица на смешното (од антиката до денес), Научна работилница, Филозофски факултет во Скопје, 11 мај 2012<br>(реферат:*Смешна реторика*) | 1 |
| | **Вкупно** | **42,6** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Книга од стручна област:<br>Аполодор, *Библиотека (хеленска митологија)*. Превод од старогрчки јазик, предговор, белешки и коментари Весна Томовска. Скопје: Македонска реч, 2009. | 8 |
| 2. | Поглавје во книга:<br>Хомер, *Одисеја*. Од сарогрчкиот оригинал превел и препеал Михаил Д. Петрушевски. Скопје: Магор, 2008. (*Одисејата на Одисеј* 9-16) | 3 |
| 3. | Основен школски учебник:<br>*Класичната култура во европската цивилизација* - учебник за петто одделение. Скопје: Министерство за образование и наука на Р. Македонија, 2010. (коавтор) | 6 |
| 4. | Експертски активности:<br>стручна ревизија и рецензија на научно-стручна монографија: | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Даниела Тошева-Николовска, *Менандар и новата атичка комедија*. Скопје: Магор, 2009. | |
| 5. | Експертски активности:<br>стручна редакција на Менандар, *Комедии и фрагменти*. Препев од старогрчки, белешки и предговор Даниела Тошева- Николовска. Скопје: Профундум, 2008. | 1 |
| 6. | Експертски активности:<br>Обучувач на семинар (декември 2010): Планирање и реализација на наставата по предметот Класичната култура во европската цивилизација. Биро за развој на образованието, Скопје. | 1 |
| 7. | Учество во работата на комисија за државни натпревари:<br>Републички натпревар по класични јазици за учениците од средните училишта | 1 |
| 8. | Учество на промотивни активности на факултетот/институтот: „Отворен ден“ на Филозофскиот факултет во Скопје (2010-2013 г.) | 2 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Приредувач (заедно со Владимир Мартиновски) на зборник на трудови од Научната работилница *Одисеи за Одисеја*, одржана на 1.6.2009 г. Скопје: Друштво на класични филолози Антика и Друштво за компаративна книжевност на Македонија, 2010. | 1 |
| 2. | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание:<br>Systasis (www.systasis.org) | 0,5 |
| 3. | Член на уредувачки одбор на зборник на трудови од научен/стручен собир:<br>*Docendo discimus*.Зборник на трудови од летна школа во рамки на проект од програмата SCOPES, Скопје, 2008. | 0,5 |
| 4. | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир:<br>*AeternitasAntiquitatis*, Annual Euroclassica Conference, Skopje-Ohrid, August 27-30, 2009. | 1 |
| 5. | Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир:<br>*Одисеи за Одисеја*, научна работилница одржана на 1.6.2009 г. во Скопје, во организација на Друштвото на класични филолози „Антика’ и Друштвото за компаративна книжевност на Македонија. | 0,5 |
| 6. | Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир:<br>*Сите лица на смешното*, научна работилница одржана на 11.5.2012 г. во Скопје,во организација на Друштвото на класични филолози „Антика“ и Друштвото за компаративна книжевност на Македонија. | 0,5 |
| 7. | Член на комисија за избор во звање:<br>д-р Весна Калпаковска (научен соработник. 22.10.2010),<br>д-р Марија Чичева Алексиќ (виш научен соработник. 17.6.2012) | 0,4 |
| 8. | Раководител на постдипломски студии:<br>- раководител на постдипломските студии по класична филологија (1.10.2005-30.9.2009) | 2 |
| 9. | Учество во комисии и тела на државни и други органи:<br>- член на Стручна комисија за увид и давање на предлози за доделување на државната награда „Св. Климент Охридски“ во 2009 година во областа на воспитанието и образованието. | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **Вкупно** | **30,4** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **136,76** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **42,6** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **30,4** |
| **Вкупно** | **209,76** |

Скопје,
20.7.2013

**Членови на Комисијата**

Проф. д-р Елена Колева, с.р.
Акад. проф. д-р Витомир Митевски, с.р.
Проф. д-р Маргарита Бузалковска-Алексова, с.р.

П Р Е Г Л Е Д

на теми за изработка на магистерски труд прифатени од

Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје

на седницата одржана на 29.08.2013 година

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Симона Ташевска | *Современи методи на дизајнирање применети на бионички и алгоритамски структури од компонибилни модули* | Проф. д-р Софија Сидоренко |
| Стефан Нечевски | *Спецификите на менаџирањето на односите со клиентите кај семејните бизниси* | Проф. д-р Радмил Поленаковиќ |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК - АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКИТЕ КОНСТРУКЦИИ И ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ВИСОКОГРАДБА НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, на својата 53. седница одржана на 4.7.2013 година, нè одреди за членови на Рецензентската комисија за избор на еден соработник - асистент од областа на архитектонските конструкции и енергетската ефикасност на Институтот за високоградба на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

На распишаниот конкурс, објавен на ден 26.6.2013 г. во дневните весници „Дневник“ и „Лајме“, се пријави кандидатот м-р Александар Петровски, д.и.а., помлад асистент-истражувач на Институтот за високоградба на Факултетот.

Комисијата констатира дека пријавениот кандидат ја доставил потребната документација согласно со распишаниот конкурс и врз основа на увидот во неа, на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот м-р Александар Петровски, д.и.а., е роден на 10.6.1984 година во Скопје.

Во учебната 2002/2003 година запишал студии по архитектура на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Дипломирал на 30.6.2008 година со одбрана на дипломска работа на тема: „Центар за музика во општина Центар-Скопје“, оценета со особен успех. Просечната оцена на кандидатот од студиите изнесува 8,98, а по предметите од областа за која конкурира – 9,33.

Во текот на студиите на Архитектонскиот факултет, кандидатот зел учество во работата на неколку работилници и летни школи за архитектура.

По дипломирањето, во периодот август-октомври 2008 година, реализирал летна стручна практика во архитектонското биро „APA CAD“, Варшава, Полска, кадешто учествувал во изработка на проектна документација за обликување на урбана опрема за спортско-

рекреативниот комплекс во Леско (прилог: Писмена рефернца потпишана од арх. Krizyztof Popinski, раководител на бирото).

Во учебните 2009/2010 и 2010/2011 година бил ангажиран на Архитектонскиот факултет како надворешен соработник/демонстратор по предметите проектирање општествени згради 1 и 2.

Во март 2009 г. основал сопствено архитектонско проектанско биро „МДЦ Архитектоника“ - Скопје, кадешто како одговорен проектант изработил повеќе идејни и основни архитектонски проекти.

Во учебната 2010/2011 година, на Градежниот факултет про УКИМ, запишал втор циклус студии (постдипломски студии) - конструктивна насока во траење од 2 семестра од областа на енергетската ефикасност. Студиите ги завршил на 28.5.2013 година со јавна одбрана на магистерскиот труд под наслов: „Влијанието на ориентацијата, обликот и застаклувањето врз енергетската ефикасност кај приземни објекти“ и се стекнал со звањето магистер на технички науки од областа на градежништвото.

Кандидатот поседува овластување Б за изработка на архитектонски проекти и пректна документација, издадено од Комората на овластени архитекти и други инженери во изградбата (бр. 1.1578), извонредно добро ги владее графичките апликации AutoCad, ArchiCad, 3DMax, Photoshop и Exel и користи Rhinoceros, Ilustrator и Corel Draw. Одлично го владее англискиот јазик (пишан и говорен) и има солидно познавање од германскиот јазик.

2. УЧЕСТВО ВО НАСТАВАТА

По неговото вработување на Факултетот како помлад асистент-истражувач, кандидатот учествувал во изведувањето на вежбите по предметите архитектонски конструкции 1 (I и II сем.), архитектонски конструкции 2 (III и IV сем.) и моделарство (I и II сем.). Во зимскиот семестар во учебната 2012/2013 бил ангажиран и во работата на архитектонското студио V.2 раководено од проф. д-р Анета Христова Поповска.

3. УЧЕСТВО ВО НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКАТА РАБОТА

На студиите на вториот циклус (постдипломски студии) на Градежниот факултет, кандидатот се определил за сопствено надградување на полето на научно-истражувачката работа од областа на енергетската ефикасност. Во текот на студиите, покрај положените испити оценети со највисока оценка, изработил и 5 (пет) семинарски труда:

1. Проценка на заштеда на енергија во станбени објекти
2. Примена на композитни материјали во архитектурата
3. Дефинирање на противпрожарна отпорност на конструктивни елементи
4. Позитивно влијание на градежништвото врз животната средина
5. Менаџирање на архитектонска форма.

Со изработката и одбраната на магистерскиот труд на тема: „Влијанието на ориентацијата, обликот и застаклувањето врз енергетската ефикасност кај приземни објекти“,

оценет од Комисијата за одбрана со највисока оценка, кандидатот покажал оспособеност и афинитет за самостојна научна и научно-истражувачка работа.

Во текот на 2013 година, со група автори, зел учество во изработката на научно-истражувачкиот проект на тема: „Дизајн на стаклен павилјон во заштитена урбана област базиран врз Воронои-стуктура“.

## 4. УЧЕСТВО НА ЛЕТНИ ШКОЛИ И АРХИТЕКТОНСКИ РАБОТИЛНИЦИ

За време на студиите и по дипломирањето, кандидатот зел учество во работата на следните летни школи и работилници по архитектура:

1. EASA, Данска – работилница за одржлива архитектура, 2003;
2. BEST, Мадрид, Шпанија, курс по соларна архитектура, 2005;
3. Меѓународна летна школа за архитектура, Сесија 2007, манастир „Св. Јоаким Осоговски“, Крива Паланка на тема: „Град за сите“, ментор;
4. Архитектонско биро APA CAD, Варшава, Полска, 2008;
5. EASA, Грција – работилница на тема „Мапирање на градот“, 2007;
6. MAYA SCRIPTING – работилница со арх. Даниел Да Роча, 2010;
7. Меѓународна летна школа за архитектура, Сесија 2013, манастир „Св. Јоаким Осоговски“, Крива Паланка на тема: „Пресекот не е отсечок“, ментор.

## 5. СТРУЧНА ДЕЈНОСТ

Во текот на неговата работа во проектанското биро „МДЦ Архитектоника“, Скопје, кандидатот, самостојно или во соработка, учествувал во изработката на следните проекти, проектна документација и архитектонски конкурси:

### 5.1. Архитектонски проекти:

- Идеен и основен проект за деловен објект „Бела земја“, (соработка), 2007
- Основен проект за станбен објект-вила Отовица, Велес, (автор), реализиран објект, 2008
- Основен проект за надградба на деловен објект СЕТ-компјутери, Скопје (соработка), 2010
- Идеен проект за станбен објект во Швајцарија (соработка), 2010
- Основен проект за индивидуален станбен објект-вила во с. Сопиште, проектиран според принципите на енергетска ефикасност, класа Б, (автор), реализиран објект, 2011
- Идеен архитектонски проект за деловно-трговски центар “Соларис” во Велес, (автор), 2011
- Идеен и основен проект за плоштад со градската фонтана во Кочани, (автор), реализиран објект, 2012
- Идеен и основен проект за надградба и адаптација на станбен објект, населба Жданец, Скопје, објект проектиран според принципите на енергетска ефикасност, класа А (автор), 2013
- Идеен и основен проект за надградба на деловно-станбен објект, Рузвелтова, Скопје, (автор), 2013
- Основен проект за винарија „Герман“, с. Ранковце, објект проектиран според принципите на енергетска ефикасност класа А+, (автор), 2013

5.2. Ентериери:

- Внатрешно уредување на „Поп-кафе“, Скопје, (автор), 2009
- Внатрешно уредување на кафе „Џовани“, Скопје, (соработка), 2009
- Внатрешно уредување на стан во наслеба „Аеродром“, Скопје, (соработка), 2010
- Идеен и основен проект за ентериерно уредување за просторија за презентации на фирмата Кнауф, (авор), 2010
- Идеен и основен проект за ентериерно уредување за „Алфа кафе“, Скопје (автор), 2010
- Внатрешно уредување на трговски локал „Плеј Бет“, Скопје, (автор), 2011
- Внатрешно уредување на стан во населба Бутел, Скопје, (соработка), 2012

5.3. Урбанистички проекти:

- ЛУПД за индивидуална семејна куќа, ГП 509/2, Општина Ракнковце, соработка), 2011
- ЛУПД за индивидуална семејна куќа, КП 1.4.23, Општина Ѓорче Петров, Скопје, (соработка), 2012
- Планска документација (ДУП), КП 136/1 Долно Косоврасти, (соработка), 2013

5.4. Архитектонски конкури:

1. Идеен прект за објектот на македонската филхармонија, БИСТА 2006, награден студентски труд, (тимска работа), 2006
2. Спомен дом „Тоше Проески“, Крушево, 2008
3. Театар Центар, Скопје, 2009
4. Плоштад во населба Влае, Скопје, (откупен труд), 2010
5. Идејни архитектонско-урбанистички решенија на комплекс со објекти за колективно домување за потребите на АРМ, (откупен труд), 2010
6. Градска фонтана во Кочани, реализиран објект, (прва награда), 2009
7. Конкурс за архитектонски решенија на колективни станбени објекти за АРМ, (откупен труд), 2010,
8. Конкурс за плоштад во Влае, Скопје, (откупен труд), 2010
9. Објект на Општина Куманово, (група автори, втора награда), 2012

6. УЧЕСТВО НА АРХИТЕКТОНСКИ ИЗЛОЖБИ:

- БИСТА 2004, цртежи по предметот ликовно изразување
- БИСТА 2006, проект за Македонска филхармонија (група автори)
- Изложба на наградени трудови од конкусот за Театар Центар, 2009
- Изложба на наградени трудови од конкурсот за плоштадот во населбата Влае, Скопје, 2010
- Изложба на наградени трудови од конкусот за за архитектонски решенија на колективни станбени објекти за потребите на АРМ, 2010
- Изложба на студентски трудови

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот м-р Александар Петровски, дипл.инж.арх., ги исполнува формалните услови за избор во звањето за коешто конкурирал согласно со распишаниот конкурс.

Разгледувајќи ги приложените референци и афинитети, Комисијата високо ги цени неговите севкупни постигнувања и развој од неговото вработување на Факултетот како помлад асисистент-истражувач на Институтот за високоградба. Комисијата особено го ценеше неговиот избор за научноистражувачко усовршување од областа на енергетската ефикасност, нискоенергетската архитектура и примена на пасивните системи при проектирањето и градењето на архитектонските објекти и дека врз основа на тоа во неговиот иден развој и дејствување на Факултетот ќе даде заначаен придонес кон заложбите на Институтот за развивање на оваа мошне актуелна и пропулзивна проблематика, како во наставниот процес така и во научноистражувачката работа.

Во таа смисла, ценејќи ги вредности на кандидатот и постигнатите резултати од наведените области, Рецензентската комисија смета дека кандидатот м-р Александар Петровски, д.и.а., во целост ги исполнува условите и критериумите за избор во звањето асистент согласно со Законот за високото образование на РМ, Статутот на УКИМ и чл. 24 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Врз основа на тоа, Комисијата со особено задоволство му прелага на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, кандидатот м-р Александар Петровски, дипл.инж.арх., да биде избран во звањето асистент од областите на архитектонските конструкции и енергетската ефикасност на Институтот за високоградба на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Рецензентска комисија

1. Д-р Тихомир Стојков, редовен професор, претседател, с.р
2. Д-р Страхиња Трпевски, доцент, член, с.р
3. Д-р Анета Христова Поповска, редовен професор, член, с.р

# П Р Е Г Л Е Д

на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Емил Николовски | „Влијанието на окружувањето врз организациското дизајнирање на нимекс доо Скопје” | проф. д-р Кирил Постолов |
| Миле Ѓорѓиески | ,,Лидерство со организациските промени во областа на информационата технологија” | доц. д-р Леонид Наков |
| Леутриме Реџепи | „Одржливоста на зелената општествена одговорност на претпријатијата” | проф. д-р Бобек Шуклев |
| Љупка Станоевска | „Улогата на општествената одговорност со креирање на стратегиска предност за претпријатијата” | проф. д-р Љубомир Дракулевски |
| Светлана Нечева | „Корпоративно управување во јавниот сектор” | проф. д-р Љубомир Дракулевски |
| Станка Димовска | „Партнерството – форма на бизнис цопственииштво на малите претпријатија” | проф. д-р Бобек Шуклев |
| Кристина Влашковска | „Развој на кариерата во организација која учи” | проф. д-р Кирил Постолов |
| Елена Пецевска | „Извори на финансиски средства при започнување со мал бизнис” | проф. д-р Бобек Шуклев |
| Софија Соколовска | „Управување со залихи во синџирот на снабдување со помош на преносливи електронски уреди | проф. д-р Лидија Пулевска-Ивановска |
| Сања Спасова | „Економски ефекти од примената на електронскиот систем на јавни набавки за малите и средни претпријатија во Република Македонија” | проф. д-р Сашо Јосимовски |
| Стефан Јордев | „Редизајнирање на процесите на оптимализација на интернт пребарувачи преку студија на случај блог за социјални медиуми” | проф. д-р Сашо Јосимовски |
| Љупче Јончески | „Анализа и имплементација на моделот на електронски синџир на снабдување” | проф. д-р Лидија Пулевска-Ивановска |
| Александра Митровска | „Големата депресија од 1929-1933 година и развојот на макроекономската наука” | академик. д-р Таки Фити |
| Ивана Колева | „Иновациите како дел од европската политика на образование: до каде е Република Македонија” | проф. д-р Билјана Секуловска-Габер |

| | | |
|---|---|---|
| Ружица Стојановска | „Конкурентската политика на Европската унија, предизвик за воведување мерки за заштита на потрошувачите"„Конкурентската политика на Европската унија, предизвик за воведување мерки за заштита на потрошувачите" | проф. д-р Билјана Секуловска-Габер |
| Димитар Јовановски | „Регулативата на Европската унија во полето на заштитата на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити и нејзиното транспонирање во македонскато право" | проф. д-р Валентин Пепељуговски |
| Ирена Горчевска | „Ревизијата во функција на подобрување на процесот на јавни набавки во Република Македонија" | проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска |
| Соња Велјаноска | „Ревизија на ипард фондови во Република Македонија". | проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска |
| Ирена Васков | „Управување со ликвидносниот ризик на банките со посебен осврт на новите случувања по финансиската криза од 2007-2008 година" | проф. д-р Михаил Петковски |
| Марија Стојчевска | „Влијаноието на политиките на ММФ врз економиите и монетарните политики на земјите членки со посебен осврт на Република Македонија" | проф. д-р Михаил Петковски |
| Елена Стоичовска | „Трансферни цени и нивното влијание врз оданочувањето" | проф. д-р Михаил Петковски |
| Бојана Ефтимовска | „Управување со готовинските текови од страна на компаниите" | проф. д-р Михаил Петковски |
| Марија Коцевска | „Финансиско управување со компаниите во глобалната челична индустрија" | проф. д-р Михаил Петковски |
| Оливија Доневска | „Промотивни стратегии на компанијата Т-мобиле кон различни сегменти на потрошувачи" | проф. д-р Снежана Ристевска- Јовановска наместо проф. д-р Нада Секуловска |
| Маја Аврамчевска | ,,Ефективен маркетинг комуникациски микс кај малите претпријатија" | „ За ментор наместо проф. д-р Снежана Ристевска-Јовановска наместо проф. д-р Нада Секуловска |

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „УПРАВУВАЊЕ СО МИНЕРАЛНИ РЕСУРСИ" ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТКАТА М-Р ДАНИЕЛА СТАНКОВСКА-МЛАДЕНОВА, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 120 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 64/00 ...и 51/07), членовите 56, 57, 58, 59, 60 и 61 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 7/2001), и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет-Скопје а според одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, под бр. 0202-1746/2 од 2.7.2013 година донесена на седницата од 19.6.2013 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов УПРАВУВАЊЕ СО МИНЕРАЛНИ РЕСУРСИ, поднесена од кандидатката м-р ДАНИЕЛА СТАНКОВСКА-МЛАДЕНОВА.

По внимателното и опстојно прегледување на содржината на докторската дисертација, Комисијата му го поднесува на Наставно-научниот совет следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. ОПФАТ И СОДРЖИНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Докторската дисертација содржи вкупно 286 страници текст, 10 страници користена литература (213 релевантни библиографски домашни и странски единици) и 14 страници прилози. Трудот претставува комплексна научна материја од доменот на менаџментот. Концепциски погледнато, содржината на дисертацијата е логично систематизирана, во согласност и во функција на јасно поставената цел. По апстрактите на македонски и англиски јазик, следува содржината разработена низ следниве точки:

| | | |
|---|---|---|
| Вовед | | ( 5-16 стр.) |
| Глава I | Природата на минералните ресурси | (17-110 стр.) |
| Глава II | Управување со одржлив развој на минерални ресурси | (111-141 стр.) |
| Глава III | Менаџмент за ефикасна валоризација на минералните ресурси | (142-207 стр.) |
| Глава IV | Одржлив развој на минералните ресурси во Република Македонија | (208-267 стр.) |
| Заклучок | | (268-286 стр.) |
| Литература | | (287-296 стр.) |
| Прилози | | (297-310 стр.) |

Во воведот на дисертацијата се дефинирани актуелноста на истражувањето, доменот во кој истражувањето дава научен придонес, предметот, целта, задачите, значењето на истражувањето, планот за презентација на истражувањето и методологијата за истражувањето. Предмет на истражувањето на докторската дисертација претставува управувањето со минерални ресурси, со особен акцент на состојбите во Република Македонија. Целта на докторската дисертација се однесува на создавање единствена заокружена теоретско-апликативна основа за разбирање и употреба на концептот за управување со минерални ресурси, во светски рамки и посебно во Република Македонија.

Во првата глава „Природата на минералните ресурси”, м-р Даниела Станковска-Младенова истражувањето го фокусира на определување на поимот минерални ресурси, за потоа да даде класификација на ресурсите според различни критериуми и во различни временски периоди. Во продолжение, кандидатката ја елаборира улогата на минералните ресурси значајни за развојот на економиите, посебно од аспект на нивните специфики-да ги одбележуваат развојните епохи на човекот. Во овој сегмент, кандидатката спроведува анализа на причините за значењето кое го имаат минералните ресурси за човештвото некогаш и денес. Притоа, укажува на фактот што сите држави имаат голема потреба од достапност до минералните ресурси, но само некои се „благословени“ да имаат поголеми количества минерали, а други да имаат недоволно или воопшто да не располагаат со потребните минерални ресурси. Човекот не може да влијае врз природната лоцираност на минаралниот ресурс, но може да ги оптимизира своите бенефиции. Посебно за истакнување е што кандидатката ги елаборира карактеристиките кои минералите и металите ги прават специфични стоки за тргување: уникатност, конечност, необновливост, незаменливост и непроменливост. Тие се еднаш засекогаш дадени од природата, на локација, во обем и тип кој не зависи од волјата на човекот и затоа се лимитирани и исцрпливи. Кандидатката својот истражувачки фокус го насочува во истакнување на карактеристиките на глобалниот пазар на метали и производи од минерални ресурси, преку состојбите на понудата, побарувачката, цените ризиците, принципите на тргување и предизвиците за иднината согласно со обичаите по кои се тргува на Лондонската берза на метали, како најголем пазар во светот за тргување со обоени метали, железо и пластики. Редовното прибирање на фиксирањата на цените, обемот и вредноста на тргување со најзастапените метали во изминатите години кандидатката ги анализира, и дава како состојби на понуда, побарувачка, цени и ризици, кои претставуваат солидна основа за релевантни предвидувања на идните трендови. Особено е значајно што кандидатката детално ги истражува металите, нивната примена, карактеристики, вредност, осцилации на цени и идна очекувана потреба за злато, сребро, цинк, бакар, олово, никел, калај, алуминиум, кобалт, молибден, железо на глобално ниво, преку состојбите во најголемите и најбрзо растечките светски економии. Ова е со цел да се предочи суштината на берзанското тргување со металите на глобалниот пазар, со сите свои специфики. Во продолжение, кандидатката спроведува релевантно предвидување на идните предизвици, како и фактори на идна лимитираност на минералните ресурси. Во овој сегмент, м-р Даниела Станковска-Младенова ги дава основите и на системот за еколошки менаџмент и стандарди, особено од аспект на поврзаноста на минералните ресурси со екологијата. Во таа функција се презентирани основите на стандардите ИСО 9000, 14000, 14001 и управувањето со јаловина и отпад.

Во втората глава, „Управување со одржлив развој на минералните ресурси“, кандидатката м-р Даниела Станковска-Младенова го елаборира поимот одржлив развој низ еволуцијата, од неговото воведување до денес. Се согледуваат основите на хиерархискиот модел на менаџирање за одржлив развој на минералните ресурси, основните индикатори, вредносната теорија за евалуација на пристапот до минералните ресурси и на стратегиите за поддршка на одржлив развој на минералните ресурси. Во рамките на оваа глава истражувањето е фокусирано на критичната улога на минералите во една национална економија, факторите кои влијаат врз нивната употребливост, определување на критичноста на минералите при креирање на стратегии за идно поуспешно управување со ресурсниот потенцијал и на потребите на секоја национална економија. Кандидатката истакнува дека глобалните состојби денес се последица на неповолна состојба од аспект на зголемената побарувачка и недоволната понуда. За да се надмине оваа состојба, потребно е да се бараат решенија за овој проблем, а дотогаш рационално и економично да се користат природните ресурси, тие да се рециклираат, и да се креира одржлив развој.

Во третата глава, „Менаџмент за ефикасна валоризација на минералните ресурси”, истражувањето започнува со анализа на основите за економиката на минералните ресурси, продолжува со методите на евалуација на минералните депозити, и економиката на валоризација со цел постигнување на поголемо оптимизирање на исцрпувањето на минералните депозити. Исто така, се анализираат методите на инвестиционо одлучување, оценување и управување со ризици, во функција на поуспешен менаџмент на оптимизирање на трошоци и рентабилност. Со примена на повеќе формули, претставени се методите со кои се врши квантифицирање на најзначајните квантитативни показатели, како на пример: резерви на минерални суровини, придружни минерални компоненти, билансни и вонбилансни резерви, висината на трошоците за истражување, производствено опремување, времето како фактор, пазарните тенденции, состојби и сл. Ова треба да придонесе да се осознае колку е исплатливо инвестирањето во експлоатација на евалуираното рудно тело и да се донесе најмалку ризична одлука. Да се даде одговор на прашањето дали соодветниот проект ќе ги задоволи посакуваните цели на компанијата, и како да се оцени тој проект во споредба со други можни проекти за инвестирање. На крајот од оваа глава, посебен акцент во истражувањето е ставен на практичната примена на научните знаења преку дадени квантитативни показатели за обемот на остварено производство, вкупни рудни резерви од 1952 година до денес на рудникот Злетово-Пробиштип, како и квантификации кои го утврдуваат неговиот животен век, расположливите рудни резерви и евалуација на рудното тело. Исто така, презентирани се оценки за трошоците на рудникот ,,Злетово”, како и очекуваната профитабилност во наредните педесет години. Менаџментот на оптимизирани трошоци и рентабилност кандидатката го образложува теоретски, но и практично, анализирајќи го рудникот ,,Бучим”-Радовиш. Така емпириски се утврдени неговите рудни резерви на самиот почеток во 1973 година, инвестициониот капитал за отворање на ,,Бучим” во пробна работа, производните капацитети, откопаната руда, раскривката, обемот на произведени тони метали од 1979 година до денес, количеството метал во рудата и нејзиното искористување, осцилациите на цените на берзата, профитабилноста, банкротот и повторното рестарирање, како и варијантите за идното производство и очекуваниот животен век. Кандидатката м-р Даниела Станковска-Младенова пресметковните техники за валоризација на природните ресурси ги анализира и на примери од светската практика.

Четвртата глава, „Одржлив развој на минералните ресурси во Република Македонија”, во најголема мера, е посветена на истражување кое авторотката го има реализирано за потребите на оваа докторска дисертација, а се однесува на состојбите во Република Македонија. На почетокот се проучува македонското рударство во глобален контекст. Посебен акцент е ставен на минералниот потенцијал со кој располага Република Македонија, по геотектонски зони, рудни наоѓалишта, групи метали и по содржина на метал и рудни резерви, кои се или кои перспективно се очекува да се експлоатираат. Притоа се истакнува дека минералниот потенцијал е разновиден, но не многу голем, и за потребите на нашата мала економија, сосема доволен и значаен. Во продолжение е спроведена анализа на уделот на минералните ресурси во македонската економија, преку годишните податоци за увозот, извозот на Република Македонија во секторот за метална руда и метални отпадоци од 1993 година до денес, но и преку обемот на индустриското производство, нето-девизниот ефект, и директниот одраз врз надворешно-трговскиот биланс на Република Македонија. Кандидатката ги издвојува минералните ресурси како фактор на економскиот раст и развој на човештвото врз основа на опсежни анализи на минералните ресурси. Во продолжение на оваа глава се прави истражување на законската рамка, националната стратегија за заштита и одржлив развој на минералните ресурси во Република Македонија. Кандидатката истакнува дека прашање на кое треба да се посвети поголемо внимание во иднина е системот за еколошки менаџмент во Република

Македонија. Експлицитно го образложува востановениот мрежен мониторинг на квалитетот на амбиенталниот воздух. Покрај тоа, ги лоцира индустриски контаминираните локалитети, цврстиот отпад, процентуалното учество на економските активности во контаминација на почвата, количествата отпад, по групи и дејности, и др. Во завршниот дел од оваа глава која е посветена на перспективите и развојниот потенцијал на македонските минерални ресурси, направена е анализа на состојбите. Добиените резултати укажуваат дека македонското рударство било носител, а денес има реална основа да биде и иден двигател на севкупната економија. Во прилог на ова одат разновидниот минерален потенцијал и порастот на цените на метали на глобалниот пазар. Сепак треба да се има предвид и енергетската состојба на Република Македонија која се јавува како ограничувачки фактор. Кандидатката елаборира дека треба да се почитуваат глобалните текови, а со национална стратегија и во законски рамки да се најде компромис помеѓу интересот на странските сопственици за бенефит од рудниците и одржливиот развој на минералните ресурси за подем на македонската економија.

Во рамките на заклучокот, кандидатката м-р Даниела Станковска-Младенова ги систематизира заклучоците кои произлегуваат од истражувањето, потенцирајќи ги најбитните сознанија во теоријата и практиката од областа на управување со минерални ресурси. Научно продлабочено, кандидатката м-р Даниела Станковска-Младенова нагласува дека управувањето со минерални ресурси како основа за учењето кое станува актуелно по деветдесеттите години, е во функција да ги предвидува неповолните влијанија, да презема мерки за превенција и оптимален ризик, за да се оствари: посакуван деловен успех, одржлив развој и еколошка заштита на национално и на глобално ниво. Во продолжение, кандидатката ги презентира емпириските резултати и заклучоците до кои дошла преку анализите и преку согледувањата на меѓузависноста на варијаблите. На крајот од заклучоците се наведуваат насоки преку кои во иднина може да се работи на директно подобрување на состојбите во овој сегмент.

Литературата која е користена во ова истражување содржи 213 релевани библиографски единици, во најголем број од странски автори, а дел од домашни автори. Користената литература во поголем дел е објавена по 2000 година, со исклучок на одделни капитални дела објавени пред тоа.

## 2. ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Управувањето со минерални ресурси стана една од најпроучуваните области во втората половина на деведесеттите години на XX век. Тоа го потврдуваат големиот број научни и стручни конференции, поголемата зачестеност на емпириски истражувања и изразената застапеност на оваа тема во реномираните светски стручни списанија од областа на геологијата, рударството и економијата. Интересот за истражување во оваа област драстично се зголеми, по силните турбуленции од последната светска економска криза. Порастот на несигурноста, економската нестабилност и зголемената глобална конкуренција јасно ја истакнале потребата од промена. Во овој период на многумина им стана јасно дека мора да дојде до иновирање на традиционалните и базични методи за управување и водење на организациите кои стопанисуваат со минерални ресурси. Практиката покажала дека не е проблем да се произведе одреден метал, што одлично го вршеле рударите и геолозите, туку проблем станало произведеното да се валоризира на пазарот во најповолниот момент, навреме да се предвидат ризиците од турбуленциите на цените и да се избегнат неповолните влијанија. Тоа ја наметнува потребата за појава и развој на експерти за управување со минералните ресурси.

Трудот на кандидатката м-р Даниела Станковска-Младенова, под наслов „Управување со минерални ресурси“, претставува сеопфатна, комплексна, научно издржана и целно насочена дисертација, која низ теориско и емпириско истражување

обработува една мошне современа и актуелна материја, која не е многу обработувана и елаборирана од страна на македонската научна и стручна јавност. Овој уникатен карактер на истражувањето посебно е нагласен со добиените резултати и сознанијата од самите истражувања во трудот. Македонските рудници и преработувачи на метали и минерали се составен дел на глобалните текови, но се констатира неодложната потреба за поголема свесност во иднина за прашања како што се одржлив развој, еколошки менаџмент и интересите на сопствениците на рудниците и металопреработувачите.

Докторската дисертација се одликува со методолошки приод кој е оригинален, продлабочен, со критички и аналитички однос кон научно-теоретските и апликативни истражувања на оваа материја од областа на менаџментот. Основниот проблем кој е предмет на истражувањето на дисертацијата, управувањето со минералните ресурси, е прецизно определен, интегрално заокружен со неговите составни елементи и целосно истражен, според опфатноста и длабочината на утврдените заклучоци на кандидатката м-р Даниела Станковска-Младенова.

Општата архитектоника на ракописот (глави, точки, потточки, нивните пропорции по обем и взаемна поврзаност на деловите, табелите и сликите) е јасна. Техничкото оформување на докторската дисертација е на високо ниво, а приодот кон материјата е доволно селективен. Текстот во дисертацијата е одлично компјутерски обработен, лекториран и отпечатен на хартија со висок квалитет. Сликите во докторската дисертација се делумно во боја.

Научниот и стручниот придонес на кандидатката се огледа и во успешниот мултидисциплинарен пристап на проучување и осознавање на сложените аспекти на управувањето со минерални ресурси, за производство на ниво од кое ќе се обезбеди оптимално задоволување на побарувачката, но притоа нема да се наруши природната рамнотежа, обезбедувајќи одржлив развој и оптимизирано користење на минералните ресурси на глобално ниво.

Дополнителен научен и стручен придонес претставува тоа што кандидатката успеала многу сеопфатно да направи елаборирање на потребата за итна имплементација на аспектите од областа која ја истражува. Потребата од иновативна трансформација на организациите и имплементација на нов начин на менаџмент базиран на континуирано управување со минералните ресурси, согласно со глобалните текови, поткрепена со конкретни примери од македонски акционерски друштва кои успешно ја пребродија последната светска економска криза, а истото потврдено и со актуелни научни емпириски истражувања на рудни наоѓалишта во светот, ја прави целата оваа идеја реалистично неопходна.

Кандидатката м-р Даниела Станковска-Младенова, на научно издржан и практично апликативен начин успева да ја истражи и истакне новата улога на современиот менаџер кој управува со компании кои експлоатираат минерални ресурси. Преку проучување на новата генерација, кандидатката м-р Даниела Станковска Младенова успева да истакне дека човештвото со сигурност се оддалечува од идејата за Homo Oeconomicus (економичен човек насочен кон максимализирање на добивката) и се доближува кон идејата за Homo Oeconomicus Materus (зрел економичен човек кој има рафинирана мотивациска структура). Менаџерите во рудниците мораат да бидат свесни дека потребите на луѓето се променети. Примерите кои се елаборирани во докторската дисертација неоспорно го потврдуваат тоа. Кандидатката м-р Даниела Станковска Младенова истакнува дека треба да се работи на подигнување на нивото на примена на управувањето со минерални ресурси како единствена можност да се надминат двете најголеми закани со кои се соочи човештвото на крајот на дваесеттиот век: прво, зголемената стапка на потрошувачка на минерали и метали на ниво кое понудата не може да го следи, и второ, зголеменото експлоатирање на минералните ресурси кое предизвикува енормно загадување на околината и поголеми последици по здравјето и

опстанокот на луѓето. Човештвото компромисно ги решава овие две закани, бидејќи не сака да го наруши континуитетот на подобри стандарди на живеење. Затоа ова подрачје доби врвен научен и практичен интерес, а управувањето со минералните ресурси обработено во оваа докторска дисертација за првпат ги обединува сите аспекти на едно место. Релевантноста и научниот карактер се засилува со прибраните, обработени, синтетизирани податоци од најголемите македонски рудници, во текот на целиот нивен досегашен повеќе децениски животен век. Преку нив се утврдуваат нивните специфичности како основа за идни предвидувања за перспективите на работење. Ако се има предвид дека користената литература од областа на менаџментот, планирањето, инвестициското одлучување, рударството, геологијата и др. е добро селектирана и релевантна, може да се заклучи дека м-р Даниела Станковска-Младенова целосно одговорила на поставените цели во докторската дисертација.

Посебно постигнување во истражувањето на кандидатката претставува отсликување на состојбата со македонските рудници, рудни наоѓалишта, руден потенцијал и нивната оптимистичка перспективност. Според добиените резултати и нивната опфатна анализа може да се заклучи дека кандидатката во тоа целосно успеал. Може да се нагласи дека теоретските и практичните сознанија и заклучоци од оваа докторска дисертација можат да бидат особено корисни за македонските менаџери кои управуваат со експлоатација на природните ресурси, металопреработувачките капацитети, или тргуваат со метали и нивни производи, но и за државните лидери кои креираат законска рамка, и национална стратегија во која минералните ресурси ќе бидат генератор на раст, развој и бенефит за целата национална економија.

Поаѓајќи од фактот дека докторската дисертација во целост е работена според претходно дефинираните предмет, цел и задачи на истражувањето, со употреба на најрелевантна литература од областа менаџментот, рударство, геологијата, како и сознанието дека анализираните и истражените концепти се потврдени како теоретски и практично релевантни, ни претставува особена чест да констатираме дека докторската дисертација во целост ги остварува очекуваните резултати од неа.

На трудот може да му се стават и забелешки како: отсуство на избор за применливоста на соодветна стратегија за одржлив развој во Република Македонија, улогата на екоменаџерот при воведување на систем на еколошки менаџмент, невклучување на еколошките трошоци во економиката на валоризација, кои немаат позначајно влијание врз вкупниот квалитет на докторската дисертација.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на сето претходно истакнато, Комисијата има посебно задоволство да констатира дека м-р Даниела Станковска-Младенова изработила труд кој ги задоволува високите нивоа на научно-методолошките и апликативни стандарди за изработка на докторска дисертација. Оттаму, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет:

1. да донесе одлука за прифаќање на рецензијата за успешно и квалитетно изработена докторска дисертација на кандидатката м-р Даниела Станковска-Младенова, под наслов: „Управивање со минерални ресурси";
2. да определи Комисија за одбрана на докторската дисертација;
3. да одобри закажување на датум за јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 10.9.2013 година

Комисија
за оцена на докторската дисертација

1. Проф. д-р Љубомир Дракулевски с.р.

2. Проф. д-р Бобек Шуклев с.р.

3. Проф. д-р Димитар Граматиков с.р.

4. Проф. д-р Орце Поповски с.р.

5. Акад. д-р Таки Фити с.р.

# П Р Е Г Л Е Д

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје, Наставно-научен совет – 4.9.2013 година

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Александар Тренковски | Заблуда во кривичното право | Д-р Методија Каневчев |
| Александар Глигоров | Сузбивање на организираниот криминал во Република Македонија – казненоправна рамка | Д-р Никола Тупанчески |
| Никица Стевчева | Одмерувањето на казната кај имотните деликти во период од 2007 до 2011 година | Д-р Александра Деаноска Трендафилова |
| Дарко Најдоски | Единствениот административен простор на Европската унија | Д-р Татјана Петрушевска |
| Ненад Стојкоски | Примена на спортското право, договори во спортот и статусот и надлежностите на спортските клубови во Република Македонија | Д-р Борче Давитковски |
| Лилјана Попчева | Постапките на внатрешната ревизија за подобрување на управувањето во јавниот сектор (со посебен осврт на состојбите во Република Македонија) | Д-р Борче Давитковски |
| Слободан Ињатовиќ | Правната положба на јавните пензиски фондови | Д-р Борче Давитковски |
| Војкан Миладиновиќ | Правната положба на универзитетот како правно лице | Д-р Борче Давитковски |
| Софија Ѓорѓева | Прекршоци во административното право | Д-р Борче Давитковски |

| | | |
|---|---|---|
| Изабела Аговска | Децентрализација во Република Македонија – студија на случај општина Битола | Д-р<br><br>Борче Давитковски |
| Александар Тумановски | Притворот и повредите на човековите слободи и права | Д-р<br><br>Гордана Бужаровска |
| Ана Петковска | Кривичната постапка во Република Грција | Д-р<br><br>Гордан Калајџиев |

П Р Е Г Л Е Д

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| **Иво Костовски** | **Правата на потрошувачите во новото европско договорно право кај договорот за продажба при електронско тргување (продажби во дигитална сфера)** | **доц.д-р Ненад Гавриловиќ** |
| **Крстевска Оливера** | **Системи за развод на бракот** | **доц.д-р Ангел Ристов** |
| **Марија Стојановска** | **Прв наследен ред во македонското и споредбеното право** | **доц.д-р Ангел Ристов** |
| **Јелена Максимовиќ** | **Правото на независен и непристрасен суд во парничната постапка** | **проф.д-р Татјана Зороска – Камиловска** |
| **Александра Аргировска** | **Права и обврски на инвестициски управител** | **проф. д-р Димитар Гелев** |
| **Сашко Ѓорѓиевски** | **Споредбен преглед на спецификите на рамковната спогодба како посебен начин на доделување на договорот за јавна набавка** | **проф. д-р Александар Климовски** |
| **Ана Милошевска** | **Спецификите на електронските аукции како посебен начин за доделување на договори за јавни набавки во здравствениот сектор (пракса и проблеми)** | **проф. д-р Александар Климовски** |
| **Симона Шишковска** | **Карактеристики на малите претпријатија** | **проф. д-р Димитар Гелев** |
| **Симон Зафироски** | **Поделба на власта во корпорацијата и сепарацијата на управувањето и менаџментот** | **проф.д-р Александар Климовски** |

П Р Е Г Л Е Д

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Љупчо Петковски | Populism: social pathology or radical democracy? Популизам: општествена патологија или радикална демократија? | **доц. д-р Ненад Марковиќ** |
| Дарко Црвенковски | Етичка оправданост на меѓународната интервенција во суверени држави- борбата помеѓу начелото на суверенитет и начелото на интервенција | **доц. д-р Дејан Донев** |
| Благојче Атанасоски | Односот на големите сили и балканските држави кон Македонија во втората половина на 19-ти век | **проф. д-р Билјана Поповска** |
| Владо Грнчаровски | Структурирање на јавноста во образовните институции во Република Македонија | **доц. д-р Јасна Бачовска Недиќ** |
| Славица Блажевска Оџаклиевска | Организационите и кадровските аспекти на ПР – службите во органите на државната управа во Република Македонија | **проф. д-р Томе Груевски** |
| Јелена Јанчевска | Процес на преговарање во случајот со Кипар | **проф. д-р Љубомир Фрчкоски** |
| Симона Тодоровска | Судот на правдата на Европската унија и Европскиот суд за човековите права низ призмата на Европската конвенција за човековите права | **проф. д-р Тања Каракамишева Јовановска** |

## *ПРЕГЛЕД*

## *НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ*

| Ред. бр. | Име на кандидатот | Наслов на темата | Ментор |
|---|---|---|---|
| *1.* | Викторија Јанкова | "Унапредување на кредитната политика и кредитните процедури на банките во Република Македонија" | Д-р Климентина Попоска |
| *2.* | Тања Штерјова | "Платните инструменти во Европската Унија и можности за унапредување на платните инструменти во Република Македонија" | Д-р Биљана Ангелова |
| *3.* | Цвете Јанеска | "Состојби и идни насоки за примена на електронското банкарство во Република Македонија" | Д-р Климентина Попоска |
| *4.* | Александар Серафимовски | "Достапноста и искористеноста на микрокредитирањето како извор на финансирање на малите и средните претпријатија во Република Македонија" | Д-р Климентина Попоска |
| *5.* | Марија Неделковска | "Значењето на комуникацијата во процесот на селекција на човечки ресурси" | Д-р Васил Поповски |
| *6.* | Ивана Киркова | "Институционална и финансиска поддршка за развој на мали и средни претпријатија во Република Македонија" | Д-р Биљана Ангелова |
| *7.* | Оливера Старделова | "Влијанието на странските директни инвестиции врз локалниот економски развој на општина Гевгелија" | Д-р Биљана Ангелова |
| *8.* | Елена Кузмановска | "Клучни фактори за успех на инфраструктурни проекти кои се изведуваат преку јавно приватно партнерство" | Д-р Биљана Ангелова |
| *9.* | Селма Идризи | "Корпоративна општествена одговорност и нејзиното влијание врз финансиските перформанси на компаниите" | Д-р Климентина Попоска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *10.* | Маја Васкова | “Корпоративно брендирање како стратегија за успех-студија на случај за данскиот производувач на играчки LEGO” | Д-р Татјана Петковска-Мирчевска |
| *11.* | Душица Ристоска | “Интерна ревизија на банкарскиот сектор на Република Македонија” | Д-р Биљана Ангелова |

## *ИСПРАВКА*

## на ментор на магистерска тема на Економскиот институт во Скопје

| | **Име на кандидат** | **Наслов на прифатена тема на магистерски труд** | **Ментор** |
|---|---|---|---|
| 1. | Марина Станојкова-Арсовски | “Развој на ревизијата и системот за јавен надзор на ревизорската професија” | Д-р Татјана Петковска |

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АКТИВНОСТА НА ПОЛИТИЧКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ЏЕМИЕТ ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА (1919-1925) ОД М-Р СКЕНДЕР АСАНИ, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Научниот совет на Институтот за национална историја-Скопје бр. 10-430/2 од 11.9.2013 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација со наслов: „Активноста на политичката организација Џемиет во вардарскиот дел на Македонија (1919-1925)", во состав: проф. д-р Надежда Цветковска, проф. д-р Вера Гошева, проф. д-р Амет Шериф, проф д-р Македонка Митрова и доц. д-р Лидија Ѓурковска.

Откако Комисијата со особено внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација припаѓа на историографските теми од областа на политичката историја бидејќи ја обработува активноста на Џемиет која е политичка организација на муслиманите од вардарскиот дел на Македонија, но и на мислиманите од Косово и Санџак во периодот од 1919 до 1925 година. Оваа политичка организација е формирана, односно возобновена во 1919 година и како таква одиграла значајна улога во политичкиот живот во Кралството на СХС, во чии територијални рамки се наоѓаше вардарскиот дел на Македонија. Во своите редови ја собирала, пред се, муслиманската градска буржоазија, големопоседниците (агите и беговите) и оџите со цел зачувување на нивните класни, верски и национални интереси, особено во борбата против спроведувањето на аграрната реформа и колонизација во овие краишта по Првата светска војна, а кои ги погодувале и интересите на муслиманското население, а особено на повисоките слоеви. Иако во докторската дисертација акцентот е даден на активноста на Џемиет во вардарскиот дел на Македонија, каде што оваа политичка организација имала најголема улога во политичкиот живот бидејќи таа партиски била сконцентрирана во Скопје (тука се одржуваат меѓу другите активности и нејзините конгреси), треба да нагласиме дека таа активност не се разгледува изолирано, бидејќи м-р Скендер Асани, низ целиот текст, обработува и некои нејзини активности и настани во Косово и Санџак кои имале влијание и одраз и во вардарскиот дел на Македонија. Тоа доаѓа од фактот што вардарскиот дел на Македонија, Косово и Санџак во Кралството на СХС беа сметани како една административно-териоторијална целина именувана како "Јужна Србија", а од 1929 година како „Вардарска бановина". Во Кралството на СХС, а во тој контекст и во вардарскиот дел на Македонија, во соработка со Радикалната партија, политичката организација Џемиет имала улога да и парира на револуционерната активност на македонското население, од една страна, а од друга да го држи под контрола муслиманското население. Во 1925 година престанува нејзината активност и таа исчезнува од политичката сцена.

Иако за одредени и прашања и проблеми од овој период воопшто и посебно за одредени прешања и проблеми поврзани со темата во докторската дисертација досега е пишувано од повеќе автори, сепак цениме дека забележително е отсуството на еден

научноистражувачки труд во кој комплексно и комплетно ќе биде претставена и обработена активноста на политичката организација Џемиет во вардарскиот дел на Македонија. Токму тоа и го нуди оваа докторска дисертација.

Методолошки докторската дисертација ги запазува критериумите кои се однесуваат на трудови од областа на историската наука и таа концепциски се состои од: Предговор, Вовед, три глави, Заклучок, Извори и литература и Прилози.

Во предговорот, кандидатот м-р Скендер Асани се осврнува не само на мотивите и на научната оправданост за обработка на оваа тема, туку и на концепцијата и на методологијата на работа. Исто така, тој дава и краток приказ и осврт и на користените извори (необјавени и објавени) и на историографската литература, печатот и периодичните списанија, објавувани во меѓувоениот период, а и подоцна.

Во воведот е даден краток преглед на политичките состојби во Турската Империја, особено на периодот од 1908 до 1912 година, кога за првпат се појавува Џемиет и дејствува под името "Комитет за напредок и единство", а истовремено се појавува и албанскиот политички клуб "Башкими". Но, со започнувањето на балканските војни престанува и нивната активност.

Како што напоменавме, основниот и носечки текст во докторската дисертација е обработен во три глави, хронолошки подредени. Во првата глава е обработена активноста на Џемиет во периодот од 1919 до 1921 година, т.е. од неговото формирање до донесувањето на Видовденскиот устав. Во повеќе наслови, кандидатот мошне прегледно ги обработува: политичките прилики во Кралството на СХС по неговото формирање како нова држава; спроведувањето на аграрната реформа и колонизација во вардарскиот дел на Македонија; формирањето на политичката организација Џемиет; нејзината Програма и нејзиниот печатен орган-весникот "Хак", предизборната активност на Џемиет за време на парламентарните избори одржани на 28 ноември 1920 година и постигнатите изборни резултати, како и неговата активност (преку избраните народни пратеници) во Уставотворното собрание и надвор од него.

Активноста на Џемиет од 1921 до 1923 година што хронолошки го опфаќа временскиот интервал од донесувањето на Видовденскиот устав до одржувањето на парламентарните избори во 1923 година е обработена во втората глава во неколку наслови. Во почетокот е обработена активноста на политичката организација Џемиет која, главно, се однесува на нејзините два конгреса, одржани во овој период (Вториот и Третиот конгрес), а потоа се обработени нејзината предизборна активност за време на парламентарните избори одржани на 18 март 1923 година и постигнатите изборни резултати.

Во последната, трета глава е обработена активноста на политичката организација Џемиет во периодот од 1923 до 1925 година. Во неколку наслови мошне прегледно се обработени повеќе прашања и проблеми, а кои се однесуваат на: политичката активност на Џемиет по одржувањето на парламентарните избори во 1923 година во Народното собрание (преку своите избрани пратеници и организирани во Пратенички клуб) и надвор од него; внатрешните превирања во Џемиет; предизборната активност на Џемиет за време на

парламентарните избори одржани на 8 февруари 1925 година и на изборните резултати. На крајот од оваа глава се обработени причините за престанувањето на дејноста на Џемиет и нејзиното исчезнување од политичката сцена.

Докторската дисертација е работена врз основа на архивска документација (необјавена и објавена) и на историографска литература од македонска, српска и албанска провениенција, печатот и периодичните списанија, објавувани во периодот меѓу двете светски војни и подоцна, што може да се констатира од богатиот научен апарат, а и од изворите и литературата дадени на крајот од дисертацијата. Сето тоа дава потврда дека кандидатот извршил мошне обемни научни истражувања.

Треба да се одбележи дека оваа докторска дисертација добива поголема тежина и квалитет и со прилозите, приложени на крајот од докторската дисертација, а во кои се презентирани резултатите од парламентарните избори одржани во наведениот период. Ова дава потврда дека кандидатот пристапил мошне сериозно и одговорно при обработката на темата и успеал да даде одговор на поставените прашања и проблеми што се предмет на обработка на оваа докторска дисертација.

Исто така би истакнале дека кандидатот м-р Скендер Асани, со своите размислувања, анализи, синтези и заклучоци, успел да одговори на односната тема.

## З А К Л У Ч О К

Со својот сериозен и одговорен пристап кон разгледувањето и анализата на документацијата и историографската литература, како и од понудените одговори на поставените прашања што произлегуваат од темата, можеме да констатираме дека докторандот м-р Скендер Асани ни се претставува како сериозен и одговорен научен раборник, кој може да се носи со предизвиците што ги носи научноистражувачката работа.

Врз основа на изнесеното, а согласно со законските барања содржани во Правилникот за единствените основи за организирање на последипломските и докторските студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација има чест и задоволство да му предложи на Советот на Институтот за национална историја во Скопје, докторската дисертација на м-р Скендер Асани со наслов: „Активноста на политичката организација Џемиет во вардарскиот дел на Македонија (1919-1925)" да ја прифати за одбрана.

Комисија

1. Проф. д-р Надежда Цветковска, с.р.
2. Проф. д-р Вера Гошева, с.р.
3. Проф. д-р Амет Шериф, с.р.
4. Проф. д-р Македонка Митрова, с.р.
5. Доц. д-р Лидија Ѓурковска, с.р.

## РЕЦЕНЗИЈА

**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ,,ПРИМЕНА НА МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАНДАРДИ ВО ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА ПРИВАТНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ТАЈНОСТА НА КОМУНИКАЦИЈАТА“ ОД М-Р БИЛЈАНА КАРОВСКА-АНДОНОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ “ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет ,,Јустинијан Први“ во Скопје, на седницата одржана на 28.6.2013 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Билјана Каровска-Андоновска со наслов ,,Примена на меѓународните стандарди во заштита на правото на приватност во Република Македонија, со посебен осврт на тајноста на комуникацијата“ во состав: проф. д-р Гордана Силјановска - Давкова, проф. д-р Борче Давитковски, проф. д-р Рената Дескоска, проф. д-р Гордан Калајџиев и доц. д-р Елена Михајлова.

Комисијата во наведениот состав со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет ,,Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Приказ на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Билјана Каровска-Андоновска со наслов ,,Примена на меѓународните стандарди во заштита на правото на приватност во Република Македонија, со посебен осврт на тајноста на комуникацијата“ содржи 275 страници компјутерски обработен текст во Times New Roman со 1,5 проред и големина на букви 12, со 485 фусноти, 268 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во седум глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Предизвикот за истражување на темата кандидатката го согледува во фактот за соочувањето на правото на приватност со сериозни предизвици согледани, пред сè, во експанзијата на современи технологии кои функционираат врз основа на бази на лични податоци на граѓаните и во услови на промоција на софистицирани технологии за комуницирање, но и во услови на примена на нови методи за превенцијата и контрола на организираниот криминал, тероризмот и други тешки форми на криминалитет како глобални закани за безбедноста на современото општество. Современите предизвици несомнено ја наметнуваат дискусијата за тоа дали доволно јасно и прецизно е нормирана заштитата на

приватната сфера, како и за тоа дали се доволно ефикасни механизмите за контрола на вмешувањето во приватноста на поединците. Оттука, кандидатката го истражува процесот на усвојување насоки, принципи и воспоставување стандарди за елиминирање на можностите за неоснована повреда на приватноста креирани врз основа на фундаменталните меѓународни документи за човековите права, преку насоките на Советот на Европа и другите релевантни меѓународни организации и особено преку практиката на Европскиот суд за човекови права. Трудот се темели на претпоставката дека „меѓународните стандарди кои налагаат постоење на прецизни и јасни национални прописи во однос на заштита на приватноста и кои почиваат на принципот на пропорционалност помеѓу општествениот и индивидуалниот интерес, претставуваат основа за остварување на правото на приватност и за ефикасност на механизмите за контрола на почитувањето на ова право.“ Согласно со насловот на докторската дисертација, целта на истражувањето е да се одговори на прашањата: Дали законодавството во Р. Македонија е креирано согласно со стандардите и дали тоа ја обезбедува функционалноста на заштитните механизми? Дали националното законодавство за заштита на приватноста адекватно се применува во практиката?

**Првата глава** од докторската дисертација насловена како „Право на приватност“ е поделена на осум поглавја кои го утврдуваат поимот на приватноста и поимот на правото на почитување на приватноста, значењето на правната заштита на приватноста, настанувањето и развојот на правото на приватност, правото на приватност во корпусот на личните права. Во овој дел е направен осврт и на третманот на правото на приватност во уставите на современите европски држави и во Уставот на САД, понатаму на третманот на правото на приватност во правните системи на европските држави и на САД, како и на меѓународно-правните аспекти на правото на приватност. Во оваа глава, кандидатката го применува историско-компаративниот метод како општ метод за сознанија поврзани со настанокот и развитокот на идејата за правото на приватност како независно човеково право.

**Втората глава** ги идентификува опсегот и сферите на применливост на правото на приватност. Овој дел од трудот дава одговор на прашањето за тоа кои сегменти од животот на еден поединец можат да се подведат под правото на приватност. Истражувањето во овој сегмент се базира особено на предметите, одлуките и ставовите на Европскиот суд за човекови права кои се во контекст и се поврзани со предметот на истражување. Кандидатката подвлекува дека заштитените сфери на приватност се меѓусебно преплетени и се однесуваат првенствено на почитување на приватниот (личниот) живот, приватноста на семејниот живот, неприкосновеноста на домот и тајноста на комуникациите. Опсегот на сферите е детерминиран од современите предизвици со кои се соочува правото на приватност и е со тенденција на проширување. Појавата на еманации на правото на приватност, како што е правото на заштита на лични податоци и правата од публицитет, според кандидатката ја потврдуваат оваа тенденција.

**Третата глава** од докторската дисертација е посветена на прашањето за повредите на приватноста и за легитимното ограничување на правото на

приватност под услови утврдени со Европската конвенција за човекови права. Во тој контекст кандидатката го поставува прашањето - до која граница поединецот може да навлезе во приватноста на друг поединец? Одговорот се бара во противправноста, како граница која поединецот не смее да ја премине во остварување на спротивниот интерес од интересот на поединецот за зачувување на правото на приватност.

Во посебно поглавје кандидатката го анализира односот на правото на приватност со правото на слобода на изразување како две права кои се во состојба на латентен судир. Во врска со тој однос, наметнато е прашањето за границата помеѓу опсегот на правото на приватност, наспрема слободата на изразување. Во одговор на прашањето кандидатката поаѓа од фактот дека и двете права, и на национално и на меѓународно ниво, имаат третман на фундаментални, но не и на апсолутни права. Маргината на дозволеност налага да не се објавуваат информации со кои може да се предизвика душевна болка кај лицата на кои тие се однесуваат. Оправдувањето на објавување информација од приватноста на некоја индивидуа може да се толерира само со потребата да се постигне легитимна цел, односно, да се заштити висок општествен интерес. Трудот понатаму го разложува односот помеѓу овие права на две потпрашања кои се однесуваат на приватноста во сензационалистичките медиуми и приватноста на јавните личности. Преку компарација, особено на предмети од судската практика, кандидатката согледува одредени разлики во пристапот кон овие прашања во европскиот и американскиот правен систем.

**Четвртата глава** се однесува на правото на тајност на комуникацијата во однос на кое е направен посебен осврт, согласно со насловот на докторската дисертација. Во таа насока, во првото поглавје од оваа глава утврден е поимот и значењето на правото на тајност на комуникацијата. Кандидатката констатира дека ова право е непосредно поврзано со природата на личноста на поединецот, со неговата интима, со неговиот личен, приватен живот бидејќи неговото јадро го сочинува правото на непречено и нецензурирано комуницирање со останатите поединци.

Во второто поглавје се бара одговор на прашањето - за кој дел од процесот на комуникација правото ја гарантира тајноста. Притоа кандидатката констатира дека правото ја заштитува тајноста на чинот на комуницирање, додека самата содржина на комуникацијата е ирелевантна. Опсегот на правото во случај на говорна комуникација се протега и ја заштитува тајноста на изговорените зборови, додека во случај на писмена комуникација се протега и го заштитува правото на тајност на испратените и примените писма и друга кореспонденција, од нивно цензурирање или спречување на нивно испраќање или на нивно примање. Правото ја заштитува и тајноста на самокомуницирањето изразено во форма на лични материјални записи (дневници, белешки, ставови и други нотификации).

Во поглавјата што следуваат, акцент е ставен на влијанието на Европскиот суд за човекови права во креирање механизми за заштита од неосновано ограничување на правото на тајност на комуникациите и насоките преку кои Советот на Европа настојува да се овозможи адекватно почитување на слободите и правата во услови на неопходност од примена на посебни истражни мерки (кои вообичаено вклучуваат следење на комуникации) како ефикасен одговор на

глобалните безбедносни закани. Покрај општите услови под кои Европската конвенција за човековите права во член 8, став 2 го толерира отстапувањето од заштитените приватни интереси (доколку вмешувањето во приватноста е предвидено со закон, доколку претставува мерка која е насочена кон заштита на висок општествен интерес во едно демократско општество), потенциран е ставот на ЕСЧП за неопходноста од постоење на квалитетни прописи кои содржат прецизни, јасни, предвидливи и достапни правила во однос на ограничувањето на тајноста на комуникациите. Во истата насока се и препораките на Советот на Европа, според кои земјите-членки треба да ги дефинираат околностите и условите под кои може да се пристапи кон користење на посебни истражни мерки, но и инсистирањето посебните истражни мерки да се користат во обем кој е неопходен за демократското општество и кој е соодветен за ефикасна кривична истрага. Советот на Европа препорачува почитување на принципот на супсидијарност во примената на посебните истражни мерки и обезбедена пропорционалност наспрема високиот општествен интерес кон чија заштита тие се насочени, а со цел секој одговор на криминалот да биде потврда на основните принципи на демократските држави преку владеење на правото и почитувањето на човековите права.

Во **петтата глава** со наслов ,,Правото на приватност во Република Македонија", анализирано е националното законодавство чии нормативи директно или посредно се насочени кон заштита на приватноста. Кандидатката поаѓа од Уставот кој експлицитно ја гарантира приватноста на личниот и семејниот живот, наповредливоста на домот, тајноста на комуникацијата и заштитата на личните податоци, и продолжува преку законските нормативи кои обезбедуваат кривично-правна заштита и граѓанско-правна заштита на приватноста. Направен е осврт и на нормативната заштита на личните податоци, како многу важен и сè повеќе потенцијално загрозен аспект на приватноста. Кандидатката го подвлекува значењето на донесувањето на Законот за заштита на личните податоци како своевидна револуција во остварувањето на правото на приватност и имплементирањето на европскиот концепт за заштита на личните податоци како приватност во потесна смисла. Потенцирано е значењето на институционалната контрола над примената на нормативите за заштита на личните податоци обезбедена преку Дирекцијата за заштита на личните податоци, која, покрај постапувањата на конкретни предмети, има соодветен поширок придонес во заштита на правото на приватност преку подигнување на јавната свест за значењето на заштитата на личните податоци.

**Шестата глава** се однесува на правото на тајност на комуникацијата во Р. Македонија, чија основа содржана во членот 17 од Уставот понатаму е конкретизирана во нормативи за кривичноправната заштита на тајноста на комуникацијата, како и во законските акти кои го штитат правото на тајност на комуникацијата преку уредување на условите и постапката за примена на посебната истражна мерка - следење на телефонските и на другите електронски комуникации.

Првото поглавје од овој дел на трудот е посветено на кривичноправната заштита на правото на тајност на комуникацијата, уредена преку низа од неколку

инкриминации, формулирани според видот на комуникацијата која е предмет на заштита (повреда на тајноста на писма или други пратки, неовластено објавување на лични записи, неовластено прислушкување и тонско снимање, неовластено снимање).

Поглавјата што следуваат се однесуваат на креирањето законска рамка, како предуслов за заштита од неосновано следење на комуникациите. Во фокусот на истражувањето се нормативите со кои се уредени условите и постапката за отстапување од правото на тајност на комуникациите, како начин да се одговори на прашањето - дали во постојната легислатива на Р. Македонија се вградени потребните механизми кои го заштитуваат правото од евентуална злоупотреба на можноста за легитимно отстапување од тајноста на комуникациите? Предмет на анализа се, пред сè, одредбите од Законот за следење на комуникациите, меѓутоа, пристапот кон оваа проблематика нужно налага соодветен осврт и кон одредбите од другите релеванти прописи, особено оние што се во директна корелација со Законот за следење на комуникациите, како што е Законот за кривичната постапка во делот со кој се уредени условите за примена на посебните истражни мерки. Поради специфичниот временски момент, во услови кога во примена се актулените одредби, но, веќе се усвоени и нови прописи (нов Закон за кривичната постапка) и измени и дополнувања на постојните (Законот за следење на комуникациите), чија примена се очекува за точно определен период (декември, односно ноември 2013 година), во анализата е направен осврт на постојните и на новите законски решенија, преку нивна компарација, како начин да се согледа правецот (насоката) на движењето на националната легислатива во сферата на следењето на комуникациите. Од анализата, се изведени констатации во однос на концептот на следењето на комуникациите во Р. Македонија и во однос на контролата над следењето на комуникациите. Анализата на одредбите за постапката за следење на комуникациите е систематизирана во посебни поглавја во кои се изложени констатираните позитивни димензии и констатираните слабости на постапката за следење на комуникациите.

Во **седмата глава** насловена како ,,Современите предизвици за правото на приватност и разумни очекување за приватност“, кандидатката ги идентификува современите предизвици со кои се соочува правото на приватност и нив ги согледува пред сè, во незапирливиот технолошки развој и експанзијата на софистицирани информациско-комуникациски технологии, како и во примената на посебни мерки насочени кон превенција и отстранување на организираниот криминал, тероризмот и другите форми на тежок криминалитет.

Во оваа глава, во посебно поглавје е направен осврт за маргините на разумните очекувања за приватност на еден современ човек. Кандидатката ја наметнува дилемата за тоа колку и каква приватност може да се очекува во услови на целосна компјутеризација на активностите во секојдневниот живот и речиси вознемирувачка зависност од интернетот и социјалните мрежи. Во однос на разумните очекувања за приватност, кандидатката констатира дека маргините се стеснуваат или растегнуваат во зависност од просторот во кој се одвиваат (приватни) активности.

Во **заклучните согледувања** кандидатката ги сумира резултатите од истражувањето и заклучува дека заштитата на приватноста се наметна како искучително важно прашање поради фактот што приватноста е сфера која сурово со соочи со влијанието од промените кои го следат животот во едно развиено современо општество. Во таа насока е потенцирано актуализирањето на правото на тајност на комуникацијата, особено под влијание на реформите на современите казненоправни системи преку кои се воведоа посебни (специјални) истражни мерки како техники за собирање на докази и податоци за инволвираност во криминална активност. Кандидатката заклучува дека заштитата на приватноста во одделните правни системи е предодредена и условена од севкупните правно-политички, етички и религиозни конотации. Истовремено констатира дека во потрага по адекватен одговор на современите предизвици, забележителен е тренд на креирање законска регулатива која има силни импликации врз правото на приватност. Овој тренд е присутен и во европскиот и во американскиот правен систем и особено е изразен по реализираните терористички акти на 11 септември 2001 година во САД.

Во однос на почитувањето на меѓународните стандарди во заштитата на правото на приватност во правниот систем на Р. Македонија, кандидатката заклучува дека во основа е заокружена правната рамка за заштита на одделните сфери на приватност. Нормативно е уредена кривичноправната заштита и граѓанскоправната заштита. Исто така, обезбедена е нормативна и институционална заштита на личните податоци.

Во однос на легислативата за следење на комуникациите, кандидатката заклучува дека Р. Македонија сè уште е во потрага по најдобриот модел преку кој ќе се обезбедат адекватни гаранции за почитување на правото на тајност на комуникациите. Притоа, констатира дека оваа легислатива несвојствено за релативно кратко време беше подложена на суштински промени. Кандидатката заклучува дека легислативата за следење на комуникациите, во основа, ги задоволува стандардите и недвосмислено ги вгради основните принципи за легалитет, супсидијаност и сразмерност, како начин да се оневозможи злоупотреба на следењето. Во таа насока ги посочува одредбите од последните измени и дополнувања на Законот за следење на комуникациите од 2012 година, со кои е исклучена директната надлежност на министерот за внатрешни работи при одобрување на следењето на комуникациите, како и пропишаната континуирана контрола од страна на јавниот обвинител. Потенцирано е и правото на надомест на штета во случај на објавување на податоци собрани со следење на комуникациите или на податоците кои се поништени, како и коректното уредување на одредбите за постапување со податоците содржани во материјалот од следењето преку вградување на основниот принцип, содржан и во препораките на Советот на Европа, кој се однесува на тоа дека не можат да се употребат како доказ во кривичната постапка податоците кои се собрани со следење на комуникациите кое било спроведено спротивно на одредбите на ЗСК и на ЗКП.

Меѓутоа, кандидатката заклучува дека Законот за следење на комуникациите истовремено содржи и нормативи во однос на кои е согледана потреба од соодветна интервенција преку нивно прецизирање. Како дискутабилно законско решение кандидатката го посочува сложениот систем на поставеност на овластените органи за следење на комуникациите и воедно изразува сомневање

дека неговата примена во практиката ќе наметне тешкотии во меѓусебните односи на овие органи, но и во односите на релација извршна и судска власт. Во однос на зголемувањето на времето на траење на следењето на комуникациите (од 4 месеци на 14 месеци), кандидатката забележува дека без оглед на тоа што рокот сега е утврден во новиот ЗКП и е идентичен во однос на сите посебни истражни мерки, подобро решение би било ако прашањето за роковите на траење на следењето на комуникациите се уреди со ЗСК и во таа насока, а поради наметливата природа на следењето на комуникациите, сугерира пократок рок за примена на мерката. Во однос на одредбите со кои се уредени условите и постапката за издавање на усна судска наредба за следење на комуникациите, кандидатката заклучува дека одредбите треба да се коригираат (прецизираат) во делот на причините поради кои усната судска наредба може да се издаде, со сугестија дека најмалку што може да се направи е да се вратат условите кои беа содржани во основниот текст на Законот за следење на комуникациите од 2006 година кој предвидуваше исполнување на услови кои индицираат ургентна, а не обична итност.

Во заклучните согледувања, кандидатката констатира дека не може со сигурност да се заклучи дека во Р. Македонија се создадени доволно предуслови за целосно почитување на правото на тајност на комуникациите. Ова го темели на фактот што досегашната практика на примена на следењето на комуникациите остава простор за сомневање дека не се употребуваат адекватно сите расположливи механизми, туку дека се прибегнува кон следење на комуникации, како мерка која е можеби најефикасна, но истовремено е крајно сензитивна од аспект на човековите права. Авторката ја потенцира и досегашната практика на собраниската комисија за надзор над законитоста на мерките за следење на комуникациите, како законски овластена и со тоа најповикана за реализација на надзорот над следењето на комуникациите, која покажа дека не се создадени ниту минимум услови за објективен надзор. Според кандидатката, причините за ваквата состојба се комплексни, но клучната ја согледува во непостоењето на политичка волја.

## Оцена на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Билјана Каровска-Андоновска со наслов „Примена на меѓународните стандарди во заштита на правото на приватност во Република Македонија, со посебен осврт на тајноста на комуникацијата“ истражува една особено актуелна проблематика која се однесува на правото на приватност и тајноста на комуникациите и на меѓународните стандарди за нивна заштита.

Трудот го истражува процесот на усвојување насоки, креирање принципи и воспоставување стандарди за елиминирање на можностите за неоснована повреда на приватноста, со цел да се согледа почитувањето на меѓународните стандарди и нивното вградување во легислативата на Р. Македонија во делот кој го третира правото на приватност и особено апсектот на тајноста на комуникацијата. Притоа, кандидатката успешно ги идентификува нормативите кои кореспондираат со усвоените меѓународни стандарди, но и нормативите во однос на кои е согледана потреба од соодветна интервенција преку нивно прецизирање, како алтернатива

за отстранување на опасностите од евентуални злоупотреби. Докторската дисертација несомнено ќе придонесе за нови квалитетни сознанија за треманот на правото на приватност во Р. Македонија и особено за концептот на следење на комуникациите како еден аспект на приватноста на поединците.

Докторската дисертација е со конзистентна струтура и научна прегледност, пишувана со јасен и разбирлив јазик кој овозможува следење на мислата и на ставовите на кандидатката во однос на предметот на истражување и неговото елаборирање. Може да се согледа способноста на авторот за научна селекција и систематизирање на значајните аспекти на проблематиката која е предмет на истражување, прегледното отсликување на темата и логична поврзаност на одделните делови. Исто така, забележително е аргументираното излагање на сопствените ставови и констатации кои резултираат со издржани и јасно формулирани заклучоци и предлози.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Билјана Каровска-Андоновска со наслов ,,Примена на меѓународните стандарди во заштита на правото на приватност во Република Македонија, со посебен осврт на тајноста на комуникацијата“ по мислење на Комисијата за оцена ги исполнува методолошките барања за подготовка на докторски труд. Докторската дисертација е солидно подготвен самостоен научен труд во кој е обработена особено актуелна проблематика. Со докторската дисертација авторката ја потврдува оспособеноста за самостојна научна и теоретска работа.

**Заклучок и предлог**

Со оглед на наведеното, Комисијата смета дека докторската дисертација ги исполнува законските услови за стекнување право на усна јавна одбрана и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет ,,Јустинијан Први“ во Скопје му предлага да ја прифати позитивната оцена и да закаже одбрана на докторската дисертација на **м-р Билјана Каровска-Андоновска** со наслов **,,Примена на меѓународните стандарди во заштита на правото на приватност во Република Македонија, со посебен осврт на тајноста на комуникацијата“.**

Скопје, 6.9.2013 **КОМИСИЈА**

Проф. д-р Гордана Силјановска – Давкова, с.р.
Проф. д-р Борче Давитковски, с.р.
Проф. д-р Рената Дескоска, с.р.
Проф. д-р Гордан Калајџиев, с.р.
Доц. д-р Елена Михајлова, с.р.

РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК-ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Со писмо од 21.5.2013 г. нѐ известивте дека на седницата одржана на 17.5.2013 г., Советот на ЈНУ Институт за национална историја донесе Одлука за именување Комисија за избор во звањето виш научен соработник-вонреден професор на кандидатот д-р Сашо Цветковски, во состав: академик Цветан Грозданов, проф. д-р Драги Ѓоргиев и проф. д-р Никола Митрвски.

Искажувам благодарност за честа што ми ја укажавте со изборот за рецензент и во исто време претседател на Комисијата за оцена на кандидатот, со следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Д-р Сашо Цветковски спаѓа во редот на водечките историчари на уметностА во Р. Македонија, со потврдена репутација во земјите на Југоисточна Европа, каде што ги објавува своите научни трудови и учествува на научните собири организирани во Србија, Бугарија и Грција.

Сашо Цветковски е роден 1970, во Куманово, каде што завршил основно и средно образование. Дипломирал на Филозофскиот факултет во Скопје, група: историја на уметноста со археологија во 1994 г.

Магистрирал во 2002 г., на Филозофскиот факултет во Скопје, на тема „Тематиката на живописот на црквата Св. Никола во Псача".

Докторирал во 2008 г., на Филозофскиот факултет во Скопје, на тема "Фрескоживописот и иконописот во Струга и Струшко од времето на Преродбата".

Од 1998 г. работи во Музеј на Македонија, Скопје, а од 2005 г. во Музеј "Д-р Никола Незлобински во Струга", каде што ја извршува и функцијата директор.

Научното звање научен соработник го добива во 2009 г., во Институтот за национална историја во Скопје.

Во наставно-научно звање вонреден професор е избран во 2012 г., на Универзитетот за аудиовизуелни уметности ЕСРА-Скопје.

Член е на епархискиот управен одбор на Дебарско-кичевската епархија-Охрид и член е на Архиепископскиот управен одбор на МПЦ- Охриска архиепископија.

Соработувал на макропроектите: „Цивилизации на почвата на Македонија" и "Македонската енциклопедија" при Македонската академија на науките и уметностите; Публикации за најзначајните вредности од областа на културното и природното наследство, Управа за заштита на културното наследство, Министерство за култура на Р. Македонија.

Учествувал на повеќе домашни и меѓународни симпозиуми и конгреси од сферата на средновековната уметност.

Научната активност на д-р  Сашо Цветковски ја следам уште од време на неговите студии, а потоа како ментор во времето на подготовките на магистерскиот труд посветен на тематиката на црквата „Св. Никола" во Псача, кој донесе нови сознанија за тематските блокови на овој храм подигнат во времето на крал Волкашин,  а посебно неговите опсервации за влијанието на текстовите од пророците од Стариот завет, транспонирани во фрескоживописот на оваа црква, како и аналогните пројави на оваа тема во другите споменици од Македонија, особено Лесновскиот манастир.

Важни се и новите прилози за литургиската служба во олтарниот простор на црквата како и пробивот на новите теми во нејзината тематика.

Веднаш потоа Сашо Цветковски даде битни уточнувања на ктиторската композиција во црквата  „Св. Богородица" во Матејче.

Во оваа етапа на својата дејност кандидатот теренски се движи и истражува на спомениците во северна Македонија, меѓу Скопје и Ќустендил, и притоа соопштува нови сознанија, од кои особено се значајни монографските истражувања на црквата „Св.Ѓорѓи" во Матејче, „Св. Ѓорѓи Колуша", Ќустендил, „Св. Леонтиј Водоча", а особено идентификувањето на портретите на византиските владетели, како и угровлашките војводи во манастирот „Успение на Богородица" во Трескавец, на Златоврв.

По 2006 г. средиштето на неговите теренски истражувања се движи претежно во Западна Македонија, а тематиката и објектите што ги обработува потекнуваат од периодот на Османлиското владеење. Од Струшко и Охридско, кандидатот врши повремени теренски проучувања во Преспа, притоа успеа и во средна Албанија, помеѓу Корча, Круја и Берат, да открие и да соопшти нови непознати податоци и прилози за уметноста на Охридската архиепископија.

Во Струга врши валоризација на иконописниот фонд и организира и поставува, односно оформува постојана изложбена поставка во галеријата на икони во  струшкиот храм „Св. Георги".

Во регионот на Кичево мошне значајни се откритијата на живописот во Кнежинскиот манастир, кој монографски го проучува, а фреските со право им ги препишува на зографите Михајло и Евтихиј. Во исто време идентификува портрети на историски ликови во Трескавец.

Кога се сумира досегашниот опус на  д-р Сашо Цветковски,  најголемо внимание привлекуваат трудовите кои  се однесуваат на делото на мијачките мајстори, посебно на Димитрија- Дичо Зограф од Тресонче  и неговиот син Аврам Дичов, за што објави посебна книга (Живописот на Дичо Зограф и Аврам Дичов, студии и прилози, Струга, 2010 г. ; Аврам Дичов, Струга, 2011г.).

Нивни дела кандидатот откри не само во Македонија, туку и во Србија, Косово и Грција. Најзначаен е живописот во црквата „Св. Апостоли", Пеќска патријаршија, и во манастирот „Бањска" на Косово, јужна Србија и Солун.

Кандидатот има свој придонес во рассветлувањето на руско-македонските врски во поствизантиската уметност, особено пробивите на киевско-печерските култови и светци, во живописот на Дебарската зографска школа.

Во регионот на Охрид и Струга ги збогати нашите сознанија со откривање на повеќе непознати портрети на цв. Наум Охридски, како и повеќе примероци на царски двери, со што влезе во трагите на една скоро непозната сликарска работилница од средината на XVI век.

Неговото капитално дело, докторската дисертација „Живописот од XIX век во Струга и Струшко", е во подготовка за печатење, и со неа очекуваме тематско ревидирање на Дебарско-мијачката школа, не само во уметноста на Македонија, туку тоа е придонес за целокупната уметност во балканските земји во XIX век.

Д-р Сашо Цветковски е темелен, критички истражувач на уметноста од епохата на Климент Охридски до времето на балканските војни. Тој веќе има свое место во историографијата на Македонија и соседните земји. Методолошки изграден и со фундаментален приод, покрај ликовните дела, тој ги познава и теолошко литургиските основи за обликување на тематиката на византиската и поствизантиската уметност, со посебен аспект на придонесот на Македонија во оваа стилска епоха.

Кандидатот темелно владее со историјата на Охридската архиепископија и македонскиот народ во сите нејзини компоненти што му овозможува да врши анализа и да открива нови во науката непознати објекти.

Споменатите референци како и исполнетоста на условите од доменот на научноистражувачка дејност, пропишани и објавени во Универзитетски гласник бр. 17/,1-2 од 1 август 2011 г., дозволуваат кандидатот да биде предложен и избран во звањето виш научен соработник-вонреден професор.

Претседател на Комисијата

Академик Цветан Грозданов с.р.

Членови на комисијата

Проф. д-р Драги Ѓоргиев с.р.

Проф. д-р Никола Митревски с.р.

АНЕКС 2

# ОБРАЗЕЦ

# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат:

Сашо Томислав Цветковски

Институција:

ЈНУ Институт за национална историја, Скопје

Научна област:

Историја на уметноста

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | монографија ----------------------------------------------------- | 40 |
| 2. | дел од монографија --------------------------------------------- | 12 |
| 3. | ментор на магистерска работа --------------------------------- | 1 |
| 4. | раководител на на национален научен проект ------------------------------------------------------ | 6 |
| 5. | учесник во национален научен проект ------------------------ | 3 |
| 6. | труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор --------------------------------- | 12 |
| 7. | труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание -------------------------- | 44 |
| 8. | труд со оригинални научни/стручни резултати, | |

објавен ви зборник на трудови од научен/стручен
собир со меѓународен уредувачки одбор ---------------------- 8,5

9. труд објавен во зборник на трудови на в.о.
институција ---------------------------------------- 2

10. труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен
во зборник на трудови од научен/стручен собир ------------- 2

Вкупно : ---------------------------------------- 130,5

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 130, 5 |
| СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | |
| Вкупно | 130, 5 |

Членови на Комисијата

1. Проф.д-р Цветан Грозданов, академик, претседател с.р.
2. Проф. д-р Драги Ѓоргиев, член с.р.
3. Проф. д-р, Никола Митревски, член с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО ЗБАЊЕТО НАУЧЕН СОРАБОТНИК-ДОЦЕНТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 39 од Законот за научноистражувачката дејност, Советот на Институтот за национална историја, на седницата од 21. 5. 2013 год, именува Комисија за избор во звање научен соработник – доцент, составена од претседателот на Комисијата академик Вера Битракова Грозданова и членови на комисијата: проф. д-р Драги Митревски и проф. д-р. Анета Шукарова и нè замоли да го рецензираме досегашниот труд на др. Александра Николоска во следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Александра Николоска е родена во Скопје, на 4.4 1977 година. Посетува гимназија во родниот град, додека последната година од средношколското образование ја поминува во САД преку студентска размена. Студиите по историја на уметност со археологија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" ги запишала 1995 година. За време на студиите учествувала во неколку археолошки теренски истражувања (Вардарски Рид, Гевгелија; Давина Кула, Чучер) и во бројни археолошки рекогносцирања. Дипломирала со темата *За почитувањето на Хера, Кибела, Артемида, Афродита, музи и нимфи во Македонија*, во 2001 година, под менторство на проф. д-р Вера Битракова Грозданова. Религијата како област од античките студии го задржува интересот на кандидатката низ целиот период на нејзините истражувања. Запишала постдипломски студии на Свеучилиштето во Загреб, истата година, каде што предлага докторска теза на тема *Аспекти на култот на Кибела и Атис со посебен нагласок на материјалот од Р. Хрватска* под менторство на проф. д-р Марина Милиќевиќ Брадаќ и коменторство на проф. д-р Бруна Кунтиќ Маквиќ. Се стекнала со докторска титула во 2007 година. По враќањето во Македонија работи како предавач по историја на уметност на европската филмска академија ЕСРА во Скопје (2007-2009), како координатор на Центарот за визуелни и културни истражувања при

Институтот Евро-Балкан (2008-2009) и како стручњак од практиката на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", предавајќи ги предметите: историја на уметноста на стариот век и античка уметност. Во моментов е ангажирана во организацијата на меѓународниот научен симпозиум *Романизирање на ориентални богови, нови наоди и перспективи* при МАНУ, во соработка со универзитетите од Лајден и Тулуз. Во текот на нејзиното научно профилирање, д-р Николоска учествува во бројни меѓународни симпозиуми, одржува научни предавања на Универзитетот во Скопје и Свеучилиштето во Загреб, пишува прикази во списанието *Жива антика*, а дел е и од уредништвото на збирката студии *Art History – the Future is Now. Studies in Honor of Professor Vladimir P. Goss*.

Учество во археолошки истражувања:

Д-р Александра Николоска учествувала во бројни археолошки теренски истражувања во земјава и пошироко:

-За време на престојот во Р. Хрватска работела на археолошкиот локалитет од бронзено време, Каптол кај Пожега, во организација на Филозофскиот факултет во Загреб, под раководство на проф. д-р Хрвоје Потребица (2006), како и на теренскиот преглед/рекогносцирање на автопатот Загреб – Сисак под водство на приватната археолошка фирма „Кадуцеј" од Загреб.

-Во соседна Албанија работела како дел од тимот во истражувањето на Корчанскиот Басен и долината на реката Девол (2007, 2008), учејќи и применувајќи нови методи од областа на теренското рекогносцирање.

-Како дел од тимот на проектот PAVA, LAP&T (Landscape Archaeology & Remote Sensing), во организација на Универзитетот од Сиена, работела во ископувањата на некрополата на средновековна црква крај селото San Giovanni D'Asso (2008).

-Во соработка со археолошката фирма со „Гео-Архео“ од Загреб учествувала во гео-физичко рекогносцирање на Св. Богородица Перивлептос, Охрид, и на локалитетот Црнобуки, Демир Капија (2010, 2011), во организација на Управата за заштита на културното наследство и Филозофскиот факултет.

-Учествувала и во проектот на Филозофскиот факултет во Скопје *Македонска гробница, с. Бонче,* под раководство на проф. д-р Виктор Лилчиќ, при што е дел од тимот во повеќе наврати во 2010 година.

Објавени трудови:

- Првите обиди за презентирање на материјали од археолошките ископувања, д-р Николоска ги обелоденува во текстот објавен 2000 година во *Македонско наследство* со наслов *Давина Кула, Чучер, истражувачки камп 1998, 1999,* со што се воведува во пренесување и резимирање на теренски резултати.

- Во новите трудови многу подлабоко навлегува во истражување на култни манифестации од античката епоха. Идентификацијата на култните споменици откриени во истражувањата во кои учествувала во античка Сискиа се обелоденети во угледното списание на Филозофскиот факултет во Загреб *Opuscula Archaeologica* 31 2008 година во коавторство со Јосип Бурмаз под наслов *Novi nalazi kultnih spomenika u Sisku*.

- Научниот интерес кон проучување на култот кон Кибела и Атис го продлабочува и го презентира преку материјални докази откриени на територијата на Р. Хрватска, што ќе резултира со изработен докторат на тема *Култот на Кибела и Атис со посебен акцент на материјалот од подрачјето на Р. Хрватска,* кој ќе биде одбранет на Свеучилиштето во Загреб во јуни 2007 година, а обелоденет во издание на *British Archaeological Reports (BAR), Archaeopress Oxford* на англиски јазик. Појдовна точка на студијата е хронолошкиот и географски приказ на култот на Кибела и Атис, презентирање на митолошките епизоди, ритуалноста како и генерални иконографски согледувања. По опширната анализа на археолошкиот и епиграфскиот материјал од Р. Хрватска, кандидатот доаѓа до неколку согледувања, разграничувајќи го службениот култ од оној со приватен карактер со цел да укаже на важноста на мистериските аспекти во неговата организација. Потпиајќи се, пред сé, на иконографска анализа, Николоска ја расветлува и локалната ритуалност на култот. Важноста на трудот лежи дополнително и во исцрпниот каталошки преглед

-Во трудот *Megalensia as a Pastime in Republican Rome,* објавен во *Histria Antiqua* 16 2008 година, продлабочено го објаснува празникот Мегаленсија во чест на божицата Кибела,

базирајќи се на антички литерарни извори и на археолошки материјал кој што е откриван исклучиво врзано со локациите во античкиот Рим.

-Продолжувајќи со истражување во доменот на култот кон Кибела во трудот *Кибела и Атис во Рим,* авторката ги проучува извориштата на појавата на Кибела во источните земји и изворите и патиштата кои водат кон Рим, што е базирано врз проучување на античките автори Ливиј, Овидиј, нивно толкување и поврзување со материјалните докази што се откриени во Рим. Во исто време, авторката расправа за култот на Атис и го образложува времето на неговото пристигање како култ во Рим.

- Во контекст на проучување на оваа многу сложена појава во римската религија ќе биде објавен и трудот *The Sea Voyage of Magna Mater to Rome* во *Histria Antiqua 21* во 2012 година. Николоска ги истражува историските прилики на службеното прифаќање на култот во Рим и морскиот пат на пристигнување на Магна Матер во Рим.

- Научниот интерес насочен кон ориенталниот култ на Кибела и одредени продлабочени согледувања и знаења резултираа кандидатката да се насочи кон проучувања на територијата на Македонија. Така произлезе трудот *Генеза, распространетост и развој на иконографскиот тип Кибела во наиск,* објавен во списанието *Патримониум* во 2010 година.

- Инспирирана од група артефакти од почвата на Македонија, д-р Николоска изнесува согледувања околу една поширока иконографска проблематика во текстот *Божица меѓу Диоскури,* објавен во *Македонско наследство, трօброј во чест на Блага Алексоваи* 2010 година.

- Од областа на иконографијата ќе произлезе и трудот *The Iconography of Magna Mater on the Monuments from the Republic of Croatia*, презентиран на меѓународниот колоквиум за римска провинцијална уметност и објавен во *Proceedings of the 11th International Colloquium on Roman Provincial Art, Mérida* 2011 година.

- Во текстот *Пагански монотеизам и култот на Зевс Хипсистос,* објавен во *Жива Антика* во 2011 година, д-р Николоска го продлабочува своето познавање на религиските појави на почвата на Македонија, овојпат задржувајќи се на доцната антика и изнесувајќи свои

мислења околу паганскиот монотеизам и култот на Зевс Хипсистос како локален пример за овој феномен.

- Понатамошниот интерес за истражување на локалните религиски појави од времето на антиката резултира со текстот *Дионис во Стоби,* објавен во вториот број на *Фолиа во чест на Иван Микулчиќ* истата година.

- Кандидатката продолжува со истражување на култот на Кибела и Атис преку материјалот од Р. Хрватска. Во трудот *The Sepulchral Character of the Cult of Cybele and Attis on the Monuments from the Republic of Croatia,* излезен во печат 2013 г., Николоска се задржува на фунерарниот карактер на овие божества.

- Сублимираните согледувања за култот на Кибела на почвата на Р. Македонија кандидатката ги презентира во текстот *The Art and Cult of Cybele from the Northern Vardar Valley,* кој излегува во електронска форма во 2013 година.

## ЗАКЛУЧОК

Споменатите референци како и исполнетоста на условите од доменот на научноистражувачка дејност, дозволуваат кандидатката да биде предложена и избрана во звањето научен соработник-доцент.

**Претседател на комисијата**

Академик Вера Битракова Грозданова с.р.

**Членови на комисијата**

Проф. д-р. Драги Митревски с.р.

Проф. д-р. Анета Шукарова с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат:

Александра Димитар Николоска

Институција:
ЈНУ Институт за национална историја, Скопје

Научна област:
Археологија

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | одржување на настава од прв циклус---------------------------- | 7.2 |
| Вкупно : | ---------------------------------------- | 7.2 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | монографија објавена во странство ------------------------------ | 12 |
| 2. | труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание------------------------------- | 12 |
| 3. | труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор-------------------------------------- | 18 |
| 4. | труд со оригинални научно/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор---------------------------- | 12 |
| 5. | учесник во национален научен проект------------------------------- | 12 |
| 6. | учесник во меѓународен научен проект------------------------------ | 10 |
| 7. | секциско предавање на научен/стручен собир---------------------- | 2 |
| 8. | секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество----------------------------------------------- | 24 |
| 9. | одржано предавање по покана на универзитет---------------------- | 2 |

10. одржано предавање по покана на референтен странски универзитет----------------------------------------------------6

Вкупно : ------------------------------------------ 110

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 7,2 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 110 |
| СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | |
| Вкупно | 117, 2 |

Членови на Комисијата

1. Проф.д-р Вера Битракова-Грозданова, академик, претседател с.р.
2. Проф. д-р Драги Митревски, член с.р.
3. Проф. д-р Анета Шукарова, член с.р.

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „БРАЈОВО ПИСМО” ОД ПРОФ. Д-Р ДАНИЕЛА ДИМИТРОВА-РАДОЈИЧИЌ

На седницата одржана на 2. VII 2013 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет, по предлог на Институтот за дефектологија, донесе одлука со која сум избрана за рецензент на ракописот под наслов „Брајово писмо” од авторката д-р Даниела Димитрова-Радојичиќ (одлука бр. 07-14342 од 8.7.2013). По деталното разгледување на доставениот ракопис, го поднесувам следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот „Брајово писмо” во целост ја покрива наставната програма по предметот Брајово писмо за студентите на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет. Ракописот е оригинален, дидактички издржан и со јасен концепциски пристап во презентирањето на материјата, со добра обмислена и јасна композиција на речениците. Сите поглавја се добро осмислени, ја содржат суштината на проблемот и лесно се разбирливи.

Содржински е структуриран во 6 глави. Во рамките на секое поглавје структурирани се наслови и поднаслови кои ја имаат улогата на микроелаборација на основниот проблем, аспектиран како систем од повеќе поими и носечки категории.

Најголемиот акцент, логично е даден на историскиот развој на писмото за слепите лица, односно на првичните обиди за пишување и читање на слепите лица. Но, сите обиди биле нерационални, затоа што не било пронајдено автентично релјефно-точкесто писмо со кое слепите брзо и сигурно ќе можат да пишуваат и читаат.

Наредното поглавје е посветено на Брајовото писмо. Битен дел претставува и елаборацијата на графичката специфичност, универзалноста и димензијата на Брајовата шестточка. Прифатеноста на Брајовото писмо од страна на слепите лица е како резултат на неговата графичка специфичност која одговара на природата на тактилното сетило. Ова писмо многу брзо се покажало како најрационално писмо во поглед на димензијата и начинот на користење во однос на другите писма кои се користеле претходно. Универзалноста се гледа во тоа што со него се користат сите слепи лица во светот, со него можат да се претставаат универзалните математички, хемиски и музички знаци, што не можело да се направи со другите писма кои му претходеле. Исто така, со Брајовото писмо може да се служат слепите лица од сите јазични подрачја со одредени модифицирања во буквите кои ги нема во француската азбука.

Со оглед на важноста на описменувањето на слепите ученици, авторката особено детално се задржала на методите и средствата кои се користат во овој процес. Имено, успешноста во препознавањето и запомнувањето на Брајовите знаци во голема мера зависи и од методите и наставните средства кои се користат во текот на описменувањето.

Едно од најодговорното решение со кое се соочуваат родителите и дефектолозите е одлуката за примарниот начин на описменување, односно дали да се користи Брајово или зголемено видно писмо. Поради тоа, авторката детално ја објаснува постапката за одредување на соодветно писмо за описменување. По спроведување на многукратни набљудувања и анализирање, се одредува водечкиот, односно доминантниот сензорен канал кај децата со сериозно оштетување на видот.

Имајќи гі предвид приложениот ракопис, неговата актуелност и цитираната литература, како рецензент немам забелешки или сугестии за дополнување или измена на предложениот ракопис за рецензија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Ракописот „Брајово писмо", поднесен од авторката д-р Даниела Димитрова-Радојичиќ, вонреден професор на Институтот за дефектологија, ќе пополни една голема празнина која се чувствуваше на нашите простори. Учебникот со својата структура, физиономија и намена е од големо значење за студентите кои се подготвуваат како идни дефектолози.

Чест и задоволство ми е да бидам рецензент на овој ракопис, кој целосно одговара на својата намена, и затоа сметам дека тој заслужува да биде позитивно рецензиран и предлагам да биде објавен на Филозофскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј".

5.9.2013 година

Рецензент

Проф. д-р Наташа Чичевска-Јованова, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „БРАЈОВО ПИСМО” ОД**

**ПРОФ. Д-Р ДАНИЕЛА ДИМИТРОВА-РАДОЈИЧИЌ**

Врз основа на член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје и член 16 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXXX редовна седница одржана на 2.VII 2013 година, донесе одлука за назначување Рецензентска комисија за учебникот „Брајово писмо”, во состав: проф. д-р Наташа Чичевска-Јованова и проф. д-р Зора Јачова.

Со особена благодарност за укажаната доверба, како рецензент имам чест и задоволство до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да го поднесам следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот БРАЈОВО ПИСМО, од авторот д-р Даниела Димитрова-Радојичиќ, е подготвен во согласност со програмата за предметот Брајово писмо за студентите на Институтот за дефектологија. Ракописот (доставен во форма на компјутерски обработен текст) има вкупно 172 страници. Авторката се потрудила материјалот да го прикаже на достапен и организиран начин, на ниво достапно за студентите. Содржината е поделена на 6 поглавја и соодветен број поднаслови според наставните содржини. Основниот текст е збогатен со прилози кои нудат дополнителни информации за одредени прашања.

Во почетокот на текстот посветено е доволно простор на историскиот развој на писмото за слепите лица. Во ова поглавје е истакнато дека Брајовото писмо е примарно писмо за читање и пишување на слепите лица и лицата со сериозно оштетување на видот повеќе од 100 години, откако Луј Брај го усовршил својот систем.

Во натамошниот текст се обработуваат специфичностите на Брајовото писмо, односно графичката специфичност и димензијата на Брајовата шестточка. Значајна карактеристика на ова писмо е тоа што има специфични димензии кои одговараат на физиолошките и невролошките особини на сетилото за тактилна перцепција.

Во следното поглавје се елаборирани карактеристики на македонското Брајово писмо. Од основната француска абецеда е направено и Брајовото писмо на македонски јазик, односно за гласовите кои ги нема во францускатa абецеда, а ги има во македонскиот јазик, се направени нови Брајови знаци.

Во делот посветен за учење на ова писмо се опишани факторите кои влијаат врз успехот на читањето и пишувањето на Брајовото писмо. Како што и истакнува авторката,

повеќето од децата кои се слепи и немаат дополнителна попреченост успешно го усвојуваат Брајовото писмо.

Претпоследното поглавје го обработува начинот и средствата кои се користат за пишување на Брајовото писмо. Машината за пишување, на слепиот ученик му го штеди времето и напорот за пишување на релјефно точкестото писмо. Во овој дел е прикажана постапката на запознавање на учениците со Брајовата машина. По совладување на пишувањето на Брајова машина, учениците треба да научат да пишуваат на Брајова табла.

Последното поглавје е посветено на користењето на компјутерот од страна на слепите лица, односно на посебна тастатура со Брајов ред. Основната функција на ова помагало е да ја прикаже содржината на мониторот на Брајово писмо. Компјутерот како наставно средство не се користи за редефинирање на улогата и суштината на учењето тука овозможува нов начин на учење.

Списокот на литература содржи повеќе од 120 наслови, поделени по поглавја, во согласност со обработуваниот материјал.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Ракописот „Брајово писмо”, поднесен од авторката д-р Даниела Димитрова-Радојичиќ, вонреден професор на Институтот за дефектологија, претставува прв пообемен труд за оваа проблематика, напишан на македонски јазик. Понудениот ракопис претставува солиден учебник, нуди современ, концизен текст, практично ориентиран.

Објавувањето на овој учебник може да послужи како корисна литература за студентите, особено за студентите од прв и втор циклус студии на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет од насоката оштетен вид.

Врз основа на погоре изнесеното мислење, со задоволство му предлагам на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да го одобри за печатење ракописот под наслов БРАЈОВО ПИСМО од авторот д-р Даниела Димитрова-Радојичиќ, како прво издание на универзитетски учебник по предметите Брајово писмо и методика на работа со лица со оштетен вид.

5.9.2013 година Рецензент

Проф. д-р Зора Јачова, с.р.

ПРЕГЛЕД

на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Филолошкиот

факултет “Блаже Конески”-Скопје

| *Име и презиме на кандидатот* | *Наслов на тема за магистерски труд* | *Ментор* |
|---|---|---|
| Марио Јорданов | Начини на изразување засведочена минатост во македонскиот јазик во споредба со англискиот | проф. д-р Симон Саздов |
| Сибел Муслиу | Категорија на именките во италијанскиот, македонскиот и албанскиот јазик | проф. д-р Александра Саржоска |
| Јасна Андреевска | Морфолошки, семантички, прагматички аспекти и стилистички вредности на деминутивите во македонскиот, италијанскиот и шпанскиот јазик | проф. д-р Александра Саржоска |
| Дафина Андоновска | Соматските фраземи во италијанскиот и во македонскиот јазик | проф. д-р Радица Никодиновска |
| Хасан Еге | Културниот и образовниот развој на евреите за време на османскиот период | проф. д-р Фадил Хоџа |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА**
**ДОКТОРСКИ ДИСЕРТАЦИИ НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**
**на 41 СЕДНИЦА одржанана 13.09.2013 година**

**ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ**

| Ред. бр. | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ТЕМА | МЕНТОР |
|---|---|---|---|
| 1. | м-р Весна Хорватовиќ | Третманот на говорниот развој и комуникациските вештини кај децата од предучилишна и рана училишна возраст<br><br>The treatment of speech development and communication skills of preschool and primary school children | проф. д-р Лена Дамовска |
| 2. | м-р Јован Манасијевски | Стратегиските партнерства на Европската унија како инструмент на Заедничката надворешна и безбедносна политика во контекст на мултиполарниот поредок<br><br>Strategic partnerships of the European Union as an instrument of the Common Foreign and Security Policy in the Context of an Emerging Multipolar Order | проф. д-р Билјана Ванковска |

# ПРЕГЛЕД НА ПРИЈАВЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ на 41 СЕДНИЦА одржанана 13.09.2013 година

| Ред. бр. | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ТЕМА | МЕНТОР |
|---|---|---|---|
| 1. | Виторија Андрееска | Глазирана керамика од Скопско Кале (XII - XIV век) | проф. д-р Елица Манева |
| 2. | Димитар Тодески | Средновековни некрополи од Прилепскиот регион | проф. д-р Елица Манева |
| 3. | Бранко Павловски | Археолошки наоди на средновековни алатки и орудија (Самоилова Тврдина, Охрид) | проф. д-р Елица Манева |
| 4. | Билјана Бозароска Павловска | Видови монети од бакарни легури и нивен конзерваторски третман | проф. д-р Елица Манева |
| 5. | Билјана Мицевска Јосифовска | Европските стандарди и одговорноста за клевета и навреда во Република Македонија | проф. д-р Никола Тупанчески |
| 6. | Тихана Обрадовиќ | Панентеистичкото објаснување на природата на филозофијата на Ериугена | проф. д-р Љубомир Цуцуловски |
| 7. | Ана Пановска | Стадиумите на развој на личноста во философијата на Сорен Киркегор | проф. д-р Љубомир Цуцуловски |
| 8. | Горанчо Котески | Придонесот на Армијата на Република Македонија во остварување на националната безбедност | проф. д-р Оливер Бакрески |
| 9. | Михајло Борнаров | Организација и функционирање на полицијата во државите од Западен Балкан | проф. д-р Оливер Бакрески |
| 10. | Милан Јанаќијевиќ | Европската одбранбена агенција - развој, мисии и функции | проф. д-р Лидија Георгиева |
| 11. | Трајковски Тоше | Пунктот на Македонската револуционерна организација во Нивичино | проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев |
| 12. | Иван Гргас | Република Македонија во 2001 година низ призмата на меѓуетничките односи | проф. д-р Виолета Ачкоска |
| 13. | Маја Бучкоска | Меѓучовечките односи во индустрискиот сектор и појавата на мобинг кај вработените | проф. д-р Виолета Арнаудова |
| 14. | Раиф Нуредини | Соработката меѓу Република Македонија и НАТО во менаџирањето на глобалните безбедносни ризици | проф. д-р Лидија Георгиева |
| 15. | Егон Пеликон | Новата генерација на глобалните безбедносни закани како предизвик на современите демократски држави | проф. д-р Митко Котовчевски |
| 16. | Викторија Папарова | Превентивни програми од Хив/Сида и програми за намалување на штети од употреба на дрога во општина Штип | доц. д-р Иван Трајков |
| 17. | Арита Агаи | Способностите на возрасните лица со умерена интелектуална попреченост за живеење во заедница | проф. д-р Ристо Петров |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18. | Горан Миленкоски | Улогата на Центарот за известување и команда на град Скопје во остварување на безбедноста на граѓаните | проф. д-р Марина Митревска |
| 19. | Мартина Калајџиска | Улогата на менаџерот во спречување психичко вознемирување - мобинг на вработени во јавен и приватен сектор | проф. д-р Виолета Арнаудова |
| 20. | Викторија Стојанова | Тимското работење и менаџирањето со човечките ресурси во организациите | проф. д-р Јован Пејковски |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТОТ УПРАВУВАЧКО СМЕТКОВОДСТВО, НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на одредбите од Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Правилникот за условите, критериумите, постапката и начинот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје и Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје , Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 2.9.2013 година, донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник по предметот управувачко сметководство. По разгледувањето на пристигнатите пријави, Комисијата го изготви реферат во согласност со член 45 и член 48 од Правилникот за условите, критериумите, постапката и начинот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје и во врска со тоа го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс за наставник по предметот управувачко сметководство, објавен на 27.6.2012 година во дневниот весник „Вечер“, се јави еден кандидат: д-р Марина Трпеска, вработена на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје како асистент по група предмети од областа на сметководството.

## БИОГРАФИЈА

Кандидатката д-р Марина Трпеска е родена на 30.1.1981 година во Гостивар. Основно образование завршила во родниот град, каде што, исто така има завршено и средно образование во УСО „Чеде Филиповски – Даме“, економска струка со највисок успех. Во 1999 година се запишала на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, на департманот за сметководство и ревизија. Има дипломирано во јуни 2003 година со просечен успех 9,32.

Во 2004 година се запишала на постдипломски студии на London College, University College of Kensington, Лондон, Велика Британија, насока: сметководство и финансии, кои ги завршила со успех (with distinction) по положувањето на 12

испити и успешно одбранетиот магистерски труд од областа на мерењето на резултатите во производствените компании. Со ова, во мај 2008 година се стекнала со звањето магистер по сметководство и финансии (Master of Science in Accounting and Finance).

Во јуни 2009 година пријавила докторски тези со наслов „Сметководствен аспект на современите системи за мерење на резултатите од работењето: концепти, проблеми и предизвици" под менторство на проф. д-р Блажо Недев. Во јули 2010 има посетувано летна школа на Универзитетот во Вилниус, Литванија, за пишување на докторски дисертации која има значаен придонес во успешно завршување на докторската дисертација. Докторската дисертација успешно ја има одбрането на 14 јуни 2013 со што се стекнала со титулата – научен степен - доктор на економски науки.

Во поглед на работното искуство, кандидатката уште како студент, во последната година на студии, како и во следните години се до крајот на 2004 година била демонстратор по предметот основи на сметководство, каде што првично го покажува својот интерес и афинитет кон наставната професија и желбата за нејзино понатамошно усовршување. Кандидатката Марина Трпеска од септември 2003 до јануари 2005 година има работено во Министерството за финансии, сектор трезор во Одделението за управување со ликвидност каде што била ангажирана околу секојдневно следење на ликвидноста на буџетските корисници, одобрување на нивни средства и изготвување на секојдневни извештаи за следење на приходите и расходите на ниво на Буџетот на Република Македонија.

Во јануари 2005 година е избрана за помлад асистент по група предмети од областа на сметководството, кога започнува и со работа на Економскиот факултет во Скопје. Во јануари 2009 е избрана за асистент по група предмети од областа на сметководството. Нејзиниот научен интерес е фокусиран во сферата од сметководството, особено сметководството на менаџментот.

Покрај редовното образование, во текот на својот работен стаж учествувала на бројни меѓународни конгреси, конференции, семинари и работилници од областа на сметководството и образованието во организација на еминентни меѓународни сметководствени асоцијации и останати меѓународни институции.

Во периодот од август 2007 до јули 2008 година кандидатката остварила студиски престој во рамките на ECESP (East Central Europe Scholarship Program) програмата на Georgetown University и George Washington University, School of Accountancy во Washington, DC, USA. Во текот на едногодишниот престој во САД ја следела наставата на постдипломските студии од областа на сметководството како и наставата по предмети од областа на статистиката и истражувањето, а

присуствувала и на бројни семнари и работилници организирани на Georgetown University, George Washington University, Меѓународниот монетарен фонд, Светската банка и други. Исто така, додека престојувала во САД остварила и работно искуство во форма на internship во меѓународната консултантска компанија Cassals and Associates во периодот од октомври 2007 до март 2008 година, каде што има работено со Главниот финансиски директор и Контролорот во секторот за сметководство и финансии.

Во декември 2011 има остварено и едномесечен студиски престој на Универзитетот во Грац, Грац, Австрија, на кој има посетувано семинари за докторски студии од програмата за сметководство, регулатива и оданочување и на Универзитетот во Грац и на Универзитетот во Виена.

Кандидатката покажува особен интерес и успех во доменот на научноистражувачката работа кои го потврдуваат 23 објавени и презентирани трудови од областа на сметководството, пред се, на меѓународни конференции и списанија.

Од 2012 година е овластен тренер на Институтот за јавни финансии и сметководство (CIPFA) од Лондон и преку Центарот за развој на финансиите од Љубљана била ангажирана како предавач по предметите управувачко сметководство и финансиско сметководство во програмите PACT – за стекнување на звањето овластен сметководител во јавен сектор и TIAPS – за стекнување на звањето овластен интерен ревизор во јавен сектор.

Од страна на Институтот на овластени ревизори е ангажирана како предавач и изготвувач на испитни прашања по предметот управувачко сметководство.

Има учествувано во превод на Меѓународните сметководствени стандарди, Меѓународните стандарди за финансиско известување, Меѓународните стандарди за ревизија и Меѓународните сметководствени стандарди за јавен сектор.

Од 2012 година е овластен проценител на вредноста на капиталот на компаниите.

Покрај претходното, кандидатката во својата досегашна кариера активно се служи со англискиот јазик и има одлични вештини во користењето на компјутери, каде што има познавање за работа со Windows 7, Microsoft Office (World, Excel, Outlook, Power Point), како и за работа со апликативни програми.

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

Кандидатката д-р Марина Трпеска, во своето осумгодишно работно искуство како помлад асистент и асистент по група предмети од областа на сметководството на департманот за сметководство и ревизија при Економскиот факултет во Скопје покажа забележителна активност на полето на наставно-образовната дејност. Од јануари 2005, па сé до денес, во различни временски периоди таа била ангажирана во изведување на вежби и одредени секвенци од наставата по повеќе предметни дисциплини, меѓу кои: основи на сметководство, финансиско сметководство, сметководство на трошоци, управувачко сметководство, ревизија, интерна ревизија и меѓународно финансиско известување. Во текот на овие предавања користи најсовремени методи во наставно – образовната дејност поттикнувајќи активност кај студентите и нивна интеракција.

Покрај предавањата, таа е целосно ангажирана околу организирање на испитите и колоквиумите, вклучена е во оценување и изготвување на испитни прашања, доделување и оценување на проектни задачи на студентите, менторство на семинарски трудови како и секојдневни консултации со студентите од сите академски години на студирање кои ги имаат запишано предметните дисциплини од областа на сметководството и ревизијата.

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

Покрај во наставно-образовната дејност, кандидатката д-р Марина Трпеска за релативно краток период, има навлезено во научноистражувачката дејност, што се изразува преку објавување на научни трудови и со учество на конференции и научно-стручни собири. Покрај нејзиниот магистерски и докторски труд, има објавено бројни трудови во домашни и странски списанија, како и трудови презентирани на врвни признаени меѓународни конференции и конгреси:

1. **„Сметководствен аспект на современите системи за мерење на резултатите од работењето“**, докторски труд, Економски факултет – Скопје, јуни 2013
2. **„Анализирање на истражувачки идеи и спроведување на научни истражувања со помош на софтверот IdeaPuzzle “,** Годишник на Економски факултет – Скопје, декември 2012
3. **Ревизорската професија на Балканот, монографија на англиски јазик, Union of Chamber of Certified Public Accountants of Turkey, 2011**
4. **„Односите помеѓу интелектуалниот капитал и системите за мерење на резулттаите во Република Македонија“,** Годишник на Економски факултет – Скопје, ноември 2011
5. **“Ревизорската професија на Балканот”** (на англиски), 2-ра Конференција за историјана сметководството на Балканот и Блискиот Исток, Асоцијација на академци од областа на сметководството и финансиите, Истанбул, Турција, септември 2010

6. **“Историски развој на државното сметководство во Република Македонија“** (на англиски), 2-ра Конференција за историја на сметководството на Балканот и Блискиот Исток, Асоцијација на академци од областа на сметководството и финансиите, Истанбул, Турција, септември 2010.
7. **“Имплементирање на ERP Систем во државни институции – случајот со државна институција во Република Македонија”** (на англиски), 10-та Конференција за истражување во сметководството, Европски институт за напредни струдии во Менаџментот (EIASM) и Универзитетот во Гент, Гент, Белгија, јуни 2010.
8. **“Перцепција на студентите по сметководство и маркетинг за деловната етика во балканските земји“,** Годишник на Економскиот факултет во Скопје, декември 2009.
9. **“Деловната етика од аспект на студентите во балканските земји – компаративно истражување“** (на англиски), објавено во Меѓународно списание за сметководство и менаџменти информациони системи, ноември 2009.
10. **“Хармонизација на сметководственото известување во Република Македонија и Европската Унија во функција на регионална соработка и економска интеграција“** (на англиски), III меѓународна конференција за регионална соработка и економска инеграција: Предизвици и иможности, организирана од страна на Економски факултет – Скопје и Царинска управа на Република Македонија, Скопје, Република Македонија, октомври 2009.
11. **“Имплементирање на системи за мерење на резултатите во Македонските компании”** (на англиски), 9-та Конференција за истражување во сметководството, Европски институт за напредни струдии во Менаџментот (EIASM) и Универзитетот во Мунстер, Мунстер, Германија, јуни 2009.
12. **“Усогласување на рамката за урамнотежени перспективи и стратегијата на компаниите користејќи го процесот на аналитичка хиерархија“**, Годишник на Економскиот факултет во Скопје, септември 2008.
13. **“Историја на финансискиот сектор во Република Македонија”** (на англиски), 12-ти Светски конгрес на сметководители историчари, Истанбул, Турција, јули 2008.
14. “**Системи за мерење на резултатите и нивно имплементирање во производствениот сектор во Република Македонија**“ (на англиски), магистерски труд, Лондон Колеџ, Универзитет Колеџ Кенсингтон, Лондон, Велика Британија, мај 2008.
15. **“Ревизорската професија во Република Македонија во насока на интегрирање со Европската унија“** (на англиски) меѓународна конференција: „Предизвиците на економската наука и практика во процесот на интеграција во Европската унија“, Универзитетот во Ниш, Економски факултет, Ниш, Србија, октомври 2007
16. **“Ревизија на економската суштина на трансакциите со по поврзаните страни: Позицијата на ревизорот да влијае врз**

**насоката на странските инвестиции“** (на романски), Audit Financiar, Вол. 4, Бр. 9/2007, Букурешт, Романија, септември 2007, стр. 25 - 30

17. **“Придонесот на рамката за урамнотежени перспективи и интелектуалниот капитал при мерење на резултатите во компаниите“** (на англиски), 8-ма Конференција за истражување во сметководството, Европски институт за напредни струдии во Менаџментот (EIASM) и Универзитетот во Тренто, Економски факултет, Тренто, Италија, јуни 2007
18. **“Еволуција на рамката на урамнотежени перспективи како средство на стратегискиот менаџмент“**, (на англиски), 30-та Јубилејна Меѓународна конференција и четврта иницијатива на Alpe Adria универзитетите, Безбедност на информационите системи и Системите за деловна интелигенција“, Опатија, Хрватска, мај 2007
19. “**Хармонизација на сметквоодственото образование во функција на поголема конкурентност на компаниите**“ (на англиски), I меѓународна конференција за хармонизација на сметководството и ревизијата на Балканот, Тракија универзитетот, Факултет за економски науки и администрација и Асоцијацијата на на академци од областа на сметководството и финансиите, Едирне, Турција, март 2007
20. **“Стандардизација на финансиското известување во Република Македонија”** (на англиски), Меѓународна конференција за сметководство и менаџмент информациони системи, Академија за економски науки во Букурешт, Факултет за сметководство и менаџмент информациони системи, Букурешт, Романија, ноември 2006
21. **“Професионална едукација на ревизорите од Европска Унија и Република Македонија – компаративен пристап“,** (на англиски) 10. Светски конгрес за сметководствена едукација и 3. Годишна меѓународна конференција за сметководство, Меѓународна асоцијација за едукација и истражување во сметководството, Истанбул, Турција, ноември 2006
22. “**Проблеми од имплементирањето на Меѓународниот сметководствен стандард 39 и негово влијание врз стејкхолдерите**”, Годишник на Економскиот факултет во Скопје, јуни 2006
23. "**Хармонизација на сметководствената едукација во светски и регионални рамки**", Годишник на Економскиот факултет во Скопје, јуни 2005

Во продолжени подетално ќе биде направен осврт на објавените трудови по нејзиниот реизбор за асистент во ноември 2011 година.

Трудот **„Односите помеѓу интелектуалниот капитал и системите за мерење на резултатите во Република Македонија“,** објавен во Годишникот на Економскиот факултет во Скопје за 2011 година, го испитува односот помеѓу карактеристиките на компаниите и значењето на интелектуалниот капитал, како прво прашање и влијанието на интелектуалниот капитал врз фокусот и целта на системите за мерење на резултатите, како второ прашање. Резултатите од ова истражување покажуваат дека компаниите, без оглед на нивната големина, доминантна сопственост и распространетост на пазарот, се повеќе посветуваат

внимание на интелектуалниот капитал. Иако резултатите од истражувањето не се целосно репрезентативни поради малиот примерок, сепак, очигледно е дека карактеристиките на компаниите немаат некое големо влијание врз тоа дали компаниите го оценуваат значењето на интелектуалниот капитал на високо или на ниско ниво. За целите на ова истражување, компаниите се поделени во две групи – компании кои му придаваат големо значење на интелектуалниот капитал и компании кои не му придаваат големо значење на интелектуалниот капитал. Компаниите кои му придаваат големо значење на интелектуалниот капитал, применуваат и посовремени и интегрирани системи за мерење на резултатите, кои го вклучуваат интелектуалниот капитал и кои опфаќаат мерила кои се ориентирани кон иднината, додека пак сите компании, без оглед на која група пришпаѓаат, на ниво на цела компанија и на ниво на центир на одговорност, применуваат мерила на резултатите кои ги користат како бенчмаркови и мерила кои се фикусираат на минати резултати, оносно финасиски мерила.

Делото „**Развојот на ревизорската професија на Балканот**“ претставува книга која е презентирана на 14-тиот Светски конгрес на историчари по сметководство одржан во Њу Касл, Велика Британија, во јули 2012 година. Оваа книга во вид на монографија претставува хронолошки приказ на развојот на ревизорската професија во земјите од Балканот – Албанија, Грција, Македонија, Романија, Србија, Хрватска и Турција. Кандидатот д-р Марина Трпеска е автор на делот за развојот на ревизорската професија во Македонија. Авторите на книгата немаат за цел да нагласат само што се случувало во изминатите години во ревизорската професија на Балканот туку воспоставуваат и рамка за идни подетални истражувања во ревизорскта професија. Ваквите истражувања, вклучувајќи го и направеното исцрпно истражување во оваа книга, овозможува да се воспостават заедничките и различните аспекти во ревизорската практика во секоја од проучуваните земји. Целта на книгата е да ги идентификува главните сличности и разлики во развојот на ревизорската професија помеѓу различните земји на Балканот.

Трудот **„Анализирање на истражувачки идеи и спроведување на научни истражувања со помош на софтверот IdeaPuzzle“,** објавен во Годишникот на Економскиот факултет во Скопје за 2012 година, претставува еден од ретките трудови објавени кај нас кои третираат проблематика на истражувачки процес. Академските и научните работници, како и студентите на докторски студии со цел своите истражувачки идеи да ги реализираат и да ги насочат во правилен правец, можат да се послужат со користење на софтверот IdeaPuzzle кој претставува синтетизиран начин преку обработка на сите клучни делови една идеја да прерасне во истражувачки труд кој ги исполнува условите за објавување во списанија со импакт фактор. Дополнителна предност е тоа што софтверот претставува веб базирано решение и на истражувачите им овозможува пристап од

различни локации. Софтверот овозможува засебно анализирање на теоретските, емпириските и методолошките аспекти на еден научен труд. За да се конвертираат одредени резултати од истражување во научен труд потребно е нивно поврзување со постоечката литература како и дефинирање на придонесот во теоријата и практиката. Со цел да бидат запазени овие стандарди во научното пишување и истражување, IdeaPuzzle софтверот нуди логичен редослед на чекорите кои треба да се следат и да се исполнат за завршување на одредена истражувачка идеја. Резултатот од завршувањето на сите овие сегменти е релевантна област за истражување, со дефинирана тема за истражување со сите дополнителни елементи, од клучни зборови до крајни заклучоци по спроведено истражување, што во значителна мера ја олеснува работата на истражувачот, а воедно, потврдува дека во истражувачкиот труд се вклучени сите неопходни компоненти.

Посебен осврт ќе дадеме на нејзиниот докторски труд кој насловен **„Сметководствен аспект на современите системи за мерење на резултатите од работењето“.** Кандидатката преку теоријата на зависни и независни варијабли го има тестирано влијанието на независните варијабли врз имплементирањето на системите за мерење на резултатите, како зависна варијабла. По спроведеното истражување и тестирање на поставените хипотези со $\chi^2$ анализа и корелациона анализа, кандидатката ги има потврдено првите две хипотези, односно дека стратегијата и организациската структура на претпријатијата влијаат на изборот и на успешното имплементирање систем за мерење на резултатите. Ваквите резултати таа ги објаснува со тоа што организациите во Република Македонија, посебно оние што биле предмет на истражување, се во голема мера со доминантен странски капитал и зависни од својата матица во странство. Ова значи дека без оглед на испитуваните варијабли кои имаат влијание врз имплементирањето на системите за мерење на резултатите, организациите имплементираат систем за мерење на резултатите кој ќе им биде предложен од матицата во странство и тоа во време и под услови што тие ќе им ги наметнат.

Во врска со користењето на финансиски и нефинансиски мерила за мерење на резултатите од работењето, кандидатката има дојдено до заклучок дека организациите најмногу ги користат финансиските мерила, а значително помалку внимание посветуваат на нефинансиските мерила. Исто така, значајно е да се истакне дека организациите во Република Македонија значително најмногу, како мерила за резултатите, ги користат мерилата кои се дел од финансиските извештаи, односно износот на продажби, растот на приходите и нето-оперативната добивка. Кандидатката има заклучено дека како финансиски мерила за мерење на резултатите од работењето во нашата практика најчесто се користат финансиски информации од финансиските извештаи на организациите и оние мерила кои, пред сѐ, се задолжителни показатели пресметани во

годишната сметка на организациите која јавно се публикува. Финансиските мерила за мерење на резултатите од работењето кои не се задолжителни многу помалку се користат.

Од нефинансиските мерила, кандидатката истакнува дека организациите во Република Македонија најмногу внимание посветуваат на мерилата од областа на маркетингот, а користењето на останатите нефинансиски мерила е многу мало. Кандидатката ги има испитувано резултатите, односно добивката што ја остварувале организациите во изминатите три години и нефинансиските мерила кои се применуваат. Од спроведената корелациона анализа има заклучено дека користењето на нефинансиските мерила се статистички значајни за остварување повисок износ на добивка. Нивната врска е оценета како директна, но не многу интензивна, освен кај мерилото „незгоди при работа“, каде што врската е инверзна, односно зголемениот број незгоди при работа влијаат на намалување на добивката.

Во дисертацијата е спроведено емпириско истражување на врската помеѓу имплементирањето систем за мерење на резултатите и резултатите, односно добивката и стапката на принос од инвестиции (ROI). Од спроведената $\chi^2$ анализа кандидатката има заклучено дека не постои директна статистички значајна врска помеѓу имплементирањето систем за мерење на резултатите и добивката, но постои статистички значајна врска помеѓу имплементирањето систем за мерење на резултатите и стапката на принос од инвестиции. Ова го поврзува со тоа дека организациите кои имаат имплементирано систем за мерење на резултатите остваруваат повисока стапка на принос од инвестиции како мерило кои ги одразува ставките и од билансот на состојба и од билансот на успех. Оттука и општиот заклучок дека имплементирањето на системите за мерење на резултатите позитивно влијае на остварување подобри резултати од нивното работење.

Кандидатката ги има испитувано и предностите, недостатоците и проблемите поврзани со системите за мерење на резултатите со кои се соочуваат организациите во Република Макеоднија. Предностите од примената на систем за мерење на резултатите се најизразени во организациите кои имаат целосно имплементиран систем за мерење на резултатите. Организациите кои, пак, делумно имаат имплементирано систем за мерење на резултатите значително ги чувствуваат користите, што само по себе го потврдува светското искуство дека не треба секогаш да се започне со целосно развивање систем за мерење на резултатите во сите аспекти и на сите нивоа во една организација, туку тој постепено треба да почне да се применува, било хоризонтално или вертикално. Што се донесува до недостатоците и проблемите, заклучено е дека со најголем интензитет се соочени организациите кои делумно го имаат имплементирано системот за мерење на резултатите, односно се во фаза на негово развивање и

имплементирање, а не организациите кои имаат имплементирано систем за мерење на резултатите или се на самиот почеток од процесот на имплементација. Кандидатката ова го објаснува со фактот дека токму овие организации, во фазата во која се наоѓаат, се соочени со најголемите предизвици и пречки до целосно имплементирање на системот за мерење на резултатите.

Како составен дел на системите за мерење на резултатите, од направената анализа за користење на бенчмаркингот, кандидатката потврдува дека организациите во Република Македонија повеќе користат екстерен бенчмаркинг отколку интерен бенчмаркинг. Притоа е заклучено дека најчести причини за применување на бенчмаркингот се очекувањата на организациите дека ќе ги подобрат своите процеси во работењето, како и нивните финансиски резултати. Организациите кои применуваат бенчмаркинг остваруваат подобри квалитативни резултати од работењето, како што се задоволство на купувачите, квалитетот на производите, поголема продуктивност на вработените, кои, пак, ќе придонесат за остварување повисоки финансиски резултати.

Контролните активности за целите на ова истражување се набљудувани како неизоставен дел од системот за мерење на резултатите и процесот на планирање како главна алатка за спроведување на контролните активности, притоа кандидатката заклучува дека организациите во Република Македонија припаѓаат на конзервативни организации во кои крајниот збор околу поставувањето на плановите го има врвниот менаџмент, а воопшто не се практикува партиципативното планирање во кое свој придонес имаат сите вработени во организацијата.

Исто така, од истражувањето кандидатката има заклучено дека за целите на наградувањето најмногу се користат финансиските мерила. Мерилата поврзани со испитување на купувачите и пазарот не заостануваат многу зад финансиските мерила бидејќи зголемувањето на пазарното учество и задоволството кај купувачите се од круцијална улога за остварување позитивни финансиски резултати во иднина. Од направената корелациона анализа на примената на системот за мерење на резултатите, како основа за системот за мерење на резултатите заклучено е дека финансиските мерила и мерилата поврзани со купувачите и мерилата поврзани со интерните процеси и оперативните резултати се статистички значајни и се користат за оценување на резултатите и наградување на вработените.

Во врска со интегрираното известување, од истражувањето во организациите во Република Македонија, кандидатката има заклучено дека сите се фокусирани само на обелоденување на оние информации, пред сè, финансиски, кои се задолжителни со законската и професионалната регулатива во земјата.

Нефинансиските информации во врска со оперативното работење на организациите не се обелоденуваат во финансиските извештаи на организациите. Што се однесува до примената и изготвувањето интегрирани извештаи, заклучокот е дека тие не се применуваат во организациите во Република Македонија.

Развивањето модел за мерење на резултатите, нивното дизајнирање, имплементирање, оценување и ревидирање кандидатката го има тестирано преку спроведени три студии на случај кои се организации од производствен и услужен сектор во Република Македонија. Во сите три студии на случај, системите за мерење на резултатите организациите ги имплементираале по барање на нивната странска матица. Рамката на урамнотежени перспективи се користи во две од организациите, а една организација применува матрица на резултати. Трите организации се наоѓаат во различни фази од процесот на имплементирање. Во организацијата која има целосно имплементиран систем, тестирани се рамките за оценување и ревидирање на мерилата и системите за мерење на резултатите од работењето. Во организацијата во која постои делумно имплементиран систем, тестирани се фазите за имплементирање систем за мерење на резултатите. Во организацијата која е на самиот почеток на имплементирање, во фаза на предлагање на мерила и поставување на контурите за системот за мерење на резултатите, предложени ѝ се фазите за имплементирање и рамките за оцена и ревидирање кои веќе претходно позитивно биле оценети дека функционираат во двете претходни организации.

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Покрај наставно-образовната и научноистражувачката дејност, кандидатката д-р Марина Трпеска била многу активна и во стручно-апликативната дејност, односно била особено активна на повеќе полиња од поширок академски и општествен интерес.

Во продолжение, даваме преглед на некои активности кои кандидатката ги има извршувано досега:

1. преведување на Меѓународните сметководствени стандарди за јавен сектор, март – мај 2013;
2. предавач на модулот финансиско сметководство за стекнување звање-овластен интерен ревизор во јавен сектор (Chartered Institute of Public Finance and Accountancy), март – јуни 2013;
3. член на Комисија за спроведување на испит за стекнување на звање-овластен државен ревизор во организација на Државниот завод на Република Македонија, април 2013;

4. извршена проценка на вредноста на капиталот на АД Тутунски комбинат, Прилеп, февруари – јуни 2012;
5. извршена проценка на вредноста на капиталот на АД ОХИС, Скопје, декември 2011 – февруари 2012;
6. преведување на учебник по модулот управувачко сметководство, во издание на Chartered Institute of Public Finance and Accountancy за стекнување звање-овластен сметководител во јавен сектор, јануари – мај 2012
7. координатор на модулот управувачко сметководство за стекнување звање-овластен сметководител во јавен сектор (Chartered Institute of Public Finance and Accountancy), август – декември 2012;
8. член на тимот за вештачење во судски спор помеѓу АД Кјуби, Скопје и АД ЕМО од Охрид, октомври – ноември 2011;
9. консултант ангажиран во „Сеавус“ Скопје за имплементирање на интегрирано софтверско решение Open ERP во Министерство за труд и социјална работа, јуни 2009 – јуни 2010;
10. стручно читање и преведување на Меѓународните стандарди за финансиско известување/Меѓународните сметководствени стандарди, Меѓународните стандарди за ревизија и Кодексот на етика на професионалните сметководители, Институт на овластени ревизори на Република Македонија, и Tribal HELM Corporation, HELM House, јануари 2009 – јуни, 2010;
11. подготвување на испитни прашања по предметот управувачко сметководство за стекнување на звањето овластен ревизор, Институт на овластени ревизори на Република Македонија, и Tribal HELM Corporation, HELM House, мај 2009 – мај 2010;
12. спроведување обука за подготовка за полагање на испитот управувачко сметководство како дел од наставната програма за стекнување лиценца за овластен ревизор, Институт на овластени ревизори на Република Македонија, и Tribal HELM Corporation, HELM House, мај – јуни 2009;
13. преведување на дел од книги по предметите управувачко сметководство и финансиско сметководство одобрени од ACCA, за стекнување на лиценца за овластен ревизор, Институт на овластени ревизори на Република Македонија, и Tribal HELM Corporation, HELM House, јануари – февруари 2009 .

Покрај погоренаведените активности, кандидатката д-р Марина Трпеска има учествувано во бројни комисии и тела во рамките на Економскиот факултет во Скопје. Во продолжение ќе наведеме некои од нив:

1. член на организационен одбор за организација на меѓународна конференција по повод 60 години од основањето на Економскиот факултет во Скопје, 2010;
2. член на уредувачки одбор за издавање на Годишник на Економскиот факултет во Скопје, 2009;
3. член на Работен тим за изготвување на *supplement* диплома за департманот за Сметководство и ревизија, 2005 – 0,5 поени;

4. член на Комисија за шифрирање на поднесените пријави за упис на нови студенти во I година во учебните 2005/2006, 2007/2008, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012, 2012,2013 година – 3 поени;
5. член на Комисијата за подготовка и издавање на Водич за студенти на Економскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во учебната 2005/2006 година – 0,5 поени;
6. член на Комисијата за подготовка и комплетирање на документи за добивање на ECTS label за Економскиот факултет во Скопје – 0,5 поени;
7. член на Комисија за самоевалуација на студиски групи, насоки-департмани и години на Економскиот факултет во Скопје – 0,5 поени;
8. член на конкурсната комисија за спроведување на Конкурсот за запишување на студенти на Економскиот факултет во Скопје во учебната 2006/2007 година – 0,5 поени;
9. секретар на Катедрата за сметководство и ревизија (два мандата - од 15.6.2006 до 1.9.2007 и од 15.6.2009 до 15.6.2011) – 1 поен;
10. член на Комисијата за јавни набавки од 30.10.2006 до 1.9.2007;
11. член на Комисијата за оценка на остварувањето на целите на наставата по предмети, департмани и студиски програми на додипломските студии на Факултетот, од 9.10.2008 – 0,5 поени;
12. истражувач во Центарот за економски истражувања во рамките на Економскиот факултет во Скопје, декември 2009 – декември 2012 – 0,5 поени;
13. ЕКТС-координатор на студиската програма по сметководство и ревизија, од 17.6.2010 – 0,5 поени;
14. член на одбор за издавање на Споменица 60 години Економски факултет – Скопје, 2011 – 0,5 поени;
15. заменик-член на Комисија за јавни набавки 2010-2012 – 0,5 поени.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на конкурсните материјали, Рецензентската комисија констатира дека единствен пријавен кандидат на конкурсот за избор на наставник по предметот управувачко сметководство објавен во весникот „Вечер“ од 27.6.2013 година е д-р Марина Трпеска. Кандидатката ги исполнува сите законски и нормативни критериуми за избор во звањето доцент од областа на економските науки по предметот управувачко сметководство. По проучувањето на приложената документација од кандидатката и увидот во нејзините објавени трудови, Комисијата е едногласна во мислењето дека:

- Кандидатката д-р Марина Трпеска поседува осумгодишно работно искуство како асистент по група предмети од областа на сметководството на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.
- За време на својот ангажман, кандидатката д-р Марина Трпеска со успех, професионално и одговорно, исполнително и со максимална ангажираност и совесност ги извршувала сите активности во рамките на високообразовната дејност на Факултетот. Во едукативниот процес има користено современи методи на предавање остварувајќи интерактивна комуникација со студентите. Во овој

контекст, треба да се истакне дека станува збор за млад, квалитетен и одговорен наставно-научен кадар пред кого стои можност за уште поголемо напредување во кариерата и унапредување на наставните предмети и матичниот факултет во целина како врвна високообразовна институција во земјата.

- Во контекст на својот развој и профилирање во научната и образовна дејност е и докторската дисертација на кандидатката д-р Марина Трпеска, на тема: „Сметководствен аспект на современите системи за мерење на резултатите: концепти, проблеми и предизвици“ во која се фокусира на исклучително релевантна и фундаментална проблематика од доменот на управувачкото сметководство.
- Забележителна е научноистражувачката активност на кандидатката д-р Марина Трпеска која се гледа од бројните трудови објавени, пред се, на меѓународни конференции и списанија, а е дел и од авторски тим на монографија објавена во странство. Ова ја претставува кандидатката како солиден и афирмиран научен работник и како самостоен истражувач од областа на сметководството.
- Кандидатката континуирано од својот избор во звањето помлад асистент до денес се доусовршувала во странство. Има остварено бројни престои на реномирани универзитети во странство, но особено треба да се истакнат едногодишниот престој на два од најреномираните универзитети во САД, Georgetown University и George Washington University во Вашингтон, САД, потоа едномесечниот студиски престој на Универзитетот во Грац, Австрија, во нивниот Центар за сметководствени истражувања, како и учеството на летната школа на Универзитетот во Вилниус, Литванија.
- Особено треба да се истакне ангажираноста на кандидатката д-р Марина Трпеска во широк спектар на научни и стручни активности кои опфаќаат учество на меѓународни и светски конгреси и конференции, семинари, работилници и летни школи. Кандидатката била член и на организациони и издавачки одбори на меѓународни конференции и годишник на Факултетот. Исто така, со голема посветеност и целосен ангажман со најголем квалитет има одговорено и на активностите во однос на сите факултетски комисии и останати активности кои и биле доверени. Кандидатката д-р Марина Трпеска е ангажирана и во широк спектар на стручно апликативни активности и дејности од поширок интерес и надвор од Факултетот.
- Во поткрепа на горенаведеното одат и податоците за остварените вкупни 216,86 бода на кандидатката за нејзиниот досегашен ангажман во наставата, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност (прилог: табела Анекс 2 на рецензентскиот извештај).

Врз основа на понапред искажаните стојалишта, Рецензентската комисија е наполно уверена дека кандидатката д-р Марина Трпеска, со својата досегашна работа во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната активност, стручите и научните квалитети и изразените морални квалитети се претставува како сериозен, солиден и високопрофесионален наставно-научен работник и истражувач на полето на сметководството. Поради тоа, во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Рецензентската комисија има задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје да ја избере д-р Марина Трпеска во звањето **доцент од областа на економските науки по предметот управувачко сметководство**.

Скопје, 3.9.2013

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Блажо Недев с.р

2. Проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска с.р

3. Проф. д-р Зоран Миновски с.р

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Марина Данил Трпеска**

**Институција:** **Економски факултет - Скопје**

**Научна област: сметководство и ревизија**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на вежби<br>• Основи на сметководство – 8*15*0,03*3<br>• Сметководство на трошоци/Управувачко сметководство 1/Управувачко сметководство – 2*15*0,03*4 + 4*15*0,03*3<br>• Меѓународни сметководствени системи/ Меѓународно финансиско известување - 2*15*0,03*6 + 4*15*0,03*1<br>• Управувачко сметководство/Управувачко сметководство 2 – 2*15*0,03*6 + 4*15*0,03*1<br>• Ревизија – 4*15*0,03*1<br>• Интерна ревизија – 2*15*0,03*1 | 36,9 |
| 2. | Консултации со студенти<br>• Основи на сметководство – 1.000*0,002*8<br>• Сметководство на трошоци/Управувачко сметководство 1 – 130*0,002*7<br>• Управувачко сметководство – 280*0,002*7<br>• Управувачко сметководство/ Управувачко | 48,06 |

| | | |
|---|---|---|
| | смeтководство 2 – 130*0,002*8<br>• Финансиско сметководство/ Финансиско сметководство 1 – 400*0,002*8<br>• Корпоративно финансиско известување/ Финансиско сметководство 2 – 130*0,002*7<br>• Ревизија – 130*0,002*8<br>• Интерна ревизија – 130*0,002*8<br>• Анализа на финансиски извештаи – 400*0,002*8<br>• Сметководствени информациони системи – 130*0,002*7<br>• Државно сметководство и сметководство на непрофитни организации – 130*0,002*7<br>• Меѓународни сметководствени системи/ Меѓународно финансиско известување – 130*0,002*7 | |
| | **Вкупно** | **84,96** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Монографија<br>• „Сметководствен аспект на современите системи за мерење на резултатите: концепти, проблеми и предизвици“ – докторски труд – 8 поени<br>• | 8 |
| 2. | Монографија објавена во странство<br>• „Системи за мерење на реултатите во производствени компании во Република Македонија“ – магистерски труд – 8 поени | 12 |
| 3. | Дел од монографија објавен во странство<br>• **Развој на ревизорската професија на Балканот, „Развој на ревизорската професија** | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| | **во Република Македонија“,** Монографија издадена на англиски јазик и промовирана на 13. Светски конгрес на сметководители историчари, одржна во Њу Касл, Велика Британија, 17-19 јули 2012 | |
| 4. | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно стручно списание со меѓународен уредувачки одбор<br>• **“Деловната етика од аспект на студентите во балканските земји – компаративно истражување“** (на англиски), објавен во Меѓународно списание за сметководство и менаџмент-информациони системи, ноември 2009.<br>• **“Ревизија на економската суштина на трансакциите со по поврзаните страни: Позицијата на ревизорот да влијае врз насоката на странските инвестиции“** (на романски), Audit Financiar, Вол. 4, Бр. 9/2007, Букурешт, Романија, септември 2007, стр. 25 - 30 | 12 |
| 5. | Труд со оригинални научни/стручни резултати објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир<br>• **“Хармонизација на сметководственото известување во Република Македонија и Европската унија во функција на регионална соработка и економска интеграција“** (на англиски), III меѓународна конференција за регионална соработка и економска инеграција: Предизвици и иможности, организирана од страна на Економски факултет – Скопје и Царинска управа на Република Македонија, Скопје, Република Македонија, октомври 2009 – 1,8 поени | 1,8 |
| 6. | Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор<br>• **“Ревизорската професија на Балканот”** (на англиски) 2-ра Конференција за историја на сметководството на Балканот и Блискиот Исток, Асоцијација на академци од областа на сметководството и финансиите, Истанбул, Турција, септември 2010 – 1,8 поени. | 14,1 |

| | | |
|---|---|---|
| | • **“Историски развој на државното сметководство во Република Македонија“** (на англиски), 2-ра Конференција за историја на сметководството на Балканот и Блискиот Исток, Асоцијација на академци од областа на сметководството и финансиите, Истанбул, Турција, септември 2010 – 2,4 поени.<br>• **“Историја на финансискиот сектор во Република Македонија”** (на англиски), 12-ти Светски конгрес на сметководители историчари, Истанбул, Турција, јули 2008 – 2,7 поени.<br>• **“Ревизорската професија во Република Македонија во насока на интегрирање со Европската унија“**, (на англиски) меѓународна конференција: „Предизвиците на економската наука и практика во процесот на интеграција во Европската унија“, Универзитетот во Ниш, Економски факултет, Ниш, Србија, октомври 2007 – 2,7 поени.<br>• “**Хармонизација на сметководственото образование во функција на поголема конкурентност на компаниите**“, (на англиски), I меѓународна конференција за хармонизација на сметководството и ревизијата на Балканот, Тракија универзитет, Факултет за економски науки и администрација и Асоцијација на академци од областа на сметководството и финансиите, Едирне, Турција, март 2007 – 1,8 поени.<br>• **“Стандардизација на финансиското известување во Република Македонија”** (на англиски), Меѓународна конференција за сметководство и менаџмент информациони системи, Академија за економски науки во Букурешт, Факултет за сметководство и менаџмент информациони системи, Букурешт, Романија, ноември 2006 – 2,7 поени. | |
| 7. | Трудови објавени во зборник на трудови во в.о. институција<br><br>• **„Анализирање на истражувачки идеи и спроведување на научни истражувања со помош на софтверот IdeaPuzzle “,** Годишник на Економскиот факултет во Скопје, декември 2012.<br>• **„Односите помеѓу интелектуалниот капитал и системите за мерење на резулттаите во Република Македонија“,** Годишник на Економскиот факултет во Скопје, ноември 2011. | 12 |

| | | |
|---|---|---|
| | • **“Перцепција на студентите по сметководство и маркетинг за деловната етика во балканските земји“,** Годишник на Економскиот факултет во Скопје, декември 2009.<br>• **“Усогласување на рамката за урамнотежени перспективи и стратегијата на компаниите користејќи го процесот на аналитичка хиерархија“**, Годишник на Економскиот факултет во Скопје, септември 2008.<br>• “**Проблеми од имплементирањето на Меѓународниот сметководствен стандард 39 и негово влијание врз стејкхолдерите**”, Годишник на Економскиот факултет во Скопје, јуни 2006.<br>• "**Хармонизација на сметководствената едукација во светски и регионални рамки**", Годишник на Економскиот факултет во Скопје, јуни 2005. | |
| 8. | Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество<br><br>• **“Ревизорската професија на Балканот”** (на англиски), 2-ра Конференција за историја на сметководството на Балканот и Блискиот Исток, Асоцијација на академци од областа на сметководството и финансиите, Истанбул, Турција, септември 2010. | 3 |
| 9. | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество<br><br>• **“Историски развој на државното сметководство во Република Македонија“** (на англиски), 2-ра Конференција за историја на сметководството на Балканот и Блискиот Исток, Асоцијација на академци од областа на сметководството и финансиите, Истанбул, Турција, септември 2010.<br>• **“Имплементирање на ERP-систем во државни институции – случајот со државна институција во Република Македонија”** (на англиски), 10-та Конференција за истражување во сметководството, Европски институт за напредни студии во менаџментот (EIASM) и Универзитет во Гент, Гент, Белгија, јуни 2010.<br>• **“Имплементирање на системи за мерење на резултатите во македонските компании”** (на англиски), 9-та Конференција за истражување во | 16 |

| | | |
|---|---|---|
| | сметководството, Европски институт за напредни студии во менаџментот (EIASM) и Универзитет во Мунстер, Мунстер, Германија, јуни 2009.<br>• **“Историја на финансискиот сектор во Република Македонија”** (на англиски), 12-ти Светски конгрес на сметководители историчари, Истанбул, Турција, јули 2008.<br>• **“Придонесот на рамката за урамнотежени перспективи и интелектуалниот капитал при мерење на резултатите во компаниите“** (на англиски), 8-ма Конференција за истражување во сметководството, Европски институт за напредни студии во менаџментот (EIASM) и Универзитет во Тренто, Економски факултет, Тренто, Италија, јуни 2007.<br>• “**Хармонизација на сметководственото образование во функција на поголема конкурентност на компаниите**“ (на англиски), I меѓународна конференција за хармонизација на сметководството и ревизијата на Балканот, Тракија универзитетот, Факултет за економски науки и администрација и Асоцијација на академци од областа на сметководството и финансиите, Едирне, Турција, март 2007.<br>• **“Стандардизација на финансиското известување во Република Македонија”** (на англиски), Меѓународна конференција за сметководство и менаџмент информациони системи, Академија за економски науки во Букурешт, Факултет за сметководство и менаџмент информациони системи, Букурешт, Романија, ноември 2006<br>• **“Професионална едукација на ревизорите од Европска Унија и Република Македонија – компаративен пристап“** (на англиски), 10. Светски конгрес за сметководствена едукација и 3. Годишна меѓународна конференција за сметководство, Меѓународна асоцијација за едукација и истражување во сметководството, Истанбул, Турција, ноември 2006. | |
| 10. | Учество на научен/стручен собир со реферат (орална презентација)<br><br>• „**Пристап до финансии во Република Македонија**“, Конфедерација на работодавачи во Република Македонија, октомври 2010. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 11. | Апстракт објавен во зборник на конференција (меѓународна)<br><br>• **“Имплементирање на ERP-систем во државни институции – случајот со државна институција во Република Македонија”** (на англиски), 10. Конференција за истражување во сметководството, Европски институт за напредни струдии во менаџментот (EIASM) и Универзитет во Гент, Гент, Белгија, јуни 2010.<br>• **“Имплементирање на системи за мерење на резултатите во Македонските компании”** (на англиски), 9-та Конференција за истражување во сметководството, Европски институт за напредни струдии во менаџментот (EIASM) и Универзитет во Мунстер, Мунстер, Германија, јуни 2009.<br>• **“Придонесот на рамката за урамнотежени перспективи и интелектуалниот капитал при мерење на резултатите во компаниите“** (на англиски), 8-ма Конференција за истражување во сметководството, Европски институт за напредни струдии во менаџментот (EIASM) и Универзитет во Тренто, Економски факултет, Тренто, Италија, јуни 2007.<br>• **“Еволуција на рамката на урамнотежени перспективи како средство на стратегискиот менаџмент“**, (на англиски), 30. Јубилејна меѓународна конференција и 4. Иницијатива на Alpe Adria универзитетите, „Безбедност на информационите системи и системите за деловна интелигенција“, Опатија, Хрватска, мај 2007<br>• **“Професионална едукација на ревизорите од Европска Унија и Република Македонија – компаративен пристап“** (на англиски), 10. Светски конгрес за сметководствена едукација и 3. Годишна меѓународна конференција за сметководство, Меѓународна асоцијација за едукација и истражување во сметководството, Истанбул, Турција, ноември 2006. | 5 |
| | **Вкупно** | **90,9** |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | | / |
| | **Вкупно** | **/** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија<br>• Спроведување на проценка на вредноста на капиталот на АД „Тутунски комбинат“ Прилеп, февруари – јуни 2012<br>• Ревизија на извршена проценка на вредноста на капиталот на АД Охис, Скопје, декември 2011 – февруари 2012<br>• Член на тим за вршење супервештачење во спор помеѓу АД Кјуби од Скопје и АД Емо од Охрид, октомври 2011 – ноември 2011 | 3 |
| 2. | Учество на промотивни активности на Факултетот | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | – 8 години | |
| 3. | Изработка на нов софтверски пакет<br><br>• Консултант во проект за имплементирање на софтвер OpenERP во Министерство за труд и социјална политика, јуни 2009 – јуни 2010 | 2 |
| 4. | Превод<br><br>• книга/учебник<br>❖ **Управувачко сметководство** во издание на Chartered Institute of Public Finance and Accountancy, јануари – мај 2012 – 3 поени<br>• дел од книга<br>❖ **Управувачко сметководство**, превод од англиски за потребите за стекнување на звање овластен ревизор во РМ – 1 поен<br>❖ **Финансиско сметководство**, превод од англиски за потребите за стекнување на звање овластен ревизор во РМ – 1 поен | 5 |
| 5. | Предавање на институции од јавен интерес<br><br>• Предавање по предметот управувачко сметководство на Институтот за овластени ревизори на РМ за стекнување на звање овластен ревизор, мај-јуни 2009 – 0,5 поени.<br>• Предавање по предметот управувачко сметководство на јавни службеници во рамки на проект на Министерството за финансии на РМ и Center for Excellence in Finance од Љубљана, Словенија, за стекнување на звање овластен сметководител во јавен сектор, август-септември 2012 – 0,5 поени.<br>• Предавање по предметот финансиско сметководство на јавни службеници во рамки на проект на Министерството за финансии на РМ и Center for Excellence in Finance од Љубљана, Словенија, за стекнување на звање овластен интерен ревизор во јавен сектор, март-април 2013 – 0,5 поени.<br>• Предавање по предметот финансиско сметководство на јавни службеници во рамки на проект на Министерството за финансии на РМ и Center for Excellence in Finance од Љубљана, Словенија, за стекнување на звање Овластен интерен ревизор во јавен сектор, мај-јуни 2013 – 0,5 поени | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | Член на комисија за изработка на подзаконски акти и национални документи<br><br>• Преведување на Меѓународни сметководствени стандарди за јавен сектор, Министерство за финансии на РМ и Center for Excellence in Finance од Љубљана, Словенија, март – мај 2013.<br>• Преведување и стручно читање на Меѓународните стандарди за финансиско известување, Институт на овластени ревизори на Република Македонија, Скопје, јануари 2009 – јуни 2010.<br>• Преведување и стручно читање на Меѓународните сметководствени стандарди, Институт на овластени ревизори на Република Македонија, Скопје, јануари 2009 – јуни 2010.<br>• Преведување и стручно читање на Меѓународните стандарди за ревизија, Институт на овластени ревизори на Република Македонија, Скопје, јануари 2009 – јуни 2010.<br>• Преведување и стручно читање на Кодексот на етика на професионални сметководители, Институт на овластени ревизори на Република Македонија, Скопје, јануари 2009 – јуни 2010. | 10 |
| 7. | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание<br><br>• Годишник на Економскиот факултет во Скопје 2009 | 0,5 |
| 8. | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир<br><br>• Меѓународна конференција по повод 60 години од основање на Економскиот факултет во Скопје | 1 |
| 9. | Студиски престој во странство<br><br>• До 3 месеци<br>  ◦ EDEN семинар за докторанди за пишување на докторска дисертација, Европски институт за напредни студии по менаџмент (EIASM) и ISM Универзитетот за менаџмент и економија, Вилниус, Литванија, јуни – јули, 2010 – 0,5 поени<br>  ◦ 26.11. – 28.12.2011 студиски престој на Универзитетот во Грац, Центар за сметководствени истражувања, Грац, Австрија – 0,5 поени | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | • Повеќе од 6 месеци<br>  ◦ **Август 2007 – Јули 2008** Студиски престој во рамките ECESP (East Central Europe Scholarship Program) програмата на Georgetown University и George Washington University, School of Accountancy во Washington, DC, USA – 2 поени | |
| 10. | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект (соработник)<br><br>• **Модел за унапредување на перформансите на човечките ресурси преку учење**, Министерство за образование и наука, Февруари 2010 | 0,5 |
| 11. | Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект (соработник)<br><br>• **Audit Profession and Regulation in Macedonia, Serbia and Albania through the prism of EU Eight Directive,** Regional Research Promotion Programme, 2012<br>• **Cross-Border Cooperation Programme Republic of Macedonia - Albania, 2007-2013**, 2010<br>• **Improve University Management and Students Relationship to Enable International Student Mobility**, TEMPUS IV, 2010<br>• **Establishment of the Center for Education of Accountants and Auditors – Institution Building,** TEMPUS, Joint European Project, 2006 | 4 |
| 12. | Член на факултетска комисија<br><br>• Член на Работен тим за изготвување на *supplement* диплома за департманот за Сметководство и ревизија, 2005 – 0,5 поени<br>• Член на Комисија за шифрирање на поднесените пријави за упис на нови студенти во I година во учебните 2005/2006, 2007/2008, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012, 2012/2013 година– 3 поени<br>• Член на Комисијата за подготовка и издавање на Водич за студенти на Економскиот факултет на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во учебната 2005/2006 година – 0,5 поени<br>• Член на Комисијата за подготовка и комплетирање на документи за добивање на ECTS label за Економскиот факултет во Скопје – 0,5 поени<br>• Член на Комисија за самоевалуација на студиски | 9 |

| | | |
|---|---|---|
| | групи, насоки-департмани и години на Економскиот факултет во Скопје – 0,5 поени<br>• Член на конкурсната комисија за спроведување на Конкурсот за запишување на студенти на Економскиот факултет – Скопје во учебната 2006/2007 година – 0,5 поени<br>• Секретар на Катедрата за сметководство и ревизија (два мандати 15.6.2006 до 1.9.2007 и од 15.6.2009 до 15.6.2011) – 1 поен<br>• Член на Комисијата за јавни набавки од 30.10.2006 до 1.9.2007<br>• Член на Комисијата за оценка на остварувањето на целите на наставата по предмети, департмани и студиски програми на додипломските студии на Факултетот, од 9.10.2008 – 0,5 поени<br>• Истражувач во Центарот за економски истражувања во рамките на Економскиот факултет во Скопје, декември 2009 – декември 2012 – 0,5 поени<br>• ЕКТС-координатор на студиската програма по сметководство и ревизија, од 17.6.2010 – 0,5 поени<br>• Член на одбор за издавање на Споменица 60 години Економски факултет – Скопје, 2011 – 0,5 поени<br>• Заменик-член на Комисија за јавни набавки, 2010-2012 – 0,5 поени | |
| 13. | Учество во комисии и тела на државни и други органи<br>• Член на Комисија за полагање на испит за стекнување на звање-овластен државен ревизор, Државен завод за ревизија, април 2013 | 1 |
| | **Вкупно** | 45 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 84,96 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 90,90 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | / |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 45,00 |
| **Вкупно** | **220,86** |

Скопје, 3.9.2013

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Блажо Недев, претседател с.р
2. Проф. д-р Зорица Б. Лазаревска, член с.р
3. Проф. д-р Зоран Миновски, член с.р

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ГРЕШКИТЕ НА МОРФОЛОШКО НИВО ВО АЛБАНСКО-АНГЛИСКИОТ МЕЃУЈАЗИК ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО Р. МАКЕДОНИЈА - МЕТОДИ И ТЕХНИКИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И КОРЕКЦИЈА“ ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р АФЕРДИТА САРАЧИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на својата 36. редовна седница одржана на 8.5.2013 година, избра Рецензентска комисија за оценка на докторската дисертација под наслов: „Грешките на морфолошко ниво во албанско-англискиот меѓујазик во средното образование во Р. Македонија - методи и техники за превенција и корекција“ изработена од м-р Афердита Сарачи.

Рецензентската комисија состав: д-р Екатерина Бабамова, редовен професор, д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор, д-р Зозе Мурговски, редовен професор, д-р Авзи Мустафа, редовен професор и д-р Агим Полоска, редовен професор, го проучи материјалот и има чест да го достави следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

1.Образложение на дисертацијата

**Терминот *меѓујазик* (interlanguage) е релативно нова кованица создадена од Селинкер (1972) и се однесува на јазикот што го создаваат учениците во процесот на совладување на немајчиниот јазик. Студиите од оваа проблематика ја потврдуваат хипотезата дека меѓујазикот е системски, до извесна мера предвидлив, и дека го следи природниот редослед во формирањето на јазикот воопшто.**

**Како искусен наставник по странски (англиски) јазик, Афердита Сарачи воочила дека усвојувањето на јазиците бара постојано акумулирање на структурни јадра, како и организирање на знаењето во разбирливи јазични структури кои би резултирале во оспособеност за успешна комуникација. Меѓутоа, реалноста е сосема поинаква. Учениците не наидуваат на тешкотии при акумулацијата на јазичните структурни јадра, туку кога треба да го организираат нивното знаење во соодветни разбирливи комуникативни изкази. Појавата на овој забележлив јаз меѓу *акумулирање* и *организирање* на знаењето иницира едно сериозно прашање: каков јазик создаваат учениците при зборувањето и пишувањето на странскиот јазик. Имено, веќе неколку децении се води дебата околу улогата на мајчиниот јазик во процесот на усвојување на странскиот јазик. Како резултат на таа дебата се развија истражувањата од областа на контрастивната анализа и анализата на грешките. Меѓутоа,**

**резултатите од бројните емпириски студии укажаа на тоа дека голем дел од грешките направени од учениците не произлегуваат од нивниот мајчин јазик.**

**Ваквите сознанија ги поттикнаа лингвистите да се обидат да одговорат на прашањата зошто учениците прават грешки и зошто во нивниот развоен јазик (меѓујазик) се појавуваат правила кои во текот на процесот им подлегнуваат на системските промени.**

**Тргнувајќи од овие прашања, кандидатката Афердита Сарачи го фокусира своето истражување кон менталните процеси со чија помош учениците го градат привремениот јазик меѓу мајчиниот јазик и јазикот-цел. Терминот што се употребува за да се опише овој преоден јазик е „меѓујазик“, кој, според Селинкер, означува привремена граматика која е системска и составена од правила. Сарачи како голем педагошки предизвик решава да ги проучи петте основни когнитивни процеси од кои произлегуваат правилата на т.н. привремена, развојна граматика, особено одразени во грешките од морфолошка природа.**

## 2. Цели на дисертацијата

**Истражувањето има за цел да даде одговор на следниве истражувачки прашања:**

**-до кој степен препознавањето на морфолошките грешки во албанско-англискиот меѓујазик можат да придонесат за поквалитетно усвојување на јазикот;**

**-до кој степен грешките на албанско-англискиот меѓујазик се резултат на петте когнитивни процеси;**

**-каква е врската меѓу зачестеноста на грешките и изборот на методи и техники во наставата по англиски јазик.**

**Кога се опишува развојот на меѓујазикот, истражувачите ги групираат моделите формирани од учениците под еден заеднички термин наречен „привремена граматика“, при што се определува степенот или нивото на развој во процесот од мајчиниот јазик кон јазикот-цел. Притоа, последователниот развој е прикажан со точен редослед на појавата и зачестеноста на грешките, што е корисен извор за наставниците кои се обидуваат да ги разберат своите ученици во нивниот напор за успех и напредок во усвојувањето на странскиот, во случајов англискиот јазик.**

**Во својата дисертација, м-р Сарачи ја истражува и ја објаснува последователноста на грешките во меѓујазикот, гледана од перспектива на лингвистичките и когнитивните теории.**

## 3. Структура на дисертацијата

Дисертацијата содржи вовед, пет глави, додатоци и библиографија, на 208 страници компјутерски обработен текст.

*Првото поглавје* ги поставува теоретските основи на оваа студија. Во него е вклучен историскиот преглед на развојот на истражувањата на меѓујазикот, вклучувајќи ја и дискусијата за контрастивната анализа, анализата на грешките и студиите за развојот на морфемите. Понатаму кандидатката ги претставува најзначајните наоди од студиите за меѓујазикот, посветувајќи внимание на својствата на меѓујазикот. Накусо, појаснети се основните начела, но и критиките на контрастивната анализа, анализата на грешки, а од морфолошки аспект резимирани се студиите за редоследот на усвојување на морфемите, но и критиките на истите студии. Во однос на меѓујазикот, темелно е разработен концептот, структурата на системот базиран на универзалната. Посебно е истакнат развојниот процес на меѓујазикот, од симплификација до комплексност во употребата на јазикот-цел, при што секое новостекнато сознание се интегрира во основниот систем, а елементите од системот се преструктуираат или се отфрлаат (фази на само-корекција). Имено, меѓујазикот не се развива праволиниски, туку е рекурзивен и постојано се реконструира.

*Второто поглавје* ја опишува методологијата применета во ова истражување и дава образложение за начинот на кој е формиран корпусот врз кој е извршена анализата на добиените податоци. Кандидатката потсетува на основните цели на нејзиното истражување (истакнати погоре), проширувајќи ги со следниве специфични цели:

-кои морфеми ги користат учениците;

-кои функции се во состојба да ги остварат учениците;

-како ги остваруваат функциите;

-до кој степен развојот на морфемите е очигледен, т.е. предвидлив.

Следува анализа на јазичните карактеристики на испитаниците, релевантни за резултатите од истражувањето. Имено, до својата шеста година децата се најчесто монолингвални, што значи дека го зборуваат само мајчиниот јазик. Во основното училиште, уште од прво одделение, за децата од другите јазични заедници, македонскиот јазик како втор и, од неодамна, англискиот јазик како странски почнуваат да играат важна улога во нивните животи при комуникацијата. Со други зборови, детето почнува да станува повеќејазично уште во првата фаза од образованието. Бидејќи во оваа фаза граматиката на мајчиниот јазик не е целосно усвоена, детето природно се изразува со целиот јазичен систем што му е на располагање, па така процесот на комбинирање системи почнува уште на ова ниво. Гледано во континуитет, редоследот на употреба на јазикот е таков што албанскиот (мајчин јазик) станува доминантен дома и на училиште, македонскиот (втор јазик) надвор од дома и надвор од училиште, додека англискиот (или друг странски јазик) останува во училница. Понатаму, Афердита Сарачи ги појаснува и другите фактори кои влијаеле во изборот на учениците - испитаници, како што е претходното формално образование, нивото на предзнаења (според ЗЕРЈ), и, секако, желбата да се биде дел од едно научно истражување. За таа цел се создадени соодветни прашалници (информации за полот, возраста, мајчиниот јазик, јазик што се користи дома и сл.), а извршено е и усно и писмено тестирање за да се определи нивото на јазичните компетенции. Содржината на задачите е приспособена со цел да генерира релевантни податоци за ова истражување. Имено, задачите треба да генерираат спонтан јазик, да тестираат

основна јазична компетенција, да поттикнуваат примена на одредени морфеми кои се задолжителни за конкретниот контекст, задачи за стимулирана модификација и слично.

Во ова поглавје, од методолошки аспект, појаснети се општите принципи на анализата на меѓујазикот, како од аспект на формата (граматичка), така и од аспект на функцијата (комуникативна).

Во *третото поглавје* се изложени резултатите од истражувањето: прикажани се добиените податоци, проследени со дискусија за нивните особености. Контрастирани се податоците од писменото и усното тестирање на учениците, преку анализа на употребата на следниве морфеми:

-сегашен партицип *–ing;*

-копула *be;*

помошен глагол *be;*

-минато време - правилни глаголи *(-ed);*

-минато време - неправилни глаголи;

-изразување присвојност -*'s;*

-трето лице еднина *–s.*

Овие осум морфеми ќе се проследат и во дискурсот на учениците за да се види дали редоследот на нивното усвојување го следи општиот модел предвиден во литературата. Во писмениот тест се испитува дали учениците ги користат овие морфеми кога е потребно; ако ги користат, дали ги користат точно или погрешно; да се откријат причините за точната/неточна употреба. Кандидатката Афердита Сарачи успеална темелно и детално да ги испита сите аспекти од усното и писменото тестирање и да ги прикаже јасно и прегледно со табеларни и статистички показатели. Таа прави и мошне темелна длабинска анализа на компаративните показатели (разлики и сличности) меѓу усниот и писмениот дискурс. Како резултат на показателите, таа доаѓа до следниов заклучок:

-англискиот меѓујазик на албанските ученици се одвива преку создавање на интерни јазични системи. Во секоја фаза, учениците создаваат нивен меѓујазик, своја сопствена ментална граматика, сопствен систем на правила и функции. Од анализата произлегува дека времето за усвојување на морфемите меѓу нивоата на јазична компетенција не е исто, туку секоја морфема има свој пат на развивање. Меѓујазикот, од своја страна, не е статичен, туку се менува во зависност од импутот или напредокот што го прават учениците, па затоа меѓу трите нивоа на знаење ги препознаваме фазите на учење. Со други зборови, секое ниво на знаење има свој меѓујазик или континуум од меѓујазици.

Покрај тестовите на учениците, м-р Сарачи спровела и анкетирање на наставниците, со цел да се испитаат некои аспекти од методички и дидактички карактер, кои би биле релевантни за резултатите од истражувањето.

Во *четвртото поглавје* темелно се анализираат заедничките модели на употреба или отсуство на одредени морфеми во меѓујазикот кај испитаниците. Анализирано е темпото на развој и карактеристиките на грешките на морфолошко ниво кај учениците од средното образование. Покрај тоа, посочени се и стратегии и техники за корекција на грешките, т.е. за преминување на меѓујазикот на повисок степен. Кандидатката прави поделба на грешките на интерлингвални (јазичен трансфер) и интралингвални (јазична генерализација), како и на грешки што резултираат од погрешен модел во наставата, а потоа пристапува кон приказ на стратегии и техники за корекција на грешките во усниот и писмениот дискурс.

*Петтото, заклучно поглавје*, ги истакнува придобивките од ова истражување, од кои произлегуваат и насоки за сродни истражувања како надградба на стекнатите сознанија. Имено, студијата на м-р Сарачи докажа дека *видот на јазикот* што го користат учениците во дадените задачи варира во зависност од различните нивоа на знаење на учениците (нивоата дефинирани во ЗЕРЈ). Понатамошната анализа на обработените податоци откри дека *зачестеноста на видовите грешки* варира во рамките на секоја различна група. Статистички се покажа дека може да се направи корелација меѓу нивото на знаење и специфичните типови грешки. Со цел да се направи поспецифична класификација, како и идентификација на можните причини за грешките, направена е разлика меѓу грешките предизвикани од интерференција на мајчиниот јазик, наспроти оние што се резултат на генерализација или други фактори (нецелосно познавање на системот, или грешки од дидактичка природа).

Што се однесува до наставата по англиски како странски јазик, презентираниот корпус на грешки нуди информации за јазикот во употреба и може да послужи за унапредување на наставните програми и развивањето на наставните материјали, кои во моментот главно се базираат на грешките од интралингвална природа.

4. Заклучок и предлог

М-р Афердита Сарачи, како искусен наставник и истражувач во областа на применетата лингвистика, успеала да идентификува едно мошне актуелно подрачје за наставата по јазик воопшто и да го примени на специфична јазична ситуација. Денес, термините меѓујазик, интра/интеркултурализам и независно учење се доминантни во наставната теорија, а се повеќе навлегуваат и во наставната практика. Тезата на Афердита Сарачи ги проучува когнитивните процеси кои учествуваат во развојот и формирањето на јазичниот код, притоа анализирајќи ги развојните грешки на адолесцентите во средното образование, кои покрај мајчиниот албански јазик и македонскиот како втор јазик, вградуваат во когнитивната матрица и трет јазик: англискиот како странски јазик. На конкретен корпус, со соодветни инструменти, таа успеала да даде одговор на поставените истражувачки прашања изложени погоре и да даде соодветни насоки за

педагошките импликации, како и за понатамошни истражувања во доменот на когнитивната лингвистика.

Врз основа на сето досега изнесено, констатираме дека м-р Афердита Сарачи во целост ги реализирала целите поставени на почетокот на истражувањето, и имаме чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да му предложиме да го усвои извештајов и да ја повика кандидатката на јавна одбрана.

Скопје, 10.9.2013 година Рецензентска комисија

Д-р Екатерина Бабамова, редовен професор, с.р.

Д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор, с.р.

Д-р Зозе Мургоски, редовен професор, с.р.

Д-р Авзи Мустафа, редовен професор, с.р.

Д-р Агим Полоска, редовен професор, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕТО РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТОТ ПЛИВАЊЕ СО ВАТЕРПОЛО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура во Скопје бр. 0201/869/6 од 18. 6. 2013 година, избрана е Рецензентска комисија за изготвување предлог за избор на наставник по предметите пливање со ватерполо , на Факултетот за физичка култура, во состав: проф. д-р Ленче Алексовска-Величковска, проф. д-р Вујица Живковиќ и проф. д-р Јошко Миленковски.

На конкурсот за избор на наставник по предметите пливање со ватерполо , објавен во весникот „Дневник" на 7 јуни 2013 година, како и во весникот „Коха" на 8 јуни 2013 година, се пријави еден кандидат, вон. проф. д-р Наташа Мешковска. Врз основа на поднесените документи и личното познавање на кандидатката, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката д-р **Наташа Мешковска** е родена на 5 февруари 1972 година во Скопје. Осумгодишно образование стекнала во ОУ "Јан Амос Коменски" во Скопје, а средното образование, УФК "Методи Митевски-Брицо", го завршила во 1988/89 како првенка на генерацијата. Во истата учебна година се запишала на Факултетот за физичка култура, кој го завршила во 1993 година, со среден успех на студиите 9,52 и со одбрана на дипломска работа од областа на пливањето, која има научен карактер и е оценета со највисока оценка. Во периодот од 1992 до крајот на јануари 1999 година, била вработена како професионален тренер по пливање во АПК "Студент" од Скопје, а од февруари 1999 година е вработена како помлад асистент по предметот пливање со ватерполо. Откако мошне успешно ги положи предвидените испити на постдипломските студии, на 14 јули 1999 година го одбрани магистерскиот труд под наслов: **ВЛИЈАНИЕТО НА НЕКОИ БИОМЕХАНИЧКИ ПАРАМЕТРИ ВРЗ РЕЗУЛТАТИТЕ ВО ИНДИВИДУАЛНИТЕ ДИСЦИПЛИНИ ВО ЖЕНСКОТО ПЛИВАЊЕ НА ОЛИМПИСКИТЕ ИГРИ ВО АТЛАНТА 1996 ГОДИНА**, со што се стекна со звањето ***магистер на науки во областа на физичката култура.*** Со таа референција на 18 декември 2000 година, избрана е во звањето асистент по предметот пливање со ватерполо, место на кое се наоѓа во овој момент.

На 27 јуни 2003 година јавно и успешно ја одбрани својата докторска дисертација под наслов: **СТРУКТУРА НА НЕКОИ РЕЛЕВАНТНИ БИОМЕХАНИЧКИ ПАРАМЕТРИ И РЕЛАЦИЈА СО УСПЕШНОСТА ВО НЕКОИ ПЛИВАЧКИ ДИСЦИПЛИНИ НА ОЛИМПИСКИТЕ ИГРИ ОДРЖАНИ ВО СИДНЕЈ ВО 2000 ГОДИНА**, со што го стекна звањето ***доктор на кинезиологија***, а во ноември 2003 година е избрана во звањето насл. доцент по предметот пливање со ватерполо. На 16.1.2008 е избрана во звањето вонреден професор на Факултетот за физичка култура во Скопје по предметот пливање со ватерполо.

## 2. СПОРТСКА, ОПШТЕСТВЕНА И ПЕДАГОШКА АКТИВНОСТ

**Вонр. проф. д-р Наташа Мешковска** својата спортска кариера ја започнала на 8 годишна возраст, како членка на тогашниот ПК "Работнички", каде што ги направила своите први пливачки чекори, а како пионерка продолжила да се подготвува и да настапува за АПК "Студент" од Скопје, каде што останала до крајот на својата успешна спортска кариера и каде што ги остварила своите најголеми спортски достигања. Во текот на своето активно спортување има освоено над 300 медали, од кои повеќето на меѓународни пливачки митинзи, а нејзините витрини ги красат над 30 пехари. Од многубројните успешни настапи ги издвојуваме следниве: на Државното првенство одржано во Белград во 1986 година, Мешковска првпат станала државна првенка во сениорска конкуренција, во поранешна Југославија и оттогаш па се до распаѓањето на Југославија, била репрезентативка и државна рекордерка на 200 м делфин. Своите најголеми успеси на меѓународен план ги постигнала во дисциплината 200 м делфин, во која за првпат настапила на Европското сениорско првенство што се одржа во Бон во 1989 година, каде што со нов државен рекорд го освои шестото место во Б-финалето, со што ја исполнила нормата за учество на Светското првенство одржано во Перт во 1991 година. На тоа Првенство, во истата дисциплина, го освоила седмото место во Б- финалето, со што ја исполнила нормата за учество на Олимписките игри во Барселона во 1992 година.

Мошне успешни настапи на меѓународната сцена Мешковска остварила во натпреварувачката 1991 година, кога на Медитеранските игри, одржани во Атина, на 200 м делфин го освоила четвртото место и само за 6 стотинки не го освоила бронзениот медал, што, пак и успеало да го оствари на Балканското првенство одржано во Скопје, кога во извонредно возбудлива трка го освоила бронзениот медал. Во наведената година има уште забележителни резултати и пласмани на меѓународна сцена. Така, на Универзијадата одржана во Шефилд-Англија, го освоила второто место во Б-финалето, а на Европското првенство во Атина, го освоила четвртото место во Б-финалето.

На Олимписките игри одржани во Барселона '92 година, Мешковска настапила како независен спортист (како и другите спортисти од Македонија), од познатите причини, и во нејзината дисциплина, 200 м делфин, со извонреден резултат од 2.16,54 (една стотинка послаб од нејзиниот најдобар), го освоила 18-тото место, пласман за кој од тогашната СОФК на Македонија е прогласена за спортист на Македонија за 1992 година.

Во натпреварувачката 1993 година, Мешковска имала забележителни настапи на митинзите во рамките на Светскиот куп и освоени бронзени медали во Лечестер, Монтреал и Милано, а на Универзијадата одржана во Бафало го освоила четвртото место во Б-финалето. Овие пласмани досега не се надминати од наши пливачи.

Во натпреварувачката 1994 година, Мешковска имала повеќе успешни меѓународни настапи, меѓу кои го издвојуваме освоениот златен медал на 200 м. делфин на меѓународниот пливачки митинг "Аламо челенџ", одржан во Форт Лодердејл, како и сребрениот медал освоен на митингот во Виена.

Следната 1995 година ја одбележуваат нејзините успешни настапи на Светското првенство во 25-метарски базени, одржано во Рио де Жанеиро, каде што на 200 м., делфин го освоила извонредното второ место во Б-финалето, со време 2.13,65, што претставува нов државен рекорд, како и четвртото место во Б-финалето на Европското првенство одржано во Виена.

Во олимписката 1996 година, Мешковска има успешни настапи на митинзите во рамките на Светскиот куп во Гелзенкирхен, Париз и Империја, каде што во мошне силна конкуренција ги освоила петтите места во А-финалето, како и бронзениот медал на митингот во Феникс, Аризона.

На Олимписките игри одржани во Атланта '96 година, на својот последен настап, Мешковска имала огромна желба да го оствари својот спортски сон, пласман во Б-финалето, но во таа намера ја спречи непријатна повреда на 'рбетниот столб, здобиена два месеца пред настапот, со што остана без реализиран спортски сон, што не е редок случај кај успешните спортисти.

По завршувањето на ретко успешната спортска кариера, Мешковска продолжила да работи како професионален тренер во АПК "Студент", каде што, покрај другото, формирала и пливачка школа што го носи нејзиното име и во која членуваат над 200 деца.

Кандидатката Наташа Мешковска е активно вклучена во телата и активностите на Македонскиот олимписки комитет, каде што беше потпретседател на МОК и член на Управниот одбор, беше шеф на македонската олимписка делегација на ЗОИ, кои се одржаа во Нагано '98 година, и на нашата олимписка делегација на Летните ОИ што се одржаа во Сиднеј во 2000 година. Иако најмлада од сите шефови на мисиите, според едногласните констатации, таа со голем успех ја реализирала оваа одговорна функција. Инаку, во периодот од 1998 таа работи како тренер на врвни пливачи и како селектор на младинската репрезентација. Најголем успех досега е сребрен медал на Европското првенство во Малта, кој го освои нејзината пливачка Весна Стојановска во дисциплината 200 метри пеперутка.

Во овој момент работи и како шеф на стручниот штаб по пливање во пливачкиот клуб ,,Бета“, при спотскиот центар „Борис Трајковски“, каде што има над 600 деца - членови, од кои дел од нив ќе бидат наши идни олимпиици.

За промоција на спортот има реализирано повеке телевизиски проекти, како што е Олимпискиот квиз на МТВ, ТВ шоуто „Посилен пол", како и голем број гостувања во ТВ и радио емисии

Во наставната програма, при Факултетот за физичка култура и спорт, досега е ангажирана во следниве насоки, во кои одржува предавања и вежби:

- предавања на студенти на насоката физичко воспитување,

- предавања на студенти на насоката спорт,

- предавања на постдипломски студии.

Од нејзиното ангажирање во работата со студентите на практичната настава по предметот пливање со ватерполо, како и желбата максимално да им помогне во совладувањето на наставната материја, и од беспоштедно ангажирање во создавањето идни врвни пливачи (во моментов како тренер подготвува мошне надежни млади пливачи од ПК „Бета"), произлегува констатацијата дека нејзиното педагошко искуство е на потребното рамниште за местото на кое конкурира.

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

**Објавени трудови до изборот во звањето помлад асистент**

Во периодот до изборот за помлад асистент, Наташа Мешковска како автор и коавтор, има објавено три научни труда, кои се рецензирани и објавени во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" број 726 од 15 февруари 1999 година.

**Објавени трудови до изборот во звањето асистент**

Во периодот до изборот во звањето асистент, кандидатката д-р Наташа Мешковска, како коавтор, има објавено еден научен труд што е рецензиран и објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", број 767 од 1 декември 2000 година.

**Трудови објавени во периодот од изборот во звањето насловен доцент до денес**

Во периодот од изборот во звањето насловен доцент до денес, кандидатката насло. доц. д-р Наташа Мешковска, како автор и коавтор, учествувала во подготвувањето на 4 учебни помагала и 4 научни трудови.

1. **ПРАКТИКУМ ПО ПЛИВАЊЕ,** наменет за студентите на Факултетот, кој е позитивно рецензиран и објавен во 2005 година во Скопје.

**2. ПЛИВАЊЕ - ОСНОВИ НА ТЕХНИКАТА И МЕТОДИКА,** 2005 година, Скопје, учебник, како основна литература за студентите на ФФК.

**3. ВАТЕРПОЛО - ОСНОВИ НА ТЕХНИКАТА И ТАКТИКА,** 2006, Скопје, учебно помагало за студентите на ФФК.

**4. ОСНОВИ НА ТРЕНИНГОТ НА ПЛИВАЧИТЕ.** Учебно помагало како основна литература за студентите на ФФК, насока спорт, Скопје 2008.

**5. Мешковска Н.: Структура на некои релевантни биомеханички параметри и релација со успешноста во дисциплината 200 м. краул-женски на ОИ во Сиднеј, 2000 година.** Меѓународен научен собир, Ниш 2007.

**6. Мешковска Н.: Утицај различитих програма обуке непливача на усвојеност знања непливача, 2006, Пливачки Савез Централне Србије.**

**7. Мешковска Н.: Факторска структура бацања на гол са унутрашње линије пивотмена и крилних играча код екипа Македонског и Немачког Националног првенства.** Меѓународен научен собир, Ниш, 2007.

**8. Мешковска Н.: Структура на некои релевантни биомеханички параметри и релација со успешноста во дисциплината 200 м делфин - женски на ОИ во Сиднеј, 2000 г.** Меѓународен научен собир, Ниш 2007.

**Трудови објавени во периодот од изборот во звањето вонреден професор до денес:**

1. Aleksovska- Velickovska L., Meškovska N., Popovski L., Stanicic Z.- Factors structure of phychological space in the athletes from different sports in Macedonia “. Research in physical education , sport and health, Vol 1,, June 2012.
2. Jorgic B., Puletic M., Okicic T., Meskovska N ”Znacaj odredjivanja maksimalne potrosnje kiseonika kod plivaca”. Facta Universitas 2011, Vol 9. br 2.
3. Meskovska N., Trbogazov D., “Structure of some relevant biomechanical parameters and relations with success in the men’s swimming event 200 medley at the Olympic Games in Sidney 2000 “Research in physical education, sport and health, Vol 1, No 1., June 2012.
4. Meskovska N., Trbogazov D., Trajkovska S., Markovic V. “The influence of some relevantand biomechanical parameterson the resultsin the event 100 meters butterfly in womens swimming at the Olympic Games in Atlanta 1996.” Research in physical education, sport and health , Vol 1, No2, Skopje 2012.
5. Aleksovska-Velickovska L., Naumovski M., Strezovski G., Markovski N., Meskovska N. “Differences in some genuine personality traits between a athletes from different sports disciplines and not athletes in Macedonia”. Research in physical education , sport and health, Vol 1, No 2, Skopje 2012.
6. Anastasovski I., Aleksovska- Velickovska L., Meskovska N. “ Impact og age as a factor of deviant behavior of visitors in the sports events in the Republic of Macedonia “. Research in physical education, sport and health, Vol 2, No 1, Skopje 2013.

7. Popovski L., Naumovski M., Dadasovic M., Meskovska N. “The impact of motivates for engaging in physical and sports activity with different level of physical activity”. Research in physical education , sport and health, Vol 2, No 1, Skopje 2013.

**Учество во меѓународни проекти:**

- проект:„Терапевтско пливање во МКД, за лица со посебни потреби“, поддржан од Влада на РМ;

- проект: „Пливање за деца со оштетен вид“, во соработка со Пливачки сојуз на Србија, подржан од општина Крагуевац;

- проект: „Спроведување на програми за обука на непливачи во РМ и Србија“.

**Учество на семинари**:

- Меѓународен семинар за терапевтско пливање „Слобода во вода“ , Скопје 2011, предавач Јохан Ламбек;
- Меѓународен семинар за пливачки тренери во Солун, 2011;
- Семинар „Жената во спортот“, МОК, 2009;
- Семинар за пливање за деца со оштетен вид, Белград 2010;
- Семинар за обука на непливачи, Крагуевац 2010;
- Меѓународен семинар во САД, 2011 година „Sport clinic"

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на изнесеното, Комисијата едногласно заклучи дека кандидатката **проф. д-р НАТАША МЕШКОВСКА** во целост ги исполнува бараните услови предвидени со Законот за високото образование и Статутот на Факултетот за физичка култура за наставник по предметите за кој конкурира, и има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот да биде избрана во звањето **РЕДОВЕН ПРОФЕСОР** по предметот **ПЛИВАЊЕ СО ВАТЕРПОЛО** .

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Ленче Алексовска- Величковска с.р.

Проф. д-р Вујица Живковиќ с.р.

Проф. д-р Јошко Миленковски с.р.

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** д-р Наташа Мешковска

**Институција:** Факултет за физичка култура - Скопје

**Научна област:** општествени науки – кинезиологија

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. Број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на настава | |
| 2. | - од прв циклус студии<br><br>**НАСОКА ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ**<br><br>Ги предава предметите: основи на пливање и спортско пливање во физичкото образование и спортот, во периодот 2008-2010 година, во два семестра (I и II), со две групи студенти, со фонд 2+1 и 2+1, што носи **48 бода**<br><br>**НАСОКА: СПОРТ** (стар наставен план)<br><br>Предава 2 предмети и тоа: основи на пливање и спортско пливање, I и II семестар за период от 2008 до 2010 година, со две групи студенти, со фонд 2+1 и 2+1, што вкупно носи **48 boda**<br><br>**НАСОКА: ФИЗИЧКО И ЗДРАСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ И НАСОКА СПОРТ** (нов наставен план)<br><br>Предава 1 предмет на насоката физичко воспитание, пливање со ватерполо, со фонд 2+4 , во II семестар, од 2010 до 2013. **22 boda**<br><br>**НАСОКА: СПОРТ** (нов наставен план)<br><br>Предава 6 предмети на насоката спорт: теорија на одбран спорт, 2+0, прв семестар. физичка подготовка на одбран спорт, 2+2, прв семестар, методика на избран спорт, 2+2, втор семестар, техника на избран спорт, 2+2, втор семестар, тактика на избран спорт, 2+2, трет семестар, педагошка пракса со изработка на дипломска, 2+2, | 190 |

| | | |
|---|---|---|
| | шести семестар, 2010/2013 година, со две групи студенти, што вкупно носи<br><br>Предавања; Изборен предмет: Ватерполо **72 boda** | |
| 3. | - од втор циклус студии; предмет "мерења и тестирања во пливањето" | 2,5 |
| 4. | Одржување на теренска настава | 1,2 |
| 5. | Консултации со студенти | 1,8 |
| 6. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура | 0,3 |
| 7. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (20 пати) | 2 |
| 8. | Рецезент на универзитетско учебно помагало, на Катедрата за пливање во Ниш. "Пливање", 2008. Окичич Т., Ахметович З., Мадич Д., Допсај М., Александрович М. | 1 |
| | **ВКУПНО** | **198** |

**НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. Број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Jorgic B., Puletic M., Okicic T., Meskovska N ”Znacaj odredjivanja maksimalne potrosnje kiseonika kod plivaca”. Facta Universitas 2011, Vol 9. br 2. | 2,8 |
| 2. | Aleksovska- Velickovska L., Meskovska N., Popovski L., Stanicic Z.- Factors structure of phychological space in the athletes from different sports in Macedonia “. *Research in physical education , sport and health,* Vol 1,, June 2012. | 2,8 |
| 3. | Meshkovska, N. & Trbogazov, D. (2012). Structure of some relevant biomehanical parameters and relations with success in the men’s | 3,6 |

| | | |
|---|---|---|
| | swimming discipline 200 meters individual medley swimming at the olympics games held in Sydney 2000, *Research in the physical education, sport and* health, 1(1), 81-85 | |
| 4. | Meskovska N., Trbogazov D., Trajkovska S., Markovic V. "The influence of some relevantand biomechanical parameterson the resultsin the event 100 meters butterfly in womens swimming at the Olympic Games in Atlanta 1996." Research in physical education, sport and health , Vol 1, No2, Skopje 2012. | 2,8 |
| 5. | Aleksovska- Velickovska L., Naumovski M., Strezovski G., Markovski N., Meskovska N. "Differences in some genuine personality traits between a athletes from different sports disciplines and not athletes in Macedonia". *Research in physical education , sport and health*, Vol 1, No 2, Skopje 2012. | 2,8 |
| 6. | Anastasovski, I., Velickovska, A. L., Meshkovska, N. (2013). Impact of age as a factor of deviant behaviour of visitors in the sports events in the republic of Macedonia, *Research in the physical education, sport and* health*,* 1(2), 49-53 | 3,2 |
| 7. | Popovski, L, Naumovski M., Dadasovic, M. , Meshkovska, N. .(2013) The impact of motives for engaging in physical and sports activity withdifferent level of physical activity**,** *Research in the physical education, sport and* health*,* 1(2), 43-48 | 2,8 |
| 8. | Учесник во меѓународен научен проект<br><br>-Утицај различитих програма обуке непливача на усвојеност знања непливача, Пливачки савез Србије, 2008. | 5 |
| 9. | Интернационален семинар по терапевтско пливање :„Слобода во вода", Скопје, 2011. | 1 |
| 10. | МОК,семинар: „Жената во спортот", состојби и перспективи", Скопје, 2-4 декември 2009. | 0,5 |
| 11. | Меѓународна конференција, Обука на непливачи во Србија, Крушевац, 2010. | 1 |
| 12. | Учество со реферати и програми организирани од спортски федерации | 1 |
| 13. | Меѓународен семинар во САД, 2011 година „Sport clinic" | 1 |
| | ВКУПНО | **30,3** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. Број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Поглавје во книга – коавтор | 2 |
| 2. | Селектор на младинскатата репрезентација во пливање | 4 |
| 3. | Претседател на комисијата за меѓународна соработка при МОК | 2 |
| 4. | Член на управен одбор на МОК | 1 |
| 5. | Член на факултетска управа | 0,5 |
| | **ВКУПНО** | **9,5** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **ПОЕНИ** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 198 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 30,3 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 9,5 |
| **ВКУПНО** | **237,8** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Ленче Алексовска- Величковска с.р

Проф. д-р Вујица Живковиќ с.р.

Проф. д-р Јошко Миленковски с.р

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПЛУРАЛИЗМОТ ВО СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА НА СТАРИТЕ ЛИЦА”, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ДАНИЕЛ ПАВЛОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата 40. редовна седница одржана на 2.7.2013 година, донесе одлука за формирање Комисија за оцена на докторската дисертација под наслов ***Плурализмот во социјалната заштита на старите лица***, поднесена од м-р Даниел Павловски, во состав: *проф. д-р Сунчица Димитријоска, проф .д-р Дивна Лакинска, проф. д-р Димитар Трајковски, проф. д-р Сузана Борнарова и доц. д-р Светлана Трбојевиќ.*

Заблагодарувајќи му се на Наставно-научниот совет за укажаната доверба, го поднесуваме следниов

### ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на м-р Даниел Павловски „Плурализмот во социајлната заштита на старите лица“, се состои од 295 страници, од кои 273 се однесуваат на теоретско-емпириската разработка на проблемот, 12 страници се однесуваат на користената литература и 10 страници се прилози. Најголемиот број на библиографските единици користени при пишувањето на трудот се од понов датум и од современата литература од англиското говорно подрачје.

Докторската дисертација на м-р Павловски претставува научно-емпириска студија која глобално е структурирана во две посебни логички заокружени целини, односно теоретски и истражувачки дел.

Првиот дел претставува теоретска обработка на предметот на истражувањето, а вториот дел ги опфаќа истражувачките активности и резултатите кои се добиени од нив.

Теоретскиот дел се состои од три поглавја и основната цел е да се објаснат сите елементи кои се значајни за староста и социјалната заштита, плурализмот во социјалната заштита на старите лица, сервисите за поддршка на старите лица и правните основи на социјална заштита.

Во првата глава со наслов „Староста и социјалната заштита”, кандидатот ги анализира поимите старост и стареење, елаборирајќи дел од приодите кои различни автори ги користат во дефинирањето на овие поими, при што укажува на тешкотиите поради фокусираноста на истражувачите на одредено научно подрачје (биолошко, психолошко, социјално), како и поради разликите меѓу одделни општества и култури. При анализата на податоците за процентуалното учество на старите лица во вкупното население во светот, како и на податоците одделно по региони, кандидатот заклучува дека бројот на стари лица во вкупниот број на населението се зголемува многу побрзо во

споредба со која било друга возрасна група и претставува значајан тренд во 21 век кој предизвикува сериозни и далекусежни последици. Податоците на Обединетите нации (УНФПА) говорат дека едно од девет лица во светот е на возраст над 60 години, но и претпоставка е дека овој број ќе се зголеми на еден од пет до 2050 година, заради што стареењето на населението е област која претставува интерес за научно проучување.

Кандидатот укажува дека според податоците на ЕУРОСТАТ, структурата на населението во ЕУ се менува и прогресивно старее. Проценките покажуваат дека на 1 јануари 2010 година, во 27 земји-членки на ЕУ, живеат 501,1 милион лица, од кои 87,1 милион се на возраст над 65 години, односно процентот на старо население изнесува 17,4% од вкупниот број на населението (ЕуроСтат, 2012).

Кандидатот го анализира и процесот на демографското стареење во Република Македонија и заклучува дека таа, како и најголем број земји во светот, се соочува со значителни промени во структурата на населението. Учеството на старото население се зголемува, и тоа од 6,2% во 1948 година, на 10,6% во 2002 година (Стратегија за демографски развој на Република Македонија, 2008), како и податоци од Државниот завод за статистика кој според проценките што се однесуваат за состојба на 31 декември за секоја година, покажува дека учеството на старо население на возраст над 65 години во вкупниот број на население на крајот од 2012 година изнесува 12%, што укажува дека Република Македонија за помалку од шеесет години прескокна три стадиуми на демографското стареење и денес се наоѓа во состојба на демографска старост.

При анализирањето на дефинирањето на поимот социјална заштита, кандидатот заклучува дека се отвора прашањето за дилема од стручната јавност за соодветноста на овој термин и за можноста од изнаоѓање негова соодветна замена. Кандидатот се согласува со фактот на кој укажуваат дел од научниците дека е подобро да се зборува за „социјални права на граѓаните”, отколку за „заштита” која асоцира на зависност и неспособност (Puljiz et al. 2003). Кандидатот укажува и на влијанието што процесот на демографско стареење и трансформацијата на структурата на семејството го остварува врз системите за социјална заштита. Опишани се целите на системите за социјална заштита на старите лица, како и разликите што постојат помеѓу универзалниот и селективниот пристап во обезбедувањето права и услуги за старите лица. Низ детална елаборација се прикажани клучните елементи на системите за социјална заштита на старите лица што постојат во одделни земји во светот, комбинирајќи ги пристапите и анализите прикажани во трудовите на Еспинг Андерсон (1990) и Антонен и Сипилија (1996). Кандидатот го анализира и влијанието на економските, историските, културните и религиозните сили врз системот на социјалната заштита, што предизвикува градење на два генерални пристапа во рамките на политиките и стратегиите за старите лица, и тоа универзален и селективен.

Кандидатот ги анализира формалните и неформалните системи за заштита на старите лица и нивните индивидуални карактеристики и го поставува прашањето за соодносот и воспоставувањето рамнотежа помеѓу формалните и неформалните системи, со цел обезбедување соодветна заштита на старите лица. Кандидатот ја истакнува потребата од индивидуалност на услугите и сервисите кои се потребни да се доставаат до

старите лица. Анализирани се системите за социјална заштита во САД и Велика Британија, скандинавските земји (Шведска, Данска, Норвешка и Финска), медитеранските земји (Грција, Шшанија, Португалија, Италија, Кипар и Малта) и северноевропските земји (Германија, Австрија, Холандија, Франција и Белгија). Кандидатот заклучува дека постои ,,контрантиг"- договор помеѓу државата од една и приватниот и непрофитен сектор од друга страна, што овозможува одржливост на системите и надминување на предизвиците со кои се соочуваат системите, особено балансирање на заштита во домашни услови и онаа што се испорачува во институции.

Кандидатот укажува дека под влијание на голем број економски, социјални, политички и други причини, општествата го моделираат својот однос и степен на поддршка кон старите лица, како резултат на менувањето на балансот помеѓу семејната и општествената грижа за старите лица (Lowenstein, 2007). Поради овие причини се опишува улогата и важноста на семејството во давањето помош и поддршка на своите стари и немоќни членови, меѓутоа се анализира и потребата од државни мерки со цел обезбедување поддршка на семејството во извршувањето на оваа негова функција. Детално е анализирана поделбата на социјалната заштита на институционална и вонинституционална, се опишуваат нивните карактеристики, нивните предности и недостатоци, како и светските трендови во нивната употреба.

Во докторската теза дефиниран е и поимот „социјални услуги" и се опишуваат неговите клучни карактеристики. Објаснети се начините и стратегиите за испорака на услугите до старите лица, како и видот и начинот на нивно плаќање. Во трудот е елаборирана поделбата на социјалните услуги наменети за старите лица и постоењето на широк спектар и варијации на услуги во зависност од културните, економските, политичките, социјалните и вредносни карактеристики на секоја земја одделно.

Втората глава од трудот под наслов „Плурализмот во социјална заштита на стари лица" се фокусира на клучните прашања и аспекти кои непосредно се однесуваат на процесот на плурализам во социјалната заштита на старите лица. Кандидатот ги анализира моделите на меѓусебна поврзаност помеѓу државата, пазарот и граѓанското општество и заклучува дека нивната улога и одговорност во областа на социјалната заштита се менува во текот на историјата (Evers and Laville, 2004). Поради овие причини, во трудот се објаснуваат и се анализираат причините за примената на плурализмот, почетоците на примената на плурализмот во социјалната заштита на старите лица во светот, опишани се неговите позитивни аспекти и презентирани се научните размислувања за различните улоги на државата и другите релевантни субјекти низ историјата. Во овој дел на докторската теза се објаснети и предизвиците со кои се соочуваат јавните власти во обезбедувањето услуги од социјална заштита на старите лица, потребата од соработка и споделување на ризиците и одговорноста со другите субјекти, како и објаснувањата за влијанието на плурализмот врз обемот и квалитетот на социјалната заштита на старите лица.

Анализирани се почетоците на процесот на плурализмот во Република Македонија со информации за тоа кога се поставени основите за негова примена и кога е започнат овој процес. Кандидатот ги анализира основните законски одредби кои ја овозможуваат

имплементацијата на плурализмот во заштитата на старите лица, анализирајќи го Законот за локална самоуправа (2002) и можноста за имплементирањето на принципот на децентрализацијата кој овозможува пренесување на одговорноста, овластувањата и финансиските ресурси за извршување на јавните функции од централната власт на пониски владини и квазивладини организации, здруженија на граѓани и субјекти од приватниот сектор (Tausz, 2002). Имајќи предвид дека во Република Македонија во тек е процес на децентрализација, во трудот се посветува соодветно внимание на објаснување на комплементарноста на процесот на децентрализација со процесот на плурализација во социјалната заштита на старите лица. Анализирани се целите на децентрализацијата, нејзините клучни аспекти, како и придружните елементи и процеси кои се важни за успешна и ефикасна примена на децентрализацијата во оваа област. Во анализата на овој процес се посветува внимание и на предизвиците со кои тој се соочува во неговата практична примена и реализација. Исто така, презентирани се и податоци и информации за законската основа и почетоците на процесот на децентрализација во областа на социјалната заштита на старите лица во Република Македонија.

Во однос на политиките за социјална заштита на старите лица, државата дефинира пристап за задоволување на потреби, поделба на одговорностите помеѓу јавниот и приватниот сектор, дефинира критериуми за тоа која категорија стари лица треба да добијат услуги, вид на услуги што ќе ги добијат, субјект ги испорачува услугите и на која основа и сл. (Family Caregiver Alliance, 2006a). Се анализира улогата на државата во обезбедувањето социјални услуги за стари лица, но се анализираат и причините за потребата од намалување на нејзината одговорност како финансиер и испорачувач на услугите. Кандидатот прави научна анализа и објаснување за местото и улогата на клучните актери, кои според процесот на плурализам, се вклучени во обезбедувањето услуги од социјална заштита на стари лица. Во овој дел е објаснета поделбата на државните програми за социјална заштита на стари лица што постојат во светот со компративно разгледување на сличностите и разликите кои постојат помеѓу нив.

Исто така, се опишуваат надлежностите на општините во областа на социјалната заштита на старите лица и можностите за нивно остварување и предизвиците со кои се соочуваат општините, како и начините за нивно ефикасно надминување. Се детектираат клучните аспекти и субјекти кои се од исклучителна важност за обезбедување социјални услуги на локално ниво и се анализира можноста и потребата за координација на активностите кои ги реализираат различните субјекти. Анализирани се и најзначајните елементи на локалниот пристап во решавање на социјалните проблеми на старите лица и можностите за негова успешна примена. Кандидатот заклучува дека воведувањето на локалните вонинституционални форми на заштита во кои самото старо лице, неговото семејство и потесната социјална средина имаат активна и важна улога, претставува пристап кој им дава можност на старите лица сами да одлучуваат за својата судбина (Walker and Maltby, 1997).

Опишана е улогата и на невладиниот сектор во социјалната заштита на старите лица, како и неговите основни карактеристики и цели во оваа област и причините за неговото сѐ поголемо учество во обезбедувањето социјални услуги, како и неговата позиционираност и предности во однос на останатите субјекти. Соодветно внимание се

посветува и на законската основа која го регулира учеството на невладиниот сектор во областа на социјалната заштита на старите лица во Република Македонија.

Направена е анализа на причините и потребата за вклучување и на приватниот профитен сектор во областа на социјалната заштита на старите лица. Презентирани се предностите и можните ризици од неговата активност во оваа област, како и начините за регулирање на меѓусебните односи со државата. Кандидатот го анализира моделот на јавното приватно партнерство, како една од можностите за вклучување на профитниот сектор во обезбедувањето социјални услуги, карактеристиките и предностите на овој модел, како и законските одредби со кои се регулира оваа област во Република Македонија.

Третата глава од трудот под наслов „Правни основи за социјална заштита на старите лица” се фокусира на анализа на правните основи за плурализација на социјалната заштита на старите лица. Кандидатот прави деталната анализа на меѓународна регулатива на два документа на Обединетите нации кои се од исклучителна важност во напорите за создавање услови за квалитетен и достоинствен живот на старите лица „Мадридски меѓународен акционен план за стареење” и Министерската декларација, усвоена во Виена во 2012 година, „Обединување општество за сите генерации: промовирање квалитетен живот и активно стареење”.

Кандидатот м-р Павловски го анализира позитивното законодавство во Република Македонија за заштитата на старите лица, елаборирајќи ги одредбите содржани во: Уставот, Законот за социјална заштита, Законот за семејство, Националната стратегија за стари лица 2010 – 2020, Националната програма за развој на социјалната заштита 2011 – 2021 и Програмата за остварување на социјалната заштита за 2013 година. Кандидатот укажува на воспоставената добра хармонизација на македонското со меѓународното законодавство за социјална заштита на старите лица со почитување на основните начела на хуманизмот, социјална правда и солидарност темелено вградена во националната легислатива.

Врз основа на поставените хипотези и резултатите кои се добиени со истражувањето, кандидатот м-р Даниел Павловски изведува релевантни заклучоци користејќи прецизен научен јазик. При толкувањето на добиените наоди, своите сознанија ги поврзува со сознанијата на други афирмирани автори од оваа област.

Кандидатот врз основа на добиените резултати од истражувањето, со анализа на законската регулатива, како и активностите на сите релевантни субјекти во областа на социјалната заштита на старите лица ја потврдува *посебната хипотеза дека со плурализмот во социјалната заштита на стари лица се создава можност за вклучување на поголем број актери во обезбедувањето социјални услуги,* каде што освен јавниот сектор кој во минатото беше единствен во испорачувањето социјални услуги, во оваа област се вклучија и општините, невладиниот сектор и приватниот профитен сектор.

*Со самата имплементација на плурализмот во социјалната заштита на старите лица се создаде поголема понуда на социјални услуги*, се зголемија

сместувачките капацитети за институционална социјална заштита на стари лица со отворање на приватните домови за стари лица.

*Резултатите од истражувањето на кандидатот потврдуваат дека со плурализмот во социјалната заштита на старите лица се нудат нови форми на заштита*, пред сè станува збор за вонинституционалните форми-Дневен центар за стари лица и Центар за давање помош во домашни услови во рамките на локалната заедница во која живее старото лице, што влијае врз квалитетот на животот на самото старо лице и неговата вклученост во локалната заедница.

*Со плурализмот во социјалната заштита на стари лица се зголемува достапноста на услугите до корисниците* кои како форми на заштита се развиваат во локалната заедница во која живее старото лице. Податоците од истражувањето потврдија дека со примена на процесот на плурализмот во социјалната заштита на старите лица се зголеми бројот на стари лица кои имаат пристап до овие услуги и се појавија даватели на социјални услуги во поголем број населени места во државата.

*Последната компонента која кандидатот ја истражува во рамките на плурализмот во социјалната заштита на старите лица е квалитетот на услугите кои се испорачуваат до корисниците*. Податоците покажуваат дека како резултат на плурализмот дојде до значително подобрување на состојбата во четири аспекти на услугите: услови за сместување, исхрана, хигиена и вид на социјални услуги кои ги нудат установите за институционална заштита на стари лица за кои постојат правилници кои се почитуваат при отворањето на установите, односно нивното лиценцирање. Со потврдување на посебни хипотези кандидатот ја потврдува и општата хипотеза дека со примена на плурализмот во социјалната заштита се подобрува заштита на старите лица

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација **Плурализмот во социјалната заштита на старите лица**, изработена од м-р Даниел Павловски, претставува автентично дело со научно-академски пристап кон проблемот што е предмет на проучување. Анализата на дисертацијата упатува на заклучок дека е направена исцрпна теориско-научна елаборација и дека е применет релевантен методолошки пристап кој обезбедува оригинални и значајни интерпретации и заклучоци.

Докторската дисертација на м-р Даниел Павловски претставува вредно научно дело, со значаен потенцијал за придонес во општественото живеење со оглед на природата на проблемот. Анализата на трудот покажува дека тој се одликува со обемна теориска анализа, прецизна и релевантна методологија и детална анализа и елаборација на резултатите. Тие се квалитетно интерпретирани

и проследени со оригинални и значајни рефлексии и заклучоци. Согласно со изнесеното, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да го усвои овој извештај и да му одобри на кандидатот м-р Даниел Павловски јавна одбрана на докторската дисертација на тема **Плурализмот во социјалната заштита на старите лица.**

Комисија

Проф. д-р Сунчица Димитријоска, с.р.

Проф. д-р Дивна Лакинска, с.р.

Проф. д-р Димитар Трајковски, с.р.

Проф. д-р Сузана Борнарова, с.р.

Доц. д-р Светлана Трбојевиќ, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ВИШ ЛЕКТОР ПО ПРЕДМЕТОТ СОВРЕМЕН АНГЛИСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Скопје, на својата триесет и осма редовна седница одржана на 26.4.2013, не избра за рецензенти во врска со пријавата на м-р Билјана Наумоска-Саракинска на конкурсот објавен во весниците „Нова Македонија" и "Коха" од 12.6.2013, за избор на виш лектор по предметот современ англиски јазик. Откако ги прегледавме приложените материјали, чест ни е да го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### КРАТКА БИОГРАФИЈА

За време на своето школување, м-р Билјана Наумоска-Саракинска има постигнато високи резултати. Почнувајќи од основното училиште, па сè до крајот на магистерските студии има покажано одличен успех. Како резултат на тоа има добиено повеќе награди во основно и средно училиште, и пофалница од Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески" во Скопје, во знак за постигнат висок успех во студирањето.

Поголемиот дел од своето основно и средно образование м-р Билјана Наумоска-Саракинска го стекнала во Хамилтон, Онтарио, Канада, каде што престојувала со семејството. Високото образование го стекнала на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески" во Скопје, на Катедрата за англиски јазик и книжевност. Предвидените испити на додипломските и постдипломските студии (отсек - англиски јазик) ги положила во предвидениот рок, со висок просек.

За време на студиите, како и во почетокот на својот лекторски стаж на Филолошкиот факултет, покрај редовните работни обврски, работела како помлад соработник на проектите: Голем англиско-македонски речник, Голем македонско-англиски речник и Речник на македонскиот јазик, под раководство на проф. д-р Зозе Мургоски.

М-р Наумоска-Саракинска има солидно искуство во наставната дејност по англиски јазик. По дипломирањето, две години работела како професор по англиски јазик во училиште за странски јазици, а од 2001 година до денес работи како лектор, односно виш лектор по предметот современ англиски јазик при Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески" во Скопје. Покрај лекторските часови, предавала и англиски јазик под ‘ц' на студентите од другите јазични групи при Филолошкиот факултет. Од 2005

година предава англиски јазик на студиите од втор циклус - Јазици, бизнис и меѓународна трговија, а од 2011 година предава деловен англиски јазик 1 на Економскиот факултет, при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј".

Од 2002 година е вклучена во Writing University Project (Проект за академско писмено изразување) кој се изведува во соработка со Катедрата за англиски јазик и книжевност и Британскиот совет. Во рамките на овој проект учествувала на повеќе семинари и работилници, како и еден студиски престој во Манчестер, Велика Британија. Како учесник на Writing University Project (Проект за академско писмено изразување) била вклучена во креирање на наставни материјали и планови според кои би се изведувале часовите по академско пишување, а од 2003 година до денес изведува настава по академско пишување со студентите при Катедрата за англиски јазик и книжевност. Како резултат на своето учество во проектот и нејзиното наставно искуство по академско пишување, во 2008 и 2009 година одржала 2 работилници за пишување, во рамките на National Essay Contest кој го организира ЕЛТАМ во соработка со американскиот Мировен корпус во Македонија.

Во 2005 година успешно го одбрани својот магистерски труд "Падежните остатоци во англискиот јазик и нивните еквиваленти во македонскиот јазик" и се здоби со звање магистер по филолошки науки. Магистерскиот труд беше високо оценет од рецензентската комисија (еден од тогашните членови е претседател на оваа рецензентска комисија) како добро организиран и осмислен труд чија главна и трајна вредност се состои во фактот што тој може да послужи од педагошка гледна точка, во учење на јазикот, како и при изработка на учебници и разни помагала за учење на јазикот. Тој може да има и поширока примена, особено што едно вакво контрастивно проучување може да придонесе во создавање на граматички правила кои би биле релевантни за повеќе јазици, и во идеален случај би помогнале во создавање на универзална граматика.

Во тек е процедурата за одбрана на нејзиниот докторски труд, "Деноминални атрибути во англискиот и во македонскиот јазик – контрастивна анализа", под менторство на проф. д-р Марија Јанева-Михајловска.

Исто така, м-р Билјана Наумоска-Саракинска учествувала на голем број меѓународни конференции и симпозиуми, во земјата и надвор, а и е автор на бројни научни и стручни трудови. Покрај останатите активности, учествува и во преведувачката дејност, и има направено бројни објавени и необјавени преводи од македонски на англиски и обратно, од разни области; како позначајна преведувачка активност може да се наведе нејзиното учество во Проектот на Владата на Република Македонија за превод на 500 стручни книги. Во периодот 2009–2010 година учествувала во проект под покровителство на претседателот на

Република Македонија за бесплатно и достапно изучување на странски јазици, во подготовката на лекциите по англиски јазик, а е вклучена и во државната матура како независен читач за испитот по англиски јазик.

Веруваме дека со својата академска подготовка и работно искуство м-р Билјана Наумоска-Саракинска ќе продолжи да дава значаен придонес во наставната дејност на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески” во Скопје.

Повеќе детали во врска со нејзиното школување, работно искуство, и научни и стручни трудови се дадени во приложеното Curriculum Vitae.

## CURRICULUM VITAE

### Лични податоци

Име и презиме: Билјана Наумоска-Саракинска

Адреса: Никола Тримпаре 8А

1000 Скопје

Република Македонија

Датум и место на раѓање: 31.5.1975 година, Скопје

Телефон: 3112-017

070-379-845

e-mail: biljananaumoska@yahoo.com

### Образование

2005: магистер на филолошки науки (“Падежните остатоци во англискиот јазик и нивните еквиваленти во македонскиот јазик”).

1999 - 2001: постдипломски студии, Филолошки факултет “Блаже Конески” - Скопје; отсек - англиски јазик.

1995 - 1999: Филолошки факултет "Блаже Конески" - Скопје; Катедра за англиски јазик и книжевност (дипломиран професор по англиски јазик и книжевност).

1990 - 1994: Hill Park Secondary School, Hamilton, Ontario, Canada.

1987 - 1990: George L. Armstrong Middle School, Hamilton, Ontario, Canada.

1985 - 1987: Eastmount Park Elementary School, Hamilton, Ontario, Canada.

1982 - 1985: ОУ "Наум Наумовски-Борче" - Скопје, Македонија.

**Работно искуство**

2005 - денес: виш лектор по современ англиски јазик на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески" во Скопје.

2005 - денес: Деловен англиски јазик и Англиски јазик - комуникација (студии од втор циклус - Јазици, бизнис и меѓународна трговија).

2011 - денес: деловен англиски јазик 1 на Економски факултет - Универзитет "Св. Кирил и Методиј".

2001 - 2005: лектор по современ англиски јазик на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески" во Скопје.

2003/2004: англиски јазик - настава под 'ц' (за студентите од другите јазични групи при Филолошкиот факултет).

1999 - 2001: професор по англиски јазик во St. George`s School of English.

**Предмети што ги предавам**

*Студии од прв циклус*

- современ англиски јазик 1
- современ англиски јазик 2
- современ англиски јазик 5
- современ англиски јазик 6

- зимски семестар, 2011-2012 - деловен англиски јазик 1

(Економски факултет, Универзитет “Св. Кирил и Методиј”)

*Студии од втор циклус - Јазици, бизнис и меѓународна трговија*

- деловен англиски јазик 1

- деловен англиски јазик 2

- англиски јазик - комуникација

**Трудови и статии**

- 2011. *Feedback in the EFL Writing Classroom – Teacher vs. Peer Feedback,*

Зборник на трудови од Меѓународната конференција “English

Studies in The European/Global Context: Current Issues, Future Trends”, по повод прославата на 50 години од основањето на Катедрата за англиски јазик и книжевност, Филолошки факултет “Блаже Конески”, Скопје, стр. 57-62.

- 2011. *Краток осврт на англискиот јазик од историска перспектива,*

Годишен зборник на Филолошкиот факултет “Блаже Конески”, книга 37, стр. 309-324.

- 2011. *Chatspeak – a lethal threat,* IATEFL Voices Newsletter, бр. 221, стр. 7.

- 2010. *Личнозаменски падежни остатоци во англискиот јазик и нивните еквиваленти во македонскиот јазик,* Годишен зборник на Филолошкиот факултет “Блаже Конески”, книга 36, стр. 223-234.

- 2010. *A Brief Account of the 2009 Belgrade ELLSIIR Conference – One*

*Participants’ Impressions*, English Language Teachers’ Association of

Macedonia Newsletter, Issue 22, February – September 2010

<http://www.eltam.org.mk/admin/newsletter/upload/22_NEWSLETTER_FEB-SEPT.pdf>

- 2010. *Do We Have to Speak Maclish?* Macmillan Dictionary Blog

<http://www.macmillandictionaryblog.com/do-we-have-to-speak-maclish>

- 2010. *Do We Have To Speak Maclish?* IATEFL Voices Newsletter, бр. 213, стр. 13.

- 2010. *Fun Filler Activities 2*, English Language Teachers' Association Newsletter

<http://www.britishcouncil.org/serbia-elta-newsletter-2010 february.htm>

- 2009. *Краток преглед на употребата на саксонскиот генитив во англискиот јазик и неговите еквиваленти во македонскиот јазик,* Годишен зборник на Филолошкиот факултет "Блаже Конески", книга 35, стр. 69-82.

- 2009. *Fun Filler Activities 1*, English Language Teachers' Association Newsletter

<http://www.britishcouncil.org/serbia-elta-newsletter-2009-november.htm>

- 2009. *Using Writing in L2 Acquisition - Some Practical Writing Tasks (Part 3.2)*, English Language Teachers' Association Newsletter

http://www.britishcouncil.org/serbia-elta-newsletter-2009-september.htm

- 2009. *Using Writing in L2 Acquisition - Some Practical Writing Tasks (Part 3.1)*, English Language Teachers' Association Newsletter

<http://www.britishcouncil.org/serbia-elta-newsletter-2009 september.htm>

- 2009. *Using Writing in L2 Acquisition - Peer Review in the ESL Writing Class (Part 2)*, English Language Teachers' Association Newsletter

<http://www.britishcouncil.org/serbia-elta-newsletter-2009-july.htm>

- 2009. *Using Writing in L2 Acquisition - A Brief Overview of the Writing Process (Part 1)*, English Language Teachers' Association Newsletter

<http://www.britishcouncil.org/serbia-elta-newsletter-2009-july.htm>

- 2008. *Употребата на дативните форми при изразување посесивност вомакедонскиот јазик и нивните еквиваленти во англискиот јазик,* Годишен зборник на Филолошкиот факултет "Блаже Конески", книга 34, стр. 263-272.

- 2005. Речник на македонскиот јазик *(помлад соработник)*

- 2003. Голем македонско англиски речник *(помлад соработник)*

- 2001. Голем англиско македонски речник *(помлад соработник)*

**Одбрана на магистерска теза**

*Падежните остатоци во англискиот јазик и нивните еквиваленти во македонскиот јазик* (Филолошки факултет "Блаже Конески" - Скопје, 2005)

**Учество на научни собири, семинари и конференции во земјата и странство**

- јуни 2012: *Teaching, Evaluation, Assessment – An Essential Component in EFL Learning,* A National Higher Education Conference – Quality of Learning and Teaching: Policy and Practice, ЈИЕ универзитет, Тетово, Македонија.

- ноември 2011: (работилница) *Speaking Assessment,* во организација на Британски совет, Скопје.

- септември 2011: *Writing Portfolios as a Means of Continuous Assessment of Students' Writing Skills,* VII меѓународна конференција - "English Language and Literary Studies", Никшиќ, Црна Гора.

- мај 2011: (работилница) *Classroom Management for Young Learners.*

- април 2011: *A New Dimension to Texting,* IX Меѓународна ELTA – IATEFL конференција, Нови Сад, Србија.

- октомври 2010: *Welcome to the SEETA World: 12 Teachers' Associations – 1 on- line community,* VI меѓународна ELTAM – IATEFL – TESOL конференција, Скопје, Македонија.

- октомври 2010: *Texting – Aid or Hindrance in EFL Learning?,* VI Меѓународна ELTAM – IATEFL – TESOL - конференција, Скопје, Македонија.

- октомври 2010: *Mobile Phones as a Teaching Aid in EFL Learning,* Pecha Kucha Evening – ELT Firsts во рамките на VI Меѓународна ELTAM – IATEFL – TESOL конференција, Скопје, Македонија.

- мај 2010, Охрид: Curriculum Development Workshop, проект за ведување на модул Американски културолошки студии; раководител: проф. д-р Ерик Сандин.

- април 2010: *Assessing EFL Students' Writing Skills* – Меѓународна конференција "From Teaching to Learning – Current Trends in ELT", ЈИЕ Универзитет, Тетово.

- февруари 2010, Скопје: Classroom Management Workshop, раководител на работилницата: м-р Мери Бромвел.

- декември 2009: *Language Assessment in the EFL Classroom* - Меѓународна конференција "English Language and Literature Studies - Image, Identity, Reality (ELLSIIR)", Белград, Србија.

- ноември 2009, Скопје: Language Class Warm-Up Activities Workshop, раководител на работилницата: м-р Мери Бромвел.

- октомври 2009: работилница: *Writing Workshop - How to Teach Essay Writing*, (раководител), Битола, Македонија.

- октомври 2009: работилница: *Writing Workshop - How to Teach Essay Writing*, (раководител), Струга, Македонија.

- септември 2009: *Teacher Language-Focused Feedback on L2 Writing* – Меѓународна конференција за англо-американски студии – „Construction, Deconstruction, Reconstruction", Никшиќ, Црна Гора.

- септември 2009: *Culture as a Tool in the Modern EFL Classroom* –Меѓународна конференција за англо-американски студии - "Construction,

Deconstruction, Reconstruction", Никшиќ, Црна Гора.

- април 2009: Меѓународна конференција "Bridging Perspectives for a Shared Future", Тирана, Албанија.

- 2008, септември: работилница: *Writing Workshop - How to Teach Essay Writing*, (раководител), Куманово, Македонија.

- септември:2008, *Feedback in the EFL Writing Classroom - Teacher vs. Peer Feedback* - Меѓународна конференција "English Studies in the European/Global Context: Current Issues, Future Trends", Скопје, Македонија.

- април 2008: Меѓународна конференција "Bridging Perspectives for a Shared Future", Благоевград, Бугарија.

- март 2008: проект "Креативна настава и учење" - тема: *Примена на современи методи во наставата* (втор дел); организатор: Фондација „Институт отворено општество – Македонија" и УСАИД.

- јануари 2008: испитувач на устен дел од испитот ALCE (Advanced Level Certificate in English examination); спроведен во соработка со Ректоратот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, и Hellenic American University.

- јануари 2008: проект "Креативна настава и учење" - тема: *Образование за социјална правда* (втор дел); организатор: Фондација „Иинститут отворено општество – Македонија" и УСАИД.

- декември 2007: проект "Креативна настава и учење" - тема: *чилишните стандарди за оценување во основното образование: Импликации во иницијалната подготовка на наставниците во РМ*; организатор: Фондација „Институт отворено општество – Македонија" и УСАИД.

- ноември 2007: проект "Креативна настава и учење" - тема: *Примена на современи методи во наставата* (прв дел); организатор: Фондација „Институт отворено општество – Македонија" и УСАИД.

- септември 2007: проект "Креативна настава и учење" - тема: *Образование за социјална правда* (прв дел); организатор: Фондација „Иинститут отворено општество – Македонија" и УСАИД.

- март 2007: проект "Креативна настава и учење"; семинар за обновување на студиските програми за образование на наставници; организатор: Фондација „Институт отворено општество – Македонија" и УСАИД.

- ноември 2006, Скопје: Writing University Project Workshop, раководител на работилницата: д-р Тереза О'Брајан.

- октомври 2006: *Using Peer Review in the ESL Writing Class,* Меѓународна ELTAM – IATEFL – TESOL конференција, Струга, Македонија.

- јуни 2006, ЈИЕ, Тетово: Into Europe - European Standards in Language Assessment Workshop, организатор: Британски совет, Скопје.

- март 2006, Скопје: Writing University Project Workshop, раководител на работилницата: д-р Тереза О'Брајан.

- 2006, февруари, Скопје: Digital Video Conference - The Work of American Authors in Literature, организатор: Американска амбасада, Скопје.

- февруари 2006, Скопје: Writing University Project Workshop, раководител на работилницата: Проф. Тери Калиски.

- јануари 2006, Скопје: British Council: An Introduction to the Certificate of Proficiency in English.

- ноември 2005, Манчестер, Велика Британија: студиски престој во рамките на Writing University Project.

- септември 2005, Скопје: Writing University Project Workshop, раководител на работилницата: д-р Тереза О’Брајан.

- декември 2004, Скопје: Writing University Project Workshop, раководител на работилницата: д-р Тереза О’Брајан.

- септември 2004, Скопје: Writing University Project Workshop, раководител на работилницата: д-р Тереза О’Брајан.

**Преводи:**

- 2010, превод на Информатор на Филозофски факултет – по повод јубилеот 90 години високо образование, Скопје;

- 2010, превод на книга од англиски на македонски јазик, *Рим - Подемот и падот на една империја*, автор: Филип Вилкинсон, Просветно дело, Скопје. (Wilkinson, Philip. *Rome - Rise and Fall of an Empire);*

- 2009, превод на книга од англиски на македонски јазик, *Книга за позитивни емоции - Билни и цветни лекови за издигнување на Вашите внатрешни чувства*, автор: Малти Каитан, Просветно дело, Скопје. (Khaitan, Malti. *The Positive Emotions Book - Flower Remedies to Uplift Your Inner Senses);*

- 2009, превод на учебник од англиски на македонски јазик (К. Петровска, А. Наумоска, Д. Димитриевска), *Општествени истражувачки методи: квалитативни и квантитативни пристапи* (шесто издание), автор: В. Лоренс Њуман, Просветно дело, Скопје.

- Neuman, W. Lawrence. *Social Research Methods: Qualitative and Quantitative Approaches - sixth edition)*

**Лектура:**

- 2010, Law on Managing the World Natural and Cultural Heritage in the Region of Ohrid *(*Закон за управување со светското природно и културно наследство во охридскиот регион - *лектура на превод на закон од македонски на англиски јазик);*

- 2010, *Macedonian Historical Review* – A Scholarly Journal (издава: Институт за историја, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје) *(лектура на статиите во списанието на англиски јазик);*

- 2010, *Родовата обележаност во англискиот јазик* (Наумоска, Анета) *(лектура на книга);*

- 2010, *Modern English Grammar – A Handbook* (Janeva-Mihajlovska, Marija) *(лектура на книга).*

**Други активности:**

- оценувач на деловите Читање и Слушање од испитот IELTS - University of Cambridge (clerical marker) (од март 2011);

- учесник во националниот проект под покровителство на претседателот на Република Македонија за електронско учење на англискиот јазик и  други странски јазици (септември 2009 – јануари 2010);

- учесник во спроведувањето на National Essay Contest, натпревар по  пишување есеј на национално ниво, кој се одвива во организација на  ЕЛТАМ во соработка со американскиот Мировен корпус во Македонија  (одржување на работилници и оценување на есеи);

- учесник во проектот на Катедрата за англиски јазик и книжевност за воведување на Американски културолошки студии (од април 2010);

- независен читач по предметот Англиски јазик за Државната матура спроведена од Биро за развој на образованието (Министерство за образование);

- ЕКТС - координатор за студентите од прва година при Катедрата за англиски јазик и книжевност (од 2005 година до 2012 година);

- член на ELTAM (English Language Teachers' Association - Macedonia);

- член на ESSE (European Society for the Study of English);

(од 2010 - секретар и благајник)

- член на IATEFL (International Association of Teachers of English as a Foreign Language);

- член на SEETA (South Eastern Europe Teachers' Association);

- учесник во проектот за академско писмено изразување (Writing niversity  Project) во организација на Катедрата за англиски јазик и книжевност, Филолошки факултет "Блаже Конески" – Скопје и во соработка со Британски совет (2004-2007)

http://www.teachingenglish.org.uk/elt-projects/university-academic-writing-project-macedonia

- 2002 – 2004 година: секретар на Катедрата за англиски јазик и книжевност;

- член на разни факултетски комисии, меѓу кои: Централна пописна комисија, Комисија за библиотечен фонд, Уписна комисија, Комисија за спроведување приемен испит на Катедрата за англиски јазик и книжевност, Централна комисија за распоред (на ниво на факултет).

## ЗАКЛУЧОК

Од изнесените био-библиографски податоци се гледа дека м-р Билјана Наумоска-Саракинска перманентно работи на сопственото стручно и научно усовршување. Резултатите од тоа се евидентни во квалитетот на наставната работа, како и во квалитетот на публикациите од доменот на теоријата на методика по странски јазик. Сите тие сведочат на преданоста на авторката на таа проблематика и на драгоцениот багаж на искуства којшто таа го внесе во работата на проектот по академско пишување на универзитетско ниво.

Врз основа на погоре изложеното, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје да ја избере м-р Билјана Наумоска-Саракинска во звањето виш лектор по предметот современ англиски јазик.

Рецензентска комисија

1. Д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор, с.р.
2. Д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, вонреден професор, с.р
3. М-р Марија Маџар - Рибар, виш лектор, с.р.

АНЕКС 2

# ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Билјана Нове Наумоска - Саракинска

**Институција:** Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје

**Научна област:** современ англиски јазик

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување настава на прв циклус студии:<br>(14 x 15 x 0.04 – зим.сем.2001/02) = 8.4; (14 x 15 x 0.04 – лет.сем.2001/02) = 8.4; (14 x 15 x 0.04 – зим.сем.2002/03) = 8.4; (14 x 15 x 0.04 – лет.сем.2002/03) = 8.4; (14 x 15 x 0.04 – зим.сем.2003/04) = 8.4; (14 x 15 x 0.04 – лет.сем.2003/04) = 8.4; (14 x 15 x 0.04 – зим.сем.2004/05) = 8.4; (14 x 15 x 0.04 – лет.сем.2004/05) = 8.4; (14 x 15 x 0.04 – зим.сем.2005/06) = 8.4; (14 x 15 x 0.04 – лет.сем.2005/06) = 8.4; (14 x 15 x 0.04 – зим.сем.2006/07) = 8.4; (14 x 15 x 0.04 – лет.сем.2006/07) = 8.4; (14 x 15 x 0.04 – зим.сем.2007/08) = 8.4; (14 x 15 x 0.04 – лет.сем.2007/08) = 8.4; (14 x 15 x 0.04 – зим.сем.2008/09) = 8.4; (14 x 15 x 0.04 – лет.сем.2008/09) = 8.4; (14 x 15 x 0.04 – зим.сем.2009/10) = 8.4; (14 x 15 x 0.04 – лет.сем.2009/10) = 8.4; (14 x 15 x 0.04 – зим.сем.2010/11) = 8.4; (14 x 15 x 0.04 – лет.сем.2010/11) = 8.4; (20 x 15 x 0.04 – зим.сем.2011/12) = 12; (14 x 15 x 0.04 – лет.сем.2011/12) = 8.4; | 188.4 |
| 2. | Одржување настава на втор циклус студии:<br>(4 x 6 x 0.05 – зим.сем.2006/07) = 1.2; (5 x 6 x 0.05 – лет.сем.2006/07) = 1.5; (4 x 6 x 0.05 – зим.сем.2008/09) = | 8.6 |

| | | |
|---|---|---|
| | 1.2; (5 x 6 x 0.05 – лет.сем.2008/09) = 1.5; (4 x 11 x 0.05 – зим.сем.2010/11) = 2.2; (4 x 5 x 0.05 – лет.сем.2010/11) = 1; | |
| 3. | Настава во школи и работилници:<br>- раководител: 3 x 1.5 = 4.5<br>- 2009, октомври: работилница: *Writing Workshop - How to Teach Essay Writing*, (раководител), Битола, Македонија.<br><br>- 2009, октомври: работилница: *Writing Workshop - How to Teach Essay Writing*, (раководител), Струга, Македонија.<br><br>- 2008, септември: работилница: *Writing Workshop - How to Teach Essay Writing*, (раководител), Куманово, Македонија.<br><br>- учесник: 12 x 1 = 12<br>- 2011, ноември: (работилница) *Speaking Assessment,* во организација на<br><br>Британски совет, Скопје.<br><br>- 2011, мај: (работилница) *Classroom Management for Young Learners*.<br><br>- 2010, мај, Охрид: Curriculum Development Workshop, проект за воведување на модул Американски културолошки студии; раководител: проф. д-р Ерик Сандин.<br><br>- 2010, февруари, Скопје: Classroom Management Workshop, раководител на работилницата: м-р Мери Бромвел.<br><br>- 2009, ноември, Скопје: Language Class Warm-Up Activities Workshop, раководител на работилницата: м-р Мери Бромвел.<br><br>- 2006, ноември, Скопје: Writing University Project Workshop, раководител на работилницата: Д-р Тереза О'Брајан.<br><br>- 2006, јуни, ЈИЕ, Тетово: Into Europe - European Standards in Language Assessment Workshop, организатор: | 16.5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Британски совет, Скопје.<br>- 2006, март, Скопје: Writing University Project Workshop, раководител на работилницата: Д-р Тереза О'Брајан.<br>- 2006, февруари, Скопје: Writing University Project Workshop, раководител на работилницата: Проф. Тери Калиски.<br>- 2005, септември, Скопје: Writing University Project Workshop, раководител на работилницата: Д-р Тереза О'Брајан.<br>- 2004, декември, Скопје: Writing University Project Workshop, раководител на работилницата: Д-р Тереза О'Брајан.<br>- 2004, септември, Скопје: Writing University Project Workshop, раководител на работилницата: Д-р Тереза О'Брајан. | |
| 4. | <u>Консултации со студенти</u>:<br>(50 x 0.002 – зим.сем.2001/02) = 0.1; (50 x 0.002 – лет.сем.2001/02) = 0.1; (50 x 0.002 – зим.сем.2002/03) = 0.1; (50 x 0.002 – лет.сем.2002/03) = 0.1; (50 x 0.002 – зим.сем.2003/04) = 0.1; (50 x 0.002 – лет.сем.2003/04) = 0.1; (50 x 0.002 – зим.сем.2004/05) = 0.1; (50 x 0.002 – лет.сем.2004/05) = 0.1; (100 x 0.002 – зим.сем.2005/06) = 0.2; (100 x 0.002 – лет.сем.2005/06) = 0.2; (100 x 0.002 – зим.сем.2006/07) = 0.2; (100 x 0.002 – лет.сем.2006/07) = 0.2; (100 x 0.002 – зим.сем.2007/08) = 0.2; (100 x 0.002 – лет.сем.2007/08) = 0.2; (100 x 0.002 – зим.сем.2008/09) = 0.2; (100 x 0.002 – лет.сем.2008/09) = 0.2; (100 x 0.002 – зим.сем.2009/10) = 0.2; (100 x 0.002 – лет.сем.2009/10) = 0.2; (100 x 0.002 – зим.сем.2010/11) = 0.2; (100 x 0.002 – лет.сем.2010/11) = 0.2; (500 x 0.002 – зим.сем.2011/12) = 1; (100 x 0.002 – лет.сем.2011/12) = 0.2; | 4.4 |
| 5. | <u>Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно-методско списание</u>: 10 x 1 = 10<br>- 2011. *Chatspeak – a lethal threat,* IATEFL Voices Newsletter, бр. 221, стр. 7. | 10 |

- 2010. *A Brief Account of the 2009 Belgrade ELLSIIR Conference – One Participants' Impressions*, English Language Teachers' Association of Macedonia Newsletter, Issue 22, February – September 2010 <http://www.eltam.org.mk/admin/newsletter/upload/22_NEWSLETTER_FEB-SEPT.pdf>

- 2010. *Do We Have to Speak Maclish?* Macmillan Dictionary Blog <http://www.macmillandictionaryblog.com/do-we-have-to-speak-maclish>

- 2010. *Do We Have To Speak Maclish?* IATEFL Voices Newsletter, бр. 213, стр. 13.

- 2010. *Fun Filler Activities 2*, English Language Teachers' Association Newsletter <http://www.britishcouncil.org/serbia-elta-newsletter-2010-february.htm>

- 2009. *Fun Filler Activities 1*, English Language Teachers' Association Newsletter <http://www.britishcouncil.org/serbia-elta-newsletter-2009-november.htm>

- 2009. *Using Writing in L2 Acquisition - Some Practical Writing Tasks (Part 3.2)*, English Language Teachers' Association Newsletter http://www.britishcouncil.org/serbia-elta-newsletter-2009-september.htm

- 2009. *Using Writing in L2 Acquisition - Some Practical Writing Tasks (Part 3.1)*, English Language Teachers' Association Newsletter <http://www.britishcouncil.org/serbia-elta-newsletter-2009-september.htm>

- 2009. *Using Writing in L2 Acquisition - Peer Review in the ESL Writing Class (Part 2)*, English Language Teachers' Association Newsletter <http://www.britishcouncil.org/serbia-elta-newsletter-2009-july.htm>

- 2009. *Using Writing in L2 Acquisition - A Brief Overview of the Writing Process (Part 1)*, English Language Teachers'

| | | |
|---|---|---|
| | Association Newsletter <http://www.britishcouncil.org/serbia-elta-newsletter-2009-july.htm> | |
| 6. | Пакет материјали за одреден предмет: 5 x 1 = 5<br>- за Современ англиски јазик 1<br>- за Современ англиски јазик 2<br>- за Современ англиски јазик 5<br>- за Современ англиски јазик 6<br>- за Деловен англиски јазик 1 | 5 |
| | **ВКУПНО** | **232.9** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Учесник во национален научен проект: 2 x 3<br>- националниот проект под покровителство на претседателот на Република Македонија за електронско учење на англискиот јазик и други странски јазици;<br>- учесник во проектот "Креативна настава и учење". | 6 |
| 2. | Труд со оригинални научни/стручни резултати објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: 1 x 2<br>- 2011. *Feedback in the EFL Writing Classroom – Teacher vs. Peer Feedback,* Зборник на трудови од Меѓународната конференција "English Studies in The European/Global Context: Current Issues, Future Trends", по повод прославата на 50 години од основањето на Катедрата за англиски јазик и книжевност, Филолошки факултет "Блаже Конески", Скопје, стр. 57-62. | 2 |
| 3. | Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција: 4 x 2<br>- 2011. *Краток осврт на англискиот јазик од историска перспектива,* Годишен зборник на Филолошкиот факултет "Блаже Конески", книга 37, стр. 309-324.<br>- 2010. *Личнозаменски падежни остатоци во англискиот јазик и нивните еквиваленти во македонскиот јазик,* Годишен зборник на Филолошкиот | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| | факултет "Блаже Конески", книга 36, стр. 223-234.<br><br>- 2009. *Краток преглед на употребата на саксонскиот генитив во англискиот јазик и неговите еквиваленти во македонскиот јазик,* Годишен зборник на Филолошкиот факултет "Блаже Конески", книга 35, стр. 69-82.<br><br>- 2008. *Употребата на дативните форми при изразување посесивност во македонскиот јазик и нивните еквиваленти во англискиот јазик,* Годишен зборник на Филолошкиот факултет "Блаже Конески", книга 34, стр. 263-272. | |
| 4. | Учество на научен/стручен собир со реферат: 12 x 1<br>- јуни 2012: *Teaching, Evaluation, Assessment – An Essential Component in EFL Learning,* A National Higher Education Conference – Quality of Learning and Teaching: Policy and Practice, ЈИЕ Универзитет, Тетово, Македонија.<br><br>- септември 2011: *Writing Portfolios as a Means of Continuous Assessment of Students' Writing Skills,* VII меѓународна конференција - "English Language and Literary Studies", Никшиќ, Црна Гора.<br><br>- април 2011: *A New Dimension to Texting,* IX Меѓународна ELTA – IATEFL - конференција, Нови Сад, Србија.<br><br>- октомври 2010: *Welcome to the SEETA World: 12 Teachers' Associations – 1 on-line community,* VI Меѓународна ELTAM – IATEFL – TESOL - конференција, Скопје, Македонија.<br><br>- октомври 2010: *Texting – Aid or Hindrance in EFL Learning?,* VI меѓународна ELTAM – IATEFL – TESOL - конференција, Скопје, Македонија.<br><br>- октомври 2010: *Mobile Phones as a Teaching Aid in EFL Learning,* Pecha Kucha Evening – ELT Firsts во рамките на VI Меѓународна ELTAM – IATEFL – TESOL конференција, Скопје, Македонија.<br><br>- април 2010: *Assessing EFL Students' Writing Skills -* | |

| | | |
|---|---|---|
| | Меѓународна<br><br>конференција "From Teaching to Learning – Current Trends in ELT", ЈИЕ универзитет, Тетово.<br><br>- декември 2009: *Language Assessment in the EFL Classroom* - Меѓународна конференција "English Language and Literature Studies - Image, Identity, Reality (ELLSIIR)", Белград, Србија.<br><br>- септември 2009: *Teacher Language-Focused Feedback on L2 Writing* – Меѓународна конференција за англо-американски студии - "Construction, Deconstruction, Reconstruction", Никшиќ, Црна Гора.<br><br>- септември 2009: *Culture as a Tool in the Modern EFL Classroom* – Меѓународна конференција за англо-американски студии - "Construction, Deconstruction, Reconstruction", Никшиќ, Црна Гора.<br><br>- септември 2008: *Feedback in the EFL Writing Classroom - Teacher vs. Peer Feedback* - Меѓународна конференција "English Studies in the European/Global Context: Current Issues, Future Trends", Скопје, Македонија.<br><br>- октомври 2006: *Using Peer Review in the ESL Writing Class,* Меѓународна ELTAM – IATEFL – TESOL - конференција, Струга, Македонија. | 12 |
| | **ВКУПНО** | **28.0** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | <u>Експертски активности</u>: (2 x 1)<br>- оценувач на деловите Читање и Слушање од испитот IELTS - University of Cambridge (clerical marker);<br><br>- независен читач по предметот англиски јазик за Државната матура спроведена од Биро за развој на образованието (Министерство за образование). | 2 |
| 2. | <u>Учество во работата на комисии за државни натпревари:</u><br>- учесник во спроведувањето на National Essay Contest, | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | натпревар по пишување есеј на државно ниво | |
| 3. | Превод:<br>- книга: (3 x 3 = 9)<br>- 2010, превод на Информатор на Филозофски факултет – по повод јубилеот 90 години високо образование, Скопје;<br><br>- 2010, превод на книга од англиски на македонски јазик, *Рим - Подемот и падот на една империја*, автор: Филип Вилкинсон, Просветно дело, Скопје. (Wilkinson, Philip. *Rome - Rise and Fall of an Empire);*<br><br>- 2009. превод на книга од англиски на македонски јазик, *Книга за позитивни емоции - Билни и цветни лекови за издигнување на Вашите внатрешни чувства*, автор: Малти Каитан, Просветно дело, Скопје. (Khaitan, Malti. *The Positive Emotions Book - Flower Remedies to Uplift Your Inner Senses).*<br><br>- дел од книга: (1 x 1)<br>- *Општествени истражувачки методи: квалитативни и квантитативни пристапи* (шесто издание), автор: В. Лоренс Њуман, Просветно Дело, Скопје. (Neuman, W. Lawrence. *Social Research Methods: Qualitative and Quantitative Approaches - sixth edition)*<br>- статија: (9 x 0.5 = 4.5)<br>- Ilievski, Borce. *The Macedonian-Serbian Church Conflict from 1945 to the Present;*<br><br>- Jovanovski, Dalibor. *19th Century Ottoman Macedonia in Western History Books;*<br><br>- Maneva, Elica. *Examples of the Popularization of Medieval Jewelry (Vodaca Necropolis – Grave 942 – XVI century);*<br><br>- Filiposki, Toni. *Theophylact and the People of Ohrid: the Issue of the “Otherness”;*<br>- Gjorgiev, Vanco. *Bulgaria, For or Against the Ilinden Uprising;*<br>- Gjorgiev, Vanco. *A Battle for the Graves: the Absurdity of the Propaganda in Macedonia;*<br>- Ackovska, Violeta. *Political Conditions and Parliamentary* | 14.5 |

| | | |
|---|---|---|
| | *Life in Macedonia as Part of Southern Serbia, 1919-1929;*<br>- Sarakinski, Vojislav. *The Disarray in Thessaly;*<br>- Sarakinski, Vojislav. *The Fallacy of the European Satrapy*. | |
| 4. | Лекторирање на трудови на странски/македонски јазик:<br>- книга: (2 x 1 = 2)<br>- 2010, *Родовата обележаност во англискиот јазик* (Наумоска, Анета)<br>- 2010, *Modern English Grammar – A Handbook* (Janeva-Mihajlovska, Marija)<br>- статија: (10 x 0.25 = 2.5)<br>- 2010, *Macedonian Historical Review* – A Scholarly Journal (издава: Институт за историја, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје) *(лектура на10 статии во списанието)(The Ethno-Cultural Basis of Ancient Macedonia; The Problem of the Discontinuity in Classical and Hellenistic Eastern Macedonia; Peliganes: the State of the Question and Some Other Thoughts; The Barbarian Incursions on Macedonia in the Early Middle Ages: Defining Chronology, Geography and Factors; The Komani-Krue Settlements and some Aspects of their Existence in the Ohrid-Struga Valley (VII – VIII century); The Triconch at Tudence: A Short Analysis of the Type in the History of Architecture; Theophylact of Ohrid: Polog Reported for the First Time in the Sources; A Signet Ring with a Bee Emblem; Two Concepts for the Establishment of the Macedonian State; The Ethno-Demographic Changes in the 1950s in the People's Republic of Macedonia: The Emigration Process of the Turkish and Muslim Population)* | 4.5 |
| | **ВКУПНО** | **22.0** |

**ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| Р. бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Студиски престој во странство:<br>- до три месеци:<br>- ноември 2005, Манчестер, Велика Британија: студиски | 0.5 |

| | | |
|---|---|---|
| | престој во рамките на Writing University Project. | |
| 2. | <u>Член на факултетска комисија</u>: (5 x 0.5)<br>- член на разни факултетски комисии, меѓу кои: Централна пописна комисија, Комисија за библиотечен фонд, Уписна комисија, Комисија за спроведување приемен испит на Катедрата за англиски јазик и книжевност, Централна комисија за распоред (на ниво на факултет) | 2.5 |
| 3. | <u>Координатор на студиска програма</u>:<br>- ЕКТС - координатор за студентите од прва година при Катедрата за англиски јазик и книжевност (од 2005 до 2012 година); | 7 |
| | **ВКУПНО** | **10.0** |

## Професионални референци на кандидатот за избор во звањето виш лектор:

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ: 232,9

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ: 28,0

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ: 22,0

ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС: 10,0

ВКУПНО: 292,9

**Рецензентска комисија**

1. Д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор, с.р.
2. Д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, вонреден професор, с.р.
3. М-р Марија Маџар - Рибар, виш лектор, с.р.

## Преглед

## на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Даниел Јовановски | Анализа на изборот на стратегии за развој И пристапи кон имплементирање на стратегиските планови | проф.д-р Мирјана Борота Поповска |
| Анушка Благојевиќ | Улогата на стиловите на водство во поттикнување на тимска работа - студија на случај АД ОКТА Скопје | проф.д-р Васил Поповски |
| Драгана Керазовска Маркова | Невработеноста кај младите И нејзините последици врз животот на младиот човек | Проф.д-р Јорде Јаќимовски |
| Оливера Геговска | Разликите во перцепцијата на Генерацијата Baby Boomers и Генерацијата Y кон мотивациските фактори за задржување на работното место | Проф.д-р Јорде Јаќимовски |
| Станче Додевска | Влијанието на менаџерите врз вработените за ефикасно И ефективно извршување на работните задачи | Проф.д-р Јорде Јаќимовски |
| Емилија Вељанова | Влијанието на англискиот јазик врз стандардниот македонски јазик во македонските медиуми | проф. д-р Петар Атанасов |
| Лидија Групчева | Анализа на Кодексот на однесување кај најуспешните компании во Република Македонија | проф.д-р Мирјана Борота Поповска |
| Тања Ашкапова | Имплементирање на флексибилно организациско-комуникациски структури во алумни нетворк | проф. д-р Емилија Симоска |
| Анамарија Андреска | Компаративна анализа на консоцијалната демократија на Босна и Херцеговина, Македонија, Северна Ирска и Швајцарија | проф. д-р Петар Атанасов |

# РЕЦЕНЗИЈА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕТО НА КВАЛИТЕТОТ НА УСЛУГАТА ВРЗ ФИНАНСИСКИТЕ ПЕРФОРМАНСИ НА КОМПАНИИТЕ – ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ НА БАНКАРСКИОТ СЕКТОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТКАТА М-Р НИКОЛИНА ПАЛАМИДОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука број 0202-2569/2 од 19.9.2013, а врз основа на член 120 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 64/00, 49/03, 113/05 и 51/07), член 56, 57, 58, 59, 60 и 61 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 7/2001) и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 2.9.2013 година, именува Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: „**Влијанието на квалитетот на услугата врз финансиските перформанси на компаниите – емпириско истражување на банкарскиот сектор во Република Македонија**“, поднесена од кандидатката м-р Николина Паламидовска. По прегледувањето на трудот, Комисијата, пред членовите на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет – Скопје, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## I. СОДРЖИНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Докторската дисертација со наслов „Влијанието на квалитетот на услугата врз финансиските перформанси на компаниите – емпириско истражување на банкарскиот сектор во Република Македонија“, поднесена од кандидатката м-р Николина Паламидовска, е обработена на вкупно 336 страници компјутерски среден текст. Содржината на трудот освен: вовед (стр. 1-9), апстракт и клучни зборови на македонски и на англиски јазик, заклучок (стр. 261-272), рефернци (стр. 273-298) и прилози (стр. 299-336) е систематизиран во 4 (четири) глави. Четирите глави се логички распоредени во два дела (теоретска и емпириска рамка) на следниов начин:

**Вовед**

**Прв дел: Теоретска рамка – преглед на литературата во областа на истражувањето**

**Глава 1.** Мерење на квалитетот на услугата (стр. 11-70)

**Глава 2.** Односот помеѓу квалитетот на услугата и перформансите на компаниите (стр. 71-126)

**Втор дел: Емпириска рамка за мерење на влијанието на квалитетот на услугата врз финансиските перформанси на банките во Р. Македонија**

**Глава 3.** Истражување на односот помеѓу квалитетот на услугата и финансиските перформанси на банките во Р. Македонија (стр. 129-201)

**Глава 4.** Анализа и резултати од истражувањето (стр. 202-260)

**Заклучок**

**Референци**

**Прилози**

Во **воведниот** дел на докторската дисертација се елаборира важноста од истражување и мерење на квалитетот на услугата и неговото влијание врз нефинансиските и финансиските перформанси на компаниите. На почетокот, кандидатката ја образложува актуелноста на обработуваната тема и ги дефинира предметот и целите на истражувањето. Притоа, трудот се фокусира кон проучување на односот помеѓу одделните димензии на квалитетот на услугата и финансиските перформанси на компаниите. Понатаму, во воведот се презентирани и методите за собирање на податоци, систематизирани како квалитативни методи (техника на критичен настан и интервју со експерти) и квантитативни методи (метод на испитување во форма на анкета). За обработка и анализа на добиените примарни квантитативни податоци, кандидатката ги идентификува и ги користи следниве статистички методи: метод на дескриптивна анализа; метод на експлораторна факторска анализа; метод на потврдна факторска анализа; метод на моделирање на структурни равенки; метод на корелациона анализа; метод на регресиона анализа и сл.

Во првата глава, ***„Мерење на квалитетот на услугата“***, кандидатката го обработува концептот на квалитет на услугата и моделите за мерење на квалитетот на услугата. На почетокот на оваа глава се истакнува значењето на услужниот сектор во современата економија. Понатаму, кандидатката се фокусира кон дефинирање на квалитетот на услугата како релативно нов концепт кој своите корени ги влечи од традиционалниот концепт на квалитет на производот. Притоа, кандидатката нуди детален преглед на литературата од оваа област и ги идентификува и ги анализира различните стојалишта на најрелевантните автори. Така, квалитетот на услугата се набљудува како мултидимензионална категорија и различни автори идентификуваат различни компоненти (димензии) на овој концепт. Со цел да се идентификуваат различните димензии на квалитетот на услугата и да се измери нивното влијание врз задоволството на потрошувачите, развиени се повеќе модели за мерење на квалитетот на

услугата. Како најрелевантни и најшироко применувани, кандидатката ги истакнува следниве модели: Нордискиот модел и SERVQUAL моделот. Овие модели се разликуваат според бројот на димензии кои ги користат за мерење на квалитетот на услугата и според елементите кои ја сочинуваат секоја димензија. Понатаму, во оваа глава се анализираат специфичните димензии на квалитетот на услугата во банкарскиот сектор, нудејќи преглед на досегашните емпириски истражувања од оваа област. Покрај тоа што постојат голем број истражувања кои вршеле едноставна примена на генералните модели за мерење на квалитетот на услугата, постојат и истражувања во кои авторите развиле специфични модели за мерење на квалитетот на услугата во банкарскиот сектор. Така, врз основа на SERVQUAL - инструментот, креиран е BANKSERV - инструментот кој се состои од 17 тврдења кои се однесуваат на четири димензии на квалитетот на банкарската услуга; понатаму е развиен инструментот BSQ (квалитет на банкарската услуга), кој се состои од 31 тврдење со шест димензии; како и CARTER инструментот со 34 тврдења и шест димензии на квалитетот на банкарската услуга. Кандидатката истакнува дека целта на оваа глава е да се презентираат научните гледишта во врска со предностите и недостатоците на одделните модели и врз основа на тоа да се избере модел кој се применува во емпириското истражување на односот помеѓу квалитетот на услугата и финансиските перформанси на банките во Република Македонија.

Во втората глава, ***„Односот помеѓу квалитетот на услугата и перформансите на компаниите“,*** кандидатката го анализира односот помеѓу квалитетот на услугата и перформансите на компанијата. Притоа, се истакнува дека теоретските и емпириските научни студии покажуваат дека квалитетот на услугата има значајно позитивно влијание врз перформансите (нефинансиски и финансиски) на услужните компании. Во оваа глава, најпрво се обработува односот помеѓу квалитетот на услугата и нефинансиските перформанси на компаниите, како што се задоволството на потрошувачите, лојалноста и задржувањето на потрошувачите. Притоа, се смета дека повисокото ниво на квалитет на услугата ќе резултира во повисоко ниво на перципиран квалитет и задоволство на потрошувачите. За возврат, зголеменото ниво на задоволство на потрошувачите ќе резултира во повисоко ниво на задржување на постојните потрошувачи и привлекување нови потрошувачи како резултат на ефектите од комуникацијата “од уста-до уста”. Сето ова се очекува да ги зголеми приходите и пазарниот удел на компанијата, а да ги намали трошоците, што на крај ќе резултира во повисока профитабилност на компанијата. Оттука, во трудот се анализира и односот помеѓу квалитетот на услугата и финансиските перформанси на компаниите, како што се поврат на капитал (ROE), поврат на средства (ROA) и сл. Во насока на објаснување на односот помеѓу квалитетот на услугата и перформансите на компаниите, кандидатката нуди преглед на различните модели кои се теоретски и емпириски потврдени во досегашните научни трудови од оваа област. Теоретската поставеност на финансискиот ефект на квалитетот на услугата се базира на две струи во маркетинг - литературата: моделот на “поврат на квалитетот” (return on quality) и моделот на синџир “услуга-профит” (service-profit chain). И двата модела го објаснуваат ефектот на квалитетот на услугата врз задржувањето на потрошувачите и профитабилноста на компанијата. Моделот на синџир “услуга-профит” ги прикажува односите помеѓу профитабилноста, лојалноста на потрошувачите, задоволството на вработените, нивната лојалност и

продуктивност, како и квалитетот на услугата што го испорачуваат вработените. Моделот на поврат на квалитетот, пак, ги објаснува односите помеѓу напорот на компанијата и на вработените за подобрување на услугата, фактичкото подобрување на квалитетот на услугата, перципираниот квалитет на услугата и задоволството на потрошувачите, кои резултираат во позитивно влијание врз задржувањето на потрошувачите, пораст на приходите и пазарниот удел и на крај, во пораст на профитабилноста на компанијата. Врз основа на овие два модела се развиени голем број други модели, кои во поново време се фокусираат на мерење на профитабилноста на индивидуалните потрошувачи или на сегментите на потрошувачи. Теоретската разработка на односите помеѓу квалитетот на услугата и перформансите на компаниите, кандидатката ја користи како солидна како основа при поставувањето на емпириската рамка за мерење на влијанието на квалитетот на услугата врз финансиските перформанси на банките во Република Македонија.

Третата глава, ***„Истражување на односот помеѓу квалитетот на услугата и финансиските перформанси на банките во Р. Македонија“,*** всушност претставува апликација на квалитативните и квантитативните методи кои се користат за истражување на квалитетот на услугата и неговото влијание врз финансиските перформанси на компаниите. Најпрво, кандидатката извршила анализа на карактеристиките на банкарскиот сектор во Република Македонија во насока на определување на специфичноста на квалитетот на услугата во овој сектор. Целта на оваа анализа е да подлабоко да се открие поврзаноста помеѓу нивото на квалитет на услугата и финансиските перформанси помеѓу одделните банки во Република Македонија, што ќе служи како основа за квантитативно мерење на влијанието на квалитетот на услугата врз финансиските перформанси на банките во Република Македонија. Понатаму, истражувањето продолжува со техниката на критичен настан со избран примерок од клиенти на банките и интервју со вработените во банките, како техники на експлораторното истражување. Целта на техниката на критичен настан е да ги идентификува изворите на задоволство и незадоволство на потрошувачите, што не би можело да се постигне со користење на структурирани методи за собирање податоци. Интервјуто со експертите, пак, има за цел искористување на досегашните знаења и искуства на некои луѓе со цел да се добие подобар увид во истражуваниот проблем. Интервјуата со вработените на различни хиерархиски нивоа во одделните банки во Република Македонија овозможија откривање на перцепциите на менаџерите за очекувањата на потрошувачите/клиентите и добивање сознанија за активностите на банката во насока на унапредување на квалитетот на услугата. Овие два метода со својата квалитативна природа служат како основа за адаптирање на прашалникот кој се користи во квантитативното истражување. Понатаму, спроведено е квантитативно истражување врз основа на избран примерок на испитаници (корисници на банкарски услуги во Република Македонија) кои одговараа на прашања во форма на Ликертова скала. Испитаниците го изнесуваа својот степен на согласување во врска со тврдења кои се однесуваа на одделните аспекти на квалитетот на услугата и останатите анализирани варијабли (задоволство на потрошувачите, лојалност на потрошувачите, бариери за промена и сл.). Врз основа на добиените податоци е спроведено тестирање на пет-димензионалната SERVQUAL концептуализација на квалитетот на услугата и развиен е инструмент за мерење на квалитетот на услугата, приспособен на банкарскиот сектор во

Р. Македонија. Дополнително, во третата глава, кандидатката развива концептуален модел на синџир на ефекти помеѓу квалитетот на услугата и финансиските перформанси и ги поставува истражувачките прашања кои се одговараат во четвртата глава. Добиените резултати од спроведеното квантитативно истражување се презентираат во четвртата глава од овој труд.

Во четвртата глава, ***„Анализи и резултати од истражувањето“,*** всушност, кандидатката ги презентира резултатите од спроведеното истражување и се нудат одговори на поставените истражувачки прашања. Оваа глава започнува со дескриптивна и компаративна анализа на анализираните варијабли. Понатаму, се спроведува тестирање на концептуалниот модел, предложен во претходната глава, анализирајќи ги врските во три дела: 1) *анализа на односот помеѓу одделните димензии на квалитетот на услугата и лојалноста на потрошувачите; 2) анализа на односот помеѓу лојалноста и задржувањето на потрошувачите; 3) анализа на односот помеѓу одделните димензии на квалитетот на услугата и профитабилноста на потрошувачите.* Статистичката обработка на податоците се врши со помош на софтверските пакети SPSS 20.0 и AMOS 20.0. Притоа, тестирањето на врските во моделите се спроведува преку дво-фазен пристап, па така, пред да се изврши тестирање на структурниот модел, се врши тестирање на поставениот мерен модел. При анализата на одделните односи (поставени во трите дела), се вклучуваат и други варијабли, со цел да се тестира нивната улога во односот помеѓу независната и зависната варијабла. Така, се спроведуваат тестови на медијација на задоволството на потрошувачите во односот помеѓу одделните димензии на квалитетот на услугата и лојалноста на потрошувачите, како и тестови на медијација на задоволството и задржувањето на потрошувачите во односот помеѓу одделните димензии на квалитетот на услугата и финансиските перформанси. Тестирање на улогата на модератор е спроведена само при анализа на улогата на атрактивноста на алтернативите во односот помеѓу задоволството и лојалноста на потрошувачите. Анализата на сите три дела вклучува и анализа на повеќе групи, со цел да се идентификува постоењето на статистички значајни разлики помеѓу групите на испитаници со различна должина на односот со банката. Всушност, четвртата глава од трудот врши емпириска потврда на синџирот на ефекти помеѓу квалитетот на услугата и финансиските перформанси.

Во **заклучокот,** како последен дел од трудот, се врши презентирање на заклучните согледувања од одделните глави, се нудат препораки и начини за успешно мерење и унапредување на квалитетот на услугата на банките во Р. Македонија, во насока на зголемување на нивната профитабилност.

## II. ОПШТА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Предмет на истражување на докторската дисертација со наслов „**Влијанието на квалитетот на услугата врз финансиските перформанси на компаниите – емпириско истражување на банкарскиот сектор во Република Македонија**“,

поднесена од кандидатката м-р Николина Паламидовска, е квалитетот на услугата и неговото влијание врз финансиските перформанси на банките во Република Македонија, анализирајќи го посредничкото влијание на нефинансиските перформанси. Темата обработувана во оваа докторска дисертација е мошне значајна и актуелна и е во фокусот на интерес на академската и бизнис заедница, затоа што, имајќи ги предвид економските услови во последните години, повеќе од кога и да е, компаниите имаат интерес да ги разберат и измерат приносите од маркетинг инвестициите. Акумулираното теоретско знаење од областа на маркетингот, генерално и од областа на маркетинг – истражувањето специфично, како и стекнатото искуство во текот на досегашната научна работа, и овозможиле на кандидатката да понуди успешна разработка и на теоретскиот и на емпирискиот дел од трудот. Притоа, кандидатката успешно применува комплексни статистички методи и софтверски алатки, со помош на кои доаѓа до соодветни резултати, кои се презентирани и анализирани во докторската дисертација. На овој начин, кандидатката успева успешно да одговори на поставените истражувачки прашања и ја постигнува претходно зададената цел на истражување.

Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Николина Паламидовска како особено важни ги истакнува следниве аспекти од овој труд кои имаат значаен научен придонес: ***прво***, оваа докторска дисертација претставува прв труд во Република Македонија кој врши систематско мерење на квалитетот на услугата во банкарскиот сектор, идентификување на одделните димензии на квалитетот на услугата и оценување на нивното влијание врз финансиските перформанси, со посредничка улога на нефинансиските перформанси; ***второ,*** трудот содржи релевантни и внимателно селектирани секундарни податоци и што е уште позначајно, изобилува и со примарни податоци, за чие собирање кандидатката користела релевантни квалитативни и квантитативни методи; ***трето,*** при креирањето на концептуалниот модел, кандидатката вложила голем напор и успешно ги комбинирала теоретските и емпириските сознанија од истражуваната област; **четврто,** статистичката обработка и анализа на податоците е спроведена со помош на адекватни статистички методи (експлораторна и потврдна факторска анализа и моделирање структурни равенки) и адекватни софтверски алатки; ***петто,*** резултатите добиени од спроведеното емпириско истражување на веродостоен начин ја презентираат фактичката состојба во банкарскиот сектор во Р. Македонија; ***шесто,*** елаборираните теоретски и емпириски сознанија и откритија во овој труд претставуваат значаен инпут во процесот на одлучување на маркетинг менаџерите во банкарскиот сектор во Р. Македонија.

Според прикажаното, Комисијата е цврсто убедена дека кандидатката м-р Николина Паламидовска, во целост, ги има постигнато поставените цели и тезите на оваа докторска дисертација.

Во однос на организацијата и систематизацијата на материјалот во докторската дисертација, може да се заклучи дека кандидатката м-р Николина Паламидовска на логичен начин ги прикажува одделните глави и делови во рамките на трудот, при што користи јасен и разбирлив академски стил. Дополнително, при изработката на докторската дисертација е користена обемна, современа и релевантна литературата од истражуваната област, што резултира во висококвалитетен научен текст.

Проверката на докторскиот труд на тема под наслов **„Влијанието на квалитетот на услугата врз финансиските перформанси на компаниите – емпириско истражување на банкарскиот сектор во Република Македонија“,** изработен од м-р **Николина Паламидовска,** е иницирана од менторот проф. д-р Нада Секуловска, на 23.9.2013. Резултатот за документот е: документот содржи **94.497** зборови, од кои за 3.231 **(3.42%)** е пронајдено совпаѓање во 121 друг документ. Притоа, зборовите кои се совпаѓаат се од општ карактер, врз основа на што потврдуваме дека оваа докторска дисертација претставува оригинален и самостоен труд на кандидатката.

## III. ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесената кратка содржина и оценката на научниот придонес на докторската дисертација „**Влијанието на квалитетот на услугата врз финансиските перформанси на компаниите – емпириско истражување на банкарскиот сектор во Република Македонија**“, поднесена од кандидатката м-р Николина Паламидовска, а поаѓајќи од тоа дека овој труд ги исполнува сите критериуми на ниво на докторска дисертација, Комисијата има чест да му предложи на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

- *прво:* да донесе одлука со која ќе го прифати извештајот на Комисијата за позитивната оцена на докторска дисертација;

- *второ:* да одобри закажување на ден за јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, септември 2013

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА,

Проф. д-р Нада Секуловска, с.р.

Проф. д-р Снежана Ристевска Јовановска, с.р.

Проф. д-р Анита Циунова Шулевска, с.р.

Проф. д-р Митре Стојановски, с.р.

Проф. д-р Весна Буцевска, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИТОПАТОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Согласно со одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна (ФЗНХ), донесена на IV седница одржана на 27.8.2013 година и со решение бр. 02 – 1682/2 од 27.8.2013 год., формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Бранка Крстиќ, редовен професор по фитопатологија на Земјоделскиот факултет во Земун-Белград, проф. д-р Малиша Тошиќ, редовен професор по фитопатологија - во пензија на Земјоделскиот факултет во Земун-Белград и проф. д-р Кирил Сотировски, редовен професор по фитопатологија на Шумарскиот факултет во Скопје, а во врска со конкурсот објавен во весниците "Дневник" од 6-7.7.2013 год. и "Koha" од 6-7.7.2013 год., за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област ФИТОПАТОЛОГИЈА, при ФЗНХ во Скопје.

По извршениот преглед на пријавата и доставената документација, Комисијата до Наставно-научниот совет на ФЗНХ во Скопје го доставува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот објавен во весниците "Дневник" од 6-7.7.2013 год. и "Koha" од 6-7.7.2013 год., се пријавил само еден кандидат, проф. д-р Раде Русевски, вонреден професор во научната област фитопатологија при ФЗНХ во Скопје.

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

### Стекнато образование

Проф. д-р Раде Русевски е роден на 20.2.1965 год. во Скопје. Основно и средно образование завршил во Скопје. Во учебната 1983/84 година се запишал на Земјоделскиот факултет, поледелска насока, во Скопје и дипломирал во 1989 година со просечен успех 8,48. Истата година се запишал на постдипломски студии на групата за заштита на растенијата, подгрупа: фитопатологија. Постдипломските студии ги завршил со просечна оценка 9,33, а во април 1995 година го одбранил магистерскиот труд под наслов: ***Tomato spotted wilt virus*** **- вирусот на бронзената некроза на доматот кај доматот и пиперката во Македонија** и се здобил со звањето магистер на земјоделски науки. На 26.4.2002 год. ја одбранил докторската дисертација под наслов: "**Вирус бронзавости парадајза – патоген паприке у Македонији**", на Земјоделскиот факултет во Земун

при Универзитетот во Белград и се здобил со звањето доктор на биотехнички науки од областа на агрономските науки.

## II. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА АКТИВНОСТ

### Професионален ангажман

Од 1.4.1990 до 31.5.1993 год. бил вработен како стручен соработник по предметот фитопатологија на Земјоделскиот факултет во Скопје. Од 1.6.1995 до 1.4.2003 год. бил вработен во ЈНУ Земјоделски институт, како асистент по фитопатологија во Одделението за заштита на растенијата. Во ЈНУ Земјоделски институт се стекнува со уште две повисоки научни звања, и тоа: на 1.4.2003 год. се стекнува со знањето научен соработник, а на 1.1.2007 год. со звањето виш научен соработник по фитопатологија во Одделението за заштита на растенијата. Од 1.3.2003 до 26.12.2008 год. ја вршел должноста помошник - директор на Одделот за овоштарство при ЈНУ Земјоделски институт во Скопје. Во 2004 година е избран во звањето насловен доцент по предметот вирози на Факултетот за земјоделски науки и храна. Од 1.1.2009 год. е избран во звањето вонреден професор во научната област фитопатологија, при ФЗНХ во Скопје, во кое звање се наоѓа и сега. Од истиот датум (1.1.2009 год.) заснова редовен работен однос при ФЗНХ во Скопје, како вонреден професор во научната област фитопатологија, на кое работно место се наоѓа и денеска.

### Наставно-образовна активност

Во реализацијата на неговата основна дејност, наставно-образовната, проф. д-р Раде Русевски е вклучен од 2004 год., најпрво како насловен доцент, а потоа, од 1.1.2009, како вонреден професор.

Во тој период ја организирал и ја спроведувал наставата од повеќе наставни дисциплини, кои се составен дел на научната област фитопатологија, во сите акредитирани циклуси на образование (I и II) при ФЗНХ во Скопје.

Под менторство на проф. д-р Раде Русевски, успешно се одбранети:

- една докторска дисертација (Проучување на *Botrytis cinerea* Pers. – причинител на сивото гниење на доматот во заштитени простори и мерки за негово сузбивање“, изработена од д-р Биљана Кузмановска, 2011);

- две магистерски теми (“Појава на пепелницата на краставицата *Erysiphe cichoracearum* DC. во оранжериски услови и нејзино сузбивање“, изработена од м-р Јованка Костовска Мариновска, 2009; “Сузбивање на причинителот на пепелницата *Uncinula necator* (Schwabe.) Burrill кај лозата во гевгелиско-валандовското виногорје со користење на фунгициди од Анекс 1 листа“ изработена од м-р Роберта Јанчева, 2012);

- поголем број дипломски работи.

Исто така, во изминатиот период, проф. д-р Раде Русевски бил член во комисии за одбрана на:

- еден докторат (“Режим на залевање на пиперката со микронаводнување и влијание врз приносот и ефикасноста на користењето на водата во Скопско“, изработен од д-р Вјекослав Танасковиќ, 2009);

- еден магистерски труд (“Вегетативна компатибилност, размножувачки типови и хиповирулентност на изолати на габата *Cryphonectria parasitica* од Р. Бугарија“, изработен од м-р Михајло Ристески, 2011);

- поголем број дипломски работи.

Во моментов, под менторство на проф. д-р Раде Русевски, актуелни се: една докторска дисертација, неколку магистерски трудови и неколку дипломски работи. Исто така, како член на комисии, актуелно е учеството на проф. Русевски, во уште еден докторат и неколку различни магистерски трудови и дипломски работи.

**Научноистражувачка активност**

Проф. д-р Раде Русевски, досега како стручен соработник или раководител, учествувал во реализација на поголем број научни, стручни и апликативно-едукативни проекти од областа на фитомедицината или блиски на неа, финансирани од разни институции. Меѓу позначајните проекти во кој активно учествувал кандидатот, во оваа прилика ги истакнуваме следниве:

1. Проучување на важните причинители на болести и штетни инсекти на пиперката и изнаоѓање на мерки за нивно сузбивање (1995-1996) (член во проектниот тим);
2. Проучување на причинителите за венењето и сушењето (апоплексија) на виновата лоза во Р Македонија и мерки за сузбивање и спречување од понатамошно ширење (1996-1997) (член во проектниот тим);
3. Интегрална заштита на јагодата од болести и штетници (1999-2001) (член во проектниот тим);
4. Примена на интегрална заштита, посебно на биолошките методи за сузбивање на штетни инсекти и болести во раноградинарско (пластеничко) производство на еколошки здрава храна (1999-2001) (член во проектниот тим);
5. Осовременување на сортиментот и проучување на биолошко-стопанските својства на некои економски значајни овошни видови и добивање на здрав посадочен материјал (2000-2002) (член во проектниот тим);
6. Причини за сушење и пропаѓање на грозјето кај сортата бургундец црн и можности за сузбивање и спречување од понатамошно ширење (2000-2002) (член во проектниот тим);
7. Прогноза, детерминација и следење на растителните болести, штетници и плевели во Република Македонија (повеќегодишен проект, државен експерт за секторот следење на вирусните заболувања на растенијата во Македонија) (1995-2007) (член во проектниот тим);
8. Производство на безвирусна пиперка од сортата Куртовска капија во струмичкиот регион (2001-2002) (раководител на проект);
9. Подобрување на здравствената состојба, продуктивноста и квалитетот на пиперката во пелагонискиот регион (2002-2003) (раководител на проект);

10. Производство на пиперката со резидба на две главни стебла – нова технологија која може да обезбеди повисоки стандарди во подобрувањето на здравствената состојба, продуктивноста и квалитетот на пиперката во Македонија (2003-2004) (раководител на проект);
11. Унапредување на производството на зеленчук, овошје и винова лоза преку систем на одржливо земјоделско производство во 5 Балкански земји (2004-2005) (член во проектниот тим);
12. Вегетативно размножување на овошни подлоги и винова лоза и селекција на сорти (2004-2006) (член во проектниот тим);
13. Микроразмножување на подлоги од коскести и јаболчести видови и сорти јагода (2004-2005) (раководител на проект);
14. Established and Emerging *Phytophthora*: Increasing Threats to Woodland and Forest Ecosystems in Europe (2010-2012) (член во проектниот тим);
15. Evaluation of natural and mutant genetic diversity in cereals using nuclear and molecular techniques, IAEA – (2007-2011) (член во проектниот тим);
16. International joint master degree in plant medicine. Tempus (EC) (2009-2012) (член во проектниот тим);
17. Diversity of invading *Phytophthora spp*. plant pathogen in agro and forest ecosystems in Southeast Europe. SEERA Net plus (2010-2012) (член во проектниот тим);
18. Фертиригација и технологија на контролиран раст на пиперката со цел зголемување на приност и заштита на животната средина (2012), МЗШВ - (член во проектниот тим);
19. Characterization and utilization of advanced wheat mutant lines for food and feed, IAEA – (2012-2017) (член во проектниот тим);

Како резултат на оваа, но и на друга научна и стручна активност, проф. д-р Раде Русевски, самостојно, или во соработка со други автори, досега има објавено 53 научни, стручни, прегледни, апликативно-едукативни трудови и публикации, во земјата и во странство.

Така, за избор во звањето помлад асистент по фитопатологија, кандидатот пријавил 3 рецензирани и објавени трудови (Билтенот на Универзитетот “ Св. Кирил и Методиј” број 643 од 15.7.1995 год., 123-125). Подоцна, за избор во звањето асистент по фитопатологија, кандидатот пријавил 4 рецензирани и објавени трудови (Билтен на Универзитетот “ Св. Кирил и Методиј” број 750 од 4.2.2000 год., стр. 74-78). За избор во звањето научен соработник по фитопатологија, кандидатот проф. д-р Раде Русевски пријавил 8 рецензирани и објавени трудови (Билтен на Универзитетот “ Св. Кирил и Методиј” број 819 од 15.3.2003 год., стр. 114-120). Во наредниот период, при изборот во звањето насловен доцент по предметот вирози при ФЗНХ во Скопје, проф. Русевски пријавил 5 рецензирани и, исто така, објавени трудови (Билтен на Универзитетот “ Св. Кирил и Методиј” бр. 860 од 1.12.2004 год., стр. 94-100). Следниот избор во академско звање на проф. Русевски бил во звањето виш научен соработник при ЈНУ Земјоделски институт – Скопје. За избор во ова академско звање, кандидатот пријавил 7 рецензирани и објавени трудови (Билтен на Универзитетот “ Св. Кирил и Методиј” бр. 933 од 28.12.2007 год., стр.81-90). За избор во звањето вонреден професор по фитопатологија при ФЗНХ во Скопје, кандидатот проф. д-р Раде Русевски пријавил 13 рецензирани и објавени трудови и

публикации (Билтен на Универзитетот “ Св. Кирил и Методиј” бр. 953 од 1.12.2012 год., стр. 191-199).

Во оваа прилика, за избор во звањето редовен професор во научната област фитопатологија, при ФЗНХ во Скопје, проф. д-р Раде Русевски ги пријавува следниве рецензирани оригинални научни трудови, објавени во земјава и во странство:

1. **Р., Русевски**, Катерина Банџо, Билјана Кузмановска, В., Ѓамовски, 2009. Вирусен статус на пиперката во Кочанско во 2008. Заштита на растенија. Vol. XX: 84-88.
2. **Р., Русевски**, Катерина Банџо, Билјана Кузмановска, Мирјана Станоевска, 2010. Вирусен статус на пиперката одгледувана на отворено во Република Македонија во 2009 година. Заштита на растенија. Vol. XXI: 44-50.
3. Билјана Кузмановска, **Р., Русевски**, А., Михајловски, 2010. Биолошки контролни агенси во заштитата на растенијата со посебен осврт на микопаразитните габи од родот *Trichoderma*. Заштита на растенија. Vol. XXI: 51-56.
4. **R., Rusevski**, Katerina Bandzo, Biljana Kuzmanovska, Mirjana Stanoevska, 2011. Virus status of pepper plants cultivated on open fields. XVI Savetovanje o biotehnologiji, Cacak. Zbornik radova. Vol. 16 (18): 429-434.
5. **Р., Русевски**, Билјана Кузмановска, Катерина Банџо, П., Петровски, 2011. Производство на индустриска пиперка – ризици и решенија. Заштита на растенија. Vol. XXII: 37-43.
6. Билјана Кузмановска, **Р., Русевски**, Катерина Банџо, М., Ристески, 2012. Биолошка контрола на *Pythium* spp. во расад од пиперка со *Trichoderma harzianum* T-22. Заштита на растенија. Vol. XXIII (Бр.24-25): 29-33.
7. М., Ристески, **Р., Русевски**, Билјана Кузмановска, Катерина Банџо, К., Сотировски, К., Костов, 2012. Идентификација на причинителот на венење и на сушење на јаболковите насади во преспанскиот регион. Заштита на растенија. Vol. XXIII (Бр.24-25): 53-58.
8. **Р., Русевски**, Билјана Кузмановска, Катерина Банџо, М., Ристески, 2012. Контрола на *Pythium* spp. Кај доматот и пиперката со употреба на нови фунгицидни активни материи. Заштита на растенија. Vol. XXIII (Бр.24-25): 47-52.
9. **Р., Русевски**, Билјана Кузмановска, Катерина Банџо, М., Ристески, 2012. Уништување на *Uncinula necator* – причинител на пепелница на лозата со примена на активната материја proquinazid. Заштита на растенија. Vol. XXIII (Бр.24-25): 41-45.
10. С., Митрев, И., Каров, **Р., Русевски**, Емилија Костадиновска, 2012. Присуство на вирусот на шарка на сливата во Република Македонија. Заштита на растенија. Vol. XXIII (Бр.24-25): 35-40.
11. Biljana Kuzmanovska, **R., Rusevski**, L., Jankuloski, Mirjana Jankulovska, D., Ivic, Katerina Bandzo, 2012. Phenotypic and genetic characterization of *Botrytis cinerea* isolates from tomato. Genetika. Vol. 44, No.3: 633-647, 2013.
12. **R. Rusevski**, Biljana Kuzmanovska, Katerina Bandzo, M. Risteski, K. Sotirovski, 2012. Tospoviruses in the Republic of Macedonia during 1996-2010, occurrence and distribution. Bulgarian Journal of Agricultural Science. Vol. 19, No.3: 544-549, 2013
13. **R. Rusevski**, Katerina Bandzo, Biljana Kuzmanovska, K., Sotirovski, M., Risteski, V., Tanaskovik, 2012. Occurrence, distribution and dynamics of virus antigen accumulation in pepper cultivation on open fields in R. Macedonia during 2008-

2009. African Journal of Agricultural Research, Vol. 8(28), pp. 3836-3841, 26 July, 2013

**Стручна активност**

Проф. д-р Раде Русевски, како национален експерт по растителна вирусологија, во периодот 1996-2007 год., бил вклучен во националниот проект: “Следење, дијагностицирање и прогнозирање на растителни болести, плевели и штетници“, организиран, координиран и финансиран од страна на МЗШВ – Управа за заштита на растенијата. Во рамките на оваа стручна активност, во периодот 1999-2002 год., професорот вршел дијагностицирање, следење и сузбивање на едно вирусно заболување (вирусот на бронзена некроза на доматот – TSWV) во регионите на Гевгелија и Богданци.

Во истиот период, покрај следењето на економски важните растителни вируси, проф. д-р Раде Русевски вршел контрола на вирусниот статус на некои карантински вируси и нивни вектори. Така, како резултат на оваа активност, професорот во периодот 1999-2000 год, утврдил присуство на карантински вирус кај некои сорти тутун (вирусот на прстенеста дамкавост на тутунот – TRSV); во 2002 год. пријавил присуство на нов Tospovirus вектор за Република македонија, трипсот *Frankliniella occidentalis*; во периодот 2002-2004 год., утврдил и проучувал нов карантински вирус за Република Македонија, INSV, кој е, исто така, припадник на Tospovirus родот (серогрупа III); во 2005 год., пријавил присуство на карантински вирус кај јаболкото (вирусот на мозаикот на јаболкото – AMV) кај некои нови сорти јаболко; истата, 2005 год., пријавил присуство на карантински вирусен вектор од највисок приоритет за Р. Македонија – *Bemisia tabaci*.

Во периодот 2002-2005 год., во склоп на еден апликативно-едукативен проект, проф. Русевски воведува една сосема нова технологија за производство на пиперка во заштитени простори во Македонија. Оваа активност на проф. Русевски го привлече вниманието на стручната и заинтересираната јавност, така што, денеска оваа технологија се’ почесто се користи во оранжериите и пластениците кога во нив на интензивен начин се одгледуваат различни генотипови пиперка. Во последно време, нагласена е тенденциите за нејзино помасовно ширење, особено во оранжериското производство.

Во периодот 2005-2006 год., проф. Русевски, во соработка, воведува една сосема нова технологија, за пропагација и мултипликација на контејнерски садници лешник, при расадничкото производство во Македонија. Ова технологија се уште не е широко распространета.

Во периодот 2006-2008 год., проф. Русевки, како одговор на зголеменото побарување, воведува уште една,  сосема нова технологија за производство на матични растенија слива, наменети за производство на калем гранки. Оваа технологија подразбира одгледување на матичните растенија во штитени простори, во контролирани услови, при што посебен акцент се дава на обезбедување на безвирусниот статустот на матиците, односно, Plum pox virus (Шарка на сливата) – незаразен.

Проектниот тим на проф. Русевски, со кој раководел, заедно со колегите од Пловдив, во периодот 2006-2007 год., ги усовршувале технолошките решенија за микропропагација на неколку типови вегетативни подлоги, наменети за продукција на овошни садници од типот на коскесто, јаболчесто овоштие и јагода, во согласност со целите на предбазната и базната сертификација.

Во периодот 27.12-02.03.2012 год., во рамките на проектот Tempus (EC): “INTERNATIONAL joint master degree in plant medicine“, проф. Русевски бил поканет предавач, заедно со еден од дојаените на светската растителна вирусологија, Giovanni Martelli, за одржување на еднонеделни предавања од општа и специјална растителна вирусологија.

Во 2008 год., проф. Русевски ја претставувал Р. Македонија во EFSA (European food safety authority), во групата за екотоксикологија како национален експерт, со тенденција за добивање статус на постојан член во ова европско тело. Истата, 2008 год., бил избран, а во 2010 год. бил реизбран во тимот на експерти на EFSA.

Проф. д-р Раде Русевски, во периодот 2010-2012 год., бил член на управувачкиот комитет на меѓународниот проект COST Action: FPO801 (Established and Emerging *Phytophthora*: Increasing Threats to Woodland and Forest Ecosystems in Europe).

Во периодите: 2002-2004 год., и 2006-2012 год., проф. Русевски ја вршел функцијата секретар на Здружението за заштита на растенијата на Р. Македонија. Во истиот тој период, активно учествувал во организацијата на 1 конгрес и 7 советувања за заштита на растенијата.

Во текот на 2011 год. бил член на организациониот одбор за организација на “XI Savetovanja o zaštiti bilja” во соседна Р. Србија.

Во периодот 1996-2008 год. проф. Русевски бил стручен соработник, експерт или учесник во проекти и апликации во VOKA, GTZ, MAASP и др. канцеларии, во здруженија на фармери и производители.

Како експерт од областа на заштитата на растенијата – фитомедицината, (фитопатологија – растителна вирусологија), бил вклучен во повеќе работни групи и тела за изработка на неколку законски и подзаконски акти, како и за изработка на национални карантински листи, изработка државна стратегија од областа на фитомедицината, изработка на мониторинг програми и друго.

Проф. Русевски во моментов е актуелен член во државната комисија за регистрација на производи за заштита на растенијата и член во Советот на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, за областа на фитомедицината.

Проф. д-р Раде Русевски, од 1.6.2013 год., е избран за раководител на Институтот за заштита на растенијата и земјоделска техника при ФЗНХ и член на факултетската управа во наредниот мандатен (4 – годишен) период. На оваа функција се наоѓа и денес.

**Студиски престои во странство**

Кандидатот, во изминатиот период, остварил повеќе студиски престои во странство. Така, во 1995 година престојувал во Марибор, Република Словенија, за совладување на ELISA- протоколот за детекција на растителните вируси. Во 2000 година престојувал на Земјоделскиот факултет во Земун за прочистување на растителните вируси, посебно на Tospo-вирусите. Во 2004 година престојувал во Минхен, Германија, за приспособување на земјоделските и квалитативните стандарди и норми кон регулативите на EU. Во 2005 година престојувал во Бари, Италија, за протоколите за интегралната заштита за регионот на земјите од поранешна Југославија. Во 2011 остварил студиски престој во IGREF Forestry research Institute, Солун, Р. Грција.

Активно се служи со англискиот јазик. Користи неколку оперативни и поголем број апликативни компјутерски пограми.

## III. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесената анализа на биографските податоци, наставно-образовната, научната и стручната активност на кандидатот проф. д-р Раде Русевски, Комисијата ги донесува следниве

ЗАКЛУЧОЦИ

- Кандидатот проф. д-р Радер Русевски со успех ја организира и ја изведува целокупната настава од областа на фитопатологијата во сите студиски програми при ФЗНХ.
- Проф. д-р Раде Русевски успешно е вклучен во образувањето на високо стручен и квалификуван кадар. Во изминатиот петтогодишен период, успеал да образува еден доктор на науки и двајца магистри од областа на фитопатологијата.
- И покрај отежнатите услови за научноистражувачка работа, во изминатиот период, проф. д-р Раде Русевски остварил значајни резултати во својата работа во научната област – фитопатологија. Учествувал во повеќе тимови при реализација на неколку научно-истражувачки проекти, усовршувал и дизајнирал технологии и решенија во различни растителни производства.
- Како резултат на научноистражувачката активност, во соработка со други автори, во изминатиов петогодишен период публикувал 13 оригинални научни трудови, кои се рецензирани и објавени во домашни и странски изданија.
- Покажал видна поширока стручна активност во разрешување на проблеми не само од областа на заштитата на растенијата, туку и пошироко, од областа на градинарството и овоштарството.

Имајќи го предвид сето погоре истакнато, како и наведените заклучоци,, Комисијата има чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна да му го достави следниов

# П Р Е Д Л О Г

Со задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна, проф. д-р Раде Русевски да го избере во звањето редовен професор по фитопатологија на овој Факултет.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Бранка Крстиќ, с.р.

2. Проф. д-р Малиша Тошиќ, с.р.

3. Проф. д-р Кирил Сотировски, с.р.

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: д-р Раде Цветко Русевски**

**Институција: Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје**

**Научна област: фитопатологија**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава од прв циклус студии** | |
| 1. | Фитопатологија со фитофармација, 3+0, лозаро-овоштарска насока, (зимски), 2009/2010; 2010/2011; 2011/2012 | 5,4 |
| 2. | Фитопатологија со фитофармација, 3+0, градинаро-цвеќарска насока, (летен), 2008/2009; 2009/2010; 2010/2011; 2011/2012; 2012/2013 | 9 |
| 3. | Фитопатологија со фитофармација, 3+0, градинаро-цвеќарска насока - дисперзија (летен), 2009/10; 2010/11; 2011/12 | 5,4 |
| 4. | Фитопатологија со фитофармација, 3+0, поледелска насока, (зимски), 2009/2010; 2010/2011; 2011/2012 | 5,4 |
| 5. | Фитопатологија со фитофармација, 3+0, екоземјоделска насока, (зимски), 2009/2010; 2010/2011; 2011/2012 | 5,4 |
| 6. | Општа фитопатологија, 3+0, заштита на растенија, (зимски), 2009/10; 2010/11; 2011/12; 2012/2013 | 7,2 |
| 7. | Микози 1, 3+0, заштита на растенија, (летен), 2008/2009; 2009/2010; 2010/2011; 2011/2012 | 7,2 |
| 8. | Микози 2, 3+0, заштита на растенија, (зимски), 2009/10; 2010/2011; 2011/12 | 5,4 |
| 9. | Вирози, 3+0, заштита на растенија, (зимски), 2009/10; 2010/11; 2011/12; 2012/2013 | 7,2 |
| 10. | Бактериози, 3+0, заштита на растенија, (летен), 2008/09; 2009/2010; 2010/2011; 2011/2012; 2012/2013 | 9 |
| | **Одржување на настава од од втор циклус студии** | |
| 11. | Фитопатологија, 2+0, група: фитопатологија (I семестар), 2009/2010 | 1,5 |
| 12. | Фитопатологија, 2+0, група: фитопатологија (II семестар), 2009/2010 | 1,5 |
| 13. | Методи на научно-истражувачка работа, 2+0, Група Фитопатологија (III семестар), 2009/2010 | 1,5 |
| 14. | Фитофармација, 2+0, група: фитопатологија (I семестар), 2009/2010 | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 15. | Фитофармација, 2+0, група: фитопатологија (II семестар), 2009/2010 | 0,5 |
| 16. | Виша фитопатологија, студиска програма Фитомедицина (I семестар-едногодишни студии), 2010/2011; 2011/2012 | 7,5 |
| 17. | Земјоделска фитопатологија, студиска програма: фитомедицина (I семестар-едногодишни студии), 2012/2013 | 1,5 |
| 18. | Фитопатологија, студиска програма: фитомедицина (II семестар-двогодишни студии), 2012/2013 | 1,8 |
| 19. | Фитофармација со екотоксикологија, студиска програма: фитомедицина (I семестар – едногодишни студии), 2012/2013 | 1,25 |
| 20. | Фитофармација со екотоксикологија, студиска програма: фитомедицина (III семестар-двогодишни студии), 2012/2013 | 1,25 |
| 20. | Методи на истражување во фитомедицината, студиска програма: фитомедицина (I семестар-едногодишни студии), 2010/2011; 2011/2012 | 6 |
| 21. | Методи на истражување во фитомедицината, студиска програма: фитомедицина (III семестар-двогодишни студии), 2010/2011; 2011/2012;2012/2013 | 9 |
| 22. | ГМО во заштитата на растенијата, студиска програма: фитомедицина (III семестар-двогодишни студии), 2010/2011; 2011/2012;2012/2013 | 0,9 |
| 23. | Консултации со студенти | 0,8 |
| 24. | Член на комисија за одбрана на докторска дисертација: „Режим на залевање на пиперката со микронаводнување и влијание врз приносот и ефикасноста на користењето на водата во Скопско“, изработена од д-р Вјекослав Танасковиќ (2009). | 0,5 |
| 25. | Член на комисија за одбрана на магистерски труд: „Вегетативна компатибилност, размножувачки типови и хиповирулентност на изолати на габата *Cryphonectria parasitica* од Р. Бугарија“, изработен од м-р Михајло Ристески (2011). | 0,3 |
| 26. | Ментор на дипломска работа: „Вирусни заболувања кај житните култури“, изработена од Вероника Димитриевска (2012) | 0,2 |
| 27. | Ментор на дипломска работа: „Вирусни заболувања на коскести овошни видови“, изработена од Ивана Шоповска (2012) | 0,2 |
| 28. | Ментор на дипломска работа: „*Bemisia tabaci* и вирусите што ги пренесува“, изработена од Евгенија Јордановска (2011) | 0,2 |
| 29. | Ментор на дипломска работа: „Вирусни заболувања кај винова лоза“, изработена од Чочкова Ивана (2011) | 0,2 |
| 30. | Ментор на дипломска работа: „Вирусни заболувања кај тутунот“, изработена од Ачкоска Ева (2010) | 0,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 31. | Ментор на дипломска работа: „Вируси кај пиперка и домат“, изработена од Карамитров Антонио (2010) | 0,2 |
| 32. | Член на комисија за одбрана на дипломска работа: „Кинетика на деградација на хербицидите“, изработена од Слаѓана Панајотова (2013) | 0,1 |
| 33. | Член на комисија за одбрана на дипломска работа: „Однесување на хербицидите во почва“, изработена од Стефан Ангеловски (2013) | 0,1 |
| 34. | Член на комисија за одбрана на дипломска работа: „Примена на хемигацијата во производство на пиперката“, изработена од Вангел Тркаљанов (2010) | 0,1 |
| 35. | Член на комисија за одбрана на дипломска работа: „Плевели и интегрални мерки за нивно сузбивање во пченка“, изработена од Душко Јакимовски (2010) | 0,1 |
| 36. | Член на комисија за одбрана на дипломска работа: „Улога на ГМО во поледелското производство“ изработена од Слободанка Нешковска (2009) | 0,1 |
| 37. | Интерна скрипта од предавања (Вирози – општ дел) | 4 |
| | **Вкупно** | **108,6** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на докторска дисертација: „Проучување на *Botrytis cinerea* Pers. – причинител на сивото гниење на доматот во заштитени простори и мерки за негово сузбивање“, изработена од д-р Билјана Кузмановска (2011). | 3 |
| 2. | Ментор на магистерски труд: „Појава на пепелницата на краставицата *Erysiphe cichoracearum* DC. во оранжериски услови и нејзино сузбивање“, изработена од м-р Јованка Костовска Мариновска (2009). | 1 |
| 3. | Ментор на магистерски труд: „Сузбивање на причинителот на пепелницата *Uncinula necator* (Schwabe.) Burrill кај лозата во гевгелиско-валандовското виногорје со користење на фунгициди од Анекс 1 листа “, изработена од м-р Роберта Јанчева (2012). | 1 |
| 4. | Diversity of invading *Phytophthora spp*. plant pathogens in agro and forest ecosystems in Southeast Europe. SEE-ERA. NET.(2010-2012) – учесник | 5 |
| 5. | Evaluation of natural and mutant genetic diversity in cereals using nuclear and molecular techniques (2007-2011), IAEA – учесник | 5 |
| 6. | International joint master degree in plant medicine (2009-2012), Tempus (EC) – учесник | 5 |
| 7. | Characterization and utilization of advanced wheat mutant lines for food and feed (2012-2017), IAEA – учесник | 5 |
| 8. | Фертиригација и технологија на контролиран раст на | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | пиперката со цел зголемување на приност и заштита на животната средина (2012), МЗШВ - учесник | |
| 9. | **Раде Русевски**, Катерина Банџо, Билјана Кузмановска, Виктор Ѓамовски. 2009. Вирусен статус на пиперката во Кочанско во 2008. Заштита на растенија. Вол. XX: 84-88. | 1,2 |
| 10. | **Раде Русевски**, Катерина Банџо, Билјана Кузмановска, Мирјана Станоевска. 2010. Вирусен статус на пиперката одгледувана на отворено во Република Македонија во 2009 година. Заштита на растенија. Вол. XXI: 44-50. | 3,6 |
| 11. | Билјана Кузмановска, **Раде Русевски**, Александар Михајловски. 2010. Биолошки контролни агенси во заштитата на растенијата со посебен осврт на микопаразитните габи од родот *Trichoderma*. Заштита на растенија. Вол. XXI: 51-56. | 3,6 |
| 12. | **Rade Rusevski**, Katerina Bandzo, Biljana Kuzmanovska, Mirjana Stanoevska. 2011. Virus status of pepper plants cultivated on open fields. XVI Savetovanje o biotehnologiji, Zbornik radova. Vol. 16 (18): 429-434. | 1,2 |
| 13. | **Раде Русевски**, Билјана Кузмановска, Катерина Банџо, Панде Петровски. 2011. Производство на индустриска пиперка – ризици и решенија. Заштита на растенија. Вол. XXII: 37-43. | 3,6 |
| 14. | Билјана Кузмановска, **Раде Русевски**, Катерина Банџо, Михајло Ристески. 2012. Биолошка контрола на *Pythium* spp. во расад од пиперка со *Trichoderma harzianum* Т-22. Заштита на растенија. Вол. XXIII (Бр.24-25): 29-33. | 3,6 |
| 15. | Михајло Ристески, **Раде Русевски**, Билјана Кузмановска, Катерина Банџо, Кирил Сотировски, Калојан Костов. 2012. Идентификација на причинителот на венење и на сушење на јаболковите насади во Преспанскиот регион. Заштита на растенија. Вол. XXIII (Бр.24-25): 53-58. | 3,6 |
| 16. | **Раде Русевски**, Билјана Кузмановска, Катерина Банџо, Михајло Ристески. 2012. Контрола на *Pythium* spp. кај доматот и пиперката со употреба на нови фунгицидни активни материи. Заштита на растенија. Вол. XXIII (Бр.24-25): 47-52. | 3,6 |
| 17. | **Раде Русевски**, Билјана Кузмановска, Катерина Банџо, Михајло Ристески. 2012. Уништување на *Uncinula necator* – причинител на пепелница на лозата со примена на активната материја proquinazid. Заштита на растенија. Вол. XXIII (Бр.24-25): 41-45. | 3,6 |
| 18. | Саша Митрев, Илија Каров, **Раде Русевски**, Емилија Костадиновска. 2012. Присуство на вирусот на шарка на сливата во Република Македонија. Заштита на растенија. Вол. XXIII (Бр.24-25): 35-40. | 3,6 |

| | | |
|---|---|---|
| 19. | Biljana Kuzmanovska, **Rade Rusevski**, Ljupco Jankuloski, Mirjana Jankulovska, Dario Ivic, Katerina Bandzo. 2012. Phenotypic and genetic characterization of *Botrytis cinerea* isolates from tomato. Genetika. Vol. 44, No.3: 633-647. | 3,6+0,4<br>4= 4,04 |
| 20. | **R.Rusevski**, B.Kuzmanovska, K.Bandzo, M.Risteski, K.Sotirovski. 2013. Tospoviruses in the Republic of Macedonia during 1996-2010, occurrence and distribution. Bulgarian Journal of Agricultural Science. Vol. 19, No.3: 544-549 | 3,6+0,1<br>8= 3,78 |
| 21. | **Rade Rusevski**, Katerina Bandzo, Biljana Kuzmanovska, Kiril Sotirovski, Mihajlo Risteski. 2013. Occurrence, distribution and dynamics of virus antigen accumulation in pepper cultivation on open fields in R. Macedonia during 2008-2009.African Journal of Agricultural research. Vol.8 (28): 3836-3841 | 3,6 |
| 22. | Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет (University of Bari Aldo Moro, Faculty of Agriculture) 27.02-02.03.2012 | 3 |
| 23. | Учество на научен/стручен собир со реферат:<br>- Михајловски А., **Русевски Р.**, Кузмановска Билјана. Можности за криопрезервација на *in vitro* изолати од фитопатогената габа *Botrytis cinerea* Pers. XXXIV советување за заштита на растенијата, Охрид, 2009 (усна презентација)<br>- Кузмановска Билјана, **Русевски Р.**, Михајловски А. Биолошки контролни агенси во заштитата на растенијата со посебен осврт на микопаразитните габи од родот *Trichoderma*. XXXIV советување за заштита на растенијата, Охрид, 2009 (усна презентација)<br>-**Русевски Р.**, Банџо Катерина, Кузмановска Билјана, Станоевска Мирјана. Вирусен статус на пиперката одгледувана на отворено во Република Македонија. XXXIV советување за заштита на растенијата, Охрид, 2009 (усна презентација)<br>- **Раде Русевски**, Билјана Кузмановска, Катерина Банџо, Панде Петровски. Производство на индустриска пиперка – ризици и решенија. XXXV советување за заштита на растенијата, Охрид, 2010 (усна презентација)<br>- Михајло Ристески, **Раде Русевски**, Маријана Накова, Ненад Кеча, Славчо Славов, Александар Михајловски, Билјана Кузмановска, Ирена Папазова Анакиева, Кирил Сотировски. Појава на *Phytophthora* sp. по јаболковите насади во Ресенскиот регион, Република Македонија. XXXVI советување за заштита на растенијата, Охрид, 2011 (усна презентација)<br>- **Раде Русевски**, Билјана Кузмановска, Катерина Банџо. ENERVIN – нова алатка во контролата на некои псевдогаби. | 9 |

| | | |
|---|---|---|
| | XXXVI советување за заштита на растенијата, Охрид, 2011 (усна презентација)<br>- **Раде Русевски**, Билјана Кузмановска, Катерина Банџо. ORVEGO – нов ефикасен фунгицид за уништување на оомицетни габи. XXXVI советување за заштита на растенијата, Охрид, 2011 (усна презентација)<br>- **Раде Русевски**, Билјана Кузмановска, Катерина Банџо. TALENDO – нова можност за уништување на *Uncinula necator*. XXXVI советување за заштита на растенијата, Охрид, 2011 (усна презентација)<br>- **Раде Русевски**, Билјана Кузмановска, Катерина Банџо. Биолошка контрола на *Pythium spp.* кај пиперката со примена на биофунгицидот Trianum - P. XXXVI советување за заштита на растенијата, Охрид, 2011 (усна презентација) | |
| | **Вкупно** | **82,62** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. Број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание “Заштита на растенија“ | 0,5 |
| 2. | Член на организационен одбор на Традиционално Советување за заштита на растенија со меѓународно учество | 0,5 |
| 3. | Член на организационен одбор на Меѓународен симпозиум за земјоделство и храна (2012) | 1 |
| 4. | Студиски престој во странство: од 18.01.2011-20.01.2011 престојувала во IGREF Forestry research Institute, Солун, Р. Грција | 0,5 |
| 5. | Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува научноистражувачка дејност (EFSA) - член | 2 |
| 6. | Членство во Менаџмент Комитет за Phytophthora (COST) - член | 2 |
| 7. | Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект: Diversity of invading *Phytophthora spp.* plant pathogens in agro and forest ecosystems in Southeast Europe. SEE-ERA.NET. 2010 – соработник | 1 |
| 8. | Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект: Истражување на распространувањето и разновидноста на патогените *Phytophthora spp.* во шумските екосистеми и овошните агросистеми во Бугарија и Македонија. МОН. 2010 - соработник | 1 |
| 9. | Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект: Испитување на локални и интродуцирани овошни сорти подлоги со цел нивно воведување во системот за производство на сертифициран | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | овошен посадочен материјал. МОН. 2010 - соработник | |
| 10. | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект: Генетски и фенотипски диверзитет на популациите од *Botrytis cinerea* – причинител на болеста сиво гниење кај доматот. МОН. 2010 - соработник | 0,5 |
| 11. | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект: Примена на хемигација преку систем за микронаводнување и технологија на контролиран раст на пиперката со цел унапредување на производството и заштита на животната средина. МЗШВ. 2010 - соработник | 0,5 |
| 12. | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект: Примена на фертиригација и технологија на кроење на пиперката со цел унапредување на производството и заштита на животната средина. МЗШВ. 2011 - соработник | 0,5 |
| 13. | Раководител на внатрешна организациона единица (раководител на Институт за заштита на растенија и земјоделска техника, 2013-2017) | 3 |
| 14. | Член на Комисија за втор циклус универзитетски студии, 2013-2017 | 0,5 |
| 15. | Член на Комисија за избор во звање - доцент (д-р Билјана Кузмановска) | 0,2 |
| 16. | Подготовка на Стратегија за фитосанитарна политика за периодот, 2013-2018 | 2 |
| 17. | Учество во Комисија за давање на стручни совети од областа на здравјето на растенијата, 2012-2014 | 1 |
| 18. | Учество во Стручна комисија за одобрување на производи за заштита на растенијата, 2010-2014 | 1 |
| 19. | Учество во Работна група за мониторинг на штетни организми 2011- | 1 |
| | **Вкупно** | **19,7** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | **108,6** |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | **82,62** |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | **19,7** |
| **Вкупно** | **210,92** |

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Бранка Крстиќ, с.р.
2. Проф. д-р Малиша Тошиќ, с.р.
3. Проф. д-р Кирил Сотировски, с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

**,, РАЗВОЈ НА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ОЦЕНА НА КВАЛИТЕТОТ НА ЕКСПЕРИМЕНТАЛНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ПРИ ИСТРАЖУВАЊЕ НА ФИЗИЧКИТЕ ПОЈАВИ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ОБРАБОТКА СО СИМНУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛ ",** ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р НЕВЕН ТРАЈЧЕВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр.02-2663/2 од 26.9.2013 година, донесена на седницата на Наставно- научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, именувани сме за членови на Комисијата за одбрана на докторската дисертација со наслов: **,,Развој на методологија за оцена на квалитетот на експерименталните резултати при истражување на физичките појави во процесите на обработка со симнување на материјал",** изработена од кандидатот м-р Невен Трајчевски.

Врз основа на изведениот преглед на доставената докторска дисертација, Комисијата го донесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

## 1. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Основа за давање аргументирано образложение за оправданоста на реализираните научни истражувања опфатени во докторската дисертација претставуваат сознанијата на кандидатот м-р Невен Трајчевски, добиени како резултат на неговите досегашни искуства и изведената анализа на бројните литературни извори во областа на експериментално- аналитичките истражувања на физичките појави во процесите на обработка со симнување на материјал, поточно во примената на методите и мерните техники кои се користат за идентификација на физичките појави.

Имено, кандидатот м-р Невен Трајчевски во докторската дисертација јасно ја истакнува присутната полемика и констатација дефинирана во облик на заклучоци од страна на голем број научни истражувачи, а која се однесува на резултатите од истражувањата на отпорите и температурата во процесот на

обработка со стружење, како и нивното поврзување со технолошките ефекти на новоконституираната обработена површина. Кандидатот објаснува дека присуството на големите разлики на карактеристиките на површинскиот слој се резултат на квалитетот на резултатите кои се добиваат во етапите на настанување на обработената површина, почнувајќи од методите на проектирање на површината, техниките на производство, методите за идентификација и истражување, како и поврзување со условите на експлоатација. Токму оваа констатација, всушност, претставува и главна причина која ја наведува кандидатот за реализација на истражувањата дефинирани во докторската дисертација.

По спроведената научна анализа на досегашните истражувања врз основа на литературниот преглед, во докторската дисертација на јасен и еднозначен начин се дефинирани целите и областа на реализираните истражувања, а посебно кандидатот ги дефинира и научните тези.

Достигнувањата во докторската дисертација од реализираните научни експериментално- аналитички истражувања кандидатот ги сублимира и на систематски начин ги презентира во облик на заклучоци од осознавачки, мериторен и утилитарен карактер.

Заклучоците со осознавачки карактер ја отсликуваат општата состојба во доменот на реализираните експериментално-аналитички истражувања, изразена преку неколку согледувања и констатации презентирани во докторската дисертација. Заклучоците со мериторен карактер имаат суштествено значење и тие на меродавен начин го искажуваат постигнувањето, односно нивото на реализација на поставените научни тези. Заклучоците со утилитарен карактер го покажуваат степенот на практичната употребливост на добиените сознанија од реализираните експериментално-аналитички истражувања во насока на нивна директна применливост во индустриската практика.

Докторската дисертација содржи вкупно осум (8) поглавја напишани на 173 страници, илустрирани со 41 слика, цртежи, шеми и дијаграми, 41 табела; содржина; листа на употребени симболи и означувања и список на релевантни библиографски единици со 113 наслови и  прилог со резултати од изведените истражувања.

**Во првото поглавје (1. Вовед)** е набележано местото и значењето на експерименталните истражувања во севкупниот процес на инженерингот на површинскиот слој и наметнатата потреба за анализа на досега применуваните методи за проектирање на експерименталните и мерните системи применувани во експерименталните истражувања на процесите на обработка со симнување на материјал. Воедно, кандидатот укажува и на постојните дилеми што се појавуваат при изведување на експерименталните истражувања од аспект на зголемување на

точноста на добиените резултати и намалување на интервалот на растурање на добиените резултати. Стекнатите сознанија од изведените анализи кандидатот ги трансформира во констатации за постоење на потреба и оправданост за развој на интегрална методологија која ќе овозможи оцена на нивото на квалитетот на добиените резултати од експерименталните истражувања на физичките појави во процесите на обработка со симнување на метеријал, преку идентификување на нарушувачките фактори присутни при изведување на екперименталните истражувања.

**Во второто поглавје (2. Неодреденост на резултатите од мерењето)** се набележани основите и развојот на концептот за одредување и опишување на грешките и неодреденоста на резултатите од мерењето, поткрепено со продлабочена анализа на постојните методи и техники кои се користат во овој домен. Даден е преглед на авторитативните документи од областа на неодреденоста кои се најшироко прифатени од метролошката заедница, заедно со начините за одредување на стандардната мерна неодреденост, комбинираната мерна неодреденост и пропагацијата на крајниот резултат од мерењето. Такви се: „Водичот за искажување на мерната неодреденост“ (анг. *Guide to the Expression of Uncertainty in Measurement - GUM*) и „Меѓународниот речник за базични и општи термини во метрологијата“ (анг. *International vocabulary of metrology - Basic and general concepts and associated terms - VIM*) изработени од работните групи составени од експерти номинирани од организациите *BIMP*, *IEC, ISO* и *OIML*, а објавени од страна на Меѓународното биро за тегови и мерки (анг. *International Bureau of Weights Measures - BIPM*), Меѓународната електротехничка комисија (анг. *International Electro-technical Commission - IEC*), Меѓународната федерација за клиничка хемија (анг. *International Federation of Clinical Chemistry – IFCC*), Меѓународната асоцијација за соработка во областа на акредитација на лаборатории (анг. *International Laboratory Accreditation Cooperation – ILAC*), Меѓународната организација за стандардизација (анг. *International Organization for Standardization - ISO*), Меѓународната унија за чиста и применета хемија (анг. *International Union of Pure and Applied Chemistry - IUPAC*), Меѓународната унија за чиста и применета физика (анг. *International Union of Pure and Applied Physics - IUPAP*) и Меѓународната организација за законска метрологија (анг. *International Organization of Legal Metrology - OIML*). Исто така, кандидатот набележува и образложува алтернативни пристапи за одредување и опишување на грешките и различните типови на неодредености на резултатите од мерењето, притоа повикувајќи се на стандардизирани процедури и ISO стандарди.

**Третото поглавје (3. Методи за определување на неодреденоста) се однесува на** анализа на мерната функција (мерниот модел) и аналитички дефинираниот проблем што треба да се реши за да се пресмета функцијата на густината на распределбата на крајниот резултат од мерењето. Пресметаната

функција на густината на распределба на крајниот резултат од мерењето дава јасна слика за мерната големина. Исто така, во оваа поглавје, се обработени и методи кои даваат решение за одредување и прикажување на распределбите на крајните резултати од мерењето какви што се методите опфатени со рамката на *GUM* за неодреденост (анг. *GUM Uncertainty Framework)* и нумеричкиот метод Монте Карло (*MCM*).

Прикажана е и компаративна анализа на предностите и недостатоците за анализираните методи и начини за одредување и опишување на грешките и неодреденоста на резултатите од мерењето од каде што може да се согледа основаноста за изборот на методите кои понатаму практично се применети во докторската дисертација.

**Во четвртото поглавје (4. Методи за оцена на квалитетот на резултатите од мерењето во експерименталните истражувања),** кандидатот оцената на квалитетот на резултатите добиени од експерименталните истражувања ја разгледува во состав на сеопфатната (интегрална) методологија за изведување на експерименталните истражувања, опфаќајќи ги притоа и методите за планирање на експериментите и проектирање на мерните системи кои се применуваат во експерименталните истражувања на процесите на обработка со симнување на матаријал. Врз основа на стекнатите искуства на кандидатот при создавањето на мониторинг- системот кој се користи во експерименталните истражувања при обработка со стружење и врз основа на извршената анализа на релевантната литература, претставена е методологијата на изведување на експерименталните истражувања на физичките појави во процесот на обработка со симнување на материјал, како множество од етапи кои се засноваат на одделни теории и научни сознанија кои се систематизирани и методолошки претставени. Сето ова е проследено со продлабочена анализа на карактеристичните математички модели кои се применуваат за опишување на промената на физичките појави во процесите на обработка со стружење, чишто квалитет на добиените резултати, а со тоа и на математичките модели е предмет на разработка и претставува основа за развој на методологијата содржана во насловот на докторската дисертација. Кандидатот набележува дека, всушност, големината на интервалот на растурање на константите и експонентите во математичките модели (степенестите функции) ја одредуваат веродостојноста на овие модели и на квалитетот на резултатите добиени од експерименталните истражувања, давајќи притоа и насоки за нивна имплементација при оптимизација на производствените процеси. Врз база на претходно изведените анализи, кандидатот во оваа точка ги поставува целите, научните тези и областа на истражување во докторската дисертација. Целите ги поврзува со развој на интегрална методологија за оцена на квалитетот на резултатите добиени од експерименталните истражувања, посебно во областа на истражувањето на отпорите и температурата во процесот на режење,

како основа за проширување на нејзината примена и во други области на истражување на физичките појави и технолошките ефекти при обработка со симнување на материјал. Како показател за нивото на квалитет на експерименталните резултати, кандидатот ја усвојува мерната неодреденост. Остварувањето на поставените цели кандидатот ја согледува во насока на потврдување на претходно поставените научни тези дека: во експерименталните истражувања на физичките појави во процесите на обработка со симнување на материјал се применуваат методи и техники кои сами по себе предизвикуваат создавање на растурања на резултатите од мерењата; растурањето на резултатите од мерењата го намалуваат квалитетот и веродостојноста на крајните резултати од експерименталните истражувања, а со самото тоа придонесуваат до нивна несодветна интерпретација и примена; отстапувањата и растурањата на експерименталните резултати претставуваат збир од влијанија кои потекнуваат од применетите методи на планирање и обработка на резултатите, применетите методи и опрема за идентификација на појавите во самиот процес на режење. За постигнување на зацртаните цели и потврдување на научните тези кандидатот поврзува научни сознанија од областа на физиката на појавите во процесот на обработка со симнување на материјал, современата теорија на експерименталните истражувања, теоријата на идентификација, информатиката, електрониката, како и од областа на математичката статистика и теоријата на веројатноста.

**Во петтото поглавје (5. Развој на методологија за оцена на квалитетот на резултатите од експерименталните истражувања при обработка со стружење)** прикажана е развиената методологија за оцена на квалитетот на резултатите од експерименталните истражувања при обработка со стружење. Претставени се етапите од настанувањето на методологијата како: развој на сопствени хардверски и софтверски решенија за примена во експерименталните истражувања на физичките појави при обработка со стружење, со цел стекнување на знаења и искуство за ефектите на користените градбени компоненти врз веродостојноста на добиените резултати и врз усвоените математички начини на опишување на истражуваните појави; идентификација на изворите на грешките во експерименталните истражувања; изведување на експериментални истражувања и претставување на добиените резултати од експерименталните истражувања; развој на модел за опишување на квалитетот на добиените резултати, идентификација и квантификација на изворите на неодреденоста, и создавање на препораки за нивно намалување. Согласно со така групираните активности по етапи, кандидатот прво го опишува развиениот мониторинг-систем за мерење на силите и температурата во процесот на режење при обработка со стружење, систем развиен на Машинскиот факултет во Скопје во соработка со Институтот за технологија на машини и автоматизација на Машинскиот факултет при Вроцлавската политехника во Полска. За

систематизирање на влијанијата кои ја дефинираат мерната неодреденост кандидатот употребува дијаграм на Ишикава. Претставена е постапка за одредување на влијанијата на поедините компоненти на мерната неодреденост, а кои се однесуваат на процесот на **единечното мерење на силата на режење и на единечно мерење на средната температура во процесот на режење.** Процесот на единечното мерење на силата на режење, вклучува компоненти кои произлегуваат како резултат на применетиот метод за идентификација, проектираниот и применетиот мерен систем во чија основа е динамометарот и компонентите кои го опишуваат процесот на обработка со режење (параметрите v, f, a, $r_\varepsilon$ и геомтријата на резачкиот алат). Процесот, пак, на единечното мерење на средната температура во процесот на режење, вклучува компоненти кои произлегуваат од применетиот метод (методот на природен термопар) за мерење на температурата, проектираниот и применетиот мерен систем и компонентите кои се карактеристика на процесот на обработка (параметрите v, f, a, $r_\varepsilon$ и геомтријата на резачкиот алат). Понатаму кандидатот го разработува **математичкото моделирање на крајниот резултат од истражувањето - математичкиот модел со кој се опишува промената на истражуваната појава,** со примена на методот на факторен експеримент. Истражувањата се изведени преку анализа на креираниот математички модел кој ја опишува зависноста на средната температура во процесот на режење од параметрите на обработка. Пропагирањето на мерната неодреденост која се однесува на: **а). единечното мерење на силата на режење, б). единечно мерење на средната температура во процесот на режење,** и **в). математичкото моделирање на крајниот резултат од истражувањето,** е изведена со помош на *GUF,* а валидацијата е изведена со примена на *MCM,* кои кандидатот за примена во оваа област ги наведува и применува како методи кои се соодветни и како методи кои се надополнуваат. Изведените пресметки кои се однесуваат на а), б) и в) овозможија да се создадат конкретни математички модели, односно база со информации за изведување на експериментални истражувања од ваков тип, кои ги содржат, детално расчленети и идентификувани поединечните влијателни фактори. Анализата на големината на влијанијата на поединечните фактори содржани во пресметаните буџети на мерната неодреденост прикажани во оваа точка се основа за донесување на понатамошните заклучоци за анализа на хардверските и софтверските градбени решенија кои се користат во применетата мерна инсталација за изведување експериментални истражувања, но исто така се основа за давање на препораки за намалување на мерната неодреденост во деловите од анализираниот систем, а со тоа се создаваат и услови за зголемување на квалитетот на крајниот резултат од експерименталните истражувања. На крајот од оваа точка кандидатот изведува значајна комаративна анализа на досегашното претставување на веродостојноста на резултатот од примената на степенестите функции за опишување на промената на физичките појави во процесот на режење

во зависност од параметрите на обработка (v, f, a, $r_\varepsilon$ ), со прикажаната веродостојност на степенестите функции на начин кој е развиен во докторската дисертација.

Во **шестото поглавје (6. Верификација на предложената методологија и препораки за намалување на мерната неодреденост)** извршена е верификација на резултатите од истражувањата во делот на експерименталните мерења, но и во делот на аналитичките истражувања преку обработка на резултатите од изведените експерименти. Дополнително, верификацијата е поткрепена и со објавени научни трудови на кандидатот. Направена е анализа на добиените резултати од претходните точки, од каде што произлезе значајна листа на препораки за намалување на мерната неодреденост при реализација на експерименталните истражувања во разгледуваната област. Понатаму, кандидатот преку алгоритам ја опишува на систематизиран начин методологијата за оцена на квалитетот на добиените резултати од екперименталните истражувања.

Во **седмото поглавје (7. Заклучоци)** се донесени заклучоци со осознавачки, мериторен и утилитарен карактер, како и посочени се насоките за понатамошни истражувања. Од нив јасно се гледа дека кандидатот во целост ги има реализирано поставените цели во истражувањата во овој труд, како и во целост ги потврдува поставените научни тези.

Во **осмото поглавје (8. Литература)** е даден списокот на литературни извори, вкупно 113 референции, кои се користени од кандидатот при изработката на докторската дисертација. Меѓу посочените референции се вбројуваат и сопствените (на кандидатот) референции и кои се резултат на неговите експериментално-аналитички истражувања, тесно поврзани со реализацијата на неговата докторска дисертација.

На крај, како составен дел од докторската дисертација, е даден **прилог** во кој се претставени дел од добиените резултати од изведените експериментални истражувања.

## 2. МЕРИТОРНА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Од претставената содржина на докторската дисертација, се гледа дека кандидатот м-р Невен Трајчевски на комплексен и сеопфатен начин ги анализирал прашањата значајни за развојот на методологијата за оцена на квалитетот на експерименталните резултати при истражување на физичките појави во процесите на обработка со симнување на материјал. Комплексноста на истражувањето (експериментално-аналитичко) е многу важна карактеристика во

трудот, бидејќи овозможи добивање на основани и значајни резултати, неопходни за правилно разбирање и решавање на задачата содржана во поставените цели.

Постоењето и потврдувањето на научните тези (претпоставки) во докторската дисертација претставуваат особено значаен елемент за истакнување, кој дава методолошки пристап на текот на изведување на истражувањата, дава насока за добивање на резултати преку кои се овозможува оцена на научниот придонес во разгледуваната област, а особено на високото ниво на реализираност на поставените научни тези.

Вредно за одбележување е и тоа што кандидатот во математичките модели (степенестите функции) за опишување на промените на физичките појави во процесите на обработка со режење при стружење предлага воведување на неодреденост на константата и на експонентите.

Таквиот пристап овозможува квалитативен и квантитативен опис на веродостојноста на математичките модели, а со тоа и нивна адекватна понатамошна примена, што директно се рефлектира и на подобрување на квалитетот на крајниот производ.

## 3. ОЦЕНА НА МЕТОДОЛОШКИТЕ ВРЕДНОСТИ ВО ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Посебно внимание заслужува применетиот методолошки пристап за реализација на поставените цели и научните тези во докторската дисертација. Нагласена е грижата на кандидатот м-р Невен Трајчевски да обезбеди веродостојни услови за изведување на експерименталните истражувања, насоки и резултати за адекватно решавање на поставените цели, научни тези и задачи, преку:

- анализа на 113 наслови, тесно поврзани со разгледуваната проблематика;

- создавање на сопствен мониторинг-систем за мерење на силите и температурата во процесот на режење при обработка со стружење, вклучувајќи хардверски и софтверски елементи;

- анализа на можностите на повеќе постојни софтвери за пропагација на мерната неодреденост;

- имплементација на Монте Карло-симулациите како нумеричка метода според додатокот 1 на *GUM,* како метод за валидација на формираните буџети на мерната неодреденост;

- соработка, размена на мислења и резултати со експерти од областа на автоматизацијата на аналитичко-експерименталните истражувања на физичките појави и технолошките ефекти во обработките со режење;

- верификација на етапно постигнатите резултати од истражувањата во докторската дисертација преку учество на меѓународни конференции, објавување на трудови во зборници на трудови на тие конференции, како и објавување во меѓународни и странски списанија. Кандидатот објави поголем број научни трудови, од кои најзначајни, тесно поврзани со тематиката од докторската дисертација се:

[1]. Kuzinovski Mikolaj, Cichosz Piotr, **Trajčevski Neven**, Tomov Mite: Computer aided engineering of the surface layer in the machining process by material removal, Systems, Journal of Transdisciplinary Systems Science, Vol. 16, No. 2, pages 25-41, Polish Systems Society, ISSN 1427-275X, Wrocław, 2012.

[2]. Kuzinovski Mikolaj, **Trajčevski Neven**, Tomov Mite, Cichosz Piotr: Analysis of hardware and software solutions in function of the reliability of experimental research results during investigation of cutting forces and temperature in the cutting process, GÓRNICTWO ODKRYWKOWE, ISSN 0043-2075, Rocznik LI, Nr 3, pages 148-153, Wrocław, Poland, 2010.

[3]. Kuzinovski Mikolaj, **Trajčevski Neven,** Filipovski Velimir, Mite Tomov, Cichosz Piotr: Monitoring system for automation of experimental researches in cutting, Proceedings, Faculty of Mechanical Engineering - Skopje, Vol.28, No.2, pages 41-60, 2009.

[4]. **Trajčevski Neven,** Kuzinovski Mikolaj, Cichosz Piotr: Investigation of temperature during machining process by high speed turning, Journal of Production Engineering, Vol 12, No.1, ISSN 1821-4932, University of Novi Sad, Faculty of Technical Sciences, pages 47-50, Novi Sad, Serbia, 2009.

[5]. Kuzinovski Mikolaj, **Trajčevski Neven**, Cichosz Piotr: Investigation of cutting forces during machining process by high speed turning, Journal of Production Engineering, Vol 12, No.1, ISSN 1821-4932, University of Novi Sad, Faculty of Technical Sciences, pages 29-32, Novi Sad, Serbia, 2009.

[6]. **Trajčevski Neven,** Kuzinovski Mikolaj, Cichosz Piotr: Investigation of temperature during machining process by high speed turning, 10-th International Scientific Conference "MMA 2009", pages 52-55, Novi Sad, Serbia, October 09-10, 2009.

[7]. Kuzinovski Mikolaj, **Trajčevski Neven**, Cichosz Piotr: Investigation of cutting forces during machining process by high speed turning, 10-th International Scientific Conference "MMA 2009", pages 86-89, Novi Sad, Serbia, October 09-10, 2009.

[8]. Kuzinovski Mikolaj, **Trajčevski Neven**, Cichosz Piotr: Automation of experimental investigation of physical phenomena in the cutting process by machining with turning, XXXII Conference on production engineering SPMS 2008, pages 69-72, Novi Sad, Serbia, September 18-20, 2008.

Во претставената докторска дисертација, докторандот покажа солидно познавање во областа на: примената на принципите, алатките и методите, компјутерски потпомогнати, за обезбедување на услови за добивање на квалитетни научно истражувачки резултати; научната обработка и анализата на резултатите и нивното графичко претставување; и извлекувањето на умесни заклучоци. Сето ова нѐ ополномоштува кандидатот м-р Невен Трајчевски да го вброиме во редот на специјалисти од областа на експерименталните истражувања на физичките појави во обработките со симнување на материјал и од областа на мерната неодреденост на резултатите добиени од експерименталните истражувања, со солидна подготовка од областа на информатиката и електрониката.

## 4. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи ги предвид позитивните елементи од оцената на докторската дисертација, пред сè нејзината систематичност, комплексност и сеопфатност, развојот на методологијата за оцена на квалитетот на добиените резултати при изведување на експериментално-аналитичките истражувања на физичките појави во процесите на обработка со симнување на материјал, изведената научна анализа на постојните методи за одредување на неодреденоста на резултатите од мерењето, добивањето вредни, во значителен степен оригинални резултати од истражувањето и мерењата, нивната правилна обработка, адекватниот методички пристап, примената и изработката на сопствените хардверски и софтверски решенија за воведување целосна автоматизација при реализација на така комплексни експериментални истражувања како што се истражувањето на температурата и отпорите во процесот на режење, успешното имплементирање на развиената методологија за оцена на квалитетот на добиените резултати при математичкото моделирање на промената на отпорите и температурата во процесот на обработка со режење при стружење и реализираните експериментални истражувања, прифатениот пристап верификацијата на

добиените резултати од истражувањата да се изведува преку нивна презентација и објавување на научни трудови на конференции и во научни списанија, меѓународната димензија и актуелноста на опфатената тематика во докторската дисертација, сериозните познавања на кандидатот во областа на експерименталните и аналитичките истражувања, неговата истрајност, проникливост и педантност, Комисијата смета дека докторската дисертација со наслов:

**,, РАЗВОЈ НА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ОЦЕНА НА КВАЛИТЕТОТ НА ЕКСПЕРИМЕНТАЛНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ПРИ ИСТРАЖУВАЊЕ НА ФИЗИЧКИТЕ ПОЈАВИ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ОБРАБОТКА СО СИМНУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛ ”**

изработена од м-р Невен Трајчевски, претставува оригинален научен труд кој дава значаен научен придонес и во целост ги исполнува критериумите и барањата поставени пред докторските дисертации. Комисијата со особено задоволство предлага Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје да го прифати овој извештај и да закаже јавна одбрана на докторската дисертација.

**К о м и с и ј а**

1. Проф. д-р Миколај Кузиновски, с.р.

   Машински факултет, УКИМ-Скопје

2. Проф. д-р Владимир Дуковски, с.р.

   Машински факултет, УКИМ-Скопје,

   (редовен професор во пензија)

3. Проф. д-р Валентина Гечевска, с.р.

   Машински факултет, УКИМ-Скопје

4. Проф. д-р Велимир Филипоски, с.р.

   Факултет за електротехника и информациски технологии, УКИМ-Скопје,

   (редовен професор во пензија)

5. Проф. д-р Владимир Димчев, с.р.

   Факултет за електротехника и информациски технологии, УКИМ-Скопје

П Р Е Г Л Е Д

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

Наставно-научен совет – 27.09.2013 година

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Јане Јованов | Феноменолошки карактеристики на компјутерскиот криминалитет | Д-р Гордана Бужаровска |
| Елена Радојевиќ | Управните договори помеѓу јазот на приватното и јавното право | Д-р Борче Давитковски |
| Ѓоко Гажоски | Правото на самоопределување - случајот Косово | Д-р Татјана Петрушевска |
| Василка Крстева | Алтернативните мерки во Република Македонија со посебен осврт на нивната практична примена на подрачјето на Основниот суд во Радовиш | Д-р Никола Тупанчески |
| Мања Николовска | Сексуална експлоатација на деца како компјутерски криминал | Д-р Гордана Бужаровска |
| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
| **Елена Наумова** | Осигурување од професионална одговорност според правото на Република Македонија и меѓународните извори на правото | **проф.д-р Горан Коевски** |
| **Александра Османли Тулбевска** | Регулаторни мерки за управување со солвентни и инсолвентни банки, со посебен осврт на стечај и стечајна постапка на банка | **проф.д-р Димитар Гелев** |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТ БОЛЕСТИ НА ЖИВИНАТА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на седницата одржана на 4.9.2013 година, донесе одлука бр. 0201-3552/4, со која е формирана Рецензентска комисија во состав:

1. д-р Владимир Савиќ, научен советник на Хрватскиот ветеринарен институт-Центар за живинарство во Загреб, Хрватска,
2. д-р Дејан Видановиќ, научен соработник на Ветеринарниот специјалистички институт во Краљево, Србија,
3. д-р Дине Митров, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје,

со задача да изврши рецензија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од научната област болести на живината на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Откако ја прегледа доставената документација, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На конкурсот за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од научната област болести на живината, објавен во дневните весници „Нова Македонија“ од 22.8.2013 година и „Коха“ од 21.8.2013 година, се пријави единствено д-р Александар Додовски, вработен како асистент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Пријавениот кандидат ги има приложено потребните документи со кои ги исполнува сите услови предвидени со Законот за високото образование и објавениот конкурс.

**1. Биографски податоци за кандидатот**

Д-р Александар Додовски е роден на 22.7.1975 година во Скопје, Македонија. Основното образование и средното училиште ги завршил во Скопје. На Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје се запишал во учебната 1994/95 година, а дипломирал во 2000 година, со просек 9,41 и се стекнал со звањето доктор по ветеринарна медицина, ДВМ.

На 17.2.2003 година е избран во звањето помлад асистент по предметот зоохигиена при Факултетот за ветеринарна медицина (Одлука на ННС бр. 0202-63/3 од 17.2.2003 година) согласно со рефератот за избор објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и методиј” во Скопје со бр. 819 од 15.1.2003 година. На

3.10.2006 година е преизбран во звањето помлад асистент (Одлука на ННС бр. 0201-3774/6 од 3.10.2006 година) согласно со реферaтот за избор објавен во Билтенот на Универзитетот бр. 902 од 1.9.2006 година.

Постдипломските студии ги запишал на Факултетот за ветеринарна медицина во Белград, Србија, во учебната 2001/2002 година. Во 2007 година го одбранил магистерскиот труд под наслов „Влијание на пероралниот третман на зеолит на концентрациите на амонијак, уреа и жолчни киселини во порталната и системската циркулација на кучињата" и се стекнал со звањето магистер на ветеринарни науки.

На 30.11.2007 година, врз основа на Рефератот објавен во Билтенот бр. 929 од 1.11.2007 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје избран е во звањето асистент по предметот болести на птиците (Одлука на ННС бр. 0201-8311/4), а на 28.10.2010 година е преизбран во истото звање (Одлука на ННС бр. 0201-3391/2) согласно со рефератот објавен во Универзитетскиот билтен бр. 992 од 15.9.2010 година.

На 4.7.2013 година успешно ја одбранил докторската дисертација под наслов: „Молекуларна и филогенетска карактеризација на поединечни вируси на Њукастелската болест откриени во Република Македонија", со што се здобил со научен степен-доктор на науки од областа на ветеринарната медицина.

Д-р Александар Додовски моментално е во редовен работен однос како асистент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

## 2. Наставно-образовна дејност

Кандидатот д-р Александар Додовски совесно и квалитетно ја изведува практичната настава, ги изведува лабораториските и аудиториските вежби со примена на компјутерско - едукативни програми, врши редовни консултации и континуирани проверки со студентите по предметот болести на птиците. Освен основниот задолжителен предмет, со Одлука бр.0201-2782/16-1 од 13.9.2010 година, Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, му ја доделува практичната настава по изборните предмети технолошки процеси на живинарска фарма, одгледување и болести на ноеви и одгледување и болести на гулаби. Претходно ја изведувал практичната настава по предметите зоохигиена, хигиена на животните и животната средина 1 и 2 и болести на живината.

При изработката на курикулумот 2006 - 2009 година го подготвил практичниот дел на новите задолжителни предмети болести на птиците, хигиена на животните и животната средина 1 и 2, како и на изборните предмети технолошки процеси на живинарска фарма, одгледување и болести на ноеви и одгледување и болести на гулаби.

Учествувал на работилницата "Clinica Veterinaria 2005", организирана од TAIEX и ФВМ-С во Охрид, Македонија во периодот 3-7.9.2005 година.

Во периодот од септември 2005 до март 2006 учествувал во школата за обука за истражувачко-развојни прокети, "Basics in R&D project management and preparation of competitive proposal for FP6", организирана од GTZ.

Исто така во периодот 5-10.3.2006 година учествувал на работилницата "Emergency Assistance for Early Detection and Prevention of Avian Influenza in Eastern Europe and Caucasus Region", организирана од FAO во Загреб, Хрватска.

На 29.3.2006 година учествувал на работилницата „Обука на лица кои работат во лабораторија" во рамките на проектот: Структурна и правна реформа на МЗШВ во Скопје.

Д-р Александар Додовски со свое излагање учествувал на работилницата за дисеминација на резултати по основ на завршен FP6-проект TRANSB_DIS_ANIM_MK во Охрид од 27.1.2010-29.1.2010 година, во чија организација и учествувал.

Учествувал на работилницата "Calibration of reference thermometers which are applicable in the food industry" во Скопје, организирана од TAIEX на 11.6.2010 година.

Во периодот 25-27.10.2010 година учествувал во стручниот дел и во организацијата на работилницата „Имплементација на протоколи за благосостојба на животните на фарма" во Охрид во рамките на FP7-проектот „Econ-Welfare".

Учествувал на работилницата „Здравствена заштита на животните" во Охрид, организирана од ФВМ-Скопје на 30.10.2012 година.

Исто така, во периодот 4-6.7.2011 година учествувал на работилницата "Simulation exercise on avian influenza contigency plan" во Охрид организирана од TAIEX.

### 3. Научноистражувачка дејност

Д-р Александар Додовски, покрај наставно-образовната дејност, активно учествува во научноистражувачката дејност. Таа активност е изразена преку учество во повеќе научноистражувачки проекти меѓу кои се:

1. Проект од програмата Темпус Joint European Project (JEP) Tempus project CD_15017 – 2000 (807), Improvement of veterinary education in the Republic of Macedonia" CD_15017 – 2000 (1.9.2000-31.8.2003),
2. FP6-проект "Upgrading and introduction of sustainable diagnostic tools for the major transboundary diseases of animals in Macedonia", код: 043653 acronym: TRANSB_DIS_ANIM_MK, каде е задолжен за вирусолошката и молекуларната дијагностика на авијарната инфлуенца,
3. FAO-проект "Emergency Assistance for Avian Influenza Preparedness in Republic of Macedonia", код: OSRO/INT/603/USA baby 03 каде учествува како обучувач на официјалните ветеринари и овластените ветеринари,
4. FAO-проект "Training Activities for Non-professionals in the Field of AI and People at Risk", код: OSRO/GLO/702/CAN B3 - OSRO/GLO/604/UK каде учествува како обучувач на ризичните групи на лица за авијарна инфлуенца,
5. COST-акција FA1207 "Towards Control of Avian Coronaviruses: Strategies for Diagnosis, Surveillance and Vaccination" каде е член на менаџерскиот комитет на акцијата.

Кандидатот д-р Додовски одржал неколку секциски предавања на научно-стручни собири со меѓународно учество, меѓу кои се:

1. „Бела крвна слика кај еднодневни пилиња изложени на гладување и жеднеење во текот на првите денови од животот“, 26. Меѓународна конференција "Птицеводство 2004", Варна, Бугарија.

2. “Antibody patterns of infectious bronchitis in vaccinated flocks with clinical signs“, на собирот „Денови за ветеринарна медицина 2012”.

3. “Serological surveillance of avian influenza in commercial flocks in Macedonia” на World Veterinary Poultry Association Congress 2009, Маракеш, Мароко.

Исто така, д-р Александар Додовски на 27.1.2007 година одржал предавање за здружението на одгледувачи на ноеви на тема „Актуелни болести кај ноевите“.

Научната и стручната дејност, кандидатот д-р Александар Додовски ја извршува во неколку лаборатории, и тоа: Лабораторија за бактериологија, Лабораторија за вирусологија и Лабораторија за серологија и молекуларна дијагностика.

Во досегашната научноистражувачка работа, кандидатот д-р Александар Додовски има објавено, самостојно или во соработка, 33 труда:

1. Додовски М., **Додовски А.:** Атипична чума кај живината, Семинар за заразни заболувања кај живината, Joint European Project Nº CD_JEP - 15017 – 2000, Охрид 2003.

Во овој прегледен труд, авторите ги сублимираат досегашните сознанија за вирусот на атипичната чума кај живината и болеста што тој ја предизвикува. Во него, авторите обрнуваат внимание на историјатот на болеста, етиологијата со посебен осврт на различните патотипови (соеви) на вирусот, начинот на пренесување на болеста, клиничките симптоми за секој патотип одделно, имунитетот кај приемчивите единки по контакт со вирусот и современите дијагностички методи (директни и индиректни) за негово докажување, како и диференцијалната дијагноза. Посебен дел од овој ревијален труд авторите одвојуваат за превентивата на атипичната чума кај живината. Тука се говори за неспецифичната профилакса во инкубаторска станица, комерцијални фарми и при подготовка на храната во фабриките за добиточна храна и за улогата на докторот по ветеринарна медицина во неа. Во делот за специфичната профилакса, авторите детално ги објаснуваат видовите вакцини, начинот на апликација, условите кои го диктираат изборот на вакцината и програмата за вакцинација против оваа болест.

2. Додовски М., **Додовски А.:** Рашireноста на инфекции со салмонелози и салмонели кај живината, Семинар за заразни заболувања кај живината, Joint European Project Nº CD_JEP - 15017 – 2000, Охрид 2003.

Во овој труд авторите изнесуваат податоци за раширеноста на салмонелата кај живината во Македонија одгледувана во фармски услови (фарми за родители, инкубаторски станици, фарми за подмладок, фарми за несилки), производи од живина како и од фабрики за производство на добиточна храна. Авторите испитале вкупно 10395 проби, од кои 6758 проби од живина и производи од живина и 3637 од крмива и крмни смески.

Од испитуваните 6758 проби од живина и производи од живина, авторите нашле 490 позитивни проби на салмонела или 7,25%. Од вкупно изолираните салмонели, најголем процент е изолиран од комерцијалните несилки 206

(42,04%), комерцијалните пилиња 86 (17,55%) и консумните јајца 68 (13,87%). Авторите направиле преглед и на изолираните серотипови на салмонели од живината и производите од живина при што утврдиле дека најчесто изолирана е Salmonella enteritidis со 315 (64,28%) позитивни проби и Salmonella gallinarum-pullorum со 109 (22,24%), додека остатокот отпаѓа на Salmonella typhimurium и на нетипизирани салмонели.

Од испитуваните 3637 проби од крмива и крмни смески, авторите нашле 60 позитивни проби на салмонела или 1,65%. Од вкупно изолираните салмонели најголем процент е изолиран од рибиното брашно - 37 (61,66%) и крмните смески 21 (35,00%). Авторите направиле преглед и на изолираните серотипови на салмонели од живината и производите од живина, при што утврдиле дека најчесто изолирана е Salmonella E група со 33 (55,00%) позитивни проби и Salmonella enteritidis 19 (31,66%), додека остатокот отпаѓа на Salmonella typhimurium и Salmonella gallinarum-pullorum.

Авторите ја испитувале и антимикробната резистентност на изолатите од Salmonella и утврдиле дека тие се најосетливи на амоксиклавот, енрофлокасцинот, флубактинот и на нитрофураните.

На крајот, авторите заклучуваат дека салмонелозата и салмонелните инфекции се честа појава кај живината во Република Македонија, живината се заразува со за неа специфични и неспецифични салмонели и предлагаат мерки за нејзина контрола.

3. **Dodovski A.**, Urosević D., Trailović D.R.: Značaj crevnih adsorbenata u terapiji hepatičke encefalopatije pasa, Zbornik Radova, Clinica Veterinaria 2003, Budva.

Авторите наведуваат дека во многубројните истражувања спроведени во последните 20 години истакната е ефиксаноста на зеолитот во врзување на амонијак. Сепак, неговата ефикасност во адсорпција на интестиналните токсини не била со сигурност потврдена. Во два случаја на тешко оштетување на црниот дроб кај кучиња со благ облик на хепатичка енцефалопатија користени се адрорбенси таблети Миназел, што довело до намалување на концентрацијата на амонијак во крвта. Овој податок укажува на можноста од користење на овие препарати и кај кучиња со хепатичка енцефалопатија.

4. **Dodovski A**., Daković Aleksandra, Jekić Jelena, Trailović D.R.: Uticaj peroralnog tretmana zeolitom/klinoptilolitom na ambijentalne parametre u zatvorenim objektima za držanje pasa, Zbornik Radova 318 - 320, VI Simpozijum Clinica Veterinaria 2004, Budva.

Во овој труд испитувано е влијанието на пероралниот третман со зеолит-клиноптилолит врз амбиенталните параметри во просториите за чување на кучиња. Првите две опитни групи секојдневно добивале зеолит во различни дози (5 г/10 кг и 2,5 г/10кг), наутро пред оброк, додека третата контролна група била чувана под исти услови и хранета на исти начин, но без додавање на зеолит. Сите кучиња секојдневно биле клинички опсервирани при што деветтиот ден во просториите каде што биле сместени кучињата мерена е концентрацијата на основните амбиентални параметри ($NH_3$, CO, $NO_x$, $O_2$, релативна влажност и температура). Заклучено е дека перорално применетиот зеолит-клиноптилолит

доведува до намалување на концетрацијата на амонијак во воздухот и тоа пропорционално на аплицираните концентрации.

5. **Dodovski A**., Daković Aleksandra, Stojkovski V., Blagoevska Katerina, Trailović D.R.: "Uticaj perooralnog tretmana zeolitom-klinoptilolitom na koncentraciju holesterola kod pasa", Zbornik Radova 316 - 317, VI Simpozijum Clinica Veterinaria 2004, Budva.

Во трудот е испитуван ефектот на перорално давање на зеолит-клиноптилолит во две различни дози врз концентрацијата на жолчните киселини и холестеролот во крвта на кучињата. Концентрациите на холестеролот кај сите испитувани кучиња не ги преминале дозволените граници, додека, пак, концентрацијата на жолчните киселини во крвта земена од *v.portae* биле над горната дозволена граница. Установено е дека концетрациите на холестеролот и жолчните киселини различно се движат при иста концетрација на миназел. Краткорочно, концентрациите на холестеролот подобро реагираат на миназелот од концентрациите на жолчните киселини, при иста концентрација на миназел.

6. Dodovski M., Mitevski D., **Dodovski A.,** Prodanov R.: Epizootiological situation of infectious diseases in poultry and their immunoprophylaxis in 2000 - 2003, 26-th International Conference "Poultry Farming 2004", Varna, Bulgaria.

Во овој труд авторите ги изнесуваат најактулените проблеми во врска со епизоотиолошката состојба на инфективните болести кај живината во Република Македонија, како и нивната специфична имунопрофилакса во периодот 2000-2003 година. Авторите известуваат за појава на следните болести во комерцијалниот и/или во индивидуалниот сектор во наведениот период: марекова болест, њукастелска болест, гамборска болест, сипаници и дифтерија, микоплазмоза, салмонелоза, кокцидиоза, аспергилоза и дерманисиоза, додека пак авијерен енцефаломиелитис и хистомонијаза не се забележани.

7. Blagoevska Katerina, Stojkovski V., Dodovski M., **Dodovski A.,**: Differential White Blood Cell Count in Day Old Chicks Exposed to Hunger and Water Deprivation in First Days of Life, 26-th International Conference "Poultry Farming 2004", Varna, Bulgaria.

Во трудот авторите го испитувале влијанието на гладувањето и жеднеењето врз диференцијалната крвна слика кај пилиња во првата недела по ведење. За изведување на анализите, крвта е земена директно од срце, и тоа 1., 3., 5. и 7. ден. Резултатите покажале сигнификатни промени во параметрите на диференцијалната крвна слика, кои се поизразени кај групата која е подложена на жеднеење во однос на група подложена на гладување.

8. **Dodovski A.,** Blagoevska Katerina, Dodovski M., Stojkovski V.: Differential White Blood Cell Count in Layers Exposed to Hunger and Water Deprivation, Abstract Book p. 482, $14^{th}$ World Veterinary Poultry Congress 2005, Istanbul, Turkey.

Во трудот се дадени резултати од истражувањата на влијанието на гладување, жеднеење и паралелно на гладување и жеднеење врз диференцијалната крвна слика кај кокошки несилки. Авторите нашле зголемен број на леукоцити и хетерофилни гранулоцити во сите три опитни групи во

споредба со контролната, додека, пак, процентот на лимфоцитите кај сите опитни групи бил намален во споредба со контролната група. Заклучокот е дека испитуваните параметри се осетливи на стрес предизвикан со гладување и жеднеење.

9. Blagoevska Katerina, Stojkovski V., **Dodovski A**., Dodovski M.: "Cell Blood Count Investigations in Chicks Exposed to Hunger and Water Deprivation. Abstract Book p. 483, 14$^{th}$ World Veterinary Poultry Congress 2005, Istanbul, Turkey.

Во трудот се дадени резултати од истражувањата на влијанието на гладување, жеднеење и паралелно на гладување и жеднеење врз бројот на еритроцитите, хематокритот, концетрацијата на хемоглобин и бројот на тромбоцити кај пилиња во првите денови по ведењето. Резултатите покажуваат покачени вредности на сите испитувани параметри кај сите три опитни групи во споредба со контролната, што се должи на зголемената хемоконцентрација како резултат на самиот експериментален третман. Заклучокот е дека испитуваните параметри се осетливи на стрес предизвикан со гладување и жеднење, што претставува реакција на организмот на стрес.

10. **Dodovski A**., Trailović D. R., Blagoevska Katerina, Prokić B.: Serumska aktivnost na poedini enzimi pri tretman so zeolit/klinoptilolit kaj kucinjata*,* Zbornik 324-325, Rabotilnica "Clinica Veterinaria" 2005, Ohrid, Makedonija.

Целта на истражувањето била да се испита активноста на одделни ензими (индикатори на повеќе важни функции во организмот) во серумот на кучињата при перорален третман со различни концетрации на зеолит/клиноптилолит. Испитувањата се спроведени на две хомогени групи од по шест возрасни кучиња. Првата група примала секој ден перорално клиноптилолит (Minazel-ITNMS, Белград, Србија) во концентрација од 5 г/10 кг телесна тежина, додека втората група примала исто така секој ден перорално клиноптилолит во концетрација од 2,5 г/10 кг телесна тежина. Според добиените резултати и клиничкиот преглед на животните може да се заклучи дека миназелот не влијае значајно врз активноста на испитуваните ензими во крвта и го подобрува здравствениот статус на животните.

11. V.Ilieski, T.Ristoski, L.Pendovski, **A. Dodovski,** D. Mitevski: Detection of Chlamydophila psittaci in free-living birds using ELISA and immunohistochemical methods, Proceedings of the Fourth Workshop pp. 86-87, Diagnosis, Pathogenesis and Control of Animal Chlamydioses 2006, Edinburgh, Scotland, UK.

Целта на авторите во овој труд била да се одреди стапката на инфекција со *Chlamydophila psittaci* кај гулабите, како и да се направи споредба на сензитивноста на дијагностичките методи *ELISA* и имунохистохемија. Вкупниот број на испитувани птици со методата на *ELISA*-антиген детекција бил 125, од кои 104 биле диви гулаби (*Columba livia*), четири биле гугутки (Streptoelia decaocto) и 17 биле разни пситаковидни птици. Од 104-те гулаби, 20 биле позитивни (19,2%), седум биле сомнителни (6,7%) и 77 биле негативни (74,0%). Сите четири гугутки биле позитивни, а од другите пситаковидни птици 8 биле позитивни (47%), четири биле сомнителни (23,5%) и пет биле негативни (29,4%). При постмортем анализа авторите нашле отоци и кршливост на црниот дроб и слезината со сиво-

бели некротични жаришта. Во трудот е користен и методот на имунохистохемија за детекција на хламидијалниот антиген во црните дробови и слезините на птиците. Од 16 испитувани птици, 10 биле позитивни, а шест биле негативни при што таа била поизразена кај слезината. Во повеќето случаи било откриено супкапсуларно распоредување на позтивните клетки и супкапсуларно ширење на крвните садови.

12. **Dodovski A.,** Dodovski M., Blagoevska K., Blagoevski A.: Aspergillosis in Farmed Ostriches in Macedonia, Proceedings pp. 107-109, 9$^{th}$ Regional Symposium in Animal Clinical Pathology and Therapy "Clinica Veterinaria 2007", Palić, Serbia.

Во овој труд е прикажан случај на аспергилоза кај нoeви во фармски услови на старост од осум месеци. Кај два ноја при клинички преглед биле забележани губење на апетит, слабост, исцрпеност, забрзано дишење, намалување на телесната тежина и кивање и кашлање. Симптомите траеле 20-30 дена, по што ноевите пцовисале. Врз база на клиничките испитувања, обдукцијата, микробиолошкото и микроскопското испитување констатирано е дека се работи за аспергилоза, при што авторите заклучуваат дека ова е прв случај на аспергилоза кај ноеви во Република Македонија.

13. **Dodovski A.,** Dodovski M., Mitrov D., Naletoski I., Blagoevska K.: Newcastle Disease in Backyard Poultry in Republic of Macedonia in 2005-2006, Proceedings, 15$^{th}$ Congress & Exhibition of the World Veterinary Poultry Association 2007, Beijing, China.

Во периодот од септември 2005 до мај 2006 година авторите спровеле истражувања во села каде што е забележана зголемена смртност на живината. Истражувањата се состоеле од клинички прегледи со посети на самите места, обдукција и серолошки лабораториски анализи (*HI* тест и *ELISA*), при што испитале околу 200 серуми и извршиле околу 1000 обдукции. Врз онова на клничките испитувања, обдукционите наоди и серолошките испитувања утврден е висок титар на антитела до $log_2$ 15, заклучено е дека се работи за вирусот на Њукастелската болест.

14. **Dodovski A.,** Naletoski I., Mitrov D.: Serological Surveillance of Avian Influenza in Commercial Flocks in Macedonia, Book of Abstracts, 16$^{th}$ Congress of the World Veterinary Poultry Association 2009, Marrakesh, Morocco.

